**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

**Драгана Костевска**

***ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА***

**-со посебен осврт на старите лица како жртви на насилнички и имотен криминалитет во Република Македонија-**

***Докторска дисертација***

***Скопје, 2019***

**М е н т о р:** проф. д-р Оливер Бачановиќ

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисија:** проф. д-р Цане Мојаноски

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

проф. д-р Миодраг Лабовиќ

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

проф. д-р Драгана Батиќ

Факултет за безбедност - Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

проф. д-р Сунчица Димитријоска

Филозофски факултет - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**ИЗЈАВА**

Од Драгана Костевска
(Име и презиме на кандидатот)

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и некористев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

# АБСТРАКТ

## ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА - СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СТАРИТЕ ЛИЦА КАКО ЖРТВИ НА НАСИЛНИЧКИ И ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Староста како производ од процесот на стареење, резултира со одредени физички и ментални слабости кај старите лица, што во голема мера оставаат далекусежни последици и на социјален план. Имено, вулнерабилната состојба игра несомнено значајна улога во процесот на виктимогенеза. Оттука, процесот на виктимогенеза на старите лица е согледан низ призмата на следните детерминанти: индивидуалните карактеристики на старите лица, однос сторител-жртва, како и придонесот на жртвата кај различен вид криминалитет. Каузалитетот меѓу овие детерминанти и криминалната виктимизација, овозможи расветлување на еден многу значаен елемент во проучувањето на старите лица како жртви. Имено, при секој облик на злоупотреба старото лице е жртва, но не секогаш злоупотребата е кривично дело.

Теоретските сознанија за старите лица како жртви на насилнички и имотен криминалитет се анализираа во рамките на емпирискиот дел од дисертацијата. Согласно податоците од нашето истражување, на примерок од 224 стари лица со навршени 65 години, произлезе дека со подобрување на здравствената состојба се намалува ризикот од станување жртва на кривично дело, додека, пак, мажите со влошена здравствена состојба се повеќе изложени на овој ризик. Меѓу другото, констатиравме дека: немање на активен животен стил, не придонесува за зголемување на ризикот од криминална виктимизација; потоа групата со основно образование е најмногу изложена на ризик од криминална виктимизација, како и фактот дека скоро половина од старите лица биле жртви на финансиска, психичка и физичка злоупотреба во кругот на семејството. Во однос на видот на криминалитетот, 55,8% од старите лица се соочиле со имотен наспроти 26,8% кои биле жртви на насилнички криминалитет.



***Клучни зборови:*** *стари лица, насилство, имотен криминалитет, превенција.*

## ABSTRACT

## VICTIMIZATION OF OLDER ADULTS - WITH A SPECIAL REFERENCE TO THE OLD PERSONS AS VICTIMS OF VIOLENT CRIME AND CRIME AGINST PROPERTY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Ageing as a product of the aging process, results in certain physical and mental weaknesses in the older adults, which largely leave far-reaching consequences in the social field. Namely, the vulnerable state plays an undoubtedly significant role in the process of victimogenesis. Hence, the process of victimization of the elderly is perceived through the prism of the following determinants: the individual characteristics of the elderly, the perpetrator-victim relationship, and the victim's contribution to a different type of criminality. The causality between these determinants and the criminal victimization enabled the clarification of a very important element in the study of the older adults as victims. Namely, in every form of abuse the old person is a victim, but not always the abuse is a crime.

Theoretical knowledge of the older adults as victims of violent and property crime is analyzed within the empirical part of the dissertation. According to data from our study, a sample of 224 older adults of 65 years of age, found that improving their health reduced the risk of becoming a victim of crime, while men with worse health were more at risk. Among other things, we have found that: lack of an active lifestyle does not contribute to an increased risk of criminal victimization; the primary education group is then most at risk of criminal victimization, as well as the fact that nearly half of the elderly have been victims of financial, mental and physical abuse within the family circle. In terms of the type of crime, 55.8% of the elderly faced property as against 26.8% who were victims of violent crime.



***Keywords:*** *older adults, violence, property crime, prevention.*

Вовед..........................................................................................................................9

1. Теоретско методолошки пристап на истражувањето...................................................13

2. Појмовно-категоријален апарат.........................................................................................14

3. Операционално одредување на предметот на трудот....................................................15

3.1. Временско и просторно одредување..............................................................................15

3.2. Цели на истражувањето...................................................................................................16

3.3. Хипотези.............................................................................................................................17

3.4. Начин на истражување......................................................................................................17

3.5. Научна и општествена оправданост...............................................................................18

**ГЛАВА I..........................................................................................................................20**

**СТАРОСТ И СТАРЕЕЊЕ**....................................................................................................20

1. Дефинирање на поимите старост и стареење.................................................................20

2.  Демографско стареење........................................................................................................24

2.1. Демографско стареење – светски движења...................................................................24

2.2. Коефициент на старост на земјите во развој..................................................................26

2.3. Очекуван животен век.......................................................................................................27

2.4. Состојба на старите лица во Република Македонија .....................................................28

2.5. Демографско стареење во Република Македонија.........................................................31

**ГЛАВА II.........................................................................................................................35**

**ДЕФИНИРАЊЕ НА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА И ТИПОЛОГИИ НА ЖРТВИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ТИПОЛОГИИ НА СТАРИ ЛИЦА КАКО ЖРТВИ.......................................................................................................................35**

1. Поим на жртва и дефинирање на виктимизацијата .....................................................35

2.Типологии на жртви.............................................................................................................39

2.1. Посебен осврт на типологии на стари лица како жртви..............................................42

**ГЛАВА III........................................................................................................................46**

**ВИКТИМОГЕНЕЗА НА СТАРИ ЛИЦА..........................................................................46**

1. Теории поврзани со криминалитетот кај старите лица.................................................46

1.1. Биолошки теории................................................................................................................47

1.2. Психолошки теории.............................................................................................................52

1.3. Социолошки теории......................................................................................55
2. Дефинирање на насилнички и имотен криминалитет.................................................61
2.1. Дефинирање на насилнички криминалитет...............................................................62
2.2. Дефинирање на насилничко имотен криминалитет...................................................69
2.3. Дефинирање на имотен криминалитет......................................................................74
3. Криминалната виктимизација на старите лица............................................................77
3.1. Природа и степенот на виктимизација кај стари лица...............................................78
3.2. Етилогија на криминална виктимизација на стари лица............................................79
3.2.1. Теории поврзани со виктимизација на стари лица ..................................................79
3.2.1.1. Теорија на рутински активности.............................................................................80
3.2.1.2. Теорија на животен стил........................................................................................82
3.2.2. Фактори на ризик кои влијаат на виктимизација кај стари лица............................88
3.2.2.1. Индивидуални фактори на ризик, поврзани со жртвата.......................................92
3.2.2.2. Фактори на ризик поврзани со сторителот.........................................................104
3.2.2.3. Фактори на ризик кои потекнуваат од односот меѓу сторителот и жртвата.......................................................................................................................108
3.2.2.4. Социјални фактори на ризик.................................................................................111
3.2.2.5. Социо-културни фактори на ризик.......................................................................115

**ГЛАВА IV.......................................................................................................................119**
**СТАРИ ЛИЦА КАКО ЖРТВИ НА НАСИЛНИЧКИ И ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ.........................................................................................................119**
1. Инкриминации на насилничкиот и имотниот криминалитет во Кривичниот законик на Република Македонија..........................................................................................119
1.1. Инкриминации на насилнички криминалитет.........................................................121
1.1.1. Стари лица како жртви на кривични дела против животот и телото...................127
1. 2. Инкриминација на имотен криминалитет...............................................................128
1.2. 1. Стари лица како жртви на кривични дела против имот......................................133
2. Злоупотреба на стари лица..........................................................................................146
2.1. Видови на злоупотреба кај стари лица.....................................................................149
2.2. Знаци кои упатуваат на злоупотреба кај стари лица................................................153
3. Последици од криминалитетот кај стари лица............................................................155
4. Врска меѓу виктимизацијата и стравот од криминал кај старите лица......................158
4.1. Дефинирање на страв од криминал..........................................................................159

4.2. Класифицирање на стравот........................................................................165
4.3. Мерење на стравот....................................................................................165

**ГЛАВА V.................................................................................................168**
**РАЗВОЈ НА ДИСКУРСОТ ЗА ПРАВА НА ЖРТВИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ВРЗ СТАРИТЕ ЛИЦА.....................................................................................................168**
1. Меѓународни договори.................................................................................168
1.1. Организација на Обединетите нации (ООН)..............................................168
1.2. Европска јуриспруденција за правата на жртвите........................................178
2. Национална законска рамка за правна положба и заштита на стари лица од виктимизација во Република Македонија..................................................184

**ГЛАВА VI................................................................................................192**
**ПРЕВЕНЦИЈА НА ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА.....................................................................................................192**
1. Превенција на криминалитет кај старите лица..............................................192
1.1. Универзални пристапи...............................................................................195
1.2. Селективни пристапи.................................................................................196
1.3. Индивидуални пристапи.............................................................................199
2. Превенција на злоупотреба на стари лица во САД.........................................200
3. Превенција на криминалитет кај старите лица во Република Србија..................202
3.1. Национална стратегија против насилство на Република Србија......................203
4. Превенција на криминалитет на стари лица во Република Македонија...............206
4.1. Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.........................................................................................................206
4.2. Национална стратегија за нееднаквост и недискриминација 2016-2020...............210
4.3. Национална стратегија за стари лица 2010-2020.............................................213
4.4. Здравствена стратегија на Република Македонија 2020.....................................214

**ГЛАВА VII...............................................................................................217**
**ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА НА НАСИЛНИЧКИ И ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА..........................................................................................217**

1. Конструкција на инструментот..........................................................................217

2. Обработка на податоци........................................................................................219

3. Анализа на податоци од истражувањето.......................................................222

**Заклучоци.................................................................................................................276**

**Препораки.................................................................................................................285**

**Литература................................................................................................................289**

**Прилог 1. Прашалник...............................................................................................315**

**Прилог 2. Слики........................................................................................................324**

# *Вовед*

Индивидуалниот став на личноста е значаен параметар за старост. Не постои егзактно одредување на поимот старост. Меѓу другото, постои универзален страв од овој поим. Стравот од староста, се однесува на онаа непријатна опомена дека временскиот квантум на животот е при крај. Староста како период од животот ги намалува или минимизира шансите за живот, како резултат на нарушувањето на биолошките функции.

Имено, инвестирањето во здравјето на луѓето, а особено во старото население, го намалува товарот од болести и има позитивно влијание на нивната социо-економска положба, истовремено поттикнувајќи ја независноста и продуктивноста на старите лица. Неспорен е фактот дека стареењето на населението значи зголемување на потребата од здравствени услуги и социјални бенефиции, но, во исто време старите лица се важна општествена алка и претставуваат значаен социјален и економски ресурс, придонесувајќи во општеството преку улогата во семејството и преку активното ангажирање во заедницата.

Пресметките и проекциите на Обединетите нации, покажуваат дека секое десетто лице во светот е старо лице со возраст над 60 години. Според истите податоци, се очекува до 2050 година, секое петто лице да биде старо лице со возраст над 60 години, а во 2150 година, секое трето лице да биде со возраст над 60 години.[1]

Во креирањето на сликата за старото население не изостанува и Република Македонија. Иако релативно млада како независна и самостојна држава, според податоците од пописот на населението од 2002 година, таа го помина прагот на демографската старост со 15% старо население над 60 години.[2] Стареењето на популацијата, само по себе, наметнува голем број на нови квалитативни и квантитативни здравствени, економски и социјални проблеми. Во прилог ќе бидат изнесени факти за Република Македонија поврзани со старите лица:

- Според проценките на Обединетите Нации, во наредниот период, возрасната група над 60 години, ќе биде во постојан пораст и тоа од 16,5% во 2009 на 33%

[1] *Националната стратегија за стари лица 2010-2020.* Достапно на: http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Strategija%20za%20stari%20lica%20juni.pdf Пристапено на: 14. 04. 2017.
[2] Црвен крст на Република Македонија (2019). Дневни центри. Достапно на: http://ckrm.org.mk/dnevni-centri/ Пристапено на 15. 04. 2017

во 2050 година и за возрасната група над 80 години од 2,0% во 2009 на 6,8% во 2050 година.[3]

- Во Република Македонија, во 1994 година имало 13% население на возраст над 60 години, 15% во 2002 година и 16,6% во 2008 година. Оттука потребни се соодветни активности како еден вид одговор за потреби на растечкиот број, поврзани со старото население во Република Македонија.[4]

Старите лица поради состојбата во која што се наоѓаат, секојдневно се соочуваат со разновидни фактори на ризик кои што допринесуваат за нивна виктимизација. Виктимизацијата од било која природа, а особено криминалната виктимизација може да биде трауматична дури и како резултат на најмалиот вид на криминал, при што старите лица се меѓу жртвите на кои им е најпотребна помош.[5]

Процесот на криминална виктимизација, дефиниран како *процес на станување жртва* е детерминиран од повеќе фактори. Кога се во прашање старите лица како жртви на криминалитет, каузалитетот меѓу факторите на ризик и криминалната виктимизација се согледува низ призмата на следните детерминанти: индивидуалните карактеристики на старите лица; комплексни интеракции помеѓу старото лице и другите лица во негова непосредна или посредна околина; како и придонесувачкото однесување, односно придонесот на жртвата кај различен вид криминалитет.

Во рамките на трудот го прифаќаме сфаќањето дека поимот виктимизација е процес на станување жртва, односно процес на претворање на потенцијална во реална жртва, затоа во таа смисла во трудот ќе биде употребуван поимот виктимизација.

Имотните кривични дела против старите лица се со поголема веројатност да бидат извршени во или во близина на домовите на жртвите, извршени од страна на

---

[3] Stadiorum (2013). Пилот-истражување за подобрување на условите за здраво и активно стареење во Република Македонија - Прелиминарни резултати - Достапно на: http://studiorum.org.mk/draft/wp-content/uploads/2014/02/Preliminary-resultsSZPM-Skopje1.pdf
Пристапено на 16. 04.2017 година

[4] Stadiorum (2013). Пилот-истражување за подобрување на условите за здраво и активно стареење во Република Македонија - Прелиминарни резултати - Достапно на: http://studiorum.org.mk/draft/wp-content/uploads/2014/02/Preliminary-resultsSZPM-Skopje1.pdf
Пристапено на 16. 04.2017 година

[5] Riggs DS, Kilpatrick DG. (1990). Families and friends: Indirect victimization by crime In: Lurigio AJ, Skogan WG, Davis RC, editors. *Victims of Crime: Problems, Policies, and Programs. Newbury Park, CA: Sage;* p. 120–38.

непознати и вооружени сторители.[6] Овие информации може да го објаснат високото ниво на страв од криминал. Стравот од криминал придонесува старите лица да останат во затворен простор, притоа намалувајќи го ризикот од виктимизација. Меѓутоа, ако се пресметаат стапките на виктимизација во однос на ризик од криминал, стапките на старосната популација всушност може да бидат високи или повисоки во однос на помладите лица.[7][8] Сознанијата укажуваат на поголемата изложеност на ризик на старите лица во однос на: грабеж, заплашување, вандализам и фалсификат/измама во однос на другите возрасни групи.[9]

Меѓу другото, кон крајот на 20-от век, започнува да се актуелизира прашањето за правата на старите лица. Во британските научни списанија во 1975 година, за прв пат се споменува злоупотреба кај овие лица под наслов *„претепување на баба"* („granny battering"). Имено, Конгресот на САД е првиот законодавен орган во светот кој злоупотребата на стари лица ја прогласува за социјално и политичко прашање. Нешто подоцна во осумдесетите години на 20-от век, истражувањата за злоупотреба и интересот за ова прашање се појавува во: Норвешка, Шведска, Канада, Народна Република Кина, Хонг Конг, а веќе следната деценија добива на интензитет и во: Аргентина, Индија, Израел, Јапан, Јужна Африка и некои европски земји.

Злоупотребата на стари лица се однесува на извршување на *„едно или повторено дејствување или недостаток на соодветна акција која се појавува во рамките на било кој однос каде што постои очекување на доверба, а кое всушност предизвикува штета или вознемиреност кај старо лице"*.[10] Оттука, при секој облик на злоупотреба овие лица се жртви на определени активности со оглед на возраста и вулнерабилноста со кој се соочува оваа старосна група. Кај физичката злоупотреба старите лица се лесна цел поради неможноста да се одбранат, пред сѐ поради нарушената здравствена состојба, при што отпорот може лесно да се совлада. Во некои

---

[6] Klaus, P. (2005). *Crimes against Persons Age 65 or Older, 1993-2002* ( No. NCJ 206154). *Crimes against Persons Age 65 or Older.* Bureau of Justice Statistics. Retrieved from: http://bjs.ojp.usdoj.gov/index.cfm?ty=pbdetail&iid=762
[7] Lindquist, J. H., & Duke, J. M. (1982). The Elderly Victim at Risk: Explaining the Fear- Victimization Paradox. *Criminology, 20(1),* 115-126.
[8] Stafford, M. C., & Galle, O. R. (1984). *Victimization rates, exposure to risk, and fear of crime.* Criminology, 22(2), 173-185.
[9] McCabe, K. A., & Gregory, S. S. (1998). Elderly Victimization An Examination Beyond the FBI's Index Crimes. *Research on Aging, 20(3),* 363-372.
[10] The International Network for the Prevention of Elder Abuse (INPEA). Достапно на: http://www.who.int/violenceprevention/participants/inpea/en
Пристапено на 16.02.2018

случаи злоупотребата може да е резултат на измама без насилство, но со искористување на намалените когнитивни и интелектуални капацитети на старото лице, па со тоа да биде доведено во состојба да преземе дејствија на сопствена штета без да биде докрај свесно за последиците. Но и во овие случаи старото лице е жртва.

Оттука, во рамките на докторската дисертација ставаме знак на равенство меѓу криминалната виктимизација и злоупотребата, само во услови кога злоупотребата е дел од битието на кривичното дело.

Со оглед на возраста, процес на виктимогенеза кај старите лица за разлика од другите возрани групи резултира со поголеми физички, ментални и финансиски повреди и последици. Понатаму, физиолошкиот процес на стареење носи со себе намалена способност за заздравување на повредата, па многу често потребна е итна хоспитализација заради навремено и соодветно третирање на самите повреди. Меѓу другото, треба да се земат во предвид тежината на траумата и тешкото опоравување кај оваа старосна група во самиот процесот на виктимизација.

Иако последиците и повредите во процесот на виктимизација кај старите лица земаат многу поголем данок за сметка на состојбата во која се наоѓаат, обично не станува збор за страдање од ненадејна и непредвидлива закана за нивната безбедност или живот. Насилството и злоупотребата особено во рамките на семејството кај овие лица вклучува години на личен стрес, трауми, но и физички повреди. И покрај децениски страдања и години поминати во болка, страв и стрес, старите лица многу тешко се одлучуваат да ги прекинат злосторствата и да ги пријават сторителите. Во улога на извршител на кривично дело во рамките на семејството, најчесто се јавува добро *познато*, *сакано*, *почитувано лице* од страна на старото лице. Имено, не случајно криминалитет кога е во прашање старата популација бележи висока темната бројка.

Имено, во Република Македонија нема официјални податоци за стари лица како жртви на насилство и злоупотреба. Меѓу другото, забележана е недоволна истраженост на искуствата поврзани со криминалот кај овие лица, како еден од најтешките облици на страдање. Токму тука и го согледавме основниот мотив за ова истражување, во однос на предупредување на опасност, утврдување на причини на виктимизација, совладување на стравот, како и отстранување или ублажување на страдањето на старите лица. Една од целите на ова истражување е да се испита степенот на криминална виктимизација од насилнички и имотен криминалитет што старите лица ја

доживеале. Како втора цел, но не помалку битна по своето значење е да се истражат факторите на ризик кои влијаат на криминалитетот врз овие лица.

Со оглед на фактот дека старите лица се највидливи жртви на конвенционален насилнички и имотен криминалитет, во рамките на докторската дисертација особено се задржуваме на анализа на кривични дела од овие два видови криминалитет, кои се типични за старите лица. Оттука, особено се задржуваме на кривични дела против животот и телото и тоа: убиство, убиство од благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност, телесна и тешка телесна повреда, излагање на опасност и напуштање немоќно лице. Од кривични дела против имот посебно се осврнуваме на: кражба, тешка кражба, разбојништво, разбојничка кражба и измамување на купувачи.

## 1. Теоретско методолошки пристап на истражувањето

***<u>Избор на примерокот</u>***

Во истражувањето беа вклучени лица со навршени 65 години и повеќе, од неколку здруженија, од градот Скопје и тоа: Универзитет *„Трето Доба“*, здружение на пензионери од огранок *Аеродром*, здружение на пензионери од општина *Гази Баба*, здружение на пензионери од општина *Центар*, Дневен центар за стари лица во *Црвен крст* на град Скопје. Пополнувањето на прашалникот се реализираше од страна на 224 испитаници. Истражувањето се спроведе во текот на пет месеци од мај до септември 2018 година, во просториите на соодветните здруженија.

Во рамките на емпириското истражување, се проверуваа вкупно десет хипотези, кои беа поделени во една главна, две посебни и седум поединечни хипотези. Докажувањето или отфрлањето на претходно поставените хипотези се изврши преку анонимна анкета составена од 38 прашања од отворен, затворен и полуотворен тип. Податоците беа обработени во софтверскиот пакет SPSS, притоа од резултатите се направи табеларен и графички приказ.

## 2. Појмовно-категоријален апарат

**(1) Стареење** – Процес на промена на опаѓање на физичкиот и менталниот капацитет во однос на корелација со текот на времето, а особено станува видлив после периодот на зрелоста и неизбежно завршува со смрт на индивидуата;[11]

**(2) Старост** – Производ на стареење;

**(3) Криминална виктимизација врз стари лица** – Процес на виктимогенеза како резултат од кривично дело извршено врз старо лице;

**(4) Страв од криминал** - Различни емоционални состојби, ставови, или перцепции;

**(5) Злоупотреба на стари лица** – Едно или повторено дејствување или недостаток на соодветна акција која се појавува во рамките на било кој однос каде што постои очекување на доверба, а кое всушност предизвикува штета или вознемиреност кај старо лице;

**(6) Запоставување и само-запоставување на стари лица** - Претставува неуспех на старателот да ги исполни своите обврски за обезбедување на потребната заштита;

**(7) Ранливост -** Состојба на поединец, групи или цели заедници која се карактеризира со: неможност да се совладаат негативните последици; висок потенцијал да бидат физички или психички ранети/повредени и недостаток на капацитет, способности и можности за:

- Предвидување на стресните ситуации;

- Справување со стресните ситуации;

- Надминување на последиците од стресните ситуации;

- Заздравување од стресните ситуации.

[11] Смиљаниќ В., (1987). *Психологија старења*, Београд: Заводзауџбенике и наставнасредства, стр. 17.

## 3. Операционално одредување на предметот на трудот

Успешната анализа е критичка оцена и воедно воспоставување врска помеѓу причината и последиците и донесување на заклучоци со помош на разделување или расчленување на целото на неговите составни делови.[12] Оттука, операционализацијата на прашалникот за стари лица како жртви на насилнички и имотен криминалитет во Република Македонија, се изврши со помош на неколку батерии на прашања преку кои беше испитуван структуралниот и функционалниот однос меѓу:

- Промените во староста и ризикот од виктимизација;
- Промената во здравствениот статус кај старото лице со особено влијание на процесот на виктимизација;
- Поврзаноста помеѓу приходите и злоупотребата кај старите лица;
- Дали старите лица се виктимизирани од своите деца;
- Колку образованието игра улога во процеот на виктимогенеза;
- Дали активниот животен стил врши влијание на ризикот од виктимизацијата.

### 3.1. Временско и просторно одредување

***Временско одредување*** се однесува на временскиот квантум кој што беше опфатен со предметот на истражувањето, а се однесува на периодот од 2017 до 2019 година. Имено, во рамките на временскиот интервал од 2017 до средината на 2018 година, се анализираше релевантна литература од обласа на виктимологијата, криминологијата, психологијата, правото, социологијата, медицината и другите науки. Меѓу другото, се пристапи и кон анализа на меѓународните документи, домашната легислатива, националните стратегии и други значајни истражувања и документи во однос на старите лица. Во текот на петте месеци во 2018 година, се вршеше теренско истражување на територијата на градот Скопје. Во 2019 година, по спроведеното емпириско истражување, се синтетизираа теоретските и емпириските сознанија. По идентификување на приоритетните области и задачи на делување што се однесуваат на оваа целна група, се укажа на одредени заклучоци и препораки во однос на криминалната виктимизација на старите лица.

[12] Баткоска, Л. (2005). Методологија на научно истражување. Охрид: ЦНИР, стр. 29-36.

***Просторното одредување*** на предметот на истражување се однесува на територијата на градот Скопје. Истражувањето се спроведе во неколку здруженија од градот Скопје и тоа: Универзитет *„Трето Доба“*, здружение на пензионери од огранок *Аеродром*, здружение на пензионери од општина *Гази Баба*, здружение на пензионери од општина *Центар*, како и Дневниот центар за стари лица во просториите на *Црвен крст* на градот Скопје.

**3.2. Цели на истражувањето**

Генералната цел на овој труд се однесува на примена на научно-истражувачките методи во емпириското истражување, да се изврши научна дескрипција на криминална виктимизација кај стари лица. Резултатите овозможуваат идентификување на приоритетните области и задачи за делување во однос на стари лица, како жртви на криминалитет. Битно да се напомене дека оваа категорија на граѓани заслужува посебно место во кривично правниот систем, од аспект на кривично-правна заштита. Потребно е формирање на база на податоци за *стари лица – жртви* како посебна категорија во: полициските евиденции, евиденциите на обвинителствата, судовите, Државен завод за статистика, со цел овозможување на едноставен увид во оваа проблематика. Оттука, достапните информации и податоци за овие лица создаваат можности за подетална анализа за понатамошни истражувања и за релеванти научни сознанија.

**Практични цели и задачи:**

- ✓ Издвојување на старите лица како посебна категорија во кривично правниот систем;
- ✓ Придобивките од објаснувањето на поврзаноста на староста со криминал;
- ✓ Селектирање на податоци и информации за видот, природата и причините за појава на насилничкиот и имотниот криминал;
- ✓ Подигање на свесноста за потребата од зголемен научен потенцијал за истражување на виктимизација кај стари лица;
- ✓ База на податоци со стари лица како жртви на криминалитет како основа за превенција на криминалитетот, конкретно кај овие лица.

### 3.3. Хипотези

*Генерална хипотеза:*

- Општите услови на животот во староста и промените кои настануваат кај лицата со навршени 65 години и повеќе, го детерминираат ризикот од виктимизација за извршување на кривични дела врз старите лица.

*Посебни хипотези:*

- Влошувањето на здравствениот статус во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела;
- Старите лица почесто се жртви на кривични дела од областа на имотниот во однос на насилничкиот криминалитет;

*Поединечни хипотези:*

- Оствареното родителство има директна врска за настанувањето на виктимизација кај старите лица;
- Влошувањето на подвижноста во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела;
- Стари лица со низок образовен статус се поизложени на опасност да станат жртви на криминална виктимизација;
- Месечниот приход на старите лица е во врска со виктимизацијата;
- Активен животен стил го намалува ризикот од виктимизација кај старите лица;
- Постои врска помеѓу здравствениот статус, подвижноста, оствареното родителство и дневните активности со кривичните дела;
- Постои врска помеѓу насилничкиот криминалитет, имотниот криминалитет и злоупотребата кај старите лица;

### 3.4. Начин на истражување

Во реализацијата на истражувањето беа применети општите научни методи како што се:

**<u>Општи методи:</u>**

(1) Метод на докажување

(2) Хипотетичко – дедуктивен метод

(3) Индуктивно – дедуктивен метод

(4) Статистички метод

**Посебни методи:**

(1) Компаративен метод

(2) Метод на анализа на содржината

**Техники:**

(1) Анкетни прашалници

Во нашето истражување, на примерок од 224 стари лица со наврашени 65 години, се испитуваа варијаблите: здравствен статус, родителиски односи, месечен приход и активен животен стил во корелација со кривични дела. Испитување на корелациите се изврши со: Колмогоров-Смирнов (непараметриски) тест, Спирманов коефициент на корелација, парцијална корелација, Кришкал-Валис тест (како замена на параметрискиот тест АНОВА), како и Ман Витнеј тест.

Согласно податоците од нашето истражување, на примерок од 224 стари лица со наврашени 65 години, произлезе дека со подобрување на здравствената состојба се намалува ризикот од станување жртва на кривично дело, додека, пак, мажите со влошена здравствена состојба се повеќе изложени на овој ризик. Меѓу другото, констатиравме дека: немање на активен животен стил, не придонесува за зголемување на ризикот од криминална виктимизација; потоа групата со основно образование е најмногу изложена на ризик од криминална виктимизација, како и фактот дека скоро половина од старите лица биле жртви на финансиска, психичка и физичка злоупотреба во кругот на семејството. Во однос на видот на криминалитетот, 55,8% од старите лица се соочиле со имотен наспроти 26,8% кои биле жртви на насилнички криминалитет.

### 3.5. Научна и општествена оправданост

**Општествената оправданост** на истражувањето произлегува од фактот што со предложените решенија, мерки и препораки произлезени добиени од резултатите на истражувањето, се во функција на зголемување на почитувањето на човековите права и слободи согласно меѓународните стандарди. Тоа е во интерес на целата заедница, државата и демократското општество, воопшто. Истражувањето придонесува за

подигање на значењето на овој проблем како приоритет во општеството, а со тоа и развивање на општествена и индивидуална свест за опасноста и штетата од криминалната виктимизација во однос на старите лица.

**Научната оправданост** на истражувањето се согледува во мултидисциплинарниот пристап во однос на нови теоретски и емпириски сознанија, кои овозможија практично да се воспостави поефикасен систем на мерки и активности во однос на превенција, стратегии и програми за оваа категорија на лица, нормативни решенија и друго. Добиените сознанија претставуваат еден вид показател во кои области и на кои прашања треба да се обрне посебно внимание, со цел да се намали стапката на извршување на кривични дела врз стари лица во однос на насилничкиот и имотниот криминалитет.

# ГЛАВА I
# СТАРОСТ И СТАРЕЕЊЕ

## 1. Дефинирање на поимите старост и стареење

***Староста*** треба да се разликува од стареењето.[13] Стареењето е процес, а староста е производ на тој процес. Поради индивидуалните разлики во темпото на стареење, отежната е психолошката периодизација на староста. Затоа, не е чудно што почетокот на староста е поврзана со различна возраст: 65 години, 70 години или 75 години. Со оглед на тоа што просечниот животен век во развиените земји е 75 години, се констатира дека последната третина од животот почнува после 50 година, па затоа се нарекува *трето доба*. Овој период некои го делат на четири периоди: 1) од 50 до 60 години (*доцна средна возраст*); 2) од 61 до 70 години (*млада старост*); 3) од 71 до 80 години (*средна старост*) и 4) по 80 години (*доцна старост*). Исто така, постојат и истражувачи кои ги одделуваат *„старо-млади години“* (64-74), од *напредна старост* (75+). Други шеми илустрираат дека има значајни разлики помеѓу *„стар“, „многу стар“* и тие над 85- *„стар стар“*. Генерално може да се каже дека староста се појавува во оној период од животот кога ќе се јават и објективни и субјективни знаци на застој и пад на биолошкиот, психолошкиот и социјалниот план.

Геронтолозите проучувајќи го процесот на стареење, ја поврзуваат староста со хронолошките години од животот. Оттука, *многу истражувања брзо ја усвоија календарската возраст како удобна референтна точка*.[14] Оваа едноставна дефиниција ја занемарува комплексноста на процесот на стареење. Како што Медокс и Вили објаснуваат: *„Стареењето како процес би можело да се разбере низ призмата на трите различни феномени: биолошкиот капацитет за преживување, психолошкиот капацитет за адаптација и социјалниот капацитет за исполнување на социјалните улоги“*.[15]

---

[13] Smiljanić, V., (1979). Psihologija starenja. Nolit, Beograd.
[14] William, G., Doerner, Steven P. Lab, (2002). *Victimology.* Anderson Publishing Company; 3 edition
[15] Maddox, G.L., & Wiley, J. (1976). Scope, concepts and methods in the study of aging. In R.H. Binstock & E. Shanas, eds., *Handbook of aging and social sciences*. N.Y.: Van Nostrad Reinhold.

Стареењето е нормален физиолошки процес кој бележи значителни промени започнувајќи од 50-та година од животот и се карактеризира со слабеење на телесните функции заради промена на самото ткиво. Иако промените се индивидуални и значително зависат од наследството и начинот на дотогашниот живот, генерално коските, зглобовите и мускулите слабеат и се акумулира масно ткиво, кожата ја губи еластичноста, додека, пак, слухот и видот ослабуваат. Кај жените значително се менува хормонскиот статус, полека се забавуваат дигестивниот систем и целиот метаболизам, а мочниот меур слабее. Исто така, почнуваат да се развиваат и различни хронични болести, најчесто на срцето, крвните садови и мускулно-скелетниот систем.

Постои физиолошко и патолошко стареење. Физиолошкото стареење всушност претставува хармонично забавување на органите и функциите, додека патолошкото стареење е условено од пореметување на разни функции, органи и системи како последица од одредена болест во самиот организам кај старите лица.

Мајкл Роуз стареењето го дефинира како *пад или загуба („де-подесување“) на адаптација со зголемување на возраста, предизвикани од временскиот прогресивен пад на силите на Хамилтон на природна селекција.* [16] Оваа дефиниција е во согласност со повеќето претходни дефиниции за стареење што ги користат повеќето еволуциони биолози. *Суштината на тезата на Роуз не е толку во врска со фактот што адаптацијата и силите на селекција опаѓаат, туку тие се израмнуваат*.[17] Оваа теза истоимениот автор ја симплифицира со објаснување на плодноста, аналогно на плодноста и репродукцијата кај старите лица кои се речиси невозможен процес (особено кај припадничките на женскиот пол).

Повеќето биолози кои што ги истражуваат еволуциските процеси го дефинираат стареењето „*како старо-прогресивно намалување на внатрешната физиолошка функција, што доведува до зголемување на стапката на смртност кај возраста (т.е. намалување на стапката на преживување) и намалување на возраста како специфична репродуктивна стапка“.*[18192021] Роуз во неговата книга за еволуцијата на

[16] Rose, M. R. (2007). *Evolutionary Biology of Aging*. New York: Oxford University Press.
[17] Ibid.
[18] Williams, G. C. (1957). *Pleiotropy, natural selection, and the evolution of senescence*. Evolution 11, 398–41110.2307/2406060.

стареењето, го дефинира стареењето како *"постојан пад на одредени компоненти на организмот специфични за возраста поради внатрешна физиолошка дегенерација"*.[22]

Имено, идејата на Хамилтоновите сили на природна селекција има големи импликации за нашето разбирање на процесот на стареење, а особено на крајот на животот: *во поодмината возраст природната селекција не може да се разликува меѓу поединци, било да е тоа на ниво на физиолошка состојба или на ниво на погодните компоненти.*[23]

Забележуваме дека во науката не постои единстено мислење кој период од човековиот живот се смета како период на старост. Во голема мера, староста е повеќе индивидуално чувство на духот и телото отколку претходно фиксиран период. Иако недостасува општоприфатена дефиниција на поимот старост, сепак, следните карактеристики одат во насока на објаснување на одредени теории:

- Штетност (опаѓање на функциите);
- Прогресивност (постепено напредување);
- Ендогена основа (не е резултат на променетите услови на надворешната средина);
- Универзалност (ги погодува сите единки).

Староста најчесто се објаснува со следните три одредувања и тоа:

***Бирократско-хронолошко одредување на староста*** како основен критериум за одредување дали некој е стар ги зема предвид годините на животот на одредено лице.[24]

---

[19] Partridge L., Barton N. H. (1996). *On measuring the rate of ageing.* Proc. R. Soc. Lond. B. 263, 1365–137110.1098/rspb.1996.0200

[20] Tatar, M. (2001). *Senescence*, in: Evolutionary Ecology – Concepts and Case Studies, eds Fox C. W., Roff D. A., Fairbairn D. J., editors. (New York: Oxford University Press;), 128–141.

[21] Fabian, D., & Flatt, T. (2011). *The evolution of aging.* Nat. Educ. Knowl. 2, 9.

[22] Rose, M. R. (2007). *Evolutionary Biology of Aging*. New York: Oxford University Press.

[23] Rose M. R., Rauser C. L., Benford G., Matos M., Mueller L. D. (2007). *Hamilton's forces of natural selection after forty years*. Evolution 61, 1265–127610.1111/j.1558-5646.2007.00120.x

[24] Според одредени автори период на староста се дели на рана старост од 65 до 70 години, просечна старост од 76 до 85 години и доцна старост преку 85 години.

***Научно-академско одредување на староста*** се врши врз основа на објективно мерливи показатели на состојбата и функциите во организмот, апостофирајќи ги физиолошките функции.[25]

***Одредувањето на староста преку социјалните чинители*** се базира на толкување на личноста, промена на социјалните улоги и социјалните односи на поединецот.

Според одредена група автори, сопственото дефинирање на староста треба да претставува основен критериум за одредување на старо лице. Според нив, старо лице е она кое себе си се смета за такво преку состојбата на духот и телото.

Положбата на старите лица во општеството, пред се е условена од нивната работна неактивност од една страна, но и товарот што тие ги претставуваат за активното население од друга. Старите лица во својот работен век, придонеле за социјалниот и општествениот напредок па затоа во својата трета или четврта доба од животот имаат полно право на заштита и помош во општеството.[26] Меѓу другото, не сите стари лица и покрај правото и обврската да бидат заштитени ја добиваат соодветната помош и заштита.

Маргинализирање на проблемите со кои се соочуваат старите лица во општеството, во голема мера придонесува за исклучување, игнорирање и занемарување на овие лица и во рамките на семејството. Оттука, констелацијата на вака поставените општествени односи го објаснува каузалитетот меѓу старите лица и ризикот од криминал.

Неретко, феноменот на насилство врз старите лица е пропратен со висока темна бројка, односно не-пријавување на сторителот и случаите на виктимизација. Зголемување на ризикот од криминална виктимизација кај старите лица, пред сѐ зависи од индивидуалните виктимогени предиспозиции особено оние кои се однесуваат на еволутивните процеси во организмот (биолошки обележја), како и психичките промени

[25] Медицинските истражувања покажале дека лицата постари од 65 години имаат од 1 до 5 хронични заболувања. Според овој критериум, стари лица би можеле да се наречат сите лица кои имаат две или повеќе хронични заболувања.
[26] Kostic, M., (2004). *Victimizacija starih osoba, kao pripadnika posebne marginalne grupe.* http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/1450-6637/2004/1450-66370402003K.pdf

во староста. Биолошките и психолошките предиспозиции ги исклучуваат старите лица од активни текови во семејството и општеството. *Тука се појавуваат и основните карактеристики на социјалната положба на старите лица, кои во голема мера влијаат на ризикот од криминална виктимизација кај овие лица*.[27]

## 2. Демографско стареење

Демографското стареење првобитно е последица на намалување на наталитетот/фертилитетот. Денешните развиени општества, дел од својот напредок неспорно го должат на долгорочното намалување на наталитетот. Со намалениот број на раѓање, чување и образување на млади лица се намалува економскиот терет на државата. Денес, високо развиените општества се соочуваат со два изразито сложени проблеми и тоа: од една страна намалениот наталитет/фертилитет, доведува до регрес на бројот на млади лица како работоспособно население, додека, пак, од друга страна прогресивно се зголемува бројот на старата популација.

### 2.1. Демографско стареење – светски движења

Проблемот со демографското стареење, подеднакво се јавува и во развиени и во помалку развиени земји, па дури и во оние неразвиените. Директни донации и инвестиции во неразвиените земји имаат големо влијание за намалување на негативните ефекти од овој проблем. Од друга страна, високо развиените земји релативно многу пари наменуваат за потикнување на наталитетот. Досегашните движења во врска со демографското старење, неспорно докажуваат како човештвото со векови се бори за биолошки опстанок.

Во следната табела, прикажана е симулација на можна идна демографска слика во светот и избрани области/земји до 2050 година. Во периодот од 1950 до 2000 година, светското население пораснало за отприлика 14%, а во следните 50 години, ќе се зголеми за уште 47%. Меѓутоа на светско ниво, во 2050 година старата популација

[27] Kostič, M., (2004). *Victimizacija starih osoba, kao pripadnika posebne marginalne grupe.* Достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/1450-6637/2004/1450-66370402003K.pdf

над 65 годишна возраст ќе се зголеми за 16%. Тогаш светот ќе биде демографски стар.[28]

**Табела I/1**
**Симулација на можна идна демографска слика од 1950 до 2050 година**

| | 1950 | | 2000 | | 2050 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Вкупен број на жители** | **Удел на стари со 65 год. и повеќе ( %)** | **Проекција на вкупен број на жители** | **Удел на стари со 65 год. и повеќе (%)** | **Проекција на вкупен број на жители** | **Удел на стари со 65 год. и повеќе (%)** |
| Свет | 2 521 495 | 5.2 | 6 055 049 | 6.9 | 8 909 095 | 16.4 |
| Развиени | 812 687 | 7.9 | 1 187 980 | 14.4 | 1 155 403 | 25.9 |
| Малку развиени | 1 708 808 | 3.9 | 4 867 069 | 5.1 | 7 753 693 | 15.0 |
| Најмалку развиени | 196 764 | 3.3 | 644 677 | 3.1 | 1 494 925 | 8.1 |
| Европа | 547 318 | 8.2 | 728 887 | 14.7 | 627 691 | 27.6 |
| Источна Европа | 219 296 | 6.5 | 306 990 | 13.0 | 251 894 | 26.3 |
| Северна Европа | 78 094 | 10.3 | 94 383 | 15.6 | 90 660 | 25.1 |
| Јужна Европа | 109 012 | 7.6 | 144 174 | 16.5 | 114 526 | 32.5 |
| Западна Европа | 140 916 | 10.2 | 183 340 | 15.9 | 170 611 | 27.5 |
| Северна Америка | 171 617 | 8.2 | 309 631 | 12.5 | 391 781 | 21.9 |
| Австрија | 6 953 | 10.4 | 8 211 | 14.7 | 7 094 | 30.3 |
| Белгија | 8 639 | 11.1 | 10 161 | 16.7 | 8 918 | 27.6 |
| Хрватска | 3 850 | 7.9 | 4 473 | 14.8 | 3 673 | 26.2 |
| Данска | 4 271 | 9.1 | 5 293 | 15.2 | 4 793 | 24.1 |
| Германија | 68 376 | 9.7 | 82 220 | 16.4 | 73 303 | 28.4 |
| Унгарија | 9 338 | 7.3 | 10 036 | 14.7 | 7 448 | 28.2 |
| Холандија | 10 114 | 7.7 | 15 786 | 13.8 | 14 156 | 28.1 |

[28] Предвидувања за движење на населението, се изработуваат врз база на досегашна структура на населението, познавање на претходните движења и демографски законитости.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Франција | 41 829 | 11.4 | 59 080 | 15.9 | 59 883 | 25.5 |
| Русија | 102 192 | 6.2 | 146 934 | 12.5 | 121 256 | 25.0 |
| Словенија | 1 473 | 7.0 | 1 986 | 13.8 | 1 487 | 31.9 |
| Шпанија | 28 009 | 7.3 | 39 630 | 17.0 | 30 226 | 36.9 |
| Италија | 47 104 | 8.3 | 57 298 | 18.2 | 41 197 | 34.9 |
| Шведска | 7 014 | 10.3 | 8 910 | 17.4 | 8 661 | 26.7 |
| Швајцарија | 4 694 | 9.6 | 7 386 | 14.7 | 6 745 | 30.0 |
| Турска | 20 809 | 3.3 | 66 591 | 5.8 | 100 664 | 18.7 |
| Африка | 220 933 | 3.2 | 784 445 | 3.2 | 1 766 082 | 8.0 |
| Н.Р. Кина | 554 760 | 4.5 | 1 277 558 | 6.8 | 1 477 730 | 22.6 |
| Индија | 357 561 | 3.3 | 1 013 662 | 5.0 | 1 528 853 | 15.1 |

*Извор: World Population Prospect, The 1998 Revision; UN New York 1999*

## 2.2. Коефициент на старост на земјите во развој

Во следните 50 години, коефициентот на старост ќе претрпи радикални промени. Овој коефициент ја покажува големината на оптеретеност на работниот контингент (15-65 години). Коефициентот на вкупните зависни лица го отсликува бројот на невработено население (од 0 до 14 години плус лица со 65 години и повеќе) на 100 лица во работен период (од 15 до 64 години). Коефициентот на возрасна зависност кај младите лица покажува колку млади лица (0-14 г.) на 100 лица се во работен период (15-64 г.). Коефициентот на зависни стари лица, го покажува бројот на лица со навршени 65 години и повеќе, на 100 лица во работен период (15-64 г.). Овие коефициенти се орентациски показатели, бидејќи сите лица во работниот период не мора да бидат економски активни, но повеќето активни се регулирани на таа возраст. Меѓутоа, постојат и економски активни лица надвор од работниот период и тоа деца и лица над 65 годишна возраст.

**Табела I/2**
**Коефициентот на возрасна зависност во различни континенти/земји во периодот од 1950 до 2050 година**

| Контитент/земја | Коефициент на возрасна зависност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1950-1955 | | | 1995-2000 | | | 2045-2050 | | |
| | вкупно | млади | стари | вкупно | млади | стари | вкупно | млади | стари |
| Свет | 65,5 | 56,9 | 8,6 | 60,7 | 50,2 | 10,5 | 54,8 | 31,0 | 23,8 |
| Развиени | 54,4 | 42,2 | 12,2 | 49,6 | 29,3 | 20,3 | 68,4 | 25,8 | 42,7 |
| Малку развиени | 71,3 | 64,7 | 6,7 | 63,9 | 56,2 | 7,7 | 52,8 | 31,7 | 21,1 |
| Африка | 84,1 | 78,3 | 5,8 | 87,7 | 81,8 | 5,9 | 47,3 | 37,2 | 10,0 |
| Европа | 52,4 | 39,9 | 12,5 | 49,4 | 28,6 | 20,8 | 69,5 | 24,3 | 45,2 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Источна Европа | 53,0 | 43,0 | 10,0 | 49,8 | 31,4 | 18,4 | 62,6 | 23,2 | 39,4 |
| Северна Европа | 51,5 | 35,9 | 15,6 | 53,6 | 29,8 | 26,7 | 69,3 | 27,0 | 42,3 |
| Јужна Европа | 54,5 | 42,7 | 11,8 | 46,9 | 24,9 | 22,1 | 81,8 | 23,6 | 58,2 |
| Западна Европа | 50,4 | 35,1 | 15,3 | 48,7 | 26,3 | 22,4 | 72,6 | 25,2 | 47,4 |
| Северна Америка | 54,9 | 42,1 | 12,7 | 52,5 | 33,5 | 19,0 | 63,4 | 27,9 | 35,5 |
| Чешка | 47,8 | 35,5 | 12,2 | 46,6 | 27,4 | 19,2 | 76,8 | 21,0 | 55,9 |
| Полска | 52,9 | 44,9 | 8,0 | 51,1 | 34,5 | 16,6 | 64,9 | 25,7 | 39,2 |
| Шведска | 50,8 | 35,3 | 15,5 | 56,8 | 29,3 | 27,5 | 73,8 | 26,9 | 46,9 |
| Хрватска | 53,0 | 40,9 | 12,1 | 46,5 | 27,7 | 18,8 | 65,1 | 24,1 | 41,1 |
| Грција | 54,9 | 44,4 | 10,5 | 48,5 | 24,9 | 23,6 | 83,4 | 22,8 | 60,6 |
| Италија | 52,8 | 40,2 | 12,6 | 46,1 | 21,6 | 24,5 | 89,4 | 22,7 | 66,7 |
| Шпанија | 52,4 | 41,3 | 11,1 | 46,3 | 23,8 | 22,6 | 91,0 | 22,2 | 68,7 |
| Австрија | 49,6 | 34,1 | 15,5 | 48,3 | 26,2 | 22,1 | 74,8 | 22,7 | 52,0 |
| Франција | 51,7 | 34,5 | 17,3 | 52,7 | 29,8 | 22,9 | 72,5 | 28,6 | 43,9 |
| Германија | 49,0 | 34,6 | 14,5 | 46,4 | 23,8 | 22,7 | 71,2 | 22,5 | 48,7 |
| САД | 54,5 | 41,7 | 12,8 | 53,1 | 33,9 | 19,2 | 62,8 | 27,9 | 34,9 |
| Папуа/Нова Гвинеја | 76,9 | 69,6 | 7,3 | 73,8 | 68,7 | 5,1 | 46,8 | 33,9 | 12,9 |
| Словенија | 52,7 | 42,0 | 10,7 | 44,1 | 26,4 | 17,7 | 75,0 | 22,0 | 53,0 |

Извор: World Population Prospect, The 1998 Revision; UN New York 1999

## 2.3. Очекуван животен век

Едно од основните обележја во современиот развиен свет претставува продолжување на животниот век за сметка на намалениот наталитет. Од почетокот на процесот на индустријализацијата се појавуваат многубројни медицински пронајдоци кои ги искоренуваат епидемиите, кои што го загрозувале биолошкиот опстанок на човештвото. Во текот на XX век, морталитетот е сведен на многу ниско ниво. Меѓу другото, почнува да се намалува морталитетот во сите периоди од животот.

**Табела I/3**
**Симулирана проекција на траење на животот, според година на раѓање**

| Област | Очекувано траење на животот според година на раѓање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1950-1955 | | 1995-2000 | | 2045-2050 | |
| | машко | Женско | машко | женско | машко | женско |
| Европа | 63,5 | 68,6 | 69,2 | 77,4 | 77,2 | 83,4 |
| Источна Европа | 61,8 | 68,5 | 63,3 | 73,8 | 74,5 | 81,3 |
| Северна Европа | 66,8 | 71,5 | 73,5 | 79,5 | 79,3 | 84,6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јужна Европа | 61,4 | 65,1 | 73,7 | 80,1 | 79,0 | 84,8 |
| Западна Европа | 65,1 | 69,9 | 74,1 | 80,8 | 79,2 | 85,3 |
| Бугарија | 62,2 | 66,1 | 67,6 | 74,7 | 75,4 | 81,4 |
| Чешка | 64,5 | 70,3 | 70,3 | 77,4 | 78,1 | 84,3 |
| Романија | 59,4 | 62,8 | 66,2 | 73,9 | 75,1 | 81,5 |
| Финска | 63,2 | 69,6 | 73,0 | 80,6 | 79,6 | 86,0 |
| Албанија | 54,4 | 56,1 | 69,9 | 75,9 | 77,2 | 82,7 |
| Б и Х | 52,6 | 54,8 | 70,5 | 75,9 | 76,4 | 81,5 |
| Хрватска | 59,0 | 63,2 | 68,8 | 76,5 | 76,6 | 82,1 |
| Грција | 64,3 | 67,5 | 75,6 | 80,7 | 80,0 | 85,1 |
| Италија | 64,3 | 67,8 | 75,0 | 81,2 | 79,8 | 85,5 |
| Словенија | 63,0 | 68,1 | 70,6 | 78,2 | 77,4 | 83,1 |
| Австрија | 63,2 | 68,4 | 73,7 | 80,2 | 79,0 | 84,7 |
| Франција | 63,7 | 69,5 | 74,1 | 82,0 | 79,1 | 86,2 |
| Германија | 65,3 | 69,6 | 73,9 | 80,2 | 79,1 | 84,7 |
| Швајцарија | 67,0 | 71,6 | 75,4 | 81,8 | 79,9 | 86,0 |
| Норвешка | 70,9 | 74,5 | 75,2 | 81,1 | 80,8 | 86,7 |
| Шведска | 70,4 | 73,3 | 76,3 | 80,8 | 80,4 | 85,9 |

Извор: World Population Prospect, The 1998 Revision; UN New York 1999

Од симулираната проекција на траењето на животот, прикажана во табела 3, можеме да забележиме дека во пеесетите години на минатиот век, во сите наведени области животниот век се зголемува. На пример, во Европа во период од 1950 до 1955 година, просечен век за мажи изнесувал 63,5, додека, пак, за жени 68,6. За истата област во периодот од 1995 до 2000 година, времетраењето на животот на мажите изнесувал 69,2 години, а кај жените 77,4. Можната симулација за периодот 2045 до 2050 година, изнесува 77,2 години за мажи и 83,4 години за жени. Податоците во табелата 3 го истакнуваат зголемувањето на животниот век, во сите наведени области.

## 2.4. Состојба на старите лица во Република Македонија

Пописот спроведен во 2002 година, покажува дека во Република Македонија има 2.022.547 жители, што е за 3,9% повеќе во однос на претходниот попис спроведен во 1994 година, или, пак, 43,0% повеќе во однос на 1948 година. Според проценките на

населението од Државниот завод за статистика, според состојба од 30.6.2008 година, вкупното население во Република Македонија изнесувало 2.046.898 жители.[29]

Според проекциите (средна варијанта) на Обединетите нации (ОН) во наредниот период се очекува намалување на бројот на населението во Република Македонија и тоа: во 2015 година изнесувал 2.079.000 жители, во 2025 година ќе изнесува 2.071.000 жители, а во 2050 година ќе изнесува 1.815.000 жители. Мерено со просечен пораст на населението од 2010-2015 година, негативниот пораст од 0,02% континуирано ќе продолжи и во наредниот период, па така намалување на населението во периодот 2015-2020 година ќе биде за околу 0,01%, 2020-2025 година од -.09%, 2025 - 2050 година за -0,49%.[30]

**Табела I/4**
**Густина на населението во Република Македонија во 2008 година, по региони**

| Статистички регион | Население | Густина на население |
|---|---|---|
| **Република Македонија** | 2 046 898 | 79,6 |
| **Вардарски регион** | 153 902 | 38.1 |
| **Источен регион** | 180 260 | 51.0 |
| **Југозападен регион** | 222 142 | 66.5 |
| **Југоисточен регион** | 172 362 | 62.9 |
| **Пелагониски регион** | 234 902 | 49.8 |
| **Полошки регион** | 312 607 | 129.4 |
| **Североисточен регион** | 174 276 | 75.4 |
| **Скопски регион** | 596 447 | 329.0 |

Извор: Државен завод за статистика, 2008 година

**Табела I/5**

**Структурата на населението по возрасни групи во Република Македонија, според состојбата на 30.06.2008 година**

| Статистички регион | Возрасни групи во % | | |
|---|---|---|---|
| | **0-14** | **15-59** | **60+** |
| **Република Македонија** | 17.5 | 65.8 | 16.6 |

29 Национална стратегија за стари лица 2010-2020
30 United Nations (2017). Total population (both sexes combined) by region, subregion and country, annually for 1950-2100 (thousands). Достапно на: https://population.un.org/wpp/DVD/Files/1_Indicators%20(Standard)/EXCEL_FILES/1_Population/WPP2017_POP_F01_1_TOTAL_POPULATION_BOTH_SEXES.xlsx пристапено на: 27.11.2018

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вардарски регион** | 15.8 | 66.0 | |
| **Источен регион** | 15.8 | 66.0 | 18.1 |
| **Југозападен регион** | 18.0 | 67.2 | 14.8 |
| **Југоисточен регион** | 15.1 | 66.8 | 18.1 |
| **Пелагониски регион** | 15.4 | 63.8 | 20.8 |
| **Полошки регион** | 20.0 | 67.8 | 12.2 |
| **Североисточен регион** | 19.0 | 65.3 | 15.7 |
| **Скопски регион** | 17.9 | 64.8 | 17.3 |

Извор: Државен завод за статистика, 2008 година

**Табела I/6**

**Население по пол над 60 години на ниво на Република Македонија, според состојбата на 30.06.2008 година**

| **Статистички региони** | **60+** | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| Република Македонија | 340 310 | 155 196 | 185 144 |
| Вардарски регион | 27 875 | 12 778 | 15 097 |
| Источен регион | 32 643 | 14 884 | 17 759 |
| Југозападен регион | 32 944 | 14 868 | 18 078 |
| Југоисточен регион | 32 643 | 13 305 | 16 172 |
| Пелагониски регион | 48 843 | 21 922 | 26 921 |
| Полошки регион | 38 238 | 17 629 | 20 609 |
| Североисточен регион | 27 275 | 12 597 | 14 678 |
| Скопски регион | 103 015 | 47 213 | 55 802 |

Извор: Државен завод за статистика, 2008 година

Во Република Македонија, во 2008 година од вкупно 340 310 граѓани, бројот на мажи со навршени 60 години и повеќе, изнесувал 155 196, додека, пак, бројот на жени бил 185 144. Најмногуброен регион со лица над 60 годишна возраст е Скопскиот регион со 103 015 жители, од кои 47 213 се мажи, додека, пак, бројот на жените изнесувал 55 802. Потоа доаѓа Пелагонискиот регион со вкупно 48 843 жители, од кои 21 922 се мажи, додека пак 26 921 се жени над 60 годишна возраст. Од наведените податоци може да се забележи дека во сите региони, но и на републичко ниво, помногубројни се жените во однос на мажите.

**Табела I/7**

**Стапката на морталитет во Република Македонија во 2008-та година, по статистички региони**

| **Статистички регион** | **Стапки на морталитет** |
|---|---|
| Република Македонија | 9.3 |
| Вардарски регион | 10.4 |
| Источен регион | 10.2 |
| Југозападен регион | 9.2 |
| Југоисточен регион | 9.5 |
| Пелагониски регион | 12.5 |
| Полошки регион | 7.3 |
| Североисточен регион | 9.2 |
| Скопски регион | 8.5 |

Извор: Државен завод за статистика, 2008 година

Од прикажаните податоци во табела 7, кај Пелагонискиот регион се забележува најголема стапка на морталитет со 12,5%. Во Вардарскиот и Источниот регион, оваа стапка на морталитет достигнувала 10,4%, односно 10,2%. Последен на табелата е Полошкиот регион со 7,3%. Незначајна е разликата од 0,3%, помеѓу Југозападниот и Југоисточниот регион и тоа со 9,2%, односно 9,5%. Скопскиот регион бележи 8,5% стапка на морталитет.

### 2.5. Демографско стареење во Република Македонија

Демографското стареење на населението во Република Македонија преставува евидентен и загрижувачки релевантен популациско демографски и социоекономски процес. Тој е иницирал од повеќе демографски, социјално општествени и економски фактори. Основна карактеристика во таа смисла е мошне динамичното и интензивно преструктуирање на населението според старосниот состав. Секако дека доминантен фактор е мошне брзото снижување на обемот на раѓањата искажани преку стапката на наталитетот.

Поради ниската стапка на наталитетот, Република Македонија веќе во првата деценија на 21-от век, се соочува со намалување на бројот на македонската популација. Во 1953 година, просечна старост на населението била 25,9 години, додека, пак, според пописот во 2002 година, просечна старост на населението е достигната на 34,5 години. Сепак, демографското стареење на населението во Република Македонија претставува временски релативно нов процес, од 1991 година па наваму. Анализата и утврдувањето

на стадиумите на стареењето се засновани врз следните критериуми: просечна старост, коефициент на младоста и староста, учество на старосните групи до 39 години, како и индексот на староста.

Оттука, во Република Македонија издиференцирани се стадиумите на составот според староста од 1948-2002 година:

I. Демографска младост, попис 1948 и 1953 година
II. Демографска зрелост, попис 1961, 1971 и 1981 година
III. Процес на праг на демографска старост, попис 1991 година
IV. Праг на демографска старост, попис 1994 година и
V. Демографска старост, попис 2002 година.

**Табела I/8**

**Просечната старост, индексот на стареење и стадиумите на демографско стареење, Република Македонија: 1948-2006 година**

| Година | Просецна старост | Индекс на стареење | Стадиуми на стареење |
|---|---|---|---|
| 1948 | 25,1 | 17,0 | Демографска младост |
| 1953 | 25,9 | 17,0 | Праг на демографска зрелост |
| 1961 | 26,6 | 17,0 | Демографска зрелост |
| 1971 | 27,8 | 20,0 | Демографска зрелост |
| 1981 | 29,6 | 24,0 | Демографска зрелост |
| 1994 | 32,8 | 39,0 | Праг на демографска старост |
| 2000 | 34,2 | 46,0 | Праг на демографска старост |
| 2006 | 36,2 | 58,1 | Демографска старост |

Извор: Државен завод за статистика, 2008 година

Значајно е да се напомене дека биолошкото стареење, односно продолжувањето на животниот век на населението е последица на подобрувањето на животниот стандард, напредокот и примената на современите достигнувања во здравствено хигиенски услови, како и придонесот на интересот на други науки од доменот на: геронтологија, геријатрија, социологија, социјална политика и други. Во прилог на ова, ќе потенцираме дека ако во педесеттите години на минатиот век просечниот животен век на населението во Република Македонија изнесувал 60 години, денес имаме

значајна разлика од просек 74,2 години, каде што мажите живеат 71,8, а жените 76,6 години.[31]

Стареењето на населението има широки импликации врз секој аспект во општеството, вклучувајќи го и системот на кривичната правда. Конкретно, старото население во никој случај не може да се издели од системот на кривичната правда, бидејќи голем процент од старите лица се жртви на криминал, престапници, затвореници, или, пак, граѓани кои се поврзуваат со системот на кривичната правда.[32]

Користејќи ги официјалните извештаи од пријавени случаи на насилство врз старите лица, Националната студија за застапеност на злоупотреба на стари лица (*The National Elder Abuse Incidence Study*) открива дека во текот на 1996 година, над 500 000 лица кои не се институционализирани биле жртви на злоупотреба и/или занемарување.[33]

Поновите студии доаѓаат до сознание дека 1 од 10 поединци на возраст над 60 години, пријавиле дека доживеале некаков вид на злоупотреба во текот на годината пред да бидат анкетирани.[34] Националниот центар за злоупотреба на старите лица, проценува дека 1-2 милиони случаи на злоупотреба, занемарување и експлоатација на стари лица се случува секоја година во САД, но се пријавени помалку од еден од пет случаи. Некои проценки покажуваат дека се пријавени само 1 од 27 случаи.[35]

Од гледна точка на кривичната правда, воспоставувањето точни статистички податоци за инцидентите на криминалитетот на старите лица е предизвик, бидејќи криминалитетот кога се во прашање старите жртви се карактеризира со висока темна бројка. Претежно голем дел од случаите на насилство, злоупотреба или запоставување на овие лица се случуваат во домот на жртвата, при што сторителот е член на семејството или давател на услуги.

---

[31] MK NEWS (2012). Достапно на: https://mkd-news.com/najdolgo-zhiveat-albantsite-najkratko-srbite-makedontsite-na-sredina/?utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk пристапено на: 20.05.2019

[32] Rothman M. B., Dunlop B. D., and Entzel P.. (2000). *Elders, Crime, and the Criminal Justice System: Myths, Perceptions, and Reality in the 21st Century*. New York: Springer.

[33] Tatara, T. (1998). *The National Elder Abuse Incidence Study: Final Report*. New York: National Center on Elder Abuse.

[34] Acierno R. Hernandez M. A. Amstadter A. B. Resnick H. S. Steve K. Muzzy W., & Kilpatrick D. G. (2010). Prevalence and correlates of emotional, physical, sexual, and financial abuse and potential neglect in the United States: The National Elder Mistreatment Study. *American Journal of Public Health, 100,* 292–297. doi:10.2105/AJPH.2009.163089

[35] Mukherjee, D. (2011). Organizational Structures of Elder Abuse Reporting Systems. *Administration in Social Work35 (5):* 517–531.

На глобално ниво бројот на случаи на насилство врз стари лица е проектиран да се зголеми, бидејќи многу земји се соочуваат со брзо стареење на населението, чии потреби не можат целосно да се исполнат поради ограничувањата на ресурсите. Се предвидува дека до 2050 година, глобалното население со возраст над 60 години, ќе се зголеми повеќе од двојно и тоа од 900 милиони во 2015 година на околу 2 милијарди, со огромно мнозинство на стари лица кои живеат во земји со низок и среден приход. Се претпоставува дека со процесот на демографското стареење, бројот на жртвите брзо ќе се зголемува поради стареењето на населението, па така до 2050 година ќе достигне 320 милиони жртви.[36]

[36] WHO (2017). Достапно на: https://www.who.int/news-room/detail/14-06-2017-abuse-of-older-people-on-the-rise-1-in-6-affected пристапено на: 12.05.2019

# ГЛАВА II

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА И ТИПОЛОГИИ НА ЖРТВИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СТАРИ ЛИЦА КАКО ЖРТВИ

## 1. Поим на жртва и дефинирање на виктимизација

Виктимолошките истражувања бележат свои почетоци во средината на 20-от век. Прв во оваа област е романскиот адвокат Бенџамин Менделсон кој во 1937-та година, собирал податоци и спроведувал интервјуа со жртвите од неговата адвокатска канцеларија. Меѓутоа се до 1940-та година, овие истражувања немале научен карактер. Веќе во 1948 година, германскиот криминолог Ханс Фон Хентиг (Hans von Hentig) во своето дело „Криминалецот и неговата жртва“, отворил едно ново поле во криминологијата поврзано со истражувања на жртвите, притоа укажувајќи на придонесот на жртвата во извршување на кривичното дело по пат на намамување, завера или провокација. Имено, тој предлагал динамичен интерактивен пристап на поттикнување од страна на жртвите, односно *„склоноста да се биде жртва“*.[37] Веќе во наредните години, американскиот психијатар Фредерик Вертхам (Frederic Wertham) го воведува поимот **виктимологија**, односно **проучување на жртвата**.[38]

Од 50-тите години на минатиот век, виктимологијата поминува низ неколку фази на сопственото еволуирање. Најпрвин како гранка на криминологијата и тоа од тн. „proto-victim“ ориентација (од криминолошки аспект да се утврди влијанието на жртвата на настанокот на кривичното дела, односно генезата на кривичното дело), преку тн. „pro-victim“ ориентација (помош и поддршка на жртвата), па се до фаза кога виктимологијата ја добива улогата на катализатор на основните дилеми за функционирање на целокупниот кривичноправен и правосуден систем.

Проучувањето на жртвата како основен поим на виктимологијата, всушност ја проучува *виктимизацијата вклучувајќи ги и психолошките ефекти врз жртвите, односите меѓу жртвите и престапниците, интеракциите меѓу жртвите и системот на кривичната правда, односно полицијата и судовите и службениците за корекции и*

---

[37] Maguire, M., Morgan R., and Reiner R., (2007). *The Oxford Handbook of Criminology Forth Edition*, Oxford University Press.
[38] Lindgren M., Nikolic-Ristanovic V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.

*врските меѓу жртвите и другите социјални групи и институции, како што се медиумите, бизнисите и општествените движења.* [39] Имено, виктимизацијата означува процес во кој некој или нешто станува жртва. Оттука, процесот на виктимизација односно процесот на претворање на потенцијална во реална жртва, укажува на тоа од каков облик, кој, каде и кога е оштетен т.е. виктимизиран. [40] Процесот на виктимизација, согледан низ призмата на одговорите на кој и зошто станал жртва на кривично дело, сликовито ја прикажува виктимогенезата односно процесот на станување жртва.

Сознанието за жртвите е во состојба на постојан развој. Првичните концептуални правила и норми за виктимизација се оспоруваат од нови истражувања за претходно невидливите жртви: жртвите на криминалот во корпорациите и на работните места во канцелариите, жртвите на трговија со луѓе, геноцидот, вооружените конфликти, тортурата, тероризмот и кривичните дела против државата.[41] [42] [43] Јанг преку толкувањата за секундарната виктимизација и ефектите од криминалот, го насочува вниманието кон семејствата на жртвите.[44] Травис и Вал се насочуваат кон затворениците,[45] како и истражувањата за осудениците на смртна казна.[46] [47] Самите истражувања одат во насока на проширувањето на поимот жртва, па така самиот концепт сам по себе станува синоним за *преживеан* или *обесправен*.

Оттука, Менделсон разработувајќи ги степените на вина ги развил типологиите на жртвите. Нешто подоцна Амир во 1971 година, го забележал можеби

---

[39] Karmen, A (2010). *Crime Victims: An Introduction to Victimology.* Boston, MA: Wadsworth Cengage Learning.

[40] Бачановиќ О. (1997). *Полиција и жртвите*. “2-ри Август С“, Штип, стр.71

[41] Ruggiero, V (1992). Realist Criminology: A Critique in R. Mathews and J. Young (eds), *Issues in Realist Criminology,* 123-40, London: Sage.

[42] Morgan, R., & Evans, M. E. (1999). Protecting Prisoners: *The Standards of the European Committee for the Prevention of Torture in Context.* Oxford: Ohford University Press.

[43] Goodey, J. (2005). *Victims and Victimology: Research, Policy and Practice.* Harlow: Pearson Education.

[44] Young, R. (2000). *Integrating a Multi-Victim Perspective into Criminal Justice through Restorative Justice Conferences,* in A. Craford and J. Goodey (eds), *Integrating a Victim Perspective within Criminal Justice*, 227-51, Aldershot: Ashgare Dartmouth.

[45] Travis, J. and Waul, M. (eds), (2004), *Prisoners Once Removed: The Impact of Incarceration and Reentry on Childern, Families and Communities*, Washington, DC: Urban Institute Press.

[46] Vandiver, M. (2003). *The Impact of the Death Penalty on the Families of Homicide Victims and of Condemn Prisoners,* in J. R. Acker, R. M. Bohm, and C. S. Lanier (eds), *America's Experiment with Capital Punishment: Reflections on the Past, Present and Future of the Ultimate Penal Sanction*, 2nd edn, 613-45, Durham, NC: Carolina Academic Press.

[47] Sharp, S. F. (2005). *Hidden Victims: The Effects of The Death Penalty on Families of The Accused,* New Brunswick, NJ: Rutgers University Press.

најконтраверзниот момент каде што вината во случаите со силување како фактор на потикнување, ја припишува на интеракцијата помеѓу жртвата и извршителот на делото.[48] Меѓу другото, подоцнежните истражувања за жртвата го критикуваат и отфрлуваат ова поимање со наведување на низа причини зошто не треба да се обвини самата жртва.

Најчесто самиот израз *„жртва“* се однесува на личност која е жртва на кршење на нормите на кривичното право од страна на друго лице или ентитет. Жртвата како производ од криминалната активност претставува производ од директна или индиректна интеракција меѓу сторителот и жртвата.[49]

Во кривичноправна смисла, жртвата е личност која што ги трпи последиците од криминалното однесување независно од тоа дали во самото кривично дело таа учествува со своите криминални или субкриминални активности.[50]

Во пресрет на објаснувањето на поимот жртва, авторката Симовиќ-Хибер во своето дело *„Оквири виктимологије“* лапидарно ја изнесува суштината на самиот поим. Симовиќ-Хибер објаснува дека: жртвата не е кривично-правен поим во смисла на посебна одредена дефиниција, но со право е изберена страна во процесот на остварување на кривично дело која добива правна заштита.[51]

Во рамките на кривичниот процес за жртва најчесто се смета оштетениот или сведокот. Во кривично-правна смисла за жртва се смета: граѓанин, ***стара личност***, женско лице, малолетник, цивилно население и други. Постојат случаи во кои дури не се ни апострофира дека жртвата е човек, туку тоа се подразбира.[52] Кривичното право жртвата ја толкува како деперсонализирана, па дури и како дехуманизиран објект или предмет на кривично дело, пасивен субјект и оштетен. Почнувајќи од осумдесетите години на дваесетиот век, а тргнувајќи од идејата за ресторативна правда

[48] Maguire, M., Morgan R., and Reiner R., (2007). *The Oxford Handbook of Criminology Forth Edition*, Oxford University Press.
[49] Das, B., (1997). A study of definition and scope of victimology. *Modern Thoughts on Victimology and Crimes*. eds. Agrawal, K., Raizada R., University Book House Pvt. Ltd., Jaipur.
[50] Ibid.
[51] Simonovic-Hiber, I. (2009). *Оквири виктимологије*. Београд: Универзитет у Београду- Факултет безбедности.
[52] Ibid, стр. 25.

(*таканаречена виктимоцентрична правда – victim-centered justice*), се промовира процена на квалитетот на правосудниот систем од перспектива на самата жртва.[53]

*Примарна или директна жртва* како поим означува непосредно поединечно искуство од криминалното дело и неговите последици.

*Индиректна или секундарна жртва* се означува најблиското (најчесто семејно опкружување на самата жртва), поради фактот што таа емоционално пати или трпи директни финансиски последици од самиот злочин, иако не е непосредно повредена.

*Согласно Декларацијата за основните начела на правдата во врска со жртви на кривични дела и злоупотреба на власта*[54] донесена на 29 ноември во 1985 година, на 96-тата пленарна седница од страна на Обединетите Нации, дефиницијата на жртва гласи:

*Член 1.* ***„Жртви“*** се лица кои индивидуално или колективно претрпеле штета вклучувајќи физичка или ментална повреда, емоционално страдање, економска загуба или значително оштетување на нивните основни права, преку дела или пропусти кои се во спротивност со кривичните закони кои се оперативни во рамките на земјите Членки вклучувајќи ги и оние закони кои пропишуваат кривична злоупотреба на моќ.

*Член 2.* Лицето може да се смета за жртва според оваа Декларација без оглед на тоа дали сторителот е идентификуван, уапсен, гонет или осуден и без разлика на фамилијарната врска меѓу сторителот и жртвата. Терминот „жртва“, исто така, го вклучува соодветното и непосредното семејството на директната жртва и лицата кои претрпеле штета во интервенција за помош на жртвите во неволја или за спречување на виктимизација.

*Член 3.* Одредбите содржани овде се применуваат на сите без разлика на раса, боја, пол, возраст, јазик, религија, националност, политичко или друго мислење, културни убедувања или практики, имот, раѓање или семеен статус, етничко или социјално потекло и попреченост.

---

[53] Ibid, стр. 26.
[54] United Nations (1985). Declaration of Basic Principles of Justice for Victims of Crime and Abuse of Power. A/RES/40/34. Достапно на: http://www.un.org/documents/ga/res/40/a40r034.htm пристапено на 22.06.2018

## 2. Типологии на жртви

Во насока на посоодветно концепитање на феноменот на виктимизација, криминолозите до средината на 20 век, започнуваат да ги развиваат методи за категоризација на различни типови жртви или типологии на жртвите. Типологиите се засновале на: биолошки, социолошки, психолошки, демографски и психијатриски фактори. Покрај тоа, научен интерес специфичен за врската помеѓу сторителот и жртвата, се пројавува во темелните студии на Менделсон, Ханс В. Хентиг и Еленбергер.

Кога станува збор за жртвите на криминалот, во рамките на виктимологијата интердисциплинарно се проучуваат значајните карактеристики на жртвите, односно психолошките услови што му претходеле на настанот и последиците од истиот. Меѓутоа, не постои една општоприфатена дефиниција во однос на тоа кој или што претставува жртва на криминал.

Според Менделсон постојат 6 типови на жртви и тоа: комплетно невина, жртва поради незнаење, доброволна со поголема вина од сторителот, највиновна и имагинарна жртва.[55]

Валтер Реклес посочил два типа на жртви: жртви на пријавување и жртви на непријавување. Во првиот случај, жртвата е лице кое се грижи за последиците од пријавување на виктимизација, пројавува особен интерес за казнување на сторителот со цел олеснување на сопственото страдање. Во вториот случај, жртвата не сака да известува, бидејќи се плаши од репресалии или социјални последици од пријавувањето.[56]

Фатах опишал пет видови на жртви:[57]

- *Не-учеснички жртви;*
- *Латентни жртви;*
- *Провокативни жртви;*

---

[55] Mendelsohn, (1956). *The Victimology*. I ETUDES INTERNATIONALES DE PSYCHO-SOCIOLOGIE CRIMINELLE 25.
[56] Reckless, W. C. (1961). *The crime problem* (3rd ed.). New York: Appleton-Century-Crofts. Стр. 525.
[57] Fattah, E.A. (1997). *Toward a Victim Policy Aimed at Healing not Suffering*. 2[nd] edition. Thousand Oaks: Sage Publications.

- *Партиципативни жртви и*
- *Лажни жртви.*

Волфганг се осврнува на петте видови на виктимизација:

- *Примарна виктимизација* ги вклучува индивидуалните жртви;
- *Секундарна виктимизација* каде што жртвата е безлична цел на сторителот (на пример крадец во стоковна куќа, лице кое патува без билет во автобус итн.);
- *Терцијарна виктимизација* ја вклучува јавноста и општествените структури;
- *Заемна виктимизација* се однесува на оние жртви кога самите се престапници во даден меѓусебно консензуален чин (на пример, прељуба) и
- *Немање виктимизација* е чин од незначително значење кога нема веднаш препознатлива жртва.

Скоган и Максфилд го објаснуваат концептот на идеална жртва како невина беспомошна жртва која нема влијание во кривичното дело.[58] Норвешкиот криминолог Нил Кристи, идеална жртва ја опишува како стара дама која одејќи накај својата болна сестра била ограбена од полнолетен маж и притоа истиот бил зависник од дрога. Според Кристи идеална жртва има пет карактеристики:

- *Жртвата* е слаба;
- *Жртвата* е вклучена во некоја активност која е општопризнаена;
- *Жртвата* е на пат до место каде што нема никаков приговор;
- *Сторителот* е доминантен во однос на жртвата;
- *Сторителот* е непознат на жртвата и не е во никаков однос со истата.

Кришна и Синг укажуваат на шест видови на жртви според степенот на нивниот придонес во криминалот. Тие се:

- *Целосно невини жртви* (на пример, мали доенчиња/деца кои се силувани, убиени или киднапирани без да сфатат што се прави со нив);
- *Жртви со помала вина* (бремени жени кои ја прекинуваат бременоста со абортус и плаќаат за тоа со својот живот);
- *Жртви виновни како и самите сторители*;

[58] Skogan, W. G. & Maxfield, M. G. (1981). *Coping with crime: individual and neighborhood reactions.* Beverly Hills, CA, Sage Publications.

- *Жртвите кои повеќе се виновни од престапниците* (оние кои ги провоцираат другите да извршат криминал);
- *Најкритични типови на жртви* кои извршуваат дела против други и се повредуваат или се убиваат (на пример, силувач кој го убива неговата жртва која дејствува во самоодбрана) и
- *Симулативни* (или претенциозни) *жртви* (како што се параноиди, хистерични и сенилни лица) кои даваат докази во судовите за да добијат изречена казна против обвинетото лице.

Шепаровиќ жртвите ги класифицира на следниот начин:[59]

- *Волева, согласувачка или доброволна жртва* (жртви кои бараат врз нив да се изврши кривично дело: еутаназија, абортус и слично, како и некои видови на самоубиство);
- *Непозната жртва* (жртва која не го пријавува злосторството);
- *Небрежна жртва* (жртви кои се однесуваат неодговорно кон сопствената сигурност);
- *Симулирачка жртва* (која всушност и не е жртва: подносители на лажни пријави со тенденција кон осуда на невини лица поради некој едноставен сопствен интерес) и
- *Жртва на кривично дело во обид* (жртва која не ја претрпела планираната штета).

Одредени автори ја ограничуваат жртвата само на физички лица кои се директно погодени од криминални активности. Оваа правна дефиниција во својот дијапазон на делување не ги вклучува посредните жртви. Друга дефиниција се однесува на жртви на традиционални кривични дела од типот на кражба и насилство.[60] Менделсон, пак, дава една далеку поширока дефиниција за жртва, при што во оваа категоријата ги става жртвите од елементарни непогоди, еколошки катастрофи, сообраќајни незгоди и слично.[61] Шнајдер во 1975 година, објаснува дека жртва може да биде поединец, организација или правен систем, кој под закана е повреден или

[59] Šeparović, Z., (1985). *Viktimologija.* Zagreb.
[60] Lindgren, M. & Nikolic-Ristanovic, V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.
[61] Mendelsohn (1956). *The Victimology*. I ETUDES INTERNATIONALES DE PSYCHO-SOCIOLOGIE CRIMINELLE 25.

уништен со некое однесување.[62] Од правен аспект, поимот на жртва се однесува на оние лица кои се погодени од кривични дела инкриминирани во кривичниот законик.[63]

## 2.1 Посебен осврт на типологии на стари лица како жртви

Имајќи предвид дека топологијата овозможува да се означи блискоста, континуитетот, конвергенцијата, компактноста и поврзаноста меѓу поимите и концептите, укажува на фактот дека всушност може да се генерализираат фундаменталните концепти на одредена појава. Во најширока смисла, топологијата ги официјализира поимите за блискост и континуитет. *Зошто е ова важно?* Имено, постои една главна причина: се чини дека реалноста се однесува на претежно континуиран начин, барем на обемот на кој се развиваат луѓето и човечката интуиција. Оттука, имаме тенденција да размислуваме за нештата на континуиран начин, имаме тенденција да комуницираме со реалноста на континуиран начин, а сега имаме и топологија да ги формализираме сите овие континуирани интуиции и интеракции.

За нас се особено интересни виктимолошките сознанија за стари лица како жртви. Различни типови однесување на жртвата овозможуваат да се забележи широк спектар на улоги на жртвата. Така на пример, сосем невина жртва може да се разликува од жртвата од незнаење, доброволната жртва од онаа што постапува непретпазливо, провокативна жртва од онаа што напаѓа, жртва што симулира се разликува од вообразената жртва.[64] Фон Хентинг во своето дело се осврнува на типологиите кои прават разлика меѓу стари и млади лица, мажи и жени, абнормални, како и имигранти и припадници на малцинства. Имено, пионерот на модерната и научно постулирана виктимологија, ***старите лица*** ги опишува како физички послаби лица кои често се зависни од грижата на друго лице. На овој начин се зголемува факторот на ризик кај старите лица и тоа почнувајќи од кражби до физичко насилство. Карактеристично за оваа група е тоа што злосторствата извршени врз старите лица најчесто поминуваат непријавено и не сносат никакви кривични санкции и последици. Оттука произлегува и класификацијата на авторот за ставовите на жртвите и тоа: жртва со летаргичен став,

[62] Schneider DC, Mosqueda L, Falk E, Huba GJ. (1975). Elder abuse forensic centers. *Journal of Elder Abuse and Neglect.*
[63] Lindgren, M. & Nikolic-Ristanovic, V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.
[64] Mendelsohn, (1956). *The Victimology*. I ETUDES INTERNATIONALES DE PSYCHO-SOCIOLOGIE CRIMINELLE 25.

покорен или смирувачки став, кооперативен или придонесувачки став и провокативен или истражувачки став.[65]

Типологијата на Фон Хентиг вклучува 13 категории на жртви и се заснова на психолошки, социјални и биолошки фактори. Согласно типологијата на Хентиг, Шафер ги истакнува следните категории на жртви, а станува збор за: млади; жени; ***стари лица***; психички непресметлива и психички нестабилна личност; имигранти; малцинства; депресивни; осамени; блокирани, ослободени и борбени. Од тука забележуваме дека истоимениот автор ги издвојува старите лица како посебна категорија на жртви на кривични дела.[66]

Во насока на подвигот за создавање на сопствена типологија на стари лица како жртви, особено се задржуваме на концептот на вулнерабилноста кај овие лица. Ноторен факт е дека интензитетот на ранливост е неизоставен сегмент во процесот на стареење и староста како производ од тој процес, па оттука сметаме дека претставува појдовна точка за сите понатамошни определби. Согласно факторите на ризик кои што влијаат на ранливоста на старите лица, издвојуваме пет карактеристики на оваа категорија на жртви:

- *Жртва со намалени витални и одбрамбени способности* (намален вид, слух, отежнат говор, инфериорност во однос на сторителот)
- *Жртва со различни мозочни нарушувања* (нарушувања од типот на: Деменција, Ајцхајмер, Паркинсова болест и слично);
- *Зависна жртва* (инвалидитет, лична хигиена, мобилност, финансиска зависност);
- *Осамена жртва* (социјална изолација, недостаток на социјална поддршка);
- *Традиционална жртва* (се однесува на оние стари лица кои трпат насилство пред се во кругот на семејството, но никогаш не се осмелуваат да го пријават од следните причини: култура на премолчување; што ќе кажат другите членови на поширокото семејство; морам да го сочувам авторитет на семејството; страв; стигматизација во општеството и друго).

[65] Natti Ronel, K. Jaishankar, Moshe Bensimon (2008). Trends and Issues in Victimology. Cambridge Scholars Publishing, стр. 176.
[66] Schafer (1968). The victim and his Criminal. New York : Random House, стр. 43-44

Старите лица заедно со жените и децата се вбројуваат во групи што се особено ранливи во однос на криминалитетот. Тие врз основа на поголемата загрозеност, суштински го обележуваат профилот на жртвата кога станува збор за насилнички казниви дела. За разбирање на насилството потребно е да се земат предвид причините на: ниво поединец, директни општествени средини, општествени заедници и култури во најширока смисла. Семејството претставува основен фактор во развојот на здрава и зрела личност. [67] Меѓутоа, кога во самото семејство постојат неурамнотежени, нерегулирани или незрели односи насилството зазема доминантна позиција и води кон нарушена комуникација и интеракција помеѓу насилниците и жртвите. *Физичките и менталните слабости предизвикани од старост, исто така, придонесуваат за видливоста на потенцијална жртва. Други теории тврдат дека старите лица стануваат ранливи на криминал кога ја напуштаат заштитата на своите домови.*[68]

Освен семејството, други важни сегменти кои имаат придонес во состојбата на ранливост на старото лице се: нееднаквостите, дислокацијата или пристапот до социјалната заштита во општеството и општествените односи. Лошите социо-политичките и економските политики кои не одат во насока на намалување на сиромаштијата, или, пак, не постои социјална сигурност со вклучување и решавање на проблемите на старите лица имаат голем придонес кон зголемување на состојбата на ранливост. На пример, Чемберс ја дефинира ранливоста како *„изложеност на непредвидени ситуации, стрес и тешкотии во справувањето со нив“*, каде што упатува на постоење на тежината на два еднакви елементи и тоа: од една страна е заканата, но од друга страна е способноста на старото лице да се справи со таа закана.[69]

Оттука, ранливоста кај старите лица има две страни и тоа: надворешна страна на ризик, шок и стрес и внатрешна страна која е резултат на беспомошност, односно

[67] Mamula, M., Ručević, S., Vukmanić, M., Zvizdić, M. (2013). *Nasilje prepoznaj i spriječi (proživljeno iskustvo žena u teoriji i praksi).* Sarajevo: Udruženje Žene ženama.
[68] Dussich (1979). Overview of Elderly Victimization. Достапно на: https://www.ncjrs.gov/App/Publications/abstract.aspx?ID=73563 пристапено на 01.03.2019
[69] ELISABETH SCHRÖDER-BUTTERFILL* and RULY MARIANTI (2006). A framework for understanding old-age vulnerabilities. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3672844 doi: 10.1017/S0144686X05004423. Пристапено на 02.03.2019

недостаток на средства за справување со состојбата на беспомошност што го зголемува ризикот кај овие лица.[70]

Утврдувањето на виктимогените предиспозиции кај старите лица ќе има придонес во препознавањето на латентните, потенцијалните, како и непосредно загрозените жртви. Ова ќе оди во прилог на одредување на методите со помош на кои може да се предвиди степенот и природата на ризикот, односно самата виктимолошка опасност на која е изложено старото лице.

Стандардот за споредување или оценување на виктимогените предиспозиции се одредува според: п*отеклото* (познати како вродени и како стекнати виктимогени предиспозиции); в*ременскиот интервал* (во однос на постојани, повремени и преодни); у*логата* (се однесува на тоа дали жртвата има или нема удел во кривичното дело); *природа на предиспозициите* (лични, психолошки и социјални).

Предиспонираноста на старите лица во однос на ризикот од виктимизација е комплексен и многу сложен процес и истиот треба да биде разгледуван низ призмата на повеќе меѓусебно поврзани елементи. Ова пред сè, се однесува на тоа дека виктимогените предиспозиции кај оваа ранлива категорија не можат да бидат одредени само преку еден од горенаведените критериуми. Затоа за да се објасни сложената природа на овој феномен, во рамките на трудот ја прифаќаме класификацијата направена од страна на Николиќ- Ристановиќ во однос на следните параметри: *лични* (био-психолошки и психолошки карактеристики на личноста); *социјални* (професија, социјална изолираност, социјална неадаптираност и асоцијално однесување); *ситуациони* (одредено време, место или животна ситуација), како и виктимогени предиспозиции на правни лица, општествени групи и општеството.[71]

---

[70] ELISABETH SCHRÖDER-BUTTERFILL* and RULY MARIANTI (2006). A framework for understanding old-age vulnerabilities. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3672844
doi: 10.1017/S0144686X05004423 Пристапено на 02.03.2019.
[71] Lindgren M., Nikolic-Ristanovic V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.

# ГЛАВА III

# ВИКТИМОГЕНЕЗА НА СТАРИ ЛИЦА

Во процесот на стареење се случуваат одредени промени кои значително влијаат на промената на состојбата во која се наоѓаат старите лица. Меѓу другото, доколку се земе предвид промената која ја предодредува вулнерабилноста[72] на старите лица, аналогно се зголемува и ризикот од виктимизација. Без оглед на интензитетот на промените и состојбата во која се наоѓаат старите лица, неспорен е фактот дека кај секое старо лице овие промени ја зголемуваат шансата за станување жртва на кривично дело. Таа положба или состојба во која се наоѓа старото лице се нарекува *ризик од криминална виктимизација*.

„Ризикот од виктимизација претставува резултанта на определени внатрешни и надворешни околности, како и индувудилани или групни предиспозиции во конкретниот случај кај старите лица“.[73] Во оваа насока, Сулејманов истакнува дека криминалитетот претставува резултатнта од делување на: *виктимогени предиспозиции* (односно објективни и субјективни својства на жртвата, но и ситуациони виктимогени предиспозиции каде што се реферира на ситуации во кои може да се најде старото лице), *односот на жртвата со престапникот* (зачестеност или интензитет на интеракции со потенцијалните престапници) и *придонесувачкото поведение на жртвата* (реакција на старото лице во обид да се избегне виктимизација).[74] Со оглед на виктимогените предиспозиции на старите лица, секое старо лице е потенцијална жртва на криминалитет. Имено, неопходно е да се соврнеме на одредени криминолошки теории кои ќе овозможат продлабучување на процесот на виктимогенеза, особено во однос на исклучително сложени состојби и услови во кои се јавува криминалитетот кај старите лица.

## 1. Теории поврзани со криминалитет кај старите лица

Криминалитетот како опасна и негативна појава, предизвикува тешки последици без оглед дали се тие од економска, социјална, индивидуална, општествена

[72] Ранливоста.
[73] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 382.
[74] Ibid, стр.382.

или друга природа.[75] Оттука, криминалитетот сфатен како *индивидуална појава* се осврнува на посебните биопсихолошки својства на личноста, додека, пак, криминалитетот како *општествена појава* претставува израз на определени општествени и економски односи.[76]

Оттука, во рамките на докторската дисертација анализиравме одредени биолошки, психолошки и социолошки теории, во однос на објаснување на криминалитетот како индивидуална, но и како општествена појава. Теориите, освен што овозможуваат толкување на еден конкретен случај на кривично дело, го објаснуваат и севкупниот криминалитет, исто така наоѓаат широка примена при толкување на движењето на криминалитетот во однос на старите лица. Без оглед на тоа како е разгледуван криминалитетот, корените на оваа појава се детерминирани од кримогените фактори како непосредни предизвикувачи на криминални дејствија. Имено, во конкретен случај на кривично дело се бара некое психолошко објаснување, карактерна црта на сторителот, или, пак, некоја теорија на однесување, додека, пак, во случај на криминалитет како општествена и масовна појава се посега по социолошкиот концепт. Токму тука доаѓа до израз моќта и употребливоста на теориите во однос на криминалитетот.

### 1.1. Биолошки теории

Според биолошките теории криминалитетот е индивидуална појава, каде што акцент се става на изучување на личноста на сторителот на кривичното дело, односно на разни органски, психолошки и психопатолошки состојби на извршителот на кривичното дело. Имено, криминално човечко однесување во голема мера е потпомогнато од уникатното функционирање на мозокот на секој индивидуалец, но и од хормоналните фактори кои преку манифестација на своите реакции во мозокот придонесуваат за криминалното однесување.

Изучувањето на личноста на сторителот на кривичното дело е во центарот на вниманието кај биолошките теории, па аналогно се наметнува прашањето дали без разлика на висината или пак генетските предиспозиции, *некои луѓе едноставно се предодредени да бидат криминалци?* Според Чезаре Ломброзо еден од основачите на

[75] Бачановиќ О. (1997). *Полиција и жртвите*. “2-ри Август С“, Штип, стр. 2.
[76] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 249.

биолошката теорија во криминологијата, криминалците се биолошки различни од лицата кои не се криминалци. Денес, теоријата на Ломбросо се истражува во две главни области: генетика и нервен систем. Мапирањето на човечката ДНК се истражува со цел да се открие специфичниот ген кој предизвикува, а воедно е и причина за криминални активности кај одредени лица.

Проучувањето на потенцијалните детерминанти на индивидуалното однесување на криминалецот, доведува до класификација на биолошките теории во однос на проучување на следните видови: (1) оние кои се обидуваат да се разликуваат меѓу поединци врз основа на одредени вродени надворешни физички особини или карактеристики; (2) оние кои се обидуваат да го пронајдат изворот на разлики на генетски или наследни карактеристики и (3) разликите меѓу поединци врз основа на структурни, функционални или хемиски разлики во мозокот или телото.

- ***Телесна конституција и криминалитетот***

Од крајот на 18 век, биолошките теории за евалуациите и категоризациите на градбата и телесниот склоп, како и психичките и физиолошки својства на поединците во корелација со криминалот, станале предмет на интерес на многу научници. На пример, ***Ернест Кречмер*** (1888-1964) го истражувал односот на конституционалните типови со душевните болести. Тој укажува на три типови на телесна градба: астеничен (лептозомен), атлетски и пикнички тип, асоцирани со три категории на однесување: циклоиден, шизоиден и дислоиден тип. Циклоидите биле манично-депресивни и обележани со мека кожа, тркалезна форма и развој на мали мускули со тенденција за извршување на помалку сериозните прекршувања. Шизоидите биле асоцијални и апатични кои извршувале посериозни насилнички престапи и биле астенични (тенки и високи) или атлетички (широки и силни). Дислоидниот е било кој тип на телесна градба, но се карактеризира со променливи емоционални состојби и слаба контрола на сопствените емоции.

Антропологот ***Ернест Хутон*** (1887-1954) во своето дванаесетгодишно истражување за криминалната природа на човекот се обидел да ја обнови теоријата на Ломбросо и да ги докаже неговите тврдења. Неговата прва влијателна објава *Криминалот и човекот* (1939), документира студија за 14.000 затвореници и 3.000

непринципиелни контроли во 10 држави.[77] Хутон ги диференцирал лицата врз основа на видови на криминал по географска, етничка и расна основа. Хутон ја подржал идејата на Ломбросо за роден криминалец и заклучил дека престапниците се карактеризираат со: тежина на телото, висина, ширина и облик на градниот кош, односно заклучил дека: „*убијците и разбојниците се слаби луѓе, измамниците најчесто биле високи, додека, пак, најчести извршители на кражба и провала се извршени од страна на ниските луѓе*“.[78] Физикусот е спореден со емоционалните и интелектуалните инфериорности на престапниците, па оттаму најголем дел од криминалот е извршен од лица кои се: биолошки инфериорни, општествено неприфатливи, ментално и физички заостанати и органски поинфериорни. Ставовите на Хутон биле широко критикувани поради неговиот неуспех да ги разгледа општествените фактори и неговиот миопичен фокус на биолошкиот детерминизам.

Меѓу другото, позначајна класификација на физичката структура на човекот и неговото поведение била направена и од страна на ***Вилием Шелдон***. Шелдон ја развива теоријата на конституционалната психологија во која утврдува три конституционални типови и темпераменти на сторител на кривично дело:

- Ектоморфен тип со церебротоничен темперамент;[79]
- Ендоморфен тип со висеротоничен темперамент;[80]
- Мезоморфен тип со соматотоничен темперамент.[81]

- ***Теорија на ненормалноста на хромозомите***

Генот претставува основна наследна единица, изградена од определен број на нуклеотидни парови. Генот има строго определено место во хромозомот. Сите гени во клетките на живите организми се изградени од одделни делови на ДНК молекулата. Тие се разликуваат меѓу себе во редоследот на базите и бројот на нуклеотидните

[77] CRIMINAL JUSTICE. Biological Theories of Crime. Достапно на: http://criminal-justice.iresearchnet.com/criminology/theories/biological-theories-of-crime/6/ Пристапено на 25.02.2019

[78] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 252.

[79] Високи и слаби личности со изразена остроумност, силна самоконтрола, способност за забележување, сркжавост, страв од луѓе и склоност кон осаменост (Сулејманов, 2003, срт.254)

[80] Ниски и дебели личности со силно развиено социјално чувство, дружељубивост, трпеливост, стабилност на емоции, развиена ментална активност (Ibid, стр.254).

[81] Личности со атлетска градба со потреба од физичка активност, решителност, желба за власт, агресивност и склоност кон ризикување (Ibid, стр.254).

парови, од што произлегуваат и разликите во функцијата при изразувањето на различните видови својства.

Оваа теорија е поврзана со концептот на наследство на абнормалности во генетската структура. Оттука, гените го условуваат преносот на наследни особини, односно абнормалностите кои се поврзани со наследството на криминалното поведение и однесување кои зависат од хромозомскиот распоред (XYY), познати како хромозоми на злосторство наречени клинефелтовиот синдром.

Луѓето обично имаат 23 парови од 46 хромозоми. Еден од овие парови го одредува полот на лицето. Нормалниот распоред на полови хромозоми кај жените е XX, а за мажи XY. Постојат случаи на аберација, односно изменета хромозомска слика како резултат на прекубројни Y хромозоми. Оваа аберација или прекубројност особено е изразена кај мажите со таканаречен Клинефелтовиот синдром. Во 1959 година, било откриено дека овие мажи со Клинефелтовиот синдром имале X хромозом и дополнителен X хромозом (тие имале XXY наместо XY конфигурација). Три години подоцна, спроведената студија за мажи со Клинефелтовиот синдром во психијатриските институции укажала на невообичаено висока инциденца на криминално однесување кај машките субјекти. Оваа студија претставува еден од првите обиди да се поврзат хромозомските проблеми со криминалното однесување.

Подоцнежните студии се однесувале на криминалци поединци со XXY комплемент на сексуалните хромозоми, со цел да се провери тезата дали лицата со екстра машкост имаат поизразена аргесија во однос на поединци кои немаат такви сексуални хромозоми. Првите големи студии спроведени во 1965 година, од страна на Кејси и во 1968 година од страна на Нилсон во заштитните болници во Рамптон и Мос Сид, покажале дека мажите со екстра Y хромозом се многу високи и со ниско ниво на интелигенција. Соодветен пример за историјата на криминално и агресивно однесување е и истражувањето од страна на Принц и Ватморе според кое субјектите со екстра Y хромозом имаат тенденција да бидат склони кон криминал на рана возраст за разлика од престапници кои доаѓаат од семејства без криминална историја. Субјектите,

исто така имаат тенденција да бидат нестабилни и незрели без да покажат каење, како и тенденција на сукцесија или последователност на мотивирачки имотни злосторства.[82]

- ***Структура и функција на мозокот***

Некои области на мозокот се поврзани со специфични функции (на пример, говор и визија), но сите области на мозокот работат заедно, додека, пак, еден проблем или настан во една област неизбежно влијае на други области. Оттука, предниот и темпоралниот лобус на мозокот се во центарот на вниманието кај истражувачите заинтересирани за криминално однесување. Фронталниот лобус е одговорен за регулирање и инхибирање на однесувањето, а темпоралниот лобус е одговорен за емоционалноста, субјективната свест и одговорите на еколошките стимули. Алатките за проценка на структурата на мозокот, функцијата на мозокот и однесувањето се потпираат на софистицирана медицинска опрема и мерења, како што се: електроенцефалографија, компјутеризирана томографија, магнетна резонанца, позитронска емисиона томографија и компјутерска томографија со единечна фотонска емисија. Овие уреди се користат од страна на истражувачите за споредување на структурите и функциите на мозокот меѓу криминалните и некриминалните популации. Овие технологии можат да ги следат промените во реално време во нервната активност на мозокот пред, за време и после изложеност на физички или емоционални стимули.

Прелиминарните студии покажале дека мозокот на насилни престапници и мозокот на други поединци се разликува и во структурата и во функцијата, но многу од студиите се потпирале на многу мали примероци, што ја намалува можноста за генерализација на овие наоди. Меѓу другото, овие студии се соочуваат со дилема дали мозокот предизвикува насилство и дали насилството резултира со промени во мозокот.

Студиите за развој на мозокот покажале дека раното и хронично изложување на стрес (на пример, насилство, злоупотреба, запоставување), предизвикува физиолошки промени во мозокот кои влијаат на начинот на кој лицето реагира на стрес. Кај лицата под притисок се продуцира хормонот кортизол, кој помага да се вратат нормалните тела по стресен настан. Сепак, повторната изложеност на кортизолот може да резултира со намалена чувствителност на нејзините ефекти и/или да придонесе за

[82] Price WH, Strong JA, Whatmore PB, McClemont WF. (1966). *Criminal patients with XYY sex-chromosome complement.* Lancet, стр. 565–566.

криминал, па дури и доведува до состојба во која лицето прифаќа да биде жртва. Покрај тоа, ваквите истражувања се поддржани и од студиите во однос на развојот на мозокот кај деца израснати во високо стресни средини (внатрешен град, урбани области, области со висок степен на криминал) кои откриле импулси на борба меѓу овие деца.

Една студија на Дијана Фишбејн во 2003 година, укажала на проблеми во однесувањето кои потекнуваат од хипоталамусот-хипофизата-надбубрежната оска (HPA) што го поврзува мозокот со надбубрежните жлезди, кои го регулираат производството на важни хормони. [83] Фишбеин (Fishbein) тврди дека зголемените нивоа на кортизол, произведени како одговор на стрес, предизвикуваат намалување и неефективност на оваа оска. Имено, оската го исцрпува кортизолот и резултира со неможност за регулирање на емоциите и однесувањето. Оваа дисфункционалност е последица на стрес во детството, притоа попречувајќи го неговиот развој. Меѓу другото, не е исклучена можноста оваа дисфункционалност да е предизвикана од подоцнежни оштетувања во животот.

Согласно анализа на билошките теории забележуваме еднострaност во однос на објаснувањето на причините за појава на криминалитетот. Кај овие теории се акцентира влијанието на факторите на телесната конституција и генетскиот фактор кај сторителите. Едностраноста во обработувањето и концентрацијата на исклучиво биолошките својства не може во целост и адекватно да ја објасни амбивалентноста меѓу криминалот и биопсихологијата, без осврнување на социјалните и економските причини и услови во кои се јавува криминалитетот.

### 1.2. Психолошки теории

Психолошки теории се фокусираат пред се на индивидуалните карактеристики на поединците и како тие се рефлектираат на општествената средина. Психолозите ставајќи акцент на индивидуални и психичките карактеристики на сторителот, се фокусираат на тоа како менталните процеси влијаат врз индивидуалните склоности кон насилството. Низ призмата на теориите на: неприлагоденост, стрес кај давателот на грижа, моќта и контролата, феминистичката теорија, како и теорија на психопатологија, ќе се идентификуваат индивидуалните проблеми и нарушувања кај

[83] Fishbein, D. (2003). Biobehavioral perspectives in criminology. Belmont, CA: Wadsword.

сторителите, но и применливоста на овие теории во можни теоретски објаснувања на насилство кај старите лица.

- ***Теорија на неприлагоденоста*** се однесува на неадаптираност на поединци во општеството. Теоријата на неприлагоденост е застапувана од страна на Хентинг (Henting), а специфичноста на оваа теорија се согледува во индивидуална диспозиција (начин на реагирање на едно лице) и различни сили кои имаат влијание врз индивидуалната диспозиција. Во суштина, кај оваа теорија се акцентира човековата настроеност и неговата отпорност со евентуални судири кои во себе носат одреден притисок. Притоа при разрешница на евентуалните судири неопходно е придржување до законски адекватно решение. Секое отстапување од законските прописи значи примена на незаконски решенија со извршување на кривично дело, кои резултираат со соодветна казна за тоа дело. Сулејменов го афирмира ставот дека злосторството низ призмата на теоријата на неприлагоденоста настанува кога *настроеноста и општествената средина се судираат во вид на криминален акт, наместо меѓу нив да дојде до една синтеза на законски резултат.*[84]

Ако се повлече една паралела на поврзаност меѓу теоријата на неприлагоденост и насилството кај старите лица, треба да се земе предвид дека старите лица спаѓаат во особено ранлива категорија која се одликува со значителни специфичности во однос на виктимогените предиспозиции, па оттука секојдневните ситуации може да претставуваат извор на огромно количество на стрес. Затоа е потребно повеќе време и трпение во самата интеракција, но и во односот со старите лица. Концентрирајќи се само на човековата настроеност и одреден притисок како резултат од конфронтирачка ситуација, ја прифаќаме тезата дека оваа теорија не е доволна да навлезе во етилогијата на криминалната виктимизација на стари лица.

Притоа остануваат многу отворени прашања во однос на индивидуални и психичките карактеристики на сторителот, а станува збор за: разликите меѓу сторителите во нивната склоност кон криминалот и криминогената изложеност; лицата кои растат и живеат во неповолни околности развиваат висока криминалност и почесто се изложени на криминогени поставувања; врската помеѓу криминалната склоност, криминогената изложеност и криминалното учество. Оттука, произлегува

[84] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје.

дека теоријата на неприлагоденост е само делумно поврзана со фактори поврзани со вмешаноста на криминалот (склоноста на сторителот кон криминал и криминогено изложување).

- ***Теоријата на моќта и контролата*** ја нагласува употребата на насилство, од страна на насилникот со помош на принудни тактики за добивање и одржување на моќта и контролата во врската. Теоријата на моќта и контролата била развиена во литературата за насилство кон интимниот партнер. Фокусот бил ставен на мажите кои вршеле разни дејствија на злоупотреба на своите сопруги/девојки и погодените жени.

Во теоријата на моќ и контрола, често сторителите веруваат дека имаат ексклузивни права што им овозможуваат да ги малтретираат и/или запоставуваат старите лица. Моделите преку кои била анализирана оваа теорија, се концентрирале на карактеристиките и начинот на размислување кај сторителот во однос на начините преку кои се изразува злоупотреба. Интервенции добиени од овој теоретски пристап ја нагласуваат безбедноста на жртвите и сигурноста дека сторителот е одговорен за насилството. Од оваа перспектива, *насилството и злоупотребата кај старите лица не се резултат на зголемените потреби на старото лице, туку „девијантност и зависност на насилниците“.Теоријата на моќта и контролата ги опфаќа само основните, но не сите видови на злоупотреба, особено злоупотребата на старо лице извршена од страна на оштетени старатели.*[85]

- ***Феминистичката теорија*** нагласува дека семејното насилство произлегува од нееднаквата и угнетувачката врска меѓу жените и мажите.[86] Феминизмот укажува на разликата во моќта меѓу двата полови. Феминистичка теорија се фокусира на насилничко однесување од страна на сопружниците како значајна димензија на насилство на стари лица. Оваа теорија се концентрира на фактот дека жените се повеќе ранливи на насилство во однос на мажите и следствено на тоа старите жени имаат помала моќ на релација маж - жена. Според оваа теорија, мажите имаат повеќе социјални и финансиски ресурси и ги сметаат жените за нивна сопственост.[87] Разликите помеѓу мажот и жената се однесуваат на род и пол, или, пак, моќ, контрола и

[85] Pillemer, K. & Finkelhor, D. (1989). Causes of elder abuse: Caregiver stress versus problem relatives. *American Journal of Orthopsychiatry, 59(2),* стр. 179-187.
[86] Walker, C. (1990). *Feminist literary criticism and the author*. Critical Inquiry, 16(3), 55157.
[87] Whittaker, T., (1995). Violence, gender and elder abuse: towards a feminist analysis and practice. *J Gend Stud; 4:* стр. 35–45.

влијание. Следствено, според оваа теорија старите жени секогаш ќе бидат инфериорни во однос на мажите.

- ***Теорија на психопатологијата*** го испитува менталното здравје на сторителот и влијанието на ризикот од насилство и злоупотреба.[88] Според оваа теорија, однесувањето на насилниците влијае на извршување на насилни акти врз старите лица. Психопатолошката теорија или теоријата на психичките абнормалности всушност ја потенцира нарушената психа или менталната дефектност кај сторителот на кривичното дело. Некои истражувачи дури го поврзуваат и консумирањето алкохол како додатен елемент кој принесува и доведува до депресија и анксиозност кај насилниците, кои се со поголема веројатност да користат физичко и вербално насилство кон старите лица.[89]

- ***Теоријата на стрес кај давателот на грижа*** го апострофира високото ниво на стрес во услови кога давателот на грижа не е во состојба да ги исполни обврските кон старото лице или не е способно да управува со сопствените одговорности.[90]

Старото лице жртва е зависна од давателот на грижа, додека, пак, сторителот станува обземен, фрустриран и навредлив поради постојаната грижа околу потребите на тоа лице.

### 1.3. Социолошки теории

Социолошки или социјалнопсихолошки теории освен што даваат научното објаснување на криминалитетот за појавата и причините на криминалното поведение, меѓу другото, се осврнуваат и на девијантните појави на криминалитетот во самото општество. Имено, за да се навлезе во есенцијалното значење на овие теории, Сулејманов укажува на целесообразност[91] од претходно разграничување и објаснување на следните поими како важни аспекти за концепирање на овие теории, а станува збор за:

[88] Fulmer T, Guadagno L, Bitondo Dyer C, Connolly MT. (2004). Progress in elder abuse screening and assessment instruments. *J Am Geriatr Soc;* 52: стр. 297–304.
[89] Homer, AC. & Gilleard, C. (1990). Abuse of elderly people by their carers. *British Medical Journal, 301:* стр. 1359–1362.
[90] Wolf, R. S. (2000). *The nature and scope of elder abuse*. Generations.
[91] Се означува нешто што одговара на поставената цел, што е соодветно, што е правилно, нешто кое е разумно да се користи за да се постигне определена цел.

- ***Култура*** во основа претставува организиран систем на нормативни вредности кои управуваат со поведението кое е заедничко за определено општество или општествена група;

- ***Заедница*** претставува здруженост на луѓе или на друштва, организации, установи во една целина заради определени причини и цели, но меѓу другото се однесува и на тоа што е заедничко, што ги поврзува луѓето во една целина (живот, чувства, интереси);[92]

- ***Општествена дезорганизација*** се занимава со начините и степените до кои активности импицирани во општетството заемно се засилуваат или заемно се противречни;[93]

- ***Норми и вредности*** во социолошки контекст се означени како потреба од изнесување вистина (норма), што значи дека вистинољубивоста (вредност) е добра работа;[94]

- ***Културен конфликт*** значи дека извесни општествено потврдени вредности во практиката се неодржливи со оглед дека се судираат со достигањата на други, исто така, општествено потврдени вредности;[95]

- ***Девијација или девијантно однесување*** е она поведение со кое се нарушува една општествена норма на која следува неформална реакција.[96]

Оттука, низ призмата на одредени карактеристики на следните социолошки теории: за социјалното учење, за социјалната размена, социокултурен контекст, еколошка, економска, како и теорија на стратификација, се задржуваме само на конкретна интерпретација на аспектите поврзани со причините и/или условите кои придонесуваат за криминална виктимизација кај старите лица.

- ***Теоријата за социјално учење*** во објаснувањето на насилството кај старите лица се среќава и како *Циклус на теорија на насилство*.[97] Развиена во детската литература за злоупотреба/малтретирање, насилството е научено однесување кое поминува низ генерациите. За да ја испита важноста на наученото насилство, Волф и

---

[92] Дигитален речник на македонски јазик. Заедница. Достапно на: http://www.makedonski.info/search/%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0 Пристапено на: 15.04.2019.
[93] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 293.
[94] Ibid, стр. 296.
[95] Ibid, стр. 296.
[96] Ibid, стр. 296.
[97] Bandura, A. (1978). Social learning theory of aggression. *Journal of communication, 28(3),* стр. 12-29.

Пилемер ги спprovidel злоупотребуваните стари лица (нивните потомци биле сторители) и оние стари лица кои не биле жртви на злоупотреба.[98] Резултатите не покажале значителни разлики.

Во одредена студија се вршела споредба меѓу лица кои вршат злоупотреба на своите деца, од една страна, како и лица кои вршат злоупотреба на стари лица, од друга. Откриле дека оние лица кои вршат злоупотреба врз деца, се со значително поголема веројатност да преживеале потешки форми на насилство како деца од типот на удирање со тупаница, гризање и закани со пиштол или нож. Квин и Томита тврдат дека *„наместо фокусот да биде кон детскиот третман на злоупотребувачот, корисно за идните истражувања, фокусот да биде насочен кон тоа како родителот на виктимизираното дете ги третирал бабата и дедото и дали злоупотребата имала историја на набљудување од родител-дедо-баба во детството и адолесценцијата“*.[99]

Оваа теорија, уште е наречена и трансгенерациска теорија, бидејќи постулира дека насилството е научено однесување кое може да се пренесе од генерација на генерација. Кога децата го набљудуваат насилството како одговор на стрес, тие потоа го интернализираат ова однесување како прифатливо. Во случај на злоупотреба на стари лица, злоупотребеното дете во иднина може да се јави како извршител на кривично дело.  Така, детето или брачниот другар кој бил злоупотребуван од страна на родителот или брачниот другар го продолжува циклусот на насилство, но сега во улога на давател на грижа.[100] [101]

- ***Теоријата за социјална размена*** ги објаснува интеракциите меѓу луѓето како процес на договорени размени. Теоријата има корени во економијата и психологијата и била развиена од социологот Џорџ Каспар Хоманс. Социјалното однесување се сметало за размена на материјални и нематеријални добра. Материјални стоки вклучуваат работи како пари, договори за живеење, наследство, а нематеријални добра вклучуваат одобрување, престиж итн. Лицата кои добиваат многу од другите се под притисок дека треба многу да дадат за возврат. Доуд во *„Стареење како социјална*

[98] Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.* New  York: Columbia University Press.
[99] Tomita, S. K. and Quinn, M. J.,(1997). *Elder abuse and neglect: Causes, diagnoses, and  intervention strategi es.* 2nd ed. New York: Springer-Verlag.
[100] Snyder DR, Christmas C. (2006). *Geriatric Education for Emergency Medical Services.* Burlington, MA: Jones & Bartlett Learning.
[101] Juma L, Juma B. (2006). Elder abuse. *Interdiscip Soc Work J;* 1: стр. 12–18.

*размена: Предговор на теорија"*, пишува дека *„моќта е синоним за зависноста на едно лице кон друго"*.[102] Лицето кое придонесува најмногу за врската се смета дека има моќ и предност. Лицето со моќ е во состојба да манипулира со однесувањето на зависното лице. Важно е да се напомене дека во литературата за злоупотреба на стари лица, злоставувачите се често зависни од своите жртви.[103]

Теорија на социјална размена се базира на размена меѓу двете страни, при што интеракцијата меѓу двете страни е позитивно оценета доколку двете страни имаат еднаква корист од односот. Според оваа теорија, насилството врз старо лице настанува пред се поради зависноста на жртвата од насилникот и обратно. Прво, се претпоставува дека насилството врз старото лице е последица од зголемената зависност на тоа лице. Како што луѓето стареат, стануваат немоќни и ранливи со изразена зависност од другите членови на семејството, каде што со зависноста се зголемува и ризикот од насилство и злоупотреба.[104] Од друга страна, насилството и злоупотребата може да се јават во услови кога давателот на услуги е одбиен и нема награда за помош и поддршка на старото лице.

- ***Социокултурен контекст*** или биопсихосоцијална теорија е инспирирана од Џорџ Енглс. Со помош на оваа теорија, може да се отслика пренослив процес кој се одвива со текот на времето меѓу старите лица, како и лица од доверба и други заинтересирани страни. Всушност се врши *„социјално вмрежување"* (социјална мрежа) меѓу старото лице и другите доверливи лица. Оваа теорија ги опфаќа индивидуалните фактори на двете страни во однос на нивните: демографски карактеристики, физичкото здравје, личноста, менталното здравје, како и ставовите за обврските за грижата. Овие фактори влијаат на нееднаквоста на статусот и типот на врската. Притоа овие детерминанти се согледуваат низ призмата на: моќта и динамиката на размена во однос на физичкото и емоционалното здравје и среќа на старото лице и лицето од доверба, злоупотреба на старото лице, одржливоста на односот за грижа и чувството на сигурност и доверба.

---

[102] Dowd, J. (1975). Aging as Exchange: A Preface to Theory. *Journal of Gerontology* 30(5): стр. 584-94.
[103] Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.*
New York: Columbia University Press.
[104] Gordon, RM & Brill, D. (2001). The abuse and neglect of the elderly. *Int J Law Psychiatry; 24:* стр. 183–197.

- ***Еколошката теорија*** била развиена во обид да се опфатат поголем број на потенцијални причини за насилство и евентуална можност за нивно организирање во групи.[105] Истражувачите кои го истражуваат интимното насилство меѓу партнерите, се обидуваат да го подобрат своето разбирање за насилството со испитување на поширок спектар на потенцијални причини на насилство.[106]

Еколошката теорија го промовира вклучувањето на променливите на жртвата и на сторителот, но насоката на агресијата најчесто е концептуализирана како еднонасочна. Кај истражувањата за насилство на старите лица, најчести варијабли се односите меѓу: возрасни деца и стариот родител, семејството и надворешни институции на широки идеолошки вредности и норми на една култура. На пример, Пара Кардоне и колегите во своето истражување користеле еколошки модел за да ги земат предвид променливите рагледани во студијата на латино семејствата, во однос на насилство и злоупотреба на стари лица.[107] Тие констатирале дека еколошката теорија помага во идентификување на варијабли за инклузија, но не претставува конкретен сет на предвидувања за тестирање. Меѓу другото, при користење на еколошката теорија од особено значење е фокусот да биде на една област во рамките на поширокиот модел, а потоа да се елаборира под-модел и хипотези што може да се тестираат во рамките на еколошката шема.

Според Шилдс еколошката теорија претставува една од најразвиените теории за објаснување на насилство и злоупотребата на старите лица.[108] Пиерсон и Томас[109] и Тејтер[110] тврдат дека еколошката теорија се фокусира на адаптивните и меѓусебните односи и интеракции меѓу луѓето и нивната околина. Рамката на екосистеми ги води практичарите и истражувачите во воспоставувањето на одредени односи на стари лица во интеракцијата со други лица, во насока на имплементирање на соодветни стратегии

---

105 Bronfenbrenner, U. (1979). *The ecology of human development: Experiments by nature and design. Harvard University Press.*

106 Dutton, D. G. (1985). An ecologically nested theory of male violence toward intimates. *International Journal of Women's Studies, 8(4),* стр. 404–413.

107 Parra-Cardona, J. R., Meyer, E., Schiamberg, L., & Post, L. (2007). Elder abuse and neglect in latino families: An ecological and culturally relevant theoretical framework for clinical practice. Family Process, 46(4), стр. 451-470.

108 Shields, C. (2010). *Elder abuse and caregiver stress: an exploration of the relationship from the perspective of the marginalized elders and their caregivers.* Alberta: University of Calgary. (MA Dissertation), стр. 22-23.

109 Pierson, J., & Thomas, M. (2010). Dictionary of social work: The Definitive A to Z of Social Work and Social Care. McGraw-Hill Education, UK, стр. 190.

110 Teater, B. (2010). *An introduction to applying social work theories and methods.* New York: McGraw Hill Open University Press, стр. 24.

за интервенција.[111] Во контекст на злоупотреба на старите лица, еколошката теорија ги објаснува односите и интеракциите меѓу старото лице и грижата за тоа лице, како и грижата за старото лице во рамките на поширокиот општествен контекст.[112] [113] [114] Еколошката теорија укажува на тоа дека злоупотребата и занемарувањето на старите лица се појавуваат во четири системи и тоа: микро, мезо, егзо и макро системи.[115]

- ***Теорија на стратификација*** **-** Во рамките на оваа теорија, насилството и злоупотребата на старите лица најчесто се извршуваат од страна на давателите на услуги. Според теоријата на стратификација, работни места на дното на стратифицираниот систем не се пожелни поради нискиот статус и плати, но тие се потребни за да се преживее. Вработени кои се грижат за старите лица, добиваат ниски плати, а нивната работа не е престиж без оглед каде се врши работата. Имено, насилството и злоупотребата над стари лица се врши во услови кога давателот на услуги има контрола врз старото лице. Давателот на услуги со низок професионален статус, не може да оддолее на желбата за контрола и доминација врз старото лице. Оваа теорија претпоставува дека состојбата во која лицето кое не е задоволно од работата, а воедно е и со ниско ниво на образование, придонесува за извршување на насилство и злоупотреба над старите лица.[116]

- ***Економска теорија*** се однесува пред се на старите лица кои постепено се маргинализирани од нивните семејства и од општеството. Притоа, тие ја губат својата улога и зависат од другите. Според економската перспектива, по завршување на работниот однос и одење во пензија се намалува независноста на старите лица, каде што овие лица често се жртви на злоупотреба пред се од членовите на своето

---

[111] Miley, K.K., O'Melia, M. & Du Bois, B. (2004). *Generalist social work practice: an empowering approach.* New York: Pearson Allyn and Bacon, стр. 49.
[112] Penhale, B. (2010). Responding and intervening in elder abuse and neglect. *Ageing International, 35,* стр. 239.
[113] Podnieks, E., Penhale, B., Goergen, T., Biggs, S. & Han, D. (2010). Elder mistreatment: an international narrative. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 22(1-2)*, стр. 161.
[114] Schiamberg, L.B., Barboza, G.G., Oehmke, J., Zhang, Z., Griffore, R.J., Robin, P., Weatherill, R.P., Von Heydrich, L. & Post, L.A. (2011). Elder abuse in nursing homes: an ecological perspective. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 23(2)*, стр. 195.
[115] Schiamberg, L.B. & Gans, D. (1999). An ecological framework for contextual risk factors in elder abuse by adult children. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 11(1),* стр. 93-94.
[116] Ritzer G. (2010). *Sociological Theory*, 8th edn. Boston, MA: McGraw.

семејство.[117] Согласно оваа теорија, причини за насилство и злоупотреба се: невработеност, лоша материјална состојба, лоши станбени услови, многу членови во семејството. Основна слабост на оваа теорија се состои во тоа што не е во состојба да го објасни насилството во услови на благосостојба.

❖

Во врска со претходно обработените теории, констатираме дека ниедна теорија не може во целост да го објасни амбивалентното дејство на виктимогенезата меѓу старите лица и конкретните форми на криминалитет. Имајќи предвид тенденцијата присутна во новиот развој на криминологијата во однос на објаснување на криминалитетот по пат на согледување на условеноста во општеството, неопходно е да се осврнеме и на виктимолошката етиологија и феноменологија во однос на толкувањето на сите оние појави, состојби и ситуации што влијаат на настанокот на штетата од извршување на кривичното дело.

## 2. Дефинирање на насилнички и имотен криминалитет

Со оглед на високиот степен на развој во сите области од животот, современото општество изразува тенденција за создавање на хумани услови за живот и почитување на слободите и правата на човекот. Имено, човекот живее во една сопствена внатрешна противречност: прогресивен тек на квантитативно намалување на квалитативно ублажување на насилството со негов постојан пораз.[118] Човекот е исправен пред сопствена дилема, односно станува почувствителен на секој вид на насилство со кое се загрозуваат неговите слободи и права, телесниот и душевниот интегритет, социјалната и материјалната положба. Тој е исправен пред двојниот проблем: да даде одговор и дефиниција на насилството што се применува спрема него во однос на неговиот квантитет, како и да ги објасни причинско - последичните односи за примена на насилството. Оттука, во овие односи се одредува криминолошкото и кривично-правното значење на криминалитетот на насилството.[119]

---

[117] Strasser SM, Kerr J, King PS et al. (2011). A survey of Georgia adult protective service staff: implications for older adult injury prevention and policy. *West J Emerg Med; 12:* стр. 357–364.
[118] Шепаровиќ, З. (1985). Виктимологија, Загреб, стр. 78.
[119] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија. 2-ри Август С – Штип, стр. 325.

## 2.1. Дефинирање на насилнички криминалитет

Криминолошкото значење на проблемите сврзани со криминалитетот на насилството, определено е со фактот на општественото спротивставување на насилството со мерки на репресија, слични на оние што ги применуваат насилниците. Имено, во основата на криминалитетот и деликвенцијата значајна карактеристика претставува насилството од различен вид, а на средствата со кои се спротивставува кривичното право, негово основно јадро. Тие се неуништив дел на кривичното право и му даваат основен белег на кривичното законодавство. Оттука, застапеноста на овие инкриминации во кривичното право е присутноста во толкава мера, што кога би се исклучиле од него, тоа не би постоело.[120]

Кајзер во оваа насока истакнува дека на криминалитетот на насилство му прилега епитетот „злосторство", бидејќи пред сѐ, се однесува на страдање на невини и недолжни луѓе. Од друга страна, самиот поим „деликти на насилство" произлегува од научни истражувања на науката, поконкретно од криминологијата.[121] Проширувањето на криминалитетот на насилство, независно од тоа кои дејствија и содржини во криминологијата и кривичното право ги сметаат за насилни деликти, се однесува на: убиство, телесна повреда, разбојништво, силување, нарушување на јавениот ред и мир, противправно лишување од слобода и слично. Меѓу другото, не е од првостепено значење дали станува збор за примена на сила спрема лице или предмети. Носењето на оружје или орудија, без оглед на типологијата на деликтите и деликвентите, се јавува како опасност и како латентно насилство.[122]

Имено, интересот на криминологијата за овој вид криминалитет во голема мера не се концентира само на надокнада на штетата од извршување на кривичното дело, туку се однесува и на загрозување на безбедноста на луѓето, но се намалува и сигурноста, како и фактот дека се создава чувство на несигурност што долго трае и преминува во патологија.[123] Квалитативната димензија на насилничкиот криминалитет, согласно феноменолошките карактеристики го одредува како сложена, опасно општествена појава. Имено, оваа димензија се изразува преку емпириски потврдено

---

[120] Bacic, F. (1979). *Opci posgled na krivično-pravnu problematiku delikata nasilja.* Krivično-pravni I kriminološki aspekti delikata nasilja, Zagreb, стр. 3.
[121] Kaiser, G. (1979). *Kriminologija*. Moskva, стр. 256.
[122] Ibid, стр. 256-257.
[123] Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* 2-ри Август С – Штип, стр. 326.

сознание дека насилството станува метод на извршување на одреден вид криминалитет.

Меѓу другото, во рамките на докторската дисертација ја афирмираме криминолошката дефиниција од Арнаудовски, која го одредува насилството во најопшта смисла и се однесува на оние кривични дела, кај кои заради постигнување на одредена цел се користи напад на жртвата или со него се заканува.[124] Оттука, од особено важност е да се потенцира фактот дека секогаш во улога на носител на насилство се јавува човекот, наоружан со многу опасни современи средства, за постигнување на својата цел.[125]

Од друга страна, во криминологијата постојат многу типологизации и поделби во однос на насилничкиот криминалитет. Најголем број криминолози при разработка на ова прашање се концентрираат на насилството „против животот и телото на човекот". Оттука по правило се задржуваат и на тешките и лесните телесни повреди, а при поврзувањата со другите видови кривични дела во прв план доаѓаат: разбојништво и разбојничка кражба. *На овој начин се ставаат во меѓусебен сооднос два облика класичен криминалитет кои егзистираат низ целата историја на општеството, со осцилации, но секогаш опасен и тежок криминалитет.*[126]

Особено сложен проблем при дефинирање на насилничкиот криминалитет се јавува во однос на дефинирањето на поимот ***„насилство"***, односно овој термин најчесто се поврзува со агресија и во таа смисла ја објаснува реакцијата на однесувањето на напаѓачот (лат. aggressio - напад). Агресијата во психолошките и психијатриските дела на Поро се толкува како *најелементарната, биолошката и значајната интеракција на живото битие и нејзината околина.*[127] Слично гледиште во однос на агресијата го делат и авторите Пакес и Пакес, во однос на дефинирањето на овој поим со една лапидарна дефиниција според која агресивно однесување претставува *„насочено однесување со намера да се повреди некој".*[128] Холин и Хауелс ја одредуваат агресијата како *„намерно загрозување или стекнување предимство во однос на другите луѓе што не мора да доведе до физички повреди, додека, пак,*

[124] Ibid, стр. 329.
[125] Hagan, F. (1989). *Intraduktion to Kriminologi.* St. Paul, стр. 250.
[126] Ibid, стр. 329.
[127] Poro, V. A. (1990). *Enciklopedija psihijatrije*, Beograd, p.19; D. Krstić (1991), *Psihološki rečnik*, Beograd, стр. 29.
[128] Pakes, F. and Pakes, S. (2009). *Criminal Psychology.* Cullompton.

*насилството подразбира употреба на силна физичка сила против другата личност, понекогаш предизвикана од агресивни мотиви.*[129]

Рускиот криминолог Салникова, агресија ја дефинира како *дејство на субјектот, кој (воден од негативни емоции како што е гнев, непријателство или омраза) нанесува физичка штета на другите или психолошко страдање.*[130] Доајенот на македонската криминологија Арнаудовски, *агресивноста ја одредува како диспозиција на човекот да се однесува на агресивен начин, тензија која човекот и неговиот организам го става во движење, додека, пак, агресијата подразбира тотално или делумно уништување на објект или личноста.*[131]

Оттука, можеме да резимираме дека насилството се манифестира со екстремен облик на агресија, изразено преку неоправдана и нелегитимна употреба на физичка или психичка сила. Проучувајќи го насилничкото однесување, Жаја истакнува дека *„насилничките однесувања имаат општо обележје кое меѓусебно ги поврзува: цел и последица, оштетување на жртвата на која со сила и се нанесува физичка и психичка болка со помал или поголем интензитет, што може да предизвика уништување на жртвата".*[132]

Бачиќ, насилничкото однесување го дефинира како примена на психичка и физичка сила, или, пак, постапка преку која жртвата се присилува на нешто, или без таа намера, но секогаш треба да се работи за агресивност од поголем интензитет. Поимот опфаќа физичка агресивност спрема одредено лице т.е. примена на физичка сила спрема физичкиот интегритет на друг, напад кој донесува повреда или загрозување на животот и телото, тешки малтретирања од физичка природа. Насилството може да биде и од психичка природа, како на пример присилба, тешко психичко малтретирање, предизвикување на трајно чувство на лична несигурност, вознемиреност.[133]

---

[129] Hollin C. and Howells K. (1989). An introduction to concepts, models and techniques –in: K.Howells and C. Hollin (eds.): *Clinical Approaches to Violence*, Chichester, стр. 3.
[130] Салъникова В., (1999). *Криминология словаръ*, Санкт Петербург, стр. 6.
[131] Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* 2-ри Август С – Штип.
[132] Klarin, M. (1986). Nasilje čiste savesti. NIN, nedeljni ilustroveni list, стр. 44-55.
[133] Бачиќ, Ф. (1997). Опчи погледи на проблематику деликата насиља. Зборник кривично-правни криминолошки аспекти деликата насиља. Загреб.

Ерих Фром во своето дело „Анатомијата за човековата деструктивност", врши дистинкција на агресијата на два посебни видови и тоа: 1) *бенигна*, што е биолошки прилагодлива и му служи на животот; и 2) *малигна*, која е биолошки неадаптивна. Првата претставува одговор на заканата или загрозеност од виталните интереси, притоа истата е реактивна и дефанзивна. Согласно самиот автор, агресијата се среќава и кај луѓето и кај животните, па оттука агресијата всушност претставува одговор на проблемот на загрозеност и излез од ситуацијата. Спротивно на ова, малигната агресија т.е. деструктивноста и суровоста се врзува само за човечката раса и се манифестира во животот преку убивање и бестијалност.[134]

Имено, при дефинирање на поимот насилство, речиси секогаш ја среќаваме онаа латентна (прикриена) форма на агресија. Но, битно е да се напомене дека современата литература прави дистинкција меѓу агресијата и агресивноста. На пример, италијански авторот Марко Канавичи, агресијата ја дефинира како активност во чија примарна линија се применува насилството, додека, пак, агресивност претставува психичка склоност да се атакува и напаѓа.[135] Во социолошкиот речник, Милан Трипковиќ истакнува дека во науката постои спор околу тоа дали агресивноста е стекната или вродена особина.[136]

Сулејманов проучувајќи го насилството кај човекот дошол до заклучок дека насилството е составено од две компоненети и тоа: агресивност и агресивно поведение. Според него овие две комопненти се основна карактеристика на сите кривични дела со елементи на насилство.[137] Лазароски, пак, агресивноста ја смета за психичко својство на личноста што се карактеризира со зголемена готовност за акција, додека, пак, агресивното поведение – дејствие се манифестира со напад (физичка активност) насочено против други лица со намера да им се нанесе штета. Со самото сторување на определено насилничко дело, сторителот пројавил агресивност. Таа агресивност се состои во помала или поголема сколоност на сторителот за напад врз добрата, интересите или вредностите на друго лице, каде што жртвата е пречка за реализирање

---

[134] Fromm, E. (1986). *Anatomija ljudske destruktivnosti*, vol. 2 (orig. Anatomy of Human Destructiveness), Zagreb, стр.13.

[135] Canavicci, M. (1999). *Piccolo dizionario di criminologia*. Roma, стр. 82.

[136] Mimica A. i Bogdanović M. (2007). *Sociološki rečnik*, Beograd, стр. 6.

[137] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје.

на неговите постапки, интереси, ставови, мотиви, цели, барања и слично, што зависи од степенот на развиеноста на оваа негативна црта на сторителот.[138]

Дермот Волш, го одредува насилството како *„непрецизен термин за ментално или почесто физичко загрозување или повреда“,*[139] додека, пак, Писапиа го одредува насилството како *„свесна активност на човекот насочена против другото лице, со кое друго лице е принудено на нешто против сопствената волја“.*[140] Слично на тоа, Гласер го смета насилството како *„физичка реакција насочена кон предизвикување телесна повреда на друго лице“.*[141]

Елизабет Станко, ја објаснува агресијата како *„секоја форма на однесување на поединецот кој намерно се заканува или нанесува физичка, сексуална или психолошка штета насочена кон другите или кон себе“.*[142] Еден друг автор, го дефинира насилно однесување на следниот начин: *„како чин што ја карактеризира применатa или отворена закана со користење на сила, што може да резултира со повреди на поединецот“.*[143] Кетрин Вилијамс, при анализа на агресивноста укажува на клучните карактеристики на насилното однесување:[144]

**1.** Станува збор за напад ориентиран само кон личноста. Значи тука не спаѓаат дејствија насочени против нечија сопственост;

**2.** Самиот термин „закана“ подразбира јасно изразена намера на напаѓачот да примени сила;

**3.** Вклучува случаи во кои напаѓачот користел сила и таа со голема веројатност предизвикува повреда, но во одредени околности таа изостанува („промашен удар“);

---

[138] Лазароски, Ј., (1997). *Алтруистичко (просоцијално) и агресивно (антисоцијално) однесување.* Матица Македонска, Скопје.
[139] Walsh D. and Poole A. (1983). *Dictionary of Criminology.* London, стр. 3.
[140] Pisapia G. (2002). *Parole di criminologia*, Padova, стр. 231.
[141] Glasser M. (1998). On violence: A preliminary communications. *International Journal of PsychoAnalysis, vol. 79.*
[142] Stanko E. (2001). *Violence* – in: Sage Dictionary of Criminology (e. McLaughlin and J. Muncie eds.), London.
[143] Megargee, E. (1966). *Undercontrolled and Over-controlled Personality Types in Extreme Antisocial Agression*. Psychological Monographs, vol. 80.
[144] Williams, O. (1993). Perceptions of elder abuse and help-seeking patterns among African American, Caucasian American, and Korean-American elderly women. *The Gerontologist.*

**4.** Дефиницијата подразбира одредени елементи на намера т.е. намерна примена на принуда. Оттука, случаи на ненамерни повреди не се означуваат како насилно однесување.

Камбовски, во кривично-правна смисла укажува на тоа дека насилството индицира противправност, која води кон одземање или ограничување на слободата на волјата на другиот. Всушност, истоимениот автор потенцира дека тоа претставува зафат во слободата на одлучување, притоа се поставуваат пречки во формирање на волјата и нејзиното спроведување. Силата се состои во физичко делување заради совладување на отпорот што се очекува, или, пак, постојан отпор на жртвата. Тоа е делување врз жртвата или предмети, а кои жртвата ги чувствува како зло, како присилба врз неа или врз она што нејзе и припаѓа.[145]

Во духот на претходните дефинирања на насилството, укажуваме на еден значаен сегмент во однос на проучувањето на насилничкиот криминалитет, а тоа е фактот дека изучувањето на насилството од криминолошки и кривично-правен аспект не може да се издвои од психолошките односи и социјалните услови на индивидуален и социјален план. Меѓу другото, агресивноста се јавува преку мисли кои подоцна се интерпретираат во негативна интеракција со други лица. Исто така, во криминолошка и кривично-правна смисла агресивноста како доминантна црта, носи предзнак на антисоцијалност. Сепак, со пројавување на агресивното поведение во општествените констелации, всушност се врши *спровставување на некоја правна норма и забрана – за поведенија со елементи на насилство или за деликти кои по својата природа се насилнички.*[146]

Кога станува збор за криминалитетот на насилство, одредени автори сметаат дека овој вид на криминалитет ги опфаќа: умислени убиства, абортуси, чедоморство, телесни повреди, противправно лишување од слобода, сексуални деликти со присила, разбојништво, изнуда, нарушување на неповредивоста на станот, нарушување на јавниот ред и мир, повреди на имот, малтретирање на животни и слично. Сепак, постои

[145] Камбовски, В. (1997). Казнено право посебен дел. Скопје, стр. 104.
[146] Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* 2-ри Август С – Штип, стр. 336.

согласност дека во групата на насилни деликти спаѓаат: умислени убиства, умислени повреди, разбојништво, сексуални деликти со насилство и присила.[147]

Од друга страна, Шепаровиќ во овој вид криминалитет ги вбројува: кривични дела против животот и телото, сексуалните деликти (силување), против правното лишување од слобода, злоупотреба на положбата, разбојништво, спречување на службено лице во вршење на должноста, како и насилничко однесување на јавно место.[148] Оттука, Шепаровиќ укажува и на тоа дека насилничките однесувања на јавно место, т.е. прекршоците против јавниот ред и мир се кривични дела кои меѓу другото содржат елементи на насилство, па затоа во оваа смисла овие кривични дела се многу блиску до одредување на предметот на овој вид криминалитет.

Во оваа насока, Тох истакнува интересна класификацијата во однос на деликтите на насилство. Според него, овие деликти се класифицирани на следниот начин: насилство како одбрана на угледот; наметнување на нормите; компензација на претставата за себе; самоодбрана; отфрлање на притисок, силеџиство; експлоатација; самозадоволство и катарза – абреагирање.[149]

Игњатовиќ, во однос на насилничкиот криминалитет укажува на следната поделба на деликтите на насилство, а станува збор за: *традиционален насилнички криминалитет* кој се однесува на кривични дела: убиства и телесни повреди, силување, разбојништво и разбојничка кражба; а во другата група ги поместува *поновите видови на насилничкиот криминалитет*: насилство во семејството (запоставување, физичко и сексуално тормозење) и злоупотреби врз деца.[150]

Доколку се повлече една паралела меѓу агресијата како неизоставен елемент на насилство и старите лица, забележуваме дека насилството врз овие лица претставува еден вид процес на акција и реакција, во која насилникот со својата доминантната улога зазема супериорна положба во однос на инфериорната или подредената позиција на жртвата. Имено, секоја релација меѓу личноста како потенцијален насилник и

[147] Ibid, стр. 337.
[148] Шепаровиќ, З. (1981). *Криминологија и социјална патологија.* Загреб, стр. 99.
[149] Toh, H. (1978). *Nasilnici.* Prosveta, Beograd, стр. 190.
[150] Игњатовић, Ђ., (2008). *Криминологија*. Београд, стр. 157, 158.

нејзина интеракцијата со старо лице во определено социјалното опкружување може да резултира со бројни неповолни и несоодветни животни ситуации.

Имено, физичките ограничувања на старите лица често придонесуваат за восприемање на овие лица како лесен плен. Постои мала веројатност во однос на спротивставување или спречување на нападот од страна на овие лица. Неподготвеноста за одбрана пред сè се должи на немањето сила и физичката изнемоштеност. Во прилог на оваа теза, податоците на Бирото за правда на САД укажуваат на тоа дека жртвите над 65 годишна возраст користат дејства кои не изискуваат употреба на физичка сила од типот на: расправија, манипулација или врескање, како еден вид одговор во спречување на напад.[151]

Едно истражување спроведено во САД за период од 10 години (National Crime Victimization Survey-NCVS), го истражувало насилството извршено врз лица на возраст од 65 години и постари. Извештајот за десетгодишниот период од 2003-2013 година, укажал на следните податоци: стапките на нефатален насилен криминалитетот (3,6% на 1.000 жители) и имотниот криминалитет (72,3% на 1.000 жители) на стари лица како жртви биле пониски во однос на помладите лица; односот на проценките на имотниот и насилен криминалитет бил повисок кај старите лица отколку кај помладите лица на возраст од 25 до 49 години; стапките на убиства на стари лица, се намалиле за 44% и тоа од 3,7% убиства на 100.000 лица во 1993 година, на 2,1% на 100.000 во 2011 година; лицата на возраст од 65 или повеќе години и лицата на возраст од 50 до 64 години (7,8%), биле жртви на инциденти на кражби на идентитет (5,0%); во однос на стари лица кои биле жртви на насилнички криминалитет, околу 59% од пријавените лица биле жртви на или во близина на нивните домови; помал процент на стари жртви (18%) претрпеле повреда за време на инцидентот во однос на жртвите на возраст од 12 до 24 (30%) и на возраст од 25 до 49 години (25%); 56% од старите лица пријавиле повеќе инциденти на насилен криминалитет во полицијата во однос на лицата на возраст од 12 до 24 години (38%); околу 11% од старите жртви на насилнички криминалитет примиле помош од агенциите за услуги на жртвите.[152]

---

[151] Crime and Abuse of Older Adults (2008). Достапно на: https://www.encyclopedia.com/science/news-wires-white-papers-and-books/crime-and-abuse-older-adults. Пристапено на 21.02.2019

[152] Rachel E. Morgan, and Britney J. Mason (2014). Crimes Against the Elderly, 2003–2013. Special Report. Достапно на: https://www.bjs.gov/content/pub/pdf/cae0313.pdf Пристапено на 04.12.2018

## 2.2. Дефинирање на насилничко имотен криминалитет

Согласно дефинициите и одредувањата на насилничкиот криминалитет, во целост ја прифаќаме тезата дека овој вид на криминалитет се состои и од традиционални, но и од нови форми. Во традиционални форми на насилнички криминалитет спаѓаат: убиства, телесно оштетување, силување, но оваа група значајно е да се вклучат и кривичните дела од типот на: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда како специфични дела, кои меѓу другото се класифицирани како кривични дела против имот. Сепак, овие последни четири кривични дела претставуваат посебна група на насилничко имотен криминалитет, бидејќи доминира елементот на сила што се користи при извршување на овие дела, со цел против правно стекнување на имотна корист.

Оттука, во традиционални форми на насилнички криминалитет спаѓаат убиствата и повредите. Имено, кога станува збор за кривично дело убиство, најчестите прашања што се третираат во овој контекст се оние што се поврзани со: каузалноста меѓу причините и видовите убиства; потоа за каков вид на сторители станува збор, односно дали се сериски или масовни убијци; но меѓу другото, во овој контекст не може да се изостави и проучувањето на претходниот однос сторител (убиец) – жртва; како и соодветната казна за сторување на ова кривично дело.

Игњатовиќ во насока на одредување на насилничкиот криминалитет, го афирмира ставот дека кога станува збор за загрозување на телесниот интегритет во последниве години особено внимание се посветува на актите на: вознемирување, односно прогонството, кои се закануваат на слободата и приватноста на жртвата - вознемирување преку телефон, следење, пишување текстови, предизвикување чувства на несигурност кај жртвата, оштетување на нејзиниот имот и слично. [153] Традиционалните форми на насилен криминал вклучуваат силување, што е секогаш интересна тема за криминолошко истражување затоа што само по себе покренува прашања како што се врската на сторителот и жртвата, виктимизација на жртвата и траума на жртвата.

Од друга страна, имотниот криминалитет ги вклучува кривичните дела што се насочени против имотот, а нивниот сторител настојува за себе или за некој друг да

[153] Игњатовић, Ђ. (2008). Криминологија. Београд, стр. 146.

прибави корист, или, пак, да нанесе штета.[154] Сепак, меѓу кривичните дејанија насочени против имот се среќаваат и оние кривични дела во кои насилството врз лицата е средство со кое се добива недозволена материјална корист. Затоа во оваа група на насилничко имотен криминалитет ги вбројуваме следните кривипчни дела: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда, во кои доминира елементот на сила или сериозна закана за употреба на сила насочена кон жртвата. Имено, иако од кривично правен апсект овие кривични дела се сместени во групата на имотни деликти, сепак, кај овие кривични дела доминира елементот на насилство.

Во основа секоја форма на насилничкиот криминалитет, но и во насилничко имотен криминалитет доминира елементот на насилство. Корените на насилството се различни и може да се објаснат на различни начини. Биолошките и психолошките теории, корените за пројавување на насилството ги адресираат на факторите во однос на: структурата на мозокот, генетските предиспозиции, ниската интелигенција и слично. Меѓу другото, на биолошкиот и психолошкиот момент му недостига социјалниот дискурс, односно овие две компоненти не се целосни доколку не се согледа и социјалниот контекст кои ја одредуваат човековата агресија. *Имено, корените на насилство на насилничко имотен криминалитет се содржани во сите горенаведени фактори и не е возможно да се моделира еден единствен профил на сторител на овој вид криминалитет каде би се насочила контролата за извршување на насилство.*[155]

Меѓу другото, особено е значајно да се укаже дека насилничко имотен криминалитет ја опфаќа инкриминацијата во која заштитениот предмет е имотот. Типични примери во оваа насока претставуваат инкриминациите на следните кривични дела: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда. Имено, овие кривични дела се форми на незаконски активности насочени против имот, со кои сторителите на овие дела се обидуваат да се здобијат за себе или за други недозволена имотна корист. Друга квалификувана околност што ги карактеризира овие престапи е тоа што тие се извршени со употреба на сила или сериозна закана за употреба на сила насочена кон загрозување на животот или телото на една личност. Оттука, употреба на сила или

---

[154] Ibid, стр. 150.
[155] Браковић, Ж. (2017). Контрола насилничког имовинског криминалитета. Универзитет у Крагујевцу, Правни факултет, стр. 47.

закана за употреба на сила е насочена кон совладување на отпорот на субјектот на кривичното дело.[156]

Токму по оваа карактеристика, кривичните дела од типот на: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда се издвојуваат од други кривични дела од имотниот криминалитет, како што е на пример кривичното дело тешка кражба.[157] Ваков став го афирмира и Игњатовиќ, притоа истакнувајќи дека разбојништвото и разбојничката кражба се специфични кривични дела кои имаат елементи и на насилнички, но и на имотен криминалитет.[158]

Во оваа насока значајно е да се истакне дека покрај заштита на материјални добра кај овие кривични дела постои и сериозна закана по живот. Затоа со право се укажува на тоа дека кога станува збор за овие кривични дела од насилничко имотен карактер, станува збор за дела со висок степен на социјален и безбедносен ризик во самото општество.

Имајќи предвид дека кривичните дела со насилно имотен карактер создаваат висок степен на социјален и безбедносен ризик во општеството, притоа загрозувајќи ги телесниот интегритет од една страна, како и нанесување на материјална штета од друга, потребно е да се укаже на следниот сегмент кога станува збор за овие кривични дела. Имено, жртвата во процесот на криминална виктимизација претставува особено значајна алка од веригата во однос на: криминалната обработка на местото на виктимизацијата, во насока на откривање детали за способностите на сторителот; самиот став на сторителот насочен кон жртвата; моменталната психичка состојба во која се наоѓа сторителот и други многу значајни аспекти во понатамошна истрага.

Оттука, проучувањето на начините на виктимизација, односно проучување на виктимизација од визурата на сторителот во однос на неговиот животен стил или неговиот секојдневен живот е од суштинско значење, бидејќи ако неговото однесување се карактеризира со лутина и насилство, тогаш начинот на извршување на кривичното дело ќе ја одрази и внатрешната состојба на умот. Меѓу другото, *извлекувањето заклучок за карактеристиките на виктимизацијата се определува и со аналогија на однесувањето на сторителот со сите негови карактерни црти, кои во истрагата*

[156] Ibid. стр, 47.
[157] Ibid, стр. 47.
[158] Игњатовић, Ђ. (2008). Криминологија. Београд, стр. 147.

*имаат за цел да го утврдат неговиот сигурен профил, со оглед дека станува збор за осомничени лица.*[159]

Во оваа насока ќе истакнеме типологија на виктимизација, но во овој случај конципирана според начинот на самиот пристап на сторителот кон жртвата. Следејќи го овој пристап, Smith врши поделба на односот на сторителот кон жртвата, притоа укажувајќи на четири видови на латентната димензија на интеракција со насилство. Имено, истоимениот автор воведува четири видови на интеракција со четирите основни моменти на употреба на сила:[160]

- Конфронтација (Confrontation) - сторителот бара предмет или нешто што е во сопственост на жртвата во моментот на самиот контакт со жртвата. Тој обично користи вербални команди за да наметне послушност (на пример „Дај ми ги парите“). Насилството се случува доколку жртвата не ги почитува неговите барања.

- Изненаден напад (Blitz) - сторителот прво го користи насилството за да добие контрола врз жртвата (т.е. да објави кој е супериорен). Одземањето на подвижен предмет се случува откако сторителот ќе ја направи жртвата неподвижна.

- Одвлекување внимание - измама (Con) - сторителот користи тактики за одвлекување внимание за да ја направи жртвата неподготвена за каква било реакција. На пример, тој поставува прашања за време или што било пред нападот. Употребата на легитимно одвраќање му овозможува да оствари контакт со жртвата, без да предизвика претпазливост кај самата жртва.

- Отземање (Snatch) - тактиките се случуваат многу брзо. Не се воспоставува вербална комуникација меѓу сторителот и жртвата пред извршувањето на делото. Сторителот го зграбива подвижниот предмет и потоа бега.

Овие видови на интеракција не се меѓусебно ексклузивни, што укажува на тоа дека може да се променат за време на виктимизацијата. Типологијата е важна од гледна

[159] Браковић, Ж. (2017). Контрола насилничког имовинског криминалитета. Универзитет у Крагујевцу, Правни факултет, стр. 223.
[160] Smith, J. (2003). The Nature of Personal Robbery, Research Study No. 254. *Home Office Development and Statistics Directorate*, London, стр. 39–44.

точка на жртвата, затоа што според оваа теорија нивото на сила што ја применува сторителот може да варира од ниско до високо.[161]

Интеракцијата меѓу сторителот и жртвата, според оваа типологија, не е взаемно корисна за двајцата учесници во настанот. Во крајна линија се однесува на тоа дека мотивацијата на сторителот не е да го задржи тој однос надвор од остварувањето на неговата цел - односно против правно да го одземе посакуваниот предмет (плен). Целата епизода може да трае помалку од една минута. Жртвата обично е изненадена, па затоа нејзината мотивација ќе биде да се стави крај на „интеракцијата“ со сторителот.[162]

Резултати од едно истражување спроведено на примерок од 72 сторители, поврзани со нивото на интеракција и нивото на примена на сила (насилство), согласно типологијата на Смит, покажуваат дека сите кривични дела извршени од страна на овие сторители, 27,8% биле извршени на начин Snatch, кај 8,3% од сторителите бил применет начинот Con, интеракцијата Blitz е забележана во 33,3%, додека, пак, 30,6% го извршиле кривилното дело според видот на Confrontation.[163] Нивото на сила е различно во сите четири интеракции. Во случај на Blitz и Snatch нивото на силата е ниско, додека, пак, кај Confrontation забележуваме екстремно високо ниво на сила и комуникација со самата жртва. Во случај на интеракција Con се забележува примена на ниско ниво на сила врз жртвата. Оттука, степенот на интеракција меѓу сторителот и жртвата не мора да биде во иста пропорција како и употребата на сила против жртвата.

Оттука, идентификувањето на еден од овие модели може да биде од корист за некои идни превентивни активности и едукација на потенцијални жртви на насилничко имотен криминалитет, вклучително и употреба на ефективни методи за опоравување на жртвите.[164]

---

[161] Ibid, стр. 39-44.

[162] Porter, E.L. & Alison, J.L. (2006). *Behavioural coherence in group robberry: A circumplex model of offender and victim interactions, Aggressive Behavior*, Vol. 32, Issue 4, August, стр. 332.

[163] Goodwill, M. A., et al. (2012). Multidimensional Latent Classification of ‘Street Robbery’ Offences. *Journal of Investigative Psychology and Offender Profiling,* Vol. 9, Issue 1, стр. 93–109.

[164] Smith, J. (2003). The Nature of Personal Robbery, Research Study No. 254. *Home Office Development and Statistics Directorate*, London, стр. 39–44.

## 2.3. Дефинирање на имотен криминалитет

Имотните деликти опфаќаат посебна групација на кривични дела со исти или слични криминалистички карактеристики и како такви се опфатени во посебна глава во Кривичниот законик. За нив е важно да се наведе дека имаат посебна криминална етиологија и феноменологија која е од големо значење за нивно превенирање и сузбивање. Колку и да изгледаат различни, имотните деликти поради природата на мотивот на извршителот (користољубие) се сродни според субјективните причини. Според поедини особености на обликот тие се специфични, во комбинација со објективно - субјективни елементи.[165]

Кога станува збор за кривични дела против имот, потребно е да се осврнеме и на член 26 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето. Во член 8 од овој акт, каде се наброени темелните уставни вредности се наведува и правната заштита на сопственоста.[166]

Кривичните дела против имот можеме да ги класифицираме во повеќе подгрупи, во зависност од неколку критериуми. Според намерата на сторителот, разликуваме дела што се вршат со намера за прибавување противправна имотна корист за себе или за друг или за дела што се вршат без таква намера.[167]

Првите уште се нарекуваат и дела што најчесто се вршат од користољубие. Но, овие два поими, намерата за прибавување противправна имотна корист и користољубието, како мотив што значи безобзирен егоистички стремеж да се постигне имотна корист по секоја цена, не се идентични поими. Кривични дела, од оваа глава, што се вршат со намера за присвојување подвижен предмет, се кривичните дела од член 235 до член 239. Во зависност од тоа дали со кривичното дело само се оштетува (намалува) имотот на друг или со тоа истовремено се зголемува имотот на сторителот,

---

[165] Bošković, M. (2011). *Kriminologija*. Novi Sad, стр. 223.

[166] Јованов, И. АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТЕШКА КРАЖБА: КАЗНЕНО-ПРАВНИ И КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ. CENTRUM 11.
Достапно на: http://centrum.mk/wp-content/uploads/2019/06/PJESA-18.pdf. Пристапено на: 04.10.2019.

[167] Буџакоски, С., Казнено право - посебен дел (авторизирани предавања), Скопје: ФОН Универзитет, 2005, стр.125.

можеме да разликуваме дела на оштетување на друг и дела на зголемување на имотот на сторителот (или трето лице).[168]

Според објектот на напад се врши следнава поделба:

- Дела против сопственоста врз подвижни предмети. Такви се делата: кражба, тешка кражба, разбојничка кражба, разбојништво, затајување, одземање туѓи предмети, одземање на моторно возило;

- Дела против имотот воопшто, имотните права и интереси: дела на намалување на имотот на друг или на зголемување на сопствениот имот (на сторителот). Тоа се на пример кривични дела во кои се врши: стечај, изнуда, уцена, лихварство, прикривање.[169]

Најчести имотни деликти се кражбите и тешките (провалните) кражби. Притоа, најинтензивно се напаѓаат продавниците, куќите/становите, патничките моторни возила, аптеките, канцелариите и деловните објекти и други објекти на напад. Во овие деликти се вбројуваат и измамите, изнудите, уцените, доколку за цел имаат противправно присвојување на туѓ имот.[170]

Меѓу другото, од виктимолошки аспект особено е значајно однесувањето на жртвата во интерперсоналната комуникација на односите кај измамата.[171] Често измамата на која се жртви старите лица, се сведува на беспомошноста и резигнацијата на овие лица, како и интелигенцијата и способноста на сторителот. Имено, измамите не секогаш се изведени на доветливи начини, а техниките не се секогаш совршено развиени. Оттука, се наметнува и прашањето во однос на тоа како понекогаш и премногу очигледни и провидни измами имаат тешко разбирлив успех. Според Кајзер, одговорот лежи во испитување на односот сторител-жртва, а особено на потребите и специфичните ситуации во времето на извршување на делото.[172]

---

[168] Јованов, И. АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТЕШКА КРАЖБА: КАЗНЕНО-ПРАВНИ И КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ. CENTRUM 11.
Достапно на: http://centrum.mk/wp-content/uploads/2019/06/PJESA-18.pdf. Пристапено на: 04.10.2019.
[169] Буџакоски, С. (2005). Казнено право - посебен дел (авторизирани предавања), Скопје: ФОН Универзитет, стр. 125-126.
[170] Велкова, Т. (2009). Вовед во криминологија (авторизирани предавања), 2-ри Август С: Штип, стр.84.
[171] Кајзер, Г. (1996). *Криминологија* (превод Ѓорѓи Марјановиќ). Александрија, стр. 262.
[172] Ibid, стр.262-263.

Концептирајќи ја етилогијата на имотниот криминалитет, во овој докторски труд се осврнуваме на марксистичката теорија, според која сите облици на криминалитет, па и имотниот се наоѓаат во таканаречената општествено-економска база на општеството, како основа на класната поделеност во самото општество. *„Класното опитество по своја суштина е организирано и функционира на криминална основа, бидејќи класните односи што овозможуваат богатство и сиромаштво доведуваат до отуѓеност на човекот во материјална и духовна сфера во неговото постоење, со голем придонес за криминалитет во економските односи, а потоа и во сите други области од човековото создавање, опстојување, живеење“*.[173] Оваа теза изнесена од страна на Арнаудовски, оди во прилог на објаснување на констелацијата на општествените односи. Имено, најсигурен индикатор за тоа какво е даденото општество и каква е економската положбата на граѓаните во него, пред се зависи од социјалната стратификација на населението во тоа општество.

## 3. Криминалната виктимизација на старите лица

Постојат два митови претставени од страна на Броген и Нихар кои привлекуваат внимание во однос на прашањето на виктимизација на старите лица. Првиот мит се однесува на подобар третман на овие лица во предкапиталистичките општества отколку во моментов, а вториот е дека општествата надвор од капиталистичкиот Запад обезбедуваат подобра грижа за своите стари лица, отколку западни индустриски земји.[174]

Броген во својата наративна анализа опишал дека дури и во првите заедници на ловци и собирачи кои биле високо мобилни, старите неподвижни лица често биле напуштани или оставени сами на себе. [175] Во раните индустриски општества, напуштањето од страна на нивните потомци придонесувало за зголемување на смртноста кај овие лица.

Броген и Нихар ја оспоруваат втората теза дека не сите западни општествата обезбедуваат подобра грижа за старите лица, отколку западните индустриски општества. Во оваа насока, авторите истакнуваат примери на злоупотреба и во

---

[173] Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* 2-ри Август С – Штип, стр. 396.
[174] Brogden, M. & Nijhar, P. (2000). Crime, Abuse and the Elderly. Cullompton: Willan Publishing.
[175] Ibid, стр. 60.

„развиените“ општества, но и во не - западните капиталистички општества. На пример, во Јапонија за сметка на конфучијанските идеали филијалната побожност се компензира со реалноста на меѓугенерациските односи.[176] Брогден во своето дело го прикажува екстремниот крај на криминалната виктимизацијата кај старите лица со нивно намерно убивање поради нивната возраст, познат како геронтицид.[177]

### 3.1. Природа и степенот на виктимизација кај стари лица

Според извештајот за злоупотреба на старите лица, виктимизацијата и злоупотребата кај овие лица е приближно 20 години station наназад во однос на признавањето на злоупотребата кај децата.[178] Броген и Нихар во оваа насока истакнуваат дека виктимизацијата кај старите лица во однос на дискурсот за здравство и социјална работа имаат примат над дискурсот на криминалната виктимизација.[179] Дефиницијата за виктимизација на стари лица и методите за идентификација на нејзината инциденца сеуште се во период на транзиција. Имено, иако истражувањата на оваа тема се спроведуваат години наназад, литературата од оваа област почна да се зголемува дури од крајот на минатиот век.

Одделот за здравство во својот извештај (No Secrets), идентификува различни форми на виктимизација на старите лица и тоа: физичка злоупотреба (удирање, мавање со боксови и злоупотреба на лекови, која понекогаш е ставена во посебна категорија), сексуална злоупотреба (силување, сексуален напад и други сексуални дејствија), психолошка злоупотреба (емоционална злоупотреба, закани, обвинувања, како и вербална злоупотреба), финансиска злоупотреба (кражба, измама, или, пак, бенефиции добиени со измама од старото лице), занемарување (игнорирање или задржување на

[176] Постојат различни начини на извршување на филијална должности кон родителите. Во овој контекст, филијалната побожност се однесува на тоа кога родителот е искрен и ги воспитува децата со искрена љубезност, притоа оставајќи ги во наследство својот: имот, приход, оружје, скапоцени предмети, па се до организирање и планирање на брачни заедници. Кога родителот веќе е пензиониран и стар, обврската и грижата за тоа старо лице припаѓа на неговите деца. Грижата и обврската се преземаат и во ситуации кога интересите на старото лице не одговараат со интересите на своите деца. Ова е еден пример од вообичаената филијална побожност. Од друга страна, во контекст на филијална побожност, најголемо разочарување за родителите е непослушноста од страна на децата. Почитувањето и љубовта на децата кон родителите е најважната и основната доблест на луѓето. Оттука, во кругот на семејството помладата генерација мора да има почит кон родителите и постарите лица. Младите мора да се изразуваат со почит, разбирање и благодарност кон своите родители, додека, пак, старите родители треба да негуваат однос кој се заснова на љубов, помош и заштита кон своите деца.
[177] Brogden, M. (2001). Geronticide: Killing the Elderly. Philadelphia: Jessica Kingsley.
[178] Вториот извештај за злоупотреба на старите лица (2004 година), став 1.3.
[179] Brogden, M. & Nijhar, P. (2000). Crime, Abuse and the Elderly. Cullompton: Willan Publishing.

здравствени, социјални или други видови на нега или услуги или задржување храна) и дискриминаторски третман (вознемирување, малтретирање или сличен третман).[180]

Меѓу другото, треба да се има предвид дека анализата на виктимизација врз старите лица сеуште е во фаза на развој. Различни општества можат на поинаков начин да ја дефинираат криминалната виктимизација или да истакнат различни форми на оваа појава. Таквите разлики во дефинирањето и перцепциите за криминална виктимизација на овие лица, имаат влијание врз веројатноста за појава на инциденти на пријавени случаи од страна на жртвите и сведоците, но, исто така, влијаат и на признавањето на нивниот статус како жртва.

Некои истражувањата спроведени во Јапонија во однос на криминална виктимизација на старите лица, изразуваат доза на проблематичност поради ниското ниво на свест за стареењето на овие лица.[181] Во земји како што се Русија и Германија, терминот „злоупотреба“ кој често се користи за да се опише овој тип на виктимизација нема домашен еквивалент.[182] [183] Меѓу другото, на различни форми на виктимизација на старите лица им се дава различно значење во различни општества. На пример, физичката виктимизација се смета за најголем проблем во Јапонија, Германија и во заедница на ашкеназиски Евреи во Израел, додека, пак, кај Израелските Евреи и Бразилците најголем акцент се става на психолошката виктимизација и запоставувањето.[184]

### 3.2. Етилогија на криминална виктимизација на стари лица

Во рамките на оваа докторска дисертација поимот на криминална виктимизација на стари лица е конципиран низ призмата на позитивистичката

---

[180] The Department of Health 2000.

[181] Arai (2006). In Victimology: Victimisation and Victims' Rights. Достапно на: https://books.google.mk/books?id=wYiNAgAAQBAJ&pg=PA109&dq=Leembruggen-Kallberg&hl=en&sa=X&ved=0ahUKEwik3o3YjqTkAhVIw4sKHRUMBAgQ6AEILzAB#v=onepage&q=Leembruggen-Kallberg&f=false Пристапено на: 28.08.2019.

[182] Puchkov (2006). In Victimology: Victimisation and Victims' Rights. Достапно на: https://books.google.mk/books?id=wYiNAgAAQBAJ&pg=PA109&dq=Leembruggen-Kallberg&hl=en&sa=X&ved=0ahUKEwik3o3YjqTkAhVIw4sKHRUMBAgQ6AEILzAB#v=onepage&q=Leembruggen-Kallberg&f=false Пристапено на: 28.08.2019.

[183] Konig and Leembruggen-Kallberg (2006) In Victimology: Victimisation and Victims' Rights. Достапно на: https://books.google.mk/books?id=wYiNAgAAQBAJ&pg=PA109&dq=Leembruggen-Kallberg&hl=en&sa=X&ved=0ahUKEwik3o3YjqTkAhVIw4sKHRUMBAgQ6AEILzAB#v=onepage&q=Leembruggen-Kallberg&f=false Пристапено на: 28.08.2019.

[184] Wolhuter, L., Olley, N., & David Denham (2008). *Victimology: Victimisation and Victims' Rights*. Routledge

виктимологија. Оваа теорија се занимава со мерење на висината на виктимизацијата, развој на типологии, објаснувањата за виктимолошката склоност на одредени лица, како и односот меѓу криминалецот и жртвата во однос на различните начини на восприемање на одреден вид на криминалитет од страна на жртвите.

### 3.2.1. Теории поврзани со криминална виктимизација на стари лица

Теоријата на рутински активности, како и теоријата на начин на живот заземаат доминантно место во виктимологијата. Врз база на комбинација од овие две теории се испитува ризикот од криминална виктимизација кај стари лица. Поточно, овие теории имаат поширока примена во објаснувањето на случаите на: убиства,[185] [186] [187] [188] злоупотреба во домови за стари лица[189] [190] и улични прекршоци (т.е. грабеж, силување, напад и кражба) извршени врз старите лица.[191] Меѓу другото, овие теоретски рамки наоѓаат широка примена и во истражувањата за финансиска злоупотреба на стари лица.[192] Низ призмата на овие две теории се испитува односот меѓу возраста, рутинските активности и факторите за виктимизација кај различни возрасни групи.[193] [194] [195] [196]

#### 3.2.1.1. Теорија на рутински активности

---

[185] Fox, J. A. & Levin, J. (1991). *Homicide against the elderly: A research note.* Criminology, 29(2), 317-327.
[186] Kennedy, L. W. & Silverman, R. A. (1990). The elderly victim of homicide: An application of the routine activities approach. *The Sociological Quarterly, 31(2),* 307-319.
[187] Nelsen, C. & Huff-Corzine, L. (2012). Strangers in the night: An application of the lifestyle routine activities approach to elderly homicide victimization. *Homicide Studies, 2(2),* 130-159.
[188] Roberts, A. & Willits, D. (2012). *Lifestyle, routine activities, and felony-related eldercide.* Homicide Studies. doi: 10.1177/1088767912438713
[189] Harris, D. K. (1999). Elder abuse in nursing homes: The theft of patients' possessions. *Journal of Elder Abuse & Neglect, 10(3-4),* 141-151.
[190] Payne, B. K. & Gainey, R. R. (2006). The criminal justice response to elder abuse in nursing homes: A routine activities perspective. *Western Criminology Review, 7(3),* 67-81.
[191] Clarke, R., Ekblom, P., Hough, M., & Mayhew, P. (1985). Elderly victims of crime and exposure to risk. *The Howard Journal, 24(1),* 1-9.
[192] Tilse, C., Setterlund, D., Wilson, J., & Rosenman, L. (2007). Managing the financial assets of older people: Balancing independence and protection. *British Journal of Social Work 37*, стр. 565-572.
[193] Cohen, L. E., Kluegel, J. R., & Land, K. C. (1981). Social inequality and predatory criminal victimization: An exposition and test of a formal theory. *Journal: American Sociological Review Volume:46 Issue:5,* стр. 505-524.
[194] Kennedy, L. W. & Forde, D. R. (1990). Routine activities and crime: An analysis of victimization in Canada. *Criminology, 28(1),* стр. 137-152.
[195] Messner, S. F. & Tardiff, K. (1985). The social ecology of urban homicide: *An application of the "routine activities" approach. Criminology, 23(2),* стр. 241-267.
[196] Miethe, T. D., Stafford, M. C., & Long, J. S. (1987). Social differentiation in criminal victimization: A test of routine activities/lifestyle theories. *American Sociological Review, 52(2),* стр. 184-194.

Од гледна точка на Коен и Фелсон, објаснувањето на овој теоретскиот модел е суштинско за да се објасни веројатноста на криминална виктимизација кај старите лица. Овие автори се потпираат на концептот на *рутинска активност* во однос на *„какви било повторливи и преовладувачки активности, кои обезбедуваат основни потреби на населението и индивидуалните потреби, кои вклучуваат секојдневни активности како на пример: формализирана работа, обезбедување на храна, засолниште, излегување, слободно време, социјална интеракција“.*[197]

Теоријата на рутински активности се однесува на генерализирани шеми на активности во општеството (на пример просторни и временски модели во семејството, работата и слободните активности). Оваа теорија го поврзува структурниот модел на макро ниво (просторни и временски обрасци на рутински активности во општеството) со ситуациски модел на микро ниво, кој има за цел да објасни зошто се случува криминал. Примената на теоријата на рутинска активност на индивидуално ниво, генерално има за цел да објасни што доведува до виктимизација, притоа објаснувајќи како поединечни рутински активности го доведуваат старото лице како потенцијална жртва во контакт со (или го изложуваат на) ситуации погодни за криминал.

Во оваа насока, Коен и Фелсон издвојуваат три основни елементи на криминал: (1) *мотивиран сторител*, (2) *погодна цел*, и (3) *отсуство на соодветна заштита*. Според овие автори, криминалитетот се случува кога во времето и просторот се поткопува елементот на мотивиран сторител и елементот на погодна цел, во отсуство на третиот елемент односно непостоење на соодветна заштита. Првиот елемент или улогата на мотивираниот сторител, Коен и Фелсон ја поврзуваат на следниот начин: *„Тие испитуваат зошто одредени лица или групите се склони кон извршување на криминални дејанија, истовремено претпоставувајќи дека криминалната склоност во испитувањето на начинот на кој просторно - темпоралната организација на општествените активности им помага на луѓето да ги претворат своите криминални наклоности во акција“.*[198]

[197] Cohen, L. E. & Felson, M. (1979). Social change and crime rate trends: A routine activities approach. *American Sociological Review. 44(4),* стр. 588-608.

[198] Cohen, L. E. & Felson, M. (1979). Social change and crime rate trends: A routine activities approach. *American Sociological Review. 44(4).*

Спротивно на повеќето криминолошки истражувања, нивниот модел се стреми да ги предвиди промените на стапката на криминал врз старите лица, врз основа на социјално - структурни односи без позиционирање на промени во структурните фактори и мотивирање на луѓето да се вклучат во криминал.

Од друга страна, доколку кај сторителот не изостанува мотивацијата за сторување на делото, тогаш, потребно е во теоријата на рутински активности да се вметне и елементот на близина. Близината се однесува на физичкиот простор меѓу старото лице и одредена локација на потенцијалниот сторител, соодветна за извршување на делото.[199] На пример, доколку старите лица живеат во населби каде што има висока концентрација на потенцијални сторители, постои и висок ризик тие да бидат жртви на криминал.

Потенцијалната и реална опасност рефлектирајќи ја веројатноста на старото лице да стане жртва, има влијание врз претпазливоста и мерките што ги преземаат овие лица со цел да го избегнат процесот на виктимизација. Во теоријата на рутински активности, *соодветна цел* е клучниот елемент на секое кривично дело. Соодветна цел е старо лице или имот кој сторителот сака да го поседува или да го контролира.[200] Атрактивноста на целта е поврзана со карактеристиките на старото лице (намалени физички и психички одбрамбени способности). Меѓу другото, доколку жртвата е способна да се брани себеси или објектот, на пример при кривично дело кражба, старото лице во улога на жртва може да го спречи или отежне извршувањето на кривичното дело, иако ова не е секогаш случај кај овие лица.[201]

Последниот елемент идентификуван во теоријата на рутински активности се однесува на отсуството на соодветна заштита, а се надоврзува на применливоста на оваа теорија во однос на виктимизација на старите лица. Поради отсуство на соодветен одбрамбен механизам, овие лица претставуваат поатрактивна цел во очите на престапниците.[202] Спротивно на тоа, се верува дека потенцијалните цели кои се повеќе заштитени се помалку атрактивни за потенцијалните престапници, со што се намалува

[199] Cohen, L. E., Kluegel, J. R., & Land, K. C. (1981). Social inequality and predatory criminal victimization: An exposition and test of a formal theory. *Journal: American Sociological Review Volume:46 Issue:5*
[200] Felson, M. (2001). *The routine activities approach: A very versatile theory of crime.* In Paternoster, R. & Bachman, R.(eds.), Explaining Criminals and Crime. New York, NY: Oxford, стр. 43-46.
[201] Cohen, L. E. & Felson, M. (1979). Social change and crime rate trends: A routine activities approach. *American Sociological Review. 44(4).*
[202] Ibid.

ризикот од виктимизација. Но, во однос на сопственоста, старото лице може да претставува способен чувар со своето константно присуство во домот. Иако старата популација е инфериорна во однос на супериорните сторители, сепак, со помош на аларми, огради и кучиња чувари можат да го одвратат па дури и да го спречат извршувањето на кривичното дело.

#### 3.2.1.2. Теорија на животен стил

Теоријата на животен стил е теорија на микро ниво која е тесно поврзана со теоријата на рутинските активности. Според оваа теорија, разликите во начинот на живот на жртвите се првенствено одговорни за варијација во ризикот од виктимизација во однос на демографски групи. Теоријата на животен стил сугерира дека разликите во животниот стил се производ на индивидуалните прилагодувања на структурните ограничувања и очекувањата за улоги кои се под влијание на демографските карактеристики на поединецот (т.е. возраст, пол, раса, приход, брачен статус, професија и ниво на образование). На пример, хронолошката возраст ја одредува улогата во општеството, па согласно таа улога од старите лица се очекува да се однесуваат на соодветен начин.[203] Утврдувањето на улоги во општеството, како и прифатено однесување на одредени статуси ги ограничува индивидуалните избори на однесување.[204]

Теоријата на животен стил, предлага варијации во начинот на живот како резултат на прилагодувања на структурните ограничувања и очекувањата за улогата. Иако, адаптациите дозволуваат поединците да се движат во рамките на границите утврдени со улогата од очекувањата и структурните ограничувања, сепак, потребно е да се одржи одредена индивидуалност. Индивидуалните прилагодувања доведуваат до редовни и предвидливи шеми на однесување кои го одредуваат животниот стил на старите лица.[205] Адаптации на структурни ограничувања и очекувањата за улогата на старото лице во секој случај имаат влијание врз животниот стил на овие лица.

---

[203] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.
[204] Meier, R. F. & Miethe, T. D. (1993). Understanding theories of criminal victimization. *Crime and Justice, 17,* стр. 459-499.
[205] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

Според оваа теорија, посебен начин на живот е поврзан со повисок ризик од виктимизација, пред се поради зголемената изложеност на ризични ситуации меѓу стари лица како потенцијални жртви од една страна и сторителите, од друга.[206] [207] Изложеноста се однесува на степенот на контакт кој го има одреден старо лице со потенцијални ризични поединци и ситуации.[208] Во овој случај, дневните активности на овие лица го одразуваат нивото на изложеност на ризик.[209] Принципот на хомогамија се однесува на обезбедување на дополнителна врска помеѓу одредени демографски карактеристики и зголемен ризик од виктимизација.[210] Според овој принцип, поединци кои имаат демографски сличности со сторителите, имаат поголема веројатност да бидат изложени на потенцијални престапи во општествени ситуации со што се зголемува нивниот ризик од виктимизација.

Главното тврдење во теорија на животниот стил во однос на криминалната виктимизација на старите лица, лежи во веројатната изложеност на овие лица на криминални дејанија, каде што оваа изложеност зазема централна улога во објаснувањето на етиологијата на криминалната виктимизација. Два концепти присутни во оваа област се особено важни, а станува збор за: типологиите на склоност и мотивација на жртвите. *Контрастот меѓу типолошкиот приод и пристапот на живот се чини драматичен. Типолошкиот пристап кој има истакната историја во студиите на жртвите, укажува на различни каузални механизми кои придонесуваат за различни настани за виктимизација.*[211] Постојат одредени причини кај жртвите кои придонесуваат за сопствена виктимизација, а се предизвикани од: едноставна безгрижност, активна провокација, резултат на физички оштетувања, или, пак, се резултат на алчноста.

Хинделанг, Готфредсон и Гарофало за веројатноста од криминална виктимизација кај старите лица, укажуваат на обемот и видот на интеракцијата што ја имаат овие лица со високоризични координати. Нивните предвидувања на оваа

---

[206] Ibid.
[207] Meier, R. F. & Miethe, T. D. (1993). Understanding theories of criminal victimization. *Crime and Justice, 17,* стр. 459-499.
[208] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.
[209] Meier, R. F. & Miethe, T. D. (1993). Understanding theories of criminal victimization. *Crime and Justice, 17,* стр. 459-499.
[210] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.
[211] Hans von Hentig (1948). *The Criminal and his Victim*, New Haven: Yale University Press.

интеракција се повикуваат на концептот на начин на живот. Накратко, тие тврдат дека варијациите во начинот на живеење, односно карактеристичниот начин на кој старите лица го распределуваат своето време во однос на обврските и активностите за одмор, различно се поврзани со веројатностите да бидат на одредени места, во одредени временски интервали и да дојдат во контакт со потенцијални сторители. Меѓу другото, криминалната виктимизација не е случајно распределена низ времето и просторот, а сторителите не се репрезентативни за општата популација, што укажува на тоа дека разликите во животниот стил на старите лица се поврзани со разликите во изложеноста на ситуации кои придонесуваат кон високот ризик од виктимизација.[212]

Решавачкиот фактор што влијае на одредена детерминанта за појава на криминална виктимизација кај стари лица, пред се претставува резултат на: биолошки фактори (ранливост поради возраста); психолошки фактори (пречките во согледување и восприемање на широкиот спектар на стимули како што е потреба од насилен одговор); финансиски фактори (очигледно богатство), како и ситуациони фактори.

Оттука, теоријата на животен стил и теоријата на рутински активности претставуваат одредени механизми со кој статичните или менливи социјални структурни ангажмани, придонесуваат на варијациите во стапките на криминал преку промени во износот и видот на изложеност на криминал кај старите лица или предмети. Студија направена од страна на Коен и Фелсон, укажала на дисперзија во однос на активностите кои се извршуваат надвор од семејството и домаќинството, кои придонесуваат за изложеност на криминал врз овие лица.[213] Од друга страна, веројатната изложеност на криминалитетот може да се предвиди врз основа на рутински активности на старите лица, кои во голема мера се одредени од општествената структура и од очекувањата во однос на улогите во општеството.

Освен теоријата на животен стил и теоријата на рутински активности, во рамките на виктимолошката литература, преку теоријата на можност се посочуваат одредени параметри кои го објаснуваат ризикот од криминална виктимизација на

[212] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.
[213] Cohen, L. E. & Felson, M. (1979). Social change and crime rate trends: A routine activities approach. *American Sociological Review. 44(4).*

старите лица.[214] Теоријата на можност вклучува елементи од овие две теории, притоа ризикот од криминална виктимизацијата во голема мера зависи од начинот на живот и рутински активности, кога доаѓаат во директен контакт со потенцијални сторители во отсуство на способни старатели.

Групацијата направена од страна на Фатах вклучува различни компоненети како можни детерминанти во објаснувањето на диференцијални ризици на виктимизација:[215]

1. *Можности* поврзани со карактеристиките и активностите на потенцијални цели;

2. *Фактори на ризик* како резултат на социо-демографски карактеристики вклучувајќи возраст, пол, место на живеење или отсуство на старателство;

3. *Мотивирани престапници* се концентрираат на критериумите според кои престапниците ги избираат своите жртви;

4. *Изложеноста* на потенцијалните престапници и ризичните ситуации го зголемува ризикот од криминална виктимизација;

5. *Опасни времиња и опасни места* се однесува на време кога ризиците се поизразени во доцните ноќни часови;

6. *Опасно однесување* претставува одредено однесување како на пример небрежност и негрижа зголемувајќи ги шансите од виктимизација или авантуристички однесувања. На пример, автостоп исто така може да ги стави старите лица во опасни ситуации;

7. *Дефанзивно однесување/избегнување* се однесува на ситуации кога старите лица поради страв од криминал се со поголема веројатност да останат во своите домови, притоа избегнувајќи го ризикот од виктимизација;

---

[214] Cohen, L. E., Kluegel, J. R., & Land, K. C. (1981). Social inequality and predatory criminal victimization: An exposition and test of a formal theory. *Journal: American Sociological Review Volume:46 Issue:5*

[215] Ezzat A. Fattah. VICTIMOLOGY TODAY RECENT THEORETICAL AND APPLIED DEVELOPMENTS. Достапно на: https://www.unafei.or.jp/publications/pdf/RS_No56/No56_09VE_Fattah2.pdf Пристапено на: 10.03.2019

8. *Структурно/културно опкружување* повеќе ги засега немоќни стари лица пред се поради зголемената веројатност од станување жртва на криминал.

Меѓу другото, групирањето на различни диференцијални ризици на виктимизација во одредени области и групи кои влијаат на криминална виктимизација кај стари лица, придонесува и за откривање на потенцијални опасности кои влијаат на феноменот на повторна виктимизација. Имено, диференцијалните ризици на виктимизација наоѓаат широка примена во концептите за апсолутна и веројатна изложеност. *Апсолутната изложеност* се состои од оние карактеристики на лица, предмети, време или простор кои се логични реквизити за појава на специфична форма на криминална виктимизација. Без апсолутна изложеност не може да се случи кривично дело. Предвидувањата базирани на концептот на апсолутна изложеност често се сметаат за тривијални, бидејќи тие се логички предикати на виктимизација.[216]

Постои мала разликата меѓу концептите на апсолутната и веројатната изложеност. Во повеќето дискусии за изложеност (или можност), изложеноста е интервентна варијабла помеѓу претходниците (на пример, начин на живот) на виктимизација и криминал. Во оваа насока, доколку се предвиди изложеноста значи дека може да се предвиди и виктимизацијата. Онаму каде што апсолутната изложеност е отсутна, не може да се определи врската помеѓу старите лица и криминалот. Оттука, ова претставува неопходен услов за виктимизација. Сепак, очигледно тоа не е доволна состојба. *Затоа, главна задача на теоријата е да го опише концептот на апсолутна изложеност. Еден начин да се направи ова е да се спецификуваат сторителите и нивното однесување за време на извршување на кривичното дело*.[217]

Предвидувањата за *веројатна* изложеност на криминална виктимизација се однесуваат на одредување на координатите во однос на *времето – простор - старото лице,* како почетна точка за одредување на виктимизацијата. Откако ќе се направи идентификација, задачата се однесува на *опишување на карактеристиките на старите лица и предметите кои најверојатно ќе ги пресечат тие координати*.[218] Дефинирањето на ваков тип координати наоѓа широка примена во официјалните мерки

[216] Gottfredson R. Michael (1981). *On the Etiology of Criminal Victimization*, 72 J. Crim. L. & Criminology 714.

[217] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

[218] Gottfredson R. Michael (1981). *On the Etiology of Criminal Victimization*, 72 J. Crim. L. & Criminology 714.

за криминал. Овие мерки во голема мера се доследни за САД  во однос на укажувањето на значителните разлики и насоки на извршени злосторства според одредување на: времето на извршување; местото на настанување; како и демографските карактеристики. Мерењето на овие карактеристики на криминалните инциденти се одредува на следниот начин: колку е поголема прецизноста во мерењето, толку е поголема прецизноста во предвидување на виктимизација. Од оваа перспектива, животниот стил на старото лице е клучен фактор што ги одредува ризиците од криминална виктимизација. Начинот на живеење дефиниран во овој контекст се однесува на „секојдневни, професионални и забавни активности“.[219] Оттука, можеме да констатираме дека веројатната изложеност на криминална виктимизација се поврзува со рутината и повторувањето на активностите или ситуации, каде што во голема мера се зголемуваат шансите за криминална виктимизација на старите лица во општеството.

Одредувањето на диференцијалните ризици на насилство се круцијални за разбирање на процесот на криминална виктимизација. Имено, одредувањето на ризиците претставува основен елемент за откривање на етиологијата на криминалната виктимизација на стари лица, бидејќи насилството многу често се извршува од страна на блиска и добро позната личност на старото лице и тоа: брачен другар, дете, партнер, роднина, пријател или сосед, волонтер, платен работник, лекар, адвокат или било кое друго лице со намера лишување на ранливите лица од нивните ресурси.[220] Без разлика кој го извршува насилството како еднократно или повторено дејство, останува фактот дека тој чин вклучува доверба, контрола или овластување над поединецот. Семејните односи, како и односите помеѓу соседите и пријателите се сметаат за односи на доверба.

Старите лица во улога на жртви ја одразуваат инфериорноста во однос на насилникот. Инфериорноста се јавува како последица од: намалена физичката способност; намалената виталност на самиот организам; забавени движења, рефлексите и општа намаленост на активностите; слаба концентрација и слично. Меѓу другото, физичката и душевната слабост ја зголемува потреба од грижа од страна на друго лице, притоа станувајќи лесен па дури и претпочитан плен на насилникот. Освен

---

[219] Robert F. Meier and Terance D. Miethe (1993). Understanding Theories of Criminal Victimization. Достапно на: https://pdfs.semanticscholar.org/f454/efe54a7a0ce9ab9f65a6a0c5184503eb7f0d.pdf Пристапено на: 20.02.2019

[220] Бидејќи насилството и злоупотребата врз старите лице многу често се извршува од страна на блиска личност на старото лице, затоа овој вид на криминалитет бележи висока темна бројка.

билошките и психолошките промени како дел од индивидуалните фактори поврзани со жртвата, исто така, за значајни причини поради кои овие лица стануваат жртви, лежат и во самото општество. Оттука, социјалните фактори ја апострофираат социјалната изолација односно начинот на живот на сами и осамени стари лица, од типот на: разведени, или, пак, вдовец/вдовица како значаен фактор на ризик во процесот на криминалната виктимизација кај старите лица.

### 3.2.2. Фактори на ризик кои влијаат на виктимизација кај стари лица

Концептот на ранливост е од суштинско значење за проучување на криминална виктимизација кај старите лица.[221] Оттука, комплексноста на проблемот со насилство и злоупотреба останува предизвик, бидејќи не постои една сеопфатна теоретска рамка која во целост ги опфаќа и објаснува причините и условите за појава на насилство.[222] Оттука, потребни се повеќе теоретски перспективи за целосно разбирање на комплексниот проблем во однос на насилството врз старите лица.[223] Имајќи предвид повеќето теории кои го анализираат насилство на стари лица: теорија на учење, теорија на зависност, психопатолошка теорија, теорија на стрес, теорија на семејни системи, теорија на социјална размена и еколошката теорија, ние во рамките на докторската дисертација ја прифаќаме и се задржуваме на *еколошката теорија* во однос на објаснувањето на факторите на ризик кои придонесуваат за криминална виктимизација на стари лица, пред се поради сеопфатниот приод во објаснување на комплексноста на самата појава.

Меѓу другото, еколошката теорија ги разгледува интеракциите меѓу: поединците, системот и начинот на нивната адаптација.[224] Според Шилдс, еколошката теорија е една од најразвиените теории за објаснување на насилство и злоупотребата на старите лица.[225] Пиерсон и Томас[226] и Тејтер[227] тврдат дека еколошката теорија се

---

[221] Fattah, E. A.; and Sacco, V.F. (2012). *Crime and Victimization of the Elderly,* New York: Springer-Verlag.
[222] Anetzberger, G. J. (2000). *Caregiving: Primary cause of elder abuse*. Generations, стр. 10.
[223] Penhale, B. (2010). Responding and intervening in elder abuse and neglect. *Ageing International, 35,* стр. 239-241.
[224] Miley, K.K., O'Melia, M. & Du Bois, B. (2004). *Generalist social work practice: an empowering approach.* New York: Pearson Allyn and Bacon, стр. 30.
[225] Shields, C. (2010). *Elder abuse and caregiver stress: an exploration of the relationship from the perspective of the marginalized elders and their caregivers.* Alberta: University of Calgary. (MA Dissertation), стр. 22-23.
[226] Pierson, J. & Thomas, M. (2010). *Dictionary of Social Work: the Definitive A to Z of Social Work and Social Care.* New York: McGraw Hill, стр. 190.
[227] Teater, B. (2010). *An introduction to applying social work theories and methods.* New York: McGraw Hill Open University Press, стр. 24.

фокусира на адаптивните и меѓусебните односи, интеракции и размени меѓу луѓето и нивната околина. Во контекст на злоупотреба на старите лица, еколошката теорија наоѓа широка примена во објаснувањето на односите и интеракциите во поширокиот општествен контекст.[228] [229] [230] Имено, во рамките на еколошката теорија, насилството и злоупотребата се разгледува низ призмата на четири системи и тоа: микро, мезо, егзо и макро систем.[231] Карактеристично за овие системи е тоа што формите во кои се јавува насилството може да се преклопуваат, бидејќи факторите на ризик пронајдени во еден систем, исто така, може да се појават и да најдат широка примена во друг систем.[232]

Кога се во прашање старите лица, при анализа на факторите на ризик на криминална виктимизација се извршува дистрибуирање на карактеристиките како што се: возраст, пол, раса, брачен статус, начин на живот и социоекономски статус во однос на насилство. Имено, индивидуалните карактеристики се каузално поврзани со ризикот од криминална виктимизација и злоупотреба. Индивидуалните карактеристики се рефлектираат во интеракциите со други лица во нивна непосредна и посредна средина, па оттука е неопходно вклучување на анализа на односот жртва-сторител. Во анализа на односот жртва - сторител потребно е да бидат вклучени минатите и сегашните интеракции како есенцијални во проучувањето на насилните настани. Меѓу другото, рефлексивноста на односите на старите лица во одредена општествена заедница произведува и доведува до диференцијални стапки на криминал.[233] [234] [235]

Ризикот од виктимизација кај старите лица пред сè е резултат на комплексни интеракции меѓу поединецот и други лица во своја посредна или непосредна

[228] Penhale, B. (2010). Responding and intervening in elder abuse and neglect. *Ageing International, 35,* стр. 239.
[229] Podnieks, E., Penhale, B., Goergen, T., Biggs, S. & Han, D. (2010). Elder mistreatment: an international narrative. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 22(1-2)*, стр. 161.
[230] Schiamberg, L.B., Barboza, G.G., Oehmke, J., Zhang, Z., Griffore, R.J., Robin, P., Weatherill, R.P., Von Heydrich, L. & Post, L.A. (2011). Elder abuse in nursing homes: an ecological perspective. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 23(2)*, стр. 195.
[231] Schiamberg, L.B. & Gans, D. (1999). An ecological framework for contextual risk factors in elder abuse by adult children. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 11(1),* стр. 93-94.
[232] Ibid; стр. 93-94.
[233] Byrne J. and Sampson R.J. (1986). Firearms ownership and violent crime. eds., *The Social Ecology of Crime*. New York: Springer-Verlag. стр. 156-188.
[234] Bursik, R.J., Jr. (1986). Delinquency rates as sources of ecological change. Pp. 63-76 in J. Byrne and R.J. Sampson, eds., *The Social Ecology of Crime*. New York: Springer-Verlag.
[235] Short, J.F., Jr. (1963). Introduction to the abridged edition. Pp. xv-liii in F. Thrasher, *The Gang: A Study of 1,313 Gangs in Chicago*. Chicago: University of Chicago Press, стр. 11.

околина.[236] [237] На пример, старите лица со деменција,[238] инвалидитет[239] [240] и хронични здравствени проблеми, резултираат во зголемена зависност од старателот/давателот на услуги.[241] Менталните болести на сторителите, високите нивоа на непријателство, злоупотребата на супстанции, психолошкото вознемирување и нивната зависност од жртвата за сместување, иили, пак, финасиска поддршка претставуваат силни фактори на ризик кои го предиспонираат ризикот на изложеност на криминалитет.[242] [243]

Меѓу другото, при анализа на факторите на ризик неопходно е да се анализираат и општествените компоненти од типот на: ниската социјална поддршка, осаменост, социјална изолација и недостаток на социјална инклузивност на старите лица во општеството, каде што интензивирањето на оваа појава е неизбежно.[244]

Општо земено, старите жени имаат поголема веројатност да станат жртви на сексуален криминалитет во однос на мажите.[245] Често меѓугенерацискиот пренос на насилното однесување е веродостоен фактор на ризик со оглед на поврзаноста помеѓу историјата на насилство во детството со злоупотреба на деца и други форми на агресивно однесување.[246] [247] [248] [249]

---

[236] Gordon, RM & Brill, D. (2001). The abuse and neglect of the elderly. *Int J Law Psychiatry; 24,* стр. 183–197.

[237] Wolf ME, Ly U, Hobart MA, et al. (2003). Barriers to seeking police help for intimate partner violence. *J Fam Violence. 18,* стр. 121–129.

[238] Dyer, C. B., & Goins, A. M. (2000). *The role of the interdisciplinary geriatric assessment in addressing self-neglect of the elderly.* Abuse and Neglect of Older People.

[239] Ansello EF, O'Neill P. (2010). Abuse, neglect, and exploitation: considerations in aging with lifelong disabilities. *Journal of Elder Abuse and Neglect.* doi: 10.1080/ 08946560903436395

[240] Laumann, EO; Leitsch, SA; Waite, LJ (2008). Elder mistreatment in the United States: Prevalence estimates from a nationally representative study. *The Journals of Gerontology Series B, Psychological Sciences and Social Sciences,* 63*(4),* S248–S254.

[241] Lowenstein A, Eisikovits Z, Winterstein T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21,* стр. 253–277.

[242] Jackson SL, Hafemeister TL. (2011). *Risk factors associated with elder abuse: the importance of differentiating by type of elder maltreatment*. Violence and Victims.

[243] Schiamberg, LB & Gans, D. (2000). Elder abuse by adult children: An applied ecological framework for understanding contextual risk factors and the intergenerational character of quality of life. *International Journal of Aging and Human Development.*

[244] Acierno R. Hernandez M. A. Amstadter A. B. Resnick H. S. Steve K. Muzzy W., & Kilpatrick D. G. (2010). Prevalence and correlates of emotional, physical, sexual, and financial abuse and potential neglect in the United States: The National Elder Mistreatment Study. *American Journal of Public Health, 100,* 292–297. doi:10.2105/AJPH.2009.163089

[245] Biggs, S (2009) et al. Mistreatment of the older people in the United Kingdom: findings from the first National Prevalence Study. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21,* стр. 1–14.

[246] Ibid.

[247] Jackson SL, Hafemeister TL. (2011). *Risk factors associated with elder abuse: the importance of differentiating by type of elder maltreatment*. Violence and Victims.

Во последно време се поизразени се злоупотребите во рамките на институциите и здравствените установи (*институционална злоупотреба*) која пред сè се должи на: несоодветна обука и надзор на вработените; несоодветен персонал за извршување на дневни активности и предрасуди; како и ставови кон стари лица.[250] Со оглед на условите во кои се јавува институционалната злоупотреба, не можеме со сигурност да тврдиме дека станува збор за појава која што се случува само во последно време, но со сигурност можеме да заклучиме дека зголемената заштита на човековите права и слободи како основни постулати на демократското општество, бележи свој придонес во истражувањата за криминална виктимизација на старите лица во рамките на институциите.

Карактеристично за старите лица е и тоа што често овие лица се виктимизирани и од непознати сторители. Во пракса постојат многу примери, кога врз старо лице било извршено кривично дело од непознат сторител. На пример, поединци кои влегуваат во куќата на старото лице со изговор да се јават на телефон или да добијат чаша вода, каде што крадат предмети или нудат услуги по далеку повисоки цени од вообичаените. Во овој случај старото лице може да биде и случајна, но и избрана жртва (потенцијалниот сторител ги набљудува, бара информации од други, за полесно да го изврши делото). Меѓу другото, криминалитетот на јавни места од типот на кражби на улици или пазар најчесто е извршен од страна на непознати лица.

Оттука, анализирани се фактори на ризик кои влијаат на виктимизација кај стари лица со посебен осврт на: индивидуални фактори на ризик кои се поврзани со жртвата, фактори на ризик кои се поврзани со сторителот, фактори на ризик кои потекнуваат од односот помеѓу сторителот и жртвата, како и социјални и социо-културни фактори на ризик.

#### 3.2.2.1. Индивидуални фактори на ризик, поврзани со жртвата

- ***Биолошките промени во староста***

---

[248] Lowenstein A, Eisikovits Z, Winterstein T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21*, стр. 253–277.
[249] Yan, ECW & Tang, CSK. (2003). Elder abuse by caregivers: a study of prevalence and risk factors in Hong Kong Chinese families. *Journal of Family Violence, 19,* стр. 269–277.
[250] Jogerst GJ, Daly JM, Hartz AJ. (2008). State policies and nursing home characteristics associated with rates of resident mistreatment. *Journal of the American Medical Directors Association.*

Геронтологијата преку своите класичните теории, причините за стареењето ги поврзува со различни фактори. Според едната, староста настанува поради истрошеноста на организмот, односно „долгиот век на користење“. Според друга теорија, староста претставува резултат од грешки во генетскиот програм, без оглед на разните мутации, или, пак, опаѓање на генетската контрола. Третата афирмира дека староста настанува пред се поради опаѓање на имунолошкиот систем.[251]

Интерната медицина ги проучува биолошките промени во староста кои се настанати под дејство на наследни и надворешни фактори. Тие промени се различни и многубројни и би можеле да се препознаат преку: надворешниот изглед; работа на внатрешните органи; функцијата на жлездите за внатрешно лачење; како и неадекватни или ослабени моторни функции.

Молекуларната биологија дава објаснувања во насока на должината на животот како генетски предодредена карактеристика, односно животот на повеќеклеточните организми трае додека дезоксирибонуклеинската киселина (ДНК) може да обезбеди функција и репродукција на соматските клетки. Од самиот зачеток на организмот, постојат можности за оштетувања на молекулите на ДНК. Согласно теоријата на молекуларната биологија, стареењето се повеќе се доведува во врска со губење на парехиматозните клетки во телесните системи и органи.[252]

Процесите на катаболизам преовладуваат над процесите на анаболизам, намалена е функцијата на имунолошкиот систем, а со тоа намалена е отпорноста на организмот на сите видови инфекции. Кожата и сврзното ткиво стануваат атрофични и ја губат својата заштитна функција, зглобовите имаат намалена покретливост, мускулите ја губат контрактилноста и се намалува нивната сила, коските декалцифицираат и доаѓа до остеопороза. Причините за ова се резултат на условите и промените во: животната средина или егзогени (хемиски, физички, радијациони мутагени фактори); ендогени (слободни радикали), како и однесувањето на животниот стил на поединецот.[253]

---

[251] Давидовић, М. (1993). *„Наследна основа старости и старења“*, Геронтологија бр.1, Београд.
[252] Southern Gerontological Society (2006). *Journal of Applied Gerontology,* ISSN: 1552-4523 (electronic) ISSN: 0733-4648 (paper), SAGE Publications.
[253] Age and Aging. *An international journal publishing refereed original articles on geriatric medicine and gerontology.* Oxford University Press. 6 issues / 12 months. ASIN: B00006LAGZ

Околу две третини од болестите во староста припаѓаат на: болести на кардиоваскуларниот систем, респираторниот, мускулно-коскениот систем и сврзното ткиво, хронични болести на дигестивниот систем, малигни заболувања, душевни пореметувања, како и болести на централниот нервен систем и хипофункција на скоро сите ендокрини жлезди. Болестите се долготрајни, прогресивни, следени со краткотрајна или долготрајна работна животна неспособност за обавување на секојдневните активности. Староста не е болест, но намалената виталност на организмот придонесува за зголемена подложност на болести, особено на хронични дегенеративни заболувања.

Меѓу другото, староста се карактеризира и со одредени физиолошки промени. До 60-тата година, висината се намалува по 1.5 мм во просек, а потоа овој процес добива на интензитет. Просечна висина кај жените се намалува за 5 см, додека, пак, кај мажите за околу 3 см. Драстични разлики се забележуваат и во косата, каде имаме проретчување, кожата е дефидрирана и со пегментирани пеги. Поради испаѓање на забите, носот се приближува до брадата. Горната усна се истенчува, а ушите се зголемуваат.[254]

Освен физиолошки, настануваат и одредени патолошки промени во однос на намалување на една или повеќе функции на внатрешните органи и тоа: срце, мозок, црниот дроб, сетилата за вкус, мирис, допир, вид и слух.[255] Поради ослабените рефлекси, старите лица се подложни на дехидратација предизвикана од мачнина, повраќање или дијареа.

Оттука, промените во функционалните особености и бавноста на одбрамбените реакции придонесуваат за појава на многу болести. Имено, биолошките промени значително влијаат на зголемениот ризик од виктимизација кај старите лица. Од друга страна, хроничноста на одредени болести го забрзува процесот на стареење, а длабока старост предизвикува патолошки промени во организмот. Меѓу другото, објаснувањето на биолошките промени во староста претставува основа на сите индивидуални фактори на ризик кои ги предиспонираат старите лица на криминал.

- ***Пол и виктимизација***

[254] De Beauvoir, S. (1987). *Age (Први том, Други том)*, БИГЗ, Београд.
[255] Ibid.

Постојат студии кои покажуваат дека жените се почесто жртви на криминал во однос на мажите.[256] [257] [258] Истражувањата за злоупотреба врз старите лица во семејството извршени во 10 земји откриле дека жените сочинуваат 60-75% од жртвите.[259] Во Шпанија 63% од жртвите биле жени, а преваленцата била поголема кај жените (0,9%), отколку кај мажите (0,7%).[260] Една студија за преваленца во Обединетото Кралство, доаѓа до сознание дека жените имаат поголеми шанси да пријават злоупотреба во однос на мажите (3,8% од жените наспроти 1,1% стари мажи).[261] Во студијата за преваленца спроведена во Ирска, жените (2,4%) во однос на мажите (1,9%) се со поголема веројатност да пријават искуства од физичка и финансиска злоупотреба во претходните 12 месеци.[262]

Студијата ABUEL доаѓа до сознание дека повеќе мажи отколку жени биле жртви на ментална, физичка и финансиска злоупотреба.[263] Во истата студија, повеќе жените во однос на мажите се пријавени како жртви на сексуална злоупотреба и физички повреди. Во студијата на Пилерман и Финкелхор, жените се соочуваат со најтешките случаи на физичка и емоционална злоупотреба.[264] Во случаи на убиство извршено од страна на некој член од семејството, жената почесто се јавува како жртва на нејзиниот машки партнер и стар маж лишен од живот од страна на своето дете.

Во Република Македонија, извештајот од спроведено теренско истражување за семејно насилство на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на

---

[256] Cooney, C. & Mortimer, A. (1995). Elder abuse and dementia: a pilot study. *International Journal of Social Psychiatry,* стр. 276–283.

[257] González, J.A. (2005) et al. Malos tratos al anciano [*Elder maltreatment*]. In: Sánchez T, ed. Maltrato de género, infantil y de ancianos [*Gender-based maltreatment and maltreatment of children and older people*]. Salamanca, Publicaciones Universidad Pontificia de Salamanca, стр.105–119.

[258] Wolf, R. (1997). Elder abuse and neglect: causes and consequences. *Journal of Geriatric Psychiatry, 30,* стр. 153–174.

[259] Iborra, I. (2006). Maltrato de personas mayors [*Elder maltreatment*]. Diario de Campo, Suppl, стр. 53– 60.

[260] Iborra, I. (2008). Maltrato de personas mayores en la familia en España [*Elder maltreatment within families in Spain]*. Valencia, Queen Sofia Center, (Serie Documentos No. 13).

[261] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report Пристапено на: 28.08.2019.

[262] Naughton C. Drennan J. Lyons I. Lafferty A. Treacy M. Phelan A., … Delaney L. (2010). *Abuse and neglect of older people in Ireland* (Report on the National Study of Elder Abuse and Neglect). Dublin: National Centre for the Protection of Older People.

[263] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.

[264] Pillemer, K. & Finkelhor, D. (1988). *The prevalence of elder abuse: A random sample survey.* Gerontologist.

жените-ЕСЕ, забележува големата распространетост на насилство врз жените во кругот на семејството. Во истражувањето биле опфатени 850 жени, од кои 35 биле на возраст од 60 до 64 години, додека, пак, 42 од испитаничките биле на возраст над 65 години. Податоците се однесуваат на сите возрасни категории, притоа најдоминантно било психичко насилство врз жената (61,5%), додека, пак, 23,9% од случаите се однесуваат на физичко насилство.[265]

Физичкото насилство претставува најекстремен пример на насилство што се врши врз жените, кое за разлика од психичкото и сексуалното насилство најчесто е видливо и забележливо од страна на другите лица. Физичкото семејно насилство, претставува *„употреба на физичка сила или закана, спрема брачниот или вонбрачниот партнер или спрема некој друг член на семејството”.*[266]

Според истражувањето Живот во сенка, спроведено на територијата на Република Македонија, физичкото насилство најчесто се изразува преку: удирање шлаканици (87,5%); закани за употреба на физичка сила (70,1%); зграпчување и туркање (63,9%). Сепак, овој вид насилство се карактеризира и со тешки облици на: клоцање, гризење и попарување.[267] Физичко насилство опфаќа и: гаѓање со различни видови предмети; кубење за коса; изгореници; давење; како и нанесување на физички повреди на различен начин од страна на некој член на семејството. Физичкото насилство, може да оди до обид за убиство или убиство. Според истражувањата во Република Македонија, на ниво на целата територија на државата секоја 4-та жена барем еднаш во животот била жртва на семејно насилство од ваков вид.

Според резултатите од Националното истражување *„Преваленца на злоупотребата на стари лица“*, 34,6% од лицата на возраст над 65 години искусиле некаков облик на насилство, злоупотреба или запуштање. Најчести сторители на насилството врз старите лица се: партнерот или сопругот, синот и снаата. Зависно од видот на насилството, доминантна позиција на сторител имаат: партнерот, синот или снаата. Во улога на сторител на психолошко насилство најчесто се јавува синот (29,55%), па потоа следи партнерот (25,51%) и снаата (22,62%). Физичкото насилство најчесто е извршено од партнерот (30,91%), снаата (23,64%) и синот (20.00%).

[265] Извештај од спроведено теренско истражување за семејно насилство, 2000.
[266] Истражување семејно насилство, 2000.
[267] Истражување - Живот во сенка, 2006.

Сторител на финансиско насилство кај 47% од случаите се јавува синот, но и партнерот во 10% од случаи, во однос на овој вид на насилство. Доминантен сторител на сексуално насилство е партнерот или лице кое жртвата го познава. Старите жени се многу почесто жртви на сите видови на насилство. Полот претставува релевантен фактор на ризик за насилство врз стари лица.[268]

➢ ***Возраст на жртвите***

Ризикот од виктимизација се зголемува право пропорционално со возраста. Во една студија во Шпанија преваленцата на виктимизација се зголемила од 0,6% кај лицата на возраст од 65-74 години, достигнувајќи 1,1% кај стари лица на возраст од 74 години. Преваленцата на виктимизација се зголемува со возраста, особено од 75 години па нагоре.[269] [270] [271] Преваленцата на виктимизација во Ирска кај лица постари од 70 години, била двапати поголема отколку кај лицата на возраст од 65-69 години.[272]

Возраста претставува релевантен фактор на ризик и кај различните видови злоупотреба. Во Израел преваленцата на физичка злоупотреба се појавила меѓу најстарите жени.[273] Во однос на ментална злоупотреба, студијата ABUEL покажала дека стари лица на возраст од 75-84 години имале помал ризик од криминална виктимизација во однос на старите лица на возраст од 65-74 години.[274] Според една студија од Обединетото Кралство, занемарувањето било поприсутно кај жените

---

[268] Националното истражување, *„Преваленца на злоупотребата на стари лица“*, Институт за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје со поддршка на Светската здравствена организација, Скопје, 2011, цит. во Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, стр.17-19

[269] Iborra, I. (2008). Maltrato de personas mayores en la familia en España [*Elder maltreatment within families in Spain]*. Valencia, Queen Sofía Center, (Serie Documentos No. 13).

[270] Hidden voices: *older people's experience of abuse* (2005). *Streatham, Action on Elder Abuse and Help the Aged.*

[271] NCEA (1998). National elder abuse incidence study. *National Centre on Elder Abuse.* Достапно на: http://www.elderabusecenter.org/pdf/publication/FinalStatistics

[272] Naughton C. Drennan J. Lyons I. Lafferty A. Treacy M. Phelan A., … Delaney L. (2010). *Abuse and neglect of older people in Ireland* (Report on the National Study of Elder Abuse and Neglect). Dublin: National Centre for the Protection of Older People.

[273] Lowenstein A, Eisikovits Z, Winterstein T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21, стр.* 253–277.

[274] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.

постари од 85 години.[275] Ризикот од финансиска злоупотреба исто така се зголемувал со возраста, а податоците укажале на фактот овој вид на злоупотреба е покарактеристичен за мажи постари од 80 години.[276]

Можеме да резимираме дека возраста кај старите лица придонесува за потчинета и инфериорна позиција во однос на сторителот на кривичното дело. Одреден степен на физичка ранливост се смета за неопходна компонента на дефиницијата за насилство врз овие лица. Потчинетоста ја намалува способноста за одбрана, или, пак, избегнување на конфротирачка ситуацијата. Оттука, возраста претставува предиспонирачки фактор за насилство кај овие лица.

- ***Зависноста и инвалидитетот на жртвата***

Врз база на различни истражувања согледуваме дека колку што е поголема зависноста на старото лице од помошта на некое друго лице, толку се зголемуваат и шансите на злоупотреба. Вакви истражувања биле направени во: Шпанија, Кина, Ирска и Обединето Кралство. Во Шпанија, одредени студии за злоупотреба укажале дека зголемената зависност кај старите лица придонела за виктимизација (2,9%) во споредба со лица кои биле помалку зависни (0,7%). Едно истражување спроведено во Ирска дошло до сознание дека инвалидитетот и влошена здравствената состојба, го зголемува ризикот од виктимизација.[277] Истражувањата за насилство кај старата популација, спроведени во Обединетото Кралство, констатирале дека долгорочните болести придонесуваат за финансиската злоупотреба и занемарување кај овие лица.[278]

Steinmetz нагласува шест категории на зависност: зависност за извршување на обврски во домаќинството, лична грижа, финансиска зависност, зависност од

---

[275] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report Пристапено на: 28.08.2019.

[276] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.

[277] Naughton C. Drennan J. Lyons I. Lafferty A. Treacy M. Phelan A., … Delaney L. (2010). *Abuse and neglect of older people in Ireland* (Report on the National Study of Elder Abuse and Neglect). Dublin: National Centre for the Protection of Older People.

[278] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report Пристапено на: 28.08.2019.

мобилност, социјална или емоционална зависност и зависност на лица со нарушено ментално здравје.[279] Изнемоштеноста кај старите лица доведува до тешка подвижност и тоа имено предизвикува стрес за лицата кои што се грижат за нив. Како резултат на овој стрес, старателите стануваат навредливи или невнимателни кон овие лица.

Имено, зависноста го прави старото лице поранливо во однос на насилство и злоупотреба. Од една страна, тоа е неспособно да се грижи само за себе па затоа и има потреба од грижата на друго лице. Меѓу другото, состојба на ранливост може да резултира и со домино ефект. Наместо да ја добива потребната помош и грижа од друго лице, зависното старо лице може да биде контролирано и манипулирано од страна на насилникот. Заклучокот е во насока на тоа дека во процесот на стареење се зголемува потреба од грижа и помош од страна на други лица. Според овој фактор на ризик за виктимизација, зголемената зависност и стресот што произлегува од овие ситуации се јавуваат како причини за насилство врз старите лица.

- ***Когнитивна состојба на жртвите: деменција***

Хроничен мозочен синдром или деменција е состојба која се јавува како резултат на дифузно, трајно оштетување на функцијата и структурата на мозокот. Деменција е синдром предизвикан од заболување на мозокот, обично од хронична или прогресивна природа, вклучувајќи го: паметењето, мислењето, ориентацијата, сфаќањето, сметањето, способноста за учење, јазик и расудување. Карактеристично е тоа што свеста е зачувана, освен во екстремни и многу напреднати случаи.[280] Постојат повеќе од 100 различни типови на деменција. Деменцијата може да се случи кај секого, но е најчеста кај лица на возраст над 65 години.

Лица кои боледуваат од деменција се поподложни на насилство. Ова всушност се должи на самите промени во подоцнежните стадиуми на болеста, каде што овие промени  доведуваат до состојба на дезориентираност во времето и просторот (на пример: не знаат кој ден од неделата, ден од месецот или дури која година е), во

---

[279] LaRossa R, Reitzes DC. (1993). *Symbolic interactionism and family studies*. In: Boss PG, Doherty WJ, LaRossa R, Schumm WR, Steinmetz SK, eds. Sourcebook of Family Theories and Methods: A Contextual Approach. New York: Plenum Press, стр. 135–163.

[280] Батиќ, Д., Крстевска, Р. (2016). *Психопатологија.* Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 95.

местото (не знаат каде се наоѓаат) и кај личноста (не знаат ништо за себе или луѓето околу нив).

Долго се верувало дека деменцијата е неповратна болест што се потврило се многу практични примери, сепак, состојбата кај некои болни може многу да се подобри во случај на откривање на етиолошкиот фактор, како и применување на соодветна ефикасна терапија.[281] Со оглед на ова, многу е тешко да одредиме дали деменцијата сама по себе претставува фактор на ризик за виктимизација кај старите лица, или, пак, се должи на попреченото однесување кое произлегува од оваа болест.

Конфузната состојба на старите лица со деменција може да биде искористена од страна на сторителите, бидејќи постои помала веројатност за пријавување на случаи на насилство од страна на болното лице. Непријавувањето пред се е последица од стадиумот на деменција на старото лице. Истражувањата на група автори покажуваат дека когнитивните нарушувања се поврзани со зголемен ризик од насилство и злоупотреба на стари лица.[282] [283] [284] На пример, Џексон и Хафеместер утврдиле дека старите лица во состојба на збунетост и/или деменцијата имаат поголем ризик од станување жртва на занемарување во однос на стари лица без конфузија или деменција. Од друга страна, стари лица кои не пројавуваат знаци на конфузија и/или деменција се со поголема веројатност да бидат жртви на финансиска и физичка злоупотреба.[285]

Стапките на преваленца за злоупотреба и занемарување кај луѓе со деменција се разликуваат од студијата до студија, во опсег од 27,5% до 55%.[286] Студија од 2010 година, покажала дека 47% од учесниците со деменција биле малтретирани од давателите на грижа. Од нив 88,5% доживеале психичка злоупотреба, 19,7% биле

---

[281] Ibid, стр. 96.
[282] Choi, N. G., Kulick, D. B., & Mayer, J. (1999). Financial exploitation of elders: Analysis of risk factors based on county adult protective services data. *Journal of Gerontological Social Work.*
[283] Godkin, M. A., Wolf, R. S., & Pillemer, K. A. (1989). *A case-comparison analysis of elder abuse and neglect,* US: National Library of Medicine, National Institutes of Health.
[284] Lachs, M. S., Williams, C., O'Brien, S., Hurst, L., & Horwitz, R. (1997). Risk factors for reported elder abuse and neglect: A nine-year observational cohort study. *The Gerontologist. 37:*469–474. doi: 10.1093/geront/37.4.469
[285] Jackson, SL. & Hafemeister, TL. (2011). *Risk factors associated with elder abuse: the importance of differentiating by type of elder maltreatment*. Violence and Victims.
[286] Tronetti, P. (2014). Evaluating abuse in the patient with dementia. *Clinics in Geriatric Medicine 30*(4), 825–38. doi: 10.1016/j.

жртви на физичка злоупотреба, додека, пак, 29,5% доживеале занемарување.[287] Согласно податоците од студијата спроведена во 2009 година, околу 50% од луѓето со деменција претрпеле некаква форма на злоупотреба.[288] Студија од 2009 година, направена на територијата на Велика Британија открила дека 52% од давателите на услуги пријавиле некакво навредливо однесување од страна на членовите на семејството кон стари лица со деменција.[289]

Со зголемување на возраста се зголемува инциденцијата и преваленцијата на деменциите. Се смета дека Алцхајмеровата деменција, односно Алцхајмеровата болест претставува прогресивно, примарно, невродегенеративно нарушување со когнитивни, бихејвиорални и функционални абнормалности со карактеристични невропатолошки и неврохемиски карактеристики.[290]

- ***Психолошките состојби на старите лица***

Со самото биолошко стареење на личноста, настануваат и одредени психолошки промени. Во литературата, психичката состојба на старите лица се карактеризира со следните промени: *емоционалните состојби на старите лица се комплицирани, тагата се меша со досадата, чувство на бескорисност, самотија, страв од промени, преценување на сопствената сила, зголемување на комформистички однос во процесот на прилагодување во однос на побарувања на околината и друго*.[291]

Сепак, многу аспекти на личноста остануваат стабилни во текот на животот. Задоволството од животот, моралните норми и сопствената перцепција за себе остануваат непроменети, а самоприфаќањето добива на интензитет. Од друга страна, состојбата во која се наоѓаат старите лица доведува до промена во стилот на живеење и притоа се менува самиот фокус на живот кај овие лица. Од фокус кон надворешниот свет, тие се преокупираат со внатрешниот, сопствен свет. Од една страна, доаѓа до

[287] Wiglesworth, A., Mosqueda, L., Mulnard, R., Liao, S., Gibbs, L., & Fitzgerald, W. (2010). Screening for abuse and neglect of people with dementia. *Journal of the American Geriatrics Society, 58*(3), 493–500. doi: 10.1111/j.1532-5415.2010.02737.x
[288] Cooper, C., Selwood, A., Blanchard, M., Walker, Z., Blizard, R., & Livingston, G. (2009). Abuse of people with dementia by family carers: representative cross sectional survey. *British Medical Journal, 338,* b155.
[289] Selwood, A & Cooper, C. (2009). Abuse of people with dementia. *Reviews in Clinical Gerontology, 19*, стр. 35–43. doi: 10.1017/S095925980999013X
[290] Батиќ, Д., Крстевска, Р. (2016). *Психопатологија.* Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 100.
[291] Дрча, Ј., (2000). *Психологија и старост.* Социјална мисао, Београд.

опаѓање на емоционалните врски со блиските луѓе и намалување на способноста за интеграција, додека, пак, од друга страна се дава поголема важност на задоволување на своите потреби.  Во ситуации кога треба да се соочат со потешкотии, старите лица често реагираат со: одбивање, лутина, претерани побарувања за да предизвикаат внимание, а понекогаш се јавуваат и хистерични симптоми. Во некои случаи, оствареното лице може да се повлече во свет на невроза[292], фантазија, дури и психоза, во кој се чувствува задоволно со размислувањата за минатото кога било привлечно или успешно во работата.

Етиологијата на суицидно однесување на лицата над 65-на возраст става акцент на: чувство на осаменост, лоши релации со децата, општествена аномија (лоша материјална состојба и пад на стандардот до егзистенцијалниот минимум), смрт на близок член од семејството, депресија и деменција. *За илустрација, статистичките податоци на САД во 1997 година, покажуваат дека стапката на суицидите на лица стари над 65 години е 16,8, а вкупната смртност е 0,3. За млади, од 15 до 24 години, стапката е 11,4, а вкупната смртност изнесува 13,3. Во 1997 година, обид за суицид имале вкупно 765.000 лица*. Виктимологот Шепаровиќ потенцира дека со текот на годините, се зголемува бројот на самоубиства, како резултат на: *општествената изолација, слабеење на семејните врски и престанок на секакви работни активности.*[293]

Депресијата кај старите лица се јавува како последица од намалување на менталната и физичката сила. Чувството на слабост и страв од смрт, претставуваат главни причинители за појава на депресија кај старите лица. Меѓу другото, губење на брачниот другар или близок, осаменост, разочарување, чувство на напуштање, страв за членовите на семејството, недостаток на емоционална поддршка од страна на семејството, губење на автономијата, чувство на бескорисност, придонесуваат за појава на депресија кај старите лица.

Во голема мера и хронични болести (ментални нарушувања, дијабетес), неконтролирана хипертензија, парализа, мозочен удар, фрактури на екстремитетите,

[292] Во поновите класификации неврозите се поделени во неколку нови, појасни дијагностички категории: анксиозни нарушувања, соматоморфни нарушувања и дисоцијални нарушувања. Преземено од: Батиќ, Д., Крстевска, Р. (2016). *Психопатологија.* Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 61.
[293] Šeparović, Z. (1985). Viktimologija – Studije o žrtvama. Zagreb.

неподвижност, нутритивен недостаток, неисхранетост, дехидрација, долготрајна терапија со лекови и несакани ефекти од лекот, како и психосоцијални фактори (на пример губење на надеж, загуба во кариерата) претставуваат дополнителни потенцијални причини за депресија кај старите лица. Со други зборови, развојот на депресијата е под влијание на голем број медицински, психолошки и социјални фактори, од типот на: *физичка болест, пензионирање, размислување за живот, справување со смрт и други.*[294]

Освен депресијата, други психотичните растројства од типот на шизофренија или делузивно растројство, може да започнат веќе во млада возраст. Ако шизофренијата започне во средна или стара возраст, се користи терминот *„психоза слична на шизофренија со доцен (или многу доцен) почеток".*[295] Психотичните симптоми може да се појават во врска со бројни органски и психијатриски состојби: депресија, манија и делириум; метаболни и еднокринолошки болести; невролошки болести: деменција, инфекции на централен нервен систем, како и медикаменти, труења и предозирања со лекови.

Карактеристично за шизофренијата е тоа што симптомите често се долготрајни. Делузиите се бизарни и разновидни, додека, пак, халуцинациите најчесто се аудитивни. Шизофреното растројство на мисловниот процес кај старото лице е пропратено со осиромашен емоционален живот. Важно е да се потенцира дека претерана и севкупна недоверба и сомневање во мотивите на другите луѓе се суштински за делузивното растројство кај старите лица. Сомневањето може да биде ограничено или сеопфатно.

Меѓу другото, во состојба на делузивно растројство мислите се искривени, додека, пак, старото лице е убедено во точноста на своите верувања. Делузија претставува заблуда со вкоренето верување кое се одржува и покрај објективните докази за спротивното.[296] Делузивните идеи се константни и за разлика од шизофренијата, јасни и структурирани. Пациентот се адаптира на неговата делузија, но неговата личност останува непроменета. Пациентите често премногу се осетливи и

[294] Gruber E. (2006). *Prihvatimo različitosti, odbacimo predrasude - živjeti s duševnom bolešću*. Popovača: Udruga Sretna obitelj.
[295] Pirkko Hiltunen and Tuula Saarela (2011). ПСИХОЗА КАЈ СТАРИ ЛИЦА. МЗД Упатство. Достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/08/Psihoza-kaj-stari-lica.pdf пристапено на 27.01.2018
[296] Bell, V., Halligan, P. & Ellis, H. (2003). Beliefs About Delusions. *The Psychologist Vol 16 No 8*, стр. 418-423.

внимателни, што може да доведе до општествена изолација. Честопати е дел од психоза и параноидна идеја и основните видови се заблуди на величина и прогон.

Во состојба на психотичната депресија старото лице често има нереални конструкции на мисли, чувства на вина и делузии поврзани со телесните функции. Кај маничната психоза расположението на лицето е зголемено или иритабилно. Однесувањето е неконтролирано и хиперактивно. Симптомите индуцирани од деменцијата најчесто вклучуваат делузии на кражби и визуелни халуцинации. Се појавуваат делузии на љубомора, а чести се и погрешните идентификации. Психотичните симптоми често се транзиторни.[297]

Во состојба на психотично растројство од типот на шизофренија или психотична депресија, старото лице нема допир со реалност и како резултат настанува тотална конфузија и непрецизност помеѓу реалност и имагинарниот свет. [298] Неконтролирано однесување пропратено со халуцинации и измешани чувства, како и нереален поглед кон светот го зголемува ризикот од виктимизација кај старите лица. Исклучениот контакт со реалниот свет во секој случај ја намалува можноста за препознавање на состојбата на виктимизираност. Меѓу другото, се намалува и можноста за докажување на насилство, а особено докажување на психичко насилство би било многу тешко па дури и невозможно.

### 3.2.2.2. Фактори на ризик поврзани со сторителот

➢ ***Темперамент и емоционални особини***

Темпераментот на сторителот изразен преку психомоторни реакции, говор и постапки при изразување на емоциите, укажува на значајни параметри во истражувањата на етиологијата за криминално поведение на некое лице. Во оваа насока, Хипократ преку одредување на доминантните психички особини ги класифицира сторителите во четири основни типови:[299]

---

[297] Упатство за практикување на медицина заснована на докази при третман на психоза кај стари лица.

[298] Министерство за Здравство на Република Македонија. УПАТСТВА ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ. ПСИХИЈАТРИЈА. Достапно на: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Psihijatrija.pdf пристапено на 08.02.2019

[299] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 834.

- *Колерикот* е тип кој лесно се лути и е карактеристичен по следните особини: песимистички расположен со пакосен, зависен и твдоглав темперамент води динамичен емотивен живот со изразени афектни промени во расположение.
- *Сангвиникот* е преоптимистички тип. Својствено за овој тип е тоа што поседува слични особини како колерикот, но интензитетот на тие особини не е толку екстремен. Непостоење на решителност овозможува овој тип лесно да потпаѓа под туѓо влијание.
- *Меланхоликот* е преспор или слаб тип кај кој преовладува тага и загриженост. Симптоматично песимистичко расположение е карактеристично за овој тип.
- *Флегматикот* е мирен тип кој поседува слаби чувства кои тешко испливуваат на површина, односно се воочливи. Најчесто е апатичен, рамнодушен, одмерен, сталожен и промислен што всушност го прави отпорен во извршување кривични дела.

- ***Карактер***

*Карактерот* како збир од суштествени, морално-психички и интелектуални особини на поединецот во корелација со социјалните и моралните норми и сфаќања во општествената интеракција, се јавува како детерминирачко својство во однос на определени криминални дејанија кај една личност. Карактерните особини можат да бидат позитивни – добри или негативни – лоши. Доколку една личност поседува добри карактерните особини значи дека истата е склона кон чесно, слободно, самоуверено, конформистичко, алтруистичко, трудољубиво однесување кон себе си и кон околината. Следствено на ова, личност со негативни карактерни особини се однесува нечесно, колебливо, егоистично, мрзливо. Оттука, *„некои негативните карактерни особини како субјективни, лични, ендогени фактори кај една личност и нивниот стек со други негативни особини од структурата на личноста, можат лесно да остварат определено каузално влијание кај одредени кривични дела“.*[300]

- ***Ментални проблеми***

Менталните проблеми претставуваат уште еден фактор на ризик кој што влијае на насилство на старите лица. Истражувањата на Ибора, Ловенштајн, Хомер, Пилемер и други укажале на тоа дека сторителите кои извршуваат насилство боледуваат од

[300] Ibid, стр. 213.

депресија како менталното растројство.[301] [302] [303] [304] [305] [306] [307] Сторителите имале некаков тип на ментално растројство, а најчесто станува збор за афективни нарушувања особено депресија и психотични нарушувања, главно шизофренија. Оттука, проблемите со менталното здравје можат да ја намалат способноста на поединецот/сторителот да се справи со фрустрациите со кои се соочува кога е во интеракција со старото лице, а воедно има и одговорност за грижа и внимание за тоа лице.

➢ ***Употреба на психоактивни супстанции и алкохол***

Освен личните проблеми на сторителот, како значајни фактори на ризик се сметаат и употреба на психоактивни супстанции и зависноста од алкохол.[308] [309] [310] [311] [312] Ваквите фактори најчесто се поврзани со ситуации во однос на континуирани тешки злоупотреби, а посебно во случаи на физичко малтретирање. Освен физичко малтретирање во случај на користење на психоактивни супстанци, сторителите често крадат лекови од старите лица, притоа овие лица доживуваат повеќе болка или непријатност како резултат на недоволна потребна терапија.

➢ ***Стрес кај старателите***

---

[301] Iborra, I. (2008). Maltrato de personas mayores en la familia en España [*Elder maltreatment within families in Spain]*. Valencia, Queen Sofía Center, (Serie Documentos No. 13).

[302] Lowenstein A, Eisikovits Z, Winterstein T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21,* стр. 253–277.

[303] Homer, AC. & Gilleard, C. (1990). Abuse of elderly people by their carers. *British Medical Journal, 301,* стр. 1359–1362.

[304] Pillemer K. (2005). Factores de riesgo del maltrato de mayores [*Risk factors in elder maltreatment]*. In: Iborra I, ed. Violencia contra personas mayores [Violence against older people]. Barcelona, Ariel, стр. 69–85.

[305] Reichman W., Coyne A., (1993). The relationship between dementia and elder abuse. *American Journal of Psychiatry, 150*, стр. 643–646.

[306] Paveza, GJ (1992). et al. Severe family violence and Alzheimer's disease: prevalence and risk factors. *The Gerontologist, 32:*493–497. doi: 10.1093/geront/32.4.493

[307] Williamson, GM. & Shaffer, DR. (2001). Relationship quality and potentially harmful behaviors by spousal caregivers: how we were then, how we are now. *Psychology and Aging, 16,* стр. 217–226.

[308] Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.* New York: Columbia University Press.

[309] Homer, AC. & Gilleard, C. (1990). Abuse of elderly people by their carers. *British Medical Journal, 301:* стр.1359–1362.

[310] Anetzberger, G. J, Korbin, JE. & Austin, C. (1994). Alcoholism and elder abuse. *Journal of Interpersonal Violence, 9:* стр.184–193.

[311] Bristowe, E. & Collins, JB. (1989). Family mediated abuse of noninstitutionalized frail elderly men and women living in British Columbia. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 1,* стр. 45–64.

[312] Reay Campbell, II, A. M., & Browne, K. D. (2002). The effectiveness of psychological interventions with individuals who physically abuse or neglect their elderly dependents. *Journal of Interpersonal Violence, 17 (4),* стр. 416–431.

Старателите кои се преоптоварени со грижата околу старото лице можат во дадена ситуација да постапат на штетен или навредлив начин. Стресот може да потекнува од внатрешни, но и од надворешни извори. Внатрешните извори на стрес се препишуваат на: анксиозност, ниска самодоверба или болест.[313] [314] [315] Надворешни извори на стрес се однесуваат на: финансиски проблеми, невработеност, болест, развод и друго.[316] [317] Меѓу другото, не е исклучена можност за динамична интеракција меѓу внатрешни и надворешни извори на стрес.

Оттука, различни извори на стрес со кои се соочуваат старателите се однесуваат на: (1) физички, финансиски и емоционални проблеми, поврзани со грижата за хендикепирано старо лице; (2) ограничена и повремена или непостојана социјална помош со која располага старателот и (3) старателот кој го посветува па дури и на некој начин го жртвува своето слободно време за грижата околу старото лице. Стресот како фактор кај старателот обично е последица на влошената финансиска состојба. Со намера да ги реши сопствените финансиските проблеми, старателот прибегнува кон крадење на финансисии или предмети од старите лица.

Имајќи предвид можноста за динамична интеракција меѓу внатрешни и надворешни извори на стрес, забележуваме дека стресот не е секогаш централна причина за насилство врз старите лица, туку само еден фактор на ризик кој придонесува за многу посложена постапка која вклучува повеќе фактори на ризик.

- ***Недостаток на вештини кај сторителите***

Потребната грижа и внимание за старото лице се поизразени доколку старите лица имаат потешко оштетување и инвалидност. Оттука, оваа состојба укажува на потребата од: вештини за целокупниот процес на нега, посетување на обуки за да им се помогне на старите лица, како и соодветни ресурси за помош и адекватна поддршка на болни стари лица. Доколку обврската околу старо болно лице е препуштена на некој

[313] Fulmer, T., Street, S., & Carr, K. (1984). Abuse of the elderly: Screening and detection. *Journal of Emergency Nursing.*
[314] Harris, S. B. (1996). For better or worse: Spouse abuse grown old. *Journal of Elder Abuse & Neglect, 8(1).*
[315] Payne, B. K. (2011). *Crime & elder abuse: An integrated perspective* (3rd ed.). Springfield, IL: Charles C. Thomas Publisher, LTD
[316] Godkin, M. A., Wolf, R. S., & Pillemer, K. A. (1989). *A case-comparison analysis of elder abuse and neglect,* US: National Library of Medicine, National Institutes of Health.
[317] Harris, S. B. (1996). For better or worse: Spouse abuse grown old. *Journal of Elder Abuse & Neglect, 8(1).*

член од семејството, а притоа лицето која презема одговорноста за грижа на болното лице не е во состојба соодветно да одговори на овие предизвици, претставува значајна причина за стрес кај овие лица. Стресот како последица од недостаток на вештини, како и неможноста за исполнување на обрските, обично резултира со насилни дејанија и злоупотреби извршени врз болното лице.

Од друга страна, со недостаток на соодветни вештини за грижа на стари лица се соочуваа и персоналот во рамките на установи за стари лица. Некомпетентноста во преземање на соодветна одговорност за старите лица, има поголема веројатност да се случи кај даватели на услуги во јавните, отколку во приватните установи за стари лица. Ова пред сè, се должи на: висината на финансиските средства кои што се потребни за згрижување на старите лица, потребните работни квалификации, како и самите услови во кои што работи стручниот кадар во приватните установи.

### 3.2.2.3. Фактори на ризик кои потекнуваат од односот меѓу сторителот и жртвата

- ***Сродност на сторителот со жртвата***

Одредени емпириски сознанија укажуваат на тоа дека повеќето сторители биле или потомци, или, пак, партнери на жртвите.[318] [319] [320] Резултатите од анкетите се разликуваат во зависност од видот на злоупотребата. Во студијата ABUEL, партнерите најчесто биле пријавени како сторители на ментална злоупотреба (35%), физичка злоупотреба (34%) и повреди (45%), додека, пак, најчесто пријавени сторители биле извршителите на сексуалната злоупотреба (во 30% од случаите) кои биле пријатели, соседи и познаници на жртвите.[321] Одредени автори истакнуваат дека насилството од страна на интимниот партнер најверојатно ќе продолжи и во староста.[322] Партнерите (46%) или децата (40%) често вршат убиства на некој член од семејството.[323] Значаен

---

[318] Cooney, C. & Mortimer, A. (1995). Elder abuse and dementia: a pilot study. *International Journal of Social Psychiatry. p.* 276–283.

[319] González, J.A. (2005) et al. Malos tratos al anciano [*Elder maltreatment*]. In: Sánchez T, ed. Maltrato de género, infantil y de ancianos [*Gender-based maltreatment and maltreatment of children and older people*]. Salamanca, Publicaciones Universidad Pontificia de Salamanca, p.105–119 (Temas de psicología X).

[320] Pillemer, K. & Finkelhor, D. (1988). *The prevalence of elder abuse: A random sample survey.* Gerontologist.

[321] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.

[322] Muñoz J. (2004). Personas mayores y malos tratos [*Older people and maltreatment*]. Madrid, Ediciones Pirámide.

[323] Iborra, I. (2006). Maltrato de personas mayors [*Elder maltreatment*]. Diario de Campo, Suppl, стр. 53– 60.

фактор кој придонесува за злоупотреба се однесува на квалитетот на односот меѓу сторителот и жртвата.

- ***Трансгенерациски пренос на насилство***

Некои семејства се склони кон насилство, бидејќи насилството е научено однесување кое се пренесува од генерација на генерација. Во овој случај насилство е научена реакција, а потоа и единствена што луѓето ја применуваат како одговор на стресни ситуации. Оваа научена реакција, децата освен што ја применуваат како научена реакција како одговор на стрес, во некои случаи може да претставува и еден вид одмазда за сопствена виктимизација на децата во однос на родителите. Затоа овој фактор на ризик наметнува процес кој освен што претставува еден вид имитација, меѓу другото вклучува: одмазда, гнев, па дури и цела една кохерентна целина на негативни чувства кои сегашните сторители - децата ги носат во себе и паметат, од времето кога сегашни сторители - децата биле жртви на тогашните сторители - сегашни **стари лица**.

- ***Финансиска зависност на сторителот***

Во многу случаи сторителите се финансиски зависни од жртвата во однос на: сместување, одржување, транспорт и други трошоци. Финансиските тешкотии меѓу сторителите претставуваат главен фактор на ризик за виктимизирање на старите лица. Студиите кои биле спроведени од страна на Волф и Пилемер укажале на тоа дека насилниците биле значително повеќе зависни од жртвата за домување и финансиска помош.[324] Во анализите на случаите на истражувањето на Пилемер и Финкелор, со случаен примерок се појавиле речиси идентични резултати.[325]

- ***Зависност на сторителот***

Покрај зависноста од финансиите, Волф, Стругнел и Гопкин во своето истражување дошле до податок дека сторителите често може да бидат многу зависни од нивните жртви за емотивна и релациона поддршка.[326] Дополнително во истото

[324] Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.* New York: Columbia University Press.
[325] National Academy of Sciences (2003). Elder Mistreatment: Abuse, Neglect, and Exploitation in an Aging America. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK98788/ Пристапено на: 26.02.2019
[326] Wolf, R., Strugnell, C.P. & Godkin, M. (1982). Preliminary findings from three model projects on elder abuse. Worcester: Uneversity of Massachussetts Center on Aging, стр. 105.

истражување, во некои случаи евидентна била меѓусебната взаемната зависност меѓу жртвата и сторителот.[327]

- ***Заедничко сместување***

Живеењето на сторителот и жртвата под ист покрив, може да ја зголеми можноста за насилство. Различни студии покажуваат дека живот како самец/сама го намалува ризикот од насилство, додека, пак, живеењето со член на семејството ја зголемува можноста од станување жртва на насилство.[328] [329] [330] [331] Павеза објаснува дека ризикот од злоупотреба бил поголем кај лицата со Алцхајмерова болест кои живееле со членови на потесното семејство.[332] Додека ризикот од злоупотреба преку занемарување е минимизиран кога старите лица живеат сами, од друга страна ризикот од ментална и финансиска злоупотреба може да се зголеми.[333] Студиите на Нотон и Лавенстајн покажале дека домаќинствата со повеќе генерации се соочуваат со разни видови на злоупотреба.[334] [335]

- ***Агресија кон жртвите од страна на неговагелите***

Одредени студии за факторите на ризик покажуваат дека колку е поголема фреквенцијата на провокативно и агресивно однесување од страна на старото лице, толку е поголем ризикот од насилство и злоупотреба од страна на негувателот.[336]

---

[327] Ibid.
[328] Pillemer, K. & Finkelhor, D. (1988). *The prevalence of elder abuse: A random sample survey.* Gerontologist.
[329] Pillemer K, Suitor J. (1992). Violence and violent feelings: what causes them among family caregivers. *Journal of Gerontology, 47:*S165–S172. doi: 10.1093/geronj/47.4.S165
[330] Pillemer K. (2005). Factores de riesgo del maltrato de mayores [*Risk factors in elder maltreatment]*. In: Iborra I, ed. Violencia contra personas mayores [Violence against older people]. Barcelona, Ariel, стр. 69–85.
[331] Lachs, M. S., Williams, C., O'Brien, S., Hurst, L., & Horwitz, R. (1997). Risk factors for reported elder abuse and neglect: A nine-year observational cohort study. *The Gerontologist. 37:*469–474. doi: 10.1093/geront/37.4.469
[332] Paveza, GJ (1992). et al. Severe family violence and Alzheimer's disease: prevalence and risk factors. *The Gerontologist, 32:*493–497. doi: 10.1093/geront/32.4.493
[333] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report
[334] Naughton C. Drennan J. Lyons I. Lafferty A. Treacy M. Phelan A., … Delaney L. (2010). *Abuse and neglect of older people in Ireland* (Report on the National Study of Elder Abuse and Neglect). Dublin: National Centre for the Protection of Older People.
[335] Lowenstein, A., Eisikovits, Z. & Winterstein, T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21, стр.* 253–277.
[336] Comijs, H. C., Smit, J. H., Pot, A. M., Bouter, L. M., & Jonker, C. (1998). Risk indicators of elder mistreatment in the community. *Journal of Elder Abuse & Neglect, 9(4).*

Стресот како последица од односот, резултира со насилство како еден вид одговор на агресијата од страна на старите лица.[337] Аргесијата меѓу жртвите, како и проблемите во однесувањето претставуваат силни предиктори за насилство и злоупотреба кај овие лица.

➢ ***Економски и социјални фактори***

Економските и социјалните политики кои влијаат и одржуваат високи нивоа на економска и социјална нееднаквост во општествата може да бидат причина за тензиите што се јавуваат меѓу старите лица и сторителите. Ниските примања со кои располагаат старите лица придонесуваат за зголемување на финансиската зависност на овие лица од другите.

Повеќе студии ги испитувале социоекономските детерминанти како фактори на ризик за злоупотреба на стари лица. Едно истражување спроведено во Турција, покажало дека ризикот од злоупотреба се зголемил за повеќе од двапати ако нивото на образование било основно училиште или пониско, наспроти старите лица со средно или повисоко образование.[338] Една студија во Обединетото Кралство, укажала дека распространетоста на злоупотреба на стари лица е поголема кај луѓето кои се занимавале со рурални или полу-рурални занимања, во однос на оние кои биле мали работодавачи или самовработени.[339] Нивото на образование претставувало релевантен заштитен фактор на ризик во однос на вербална злоупотреба, според едно истражување спроведено во Израел.[340]

### 3.2.2.4. Социјални фактори на ризик

*Староста како трето животно доба претставува посебен социјален феномен кој го рефлектира начинот на кој што се дефинирани социјалните улоги, како и*

---

[337] O'Loughlin, A. & Duggan, J. (1998). *Abuse, neglect and mistreatment of older people: an exploratory study.* Dublin, National Council on Ageing and Older People, (Report No. 52).

[338] Kissal, A. & Beser, A. (2011). Elder abuse and neglect in a population offering care by a primary health care center in Izmir, Turkey. *Social Work in Health Care, 50, стр.* 158–175.

[339] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report

[340] Lowenstein, A., Eisikovits, Z. & Winterstein, T. (2009). Is elder abuse and neglect a social phenomenon? Data from the first national prevalence survey in Israel. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 21, стр.* 253–277.

*степенот на спремност за нивно прифаќање.*[341] Младеновиќ истакнува дека за успешно функционирање на семејствата во општеството, потребно е *„постоење на избалансиран однос меѓу старите и младите во општеството“.*[342]

Постојат низа фактори кои придонесуваат за промената на општествената позиција. Старите лица имаат потешкотии со прифаќањето на новите улоги во општеството поради: работни неактивности, пензионирање, комплицирани семејни односи, како и недостаток од општествена поддршка.

Значајни фактори кој придонесува за губење на моќта и влијанието на старите лица во општеството, меѓу другото претставуваат и процесите на индустријализација и модернизација. Имено, со модернизацијата на општествата статусот на старите лица губи од својот авторитет и тие се повеќе се соочуваат со социјално исклучување. Пред индустријализацијата, силните општествени норми ја обврзувале помладата генерација да се грижи за постарите. Самата индустријализација на општествата доведува до губење на значењето на концептот на проширеното семејство. Со понесигурното вработување и борбата за заработка луѓето се оддалечуваат од семејството за да работат, а самата работа бара повеќе време и енергија што би можеле да бидат потрошени за грижа за членовите на семејството. Општествата стануваат се повеќе индивидуалистички и се менуваат нормите во врска со грижата за старите лица. Во индивидуалистичко индустриско општество, грижата за старите лица се смета за доброволна обврска која може да се игнорира без страв од социјална цензура.[343]

Следен фактор во однос на виктимогените предиспозиции на старите лица во општеството се однесува на свесноста за возраста. Статификација на староста значи дека членовите на општеството може да бидат стратифицирани според возраста, исто како што е распределбата со раса, класа и пол. Вредноста на личноста (нивниот статус или престиж во општеството) се одредува според нивната возраст, како претходно пропишана карактеристика. Бидејќи возраста служи како основа за социјална контрола, различни старосни групи имаат различен пристап до социјалните ресурси, како што се политичката и економската моќ. Привилегиите, независноста и пристапот до

[341] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.
[342] Mladenović, M., (1998). Porodica između mladih i starih. Socijalna misao, Beograd, стр. 7-28.

[343] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.

социјалните ресурси на старите лица се намалуваат врз основа на нивната позиција во рамките на хиерархијата на категоријата возраст.

Социјалните промени кои се производ од урбанизација и модернизација на општеството, укажуваат на слаба вклученост на старите лица во социјалните структури, повеќе од само оттуѓувањето од формалната традиционална улога и статус. Меѓу другото, причините за ова Ерик Фром делумно ги препишува и на карактерните црти на старите лица. Тој посочува дека старите лица по природа се недружељубиви, мрзоволни, со индиферентен став за соработка и комуникација и најчесто не знаат што сакаат ниту од себе си, ниту другите. Сенилни, детинести, скржави, претставуваат типични традиционални атрибути за старите лица. Меѓутоа, ваквите атрибути не можат да се препишат на целосна старосна популација и уште побитно е дека ваквите карактерни особини не се карактеристични само за оваа возрасна категорија.[344]

Споменатите карактерни особини не спаѓаат во оние кои се стекнуваат со текот на годините. Истите се здобиваат со воспитување, а годините им даваат повеќе или помалку, екстремен облик. Ако е очигледно дека раната индивидуална генеза е многу важна за одредување во доцната персонална историја, нема дилема дека квалитетните особини во староста се создадени уште во младоста. Ваквата логика става акцент на следното дека многу индивидуални проблеми во староста, произлегуваат од нерешените проблеми во раните животни фази.

- ***Социјална изолација***

Освен возраста, хронични здравствени состојби и когнитивни дефицити кај старите лица, социјалната изолација може да претставува уште еден клучен фактор на ризик за насилство кај овие лица. Поради улогата во општеството, социјалната изолација претставува клучна димензија за социјалната несигурност и ранливоста што ги засега старите лица. Изолацијата преставува потенцијален фактор на ризик на сите форми на злоупотреба. Спротивно на тоа, високото ниво на социјална поддршка може да ги заштити, па дури и да ги превенира разните форми на злоупотреба. Поголемо

[344] Ерик Фром во своето дело „Човековото срце“, преку употребата на термините *некрофилија* и *биофилија*, односно љубов кон смртта и љубов кон животот, ги анализира карактерната структура и разлики во карактерот на луѓето. Fromm, E. (1979). *Imati ili biti.* Naprijed, Zagreb, стр. 57.

ниво на социјална поддршка може да ја намали депресијата во староста, како фактор на ризик за злоупотреба, особено кај припадничките на понежниот пол.[345]

Исто така, како позначајни социјални фактори на ризик кои доведуваат до социјална изолацијата на стари лица се: намалување на вредности на овие лица од страна на заедниците и државата, индустријализацијата и миграцијата на помладите членови на семејството, сиромаштија и невработеност, намалување на поврзаноста меѓу членовите во семејството, како и појава на меѓугенерациски конфликт.

Злоупотребата од било каков вид е помалку веројатна во семејствата кои негуваат силни социјални врски со општеството. Во домовите за нега, недостаток на членови на семејството и мал број на посетители се директно поврзани со злоупотреба.[346] Поголема е веројатноста старите лица кои имаат сиромашни социјални врски да имаат повисоки нивоа на социјална изолација.[347] [348]

Меѓу другото, социјалната изолација и редуцирани социјални врски не секогаш претставуваат фактор на ризик за виктимизација кај овие лица. Студијата која вклучила седум европски земји, покажала дека старото лице што е домаќин и сопственик на местото на живеење, најчесто е изложено на физичка и психичка злоупотреба.[349] Имено, токму тука ја согледуваме амбивалентноста на социјалната изолација во вид на заштитен фактор. Стари лица кои го делат местото на живеење се изложени на поголем ризик да бидат злоупотребени од страна на другите членови на семејството. Секојдневната интеракција во заедничките живеалишта меѓу членовите на семејството или домаќинството, ги зголемува можностите за меѓучовечки конфликти, кои секојдневно се интензивираат и придонесуваат за виктимизација.

Од друга страна, редуцираните социјални врски и контакти претставуваат заштитен фактор особено кај богати стари лица. Во овој случај, богатите стари лица не

---

[345] Beck, T. & Simon, MA. (2010). The associations of gender, depression and elder mistreatment in a community dwelling Chinese population: The modifying effect of social support. *Arch Gerontol Geriatr50:* стр. 202–208.

[346] Rubio R. (2005). Concepto, tipos, incidencia y factores de riesgo del maltrato institucional de personas mayores [*Concept, types, incidence and risk factors for institutional elder maltreatment*]. In: Iborra I, ed. Violencia contra personas mayores [*Violence against older people]*. Barcelona, Editorial Ariel, (Colección Estudios sobre Violencia, No. 11).

[347] Lachs, M. S., & Pillemer, K. (2004). *Elder abuse.* Lancet, 364 (9441), стр. 1263–1273.

[348] Phillips RL. (1983). Abuse and neglect of the frail elderly at home: an exploration of theoretical relationships. *Journal of Advanced Nursing,* 8, стр. 379–392.

[349] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.

откривајќи детали во однос на местото на живеење и начинот на живот на други лица во својата околина, го намалуваат ризикот од станување жртви од криминал.

- ***Недостаток од социјална поддршка***

Социјалната поддршка пред сè, се однесува на социјалните контакти кои ги воспоставуваат поединците во интеракција со други луѓе. Помош од семејството, пријателите, соседите и другите членови на заедницата го поедноставува предизвикот за справување и соочување со проблемите од секојдневниот живот, а особено во критични ситуации. Социјалната поддршка игра многу важна улога во животот на старите лица како и во справувањето со различните проблеми поврзани со стареењето.

Од друга страна, социјалната ранливост е концепт поврзан со ниската социјална поддршка и карактеристично е тоа што се зголемува со возраста. Голема социјална ранливост е поврзана со смртноста кај старите лица.[350] Карактеристично за стари лица со ниски финансиски примања се намалените социјални контакти и социјалната поддршка.[351] Недостаток на социјалната поддршка може да има сериозно влијание на ризикот од насилство врз старите лица. Редуцираните социјални контакти често доведуваат и до предвремена институционализација како еден вид заштита на старото лице.[352] Студијата на Кефи, покажала дека постарите жени кои биле разведени, одвоени, изолирани и осамени биле под зголемен ризик од финансиска злоупотреба во споредба со другите.[353]

Од друга страна, социјалната поддршка пред сè има позитивно влијание врз здравјето на старите лица, а особено се апострофира емотивната поддршка од страна на потомството во однос на повисок степен на благосостојба и намалени когнитивни нарушувања. Високите нивоа на социјална поддршка може да дејствуваат како

---

[350] Andrew, MK., Mitnitski, AB & Rockwood, K. (2008). *Social Vulnerability, Frailty and Mortality in Elderly People*. PLoS ONE.

[351] Weyers, S,; Dragano, N,; Möbus, S,; Beck, EM; Stang, A; et al. (2008). Low socio-economic position is associated with poor social networks and social support: results from the Heinz Nixdorf Recall Study. *Int J Equity Health.*

[352] По загубата на брачниот другар, а особено доколку старото лице, не е во добри односи со своите деца. Или, пак, доколку старото лице нема деца, а од друга страна не негува социјални контакти со роднини и пријатели, заштитата ја бара во институциите.

[353] O'Keeffe, M.; Hills, A.; Doyle, M.; McCreadie, M.; Scholes, C.; Constantine, R.; Tinker, A.; Manthorpe, J.; Biggs, S. & Erens, B. (2007). *UK Study of Abuse and Neglect of Older People Prevalence Survey Report.* Достапно на: https://www.researchgate.net/publication/242099186_UK_Study_of_Abuse_and_Neglect_of_Older_People_Prevalence_Survey_Report

заштитни фактори, но исто така помагаат и во ублажувањето на симптомите на депресија и анксиозност при злоупотреба.[354]

### 3.2.2.5. Социо-културни фактори на ризик

- ***Ејџизам***

Ејџизмот означува дискриминација на лица врз основа на возраста. Имено, ејџизмот се однесува на систематско стереотипизирање и дискриминација на стари лица. Дискиминација врз основа на возраст придонесува за непризнавање или ограничување на правата на старите лица.

Ејџизмот се манифестира со следните форми на однесување:

а) Однесување кое ги „дистанцира, игнорира и исклучува старите лица";

б) Дискриминација при волонтерско ангажирање на стари лица во општеството, доведува до негативна слика за старите лица во медиумите, како и злоупотреба на стари лица;

в) Негативно и деградирачко однесување кон старите лица.

Создавање на ставови и стереотипите за стари лица дека тие се непродуктивни, депресивни, негативни, укажуваат на еден нехуман третман кон старите лица од страна на општеството. Истражувањата покажуваат дека и помладите генерации и постарата генерација имаат негативни ставови во однос на староста. Една перцепција е дека старите лица со текот на годините ја губат моќта и контролата врз нивните животи и стануваат прогресивно кревки, слаби и зависни од други лица. Од насилнички аспект ваквата перцепција го олеснува патот кон понатамошната виктимизација без чувство на вина или каење, гледајќи на старото лице како на предмет за експлоатација.[355]

Старите лица како жртвите на насилство обично се изолирани и се соочуваат со чувството на: отуѓување, депресија и недостаток на социјална комплементарност што

---

[354] Soares, JFF, Barros, H. & Torres-Gonzales, F, . (2010). *Abuse and Health Among Elderly in Europe*. Kaunas, Lithuania: Lithuanian University of Health Sciences Press.
[355] Bytheway B. (1994). *Ageism*. Buckingham, Open University Press.

дури може да доведе и до целосно спречување на социјален контакт.[356] Ова е особено комплексен проблем, бидејќи тешките последиците од насилството и процесот на виктимизација, освен што се пренесуваат на другите членови на семејството може да се појават и кај следната генерација *(трансгенерациски).*

- ***Културни и социјални норми кои го поддржуваат насилството***

Културните и социјалните норми или ставови кои се толерантни или го одобруваат насилството, како начин за решавање на конфликтот имаат важна улога во одобрување на насилното однесување. Одредени култури ја потенцираат повисока вредност на мажите во однос на жените, или, пак, жените претставуваат сопственост на мажот. Имено, во вакви рамки освен што се одобрува насилството, истото претставува непишан закон во поведението за одржување на ваквите традиции. Во овој контекст, постарите жени се изложени на поголем ризик од насилство од страна на интимниот партнер. Од друга страна, масовните медиуми во ваквите општества преку промоција на манифестација и толеранција на насилството, придонесуваат за одобрување и нормализирање на оваа негативна појава.

❖

Анализата на факторите на ризик од криминал кај старите лица, овозможи да посочиме одредени заклучоци во однос на следните параметри. Имено, одредени физички промени пред сè се последица од влошувањето на функцијата на органите (на пример: видот на очите и слухот) и зголемените стапки на хронични болести (од типот на: артритис, дијабетес, коронарна срцева болест и друго). Биолошките промени во голема мера влијаат и на психичките промени што вкупно земено ќе остават далекусежни последици и на социјален план. Овој систем на билошки, психолошки и социјални виктимогените предиспозии претставува структура на единство на заемно сврзани компоненти, притоа одразувајќи се со различен интензитет на вулнерабилноста кај старите лица, укажувајќи на различен степен на изразеност или подложност од станување жртва. Виктимогените предиспозиции во својата суштина

[356] Milašin, A., Vranić, T. & Buljubašić Kuzmanović, V. (2009). Ispitivanje učestalosti verbalne agresije kod djece i mladeži. *Život i škola, 22(2),* 116-141.

посочуваат од каков облик на кривично дело, каде и на кој начин некое старо лице може да биде оштетено т.е виктимизирано.

# ГЛАВА IV

# СТАРИ ЛИЦА КАКО ЖРТВИ НА НАСИЛНИЧКИ И ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ

## 1. Инкриминации на насилничкиот и имотниот криминалитет во Кривичниот законик на Република Македонија

Насилнички криминалитет се карактеризира со употреба на сила и агресија од страна на сторителот на кривичното дело. Кај насилничкиот криминалитет доминира елементот на насилство насочен кон друго лице – **жртва**. Насилно кривично дело претставува кривично дело во кое сторителот применува сила или постои закана за употреба на сила врз жртвата. Елементот на насилство освен што преовладува кај овој вид на криминалитет, исто така има широка примена и при извршување на други кривични дела. Насилните злосторства се извршуваат со или без употреба на оружје. Во зависност од јурисдикцијата, насилните кривични дела варираат од убиство до вознемирување.

Сулејманов го зазема ставот дека кај традиционалниот насилнички криминалитет треба да се направи дистинкција во однос на крвни злосторства и останати кривични дела. Карактеристично за крвните злосторства е тоа што се остварува повреда на физичкиот интегритет на друго лице. Освен кривично дело убиство, во оваа група спаѓаат: кривично дело наведување и помагање при самоубиство,[357] тешки телесни повреди[358] и лесни телесни повреди.[359] Од друга страна, во групата на потешки кривични дела во кои е содржан елементот на насилство: силување,[360] разбојништво[361] и разбојничка кражба.[362]

[357] Кривичниот законик, „*Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, бр. 4/2002 година, бр. 43/2003, бр. 19/2004, бр. 81/2005, бр. 60/06, бр. 73/06, бр. 7/08, бр. 139/08, бр. 114/09, бр. 51/11, бр. 135/11, 185/11, бр. 142/12, бр. 166/12, бр. 55/13, бр. 82/13, бр. 14/14, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 115/14 и бр. 132/14,* чл. 128.
[358] Ibid, чл. 131.
[359] Ibid, чл. 130.
[360] Ibid, чл. 186.
[361] Ibid, чл. 237.
[362] Ibid, чл. 238.

Истиот автор истакнува дека во оваа група треба да се додадат и следните кривични дела: противправно лишување од слобода,[363] тортура,[364] спречување на службено лице во вршење на службено дејство[365] и насилство.[366] [367]

Обележја на насилничкиот криминалитет се: масовност, дрскост, организирана мрежа, професионалност, повратништво и други. Овие обележја всушност ја одредуваат квалификацијата на кривичните дела и се среќаваат и кај традиционалните, но и кај новите облици на насилнички криминалитет. Традиционалните облици на насилнички криминалитет се однесуваат на: кривично дело убиство со нанесување на тешки телесни повреди, кривично дело силување, како и специфични кривични дела кои имаат обележја на насилнички, но и на имотен криминалитет од типот на: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда.[368] Во нови видови на насилнички криминалитет спаѓаат: семејно насилство (запоставување, физичко и сексуално тормозење), како и злоупотреби врз деца.[369]

Оттука, најчесто под насилство се подразбира физичко и психичко насилство. Имено, насилството освен што се манифестира низ призмата на овие два аспекти, обично се јавува во онаа латентна форма низ разно разни облици како на пример: мобинг, семејно насилство, интелектуален терор, злоупотреба на службена положба и слично.

Токму затоа одредени манифестирани поведенија можат да бидат забранети или не, а надлежноста за процена на одредено поведение се оценува само од страна на законодавецот. Оттука, Кривичниот законик на Република Македонија дефинира дека *„кривично дело е противправно дело што е определено со закон како кривично дело и чии обележја се определени со закон“*[370].

[363] Ibid, чл. 140.
[364] Ibid, чл. 142.
[365] Ibid, чл. 382.
[366] Ibid, чл. 386.
[367] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 492.
[368] Игњатовић, Ђ., (2008). *Криминологија.* Београд, стр. 145–147.
[369] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 491.
[370] Кривичен законик, „*Службен весник на Република Македонија“ бр. 37* од 06.08.1996, заклучно со последните измени и дополнувања во „*Службен весник на Република Македонија“ бр. 196* од 10.11.2015 година.

### 1.1. Инкриминации на насилнички криминалитет

Особено е значајно да истакнеме дека законодавецот го инкриминира насилничкиот криминалитет (без разлика дали станува збор само за насилнички, или, пак, во комбинација со други видови криминалитет) во најмногу глави од Кривичниот законик. Меѓу другото, во продолжение ќе бидат наведени сите кривични дела во кои доминира насилството, или, пак, претставува квалификаторен елемент на обележје на одредено кривично дело. Имено, станува збор за следните глави од Кривичниот законик:

Насилството во македонското кривично законодавство се санкционира со **кривични дела против животот и телото***:* *Убиство* (чл.123); *Убиство од благородни побуди* (чл. 124); *Убиство на миг* (чл.125); *Убиство од небрежност* (чл. 126); *Убиство на дете при пораѓање* (чл. 127); *Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство* (чл. 128); *Клонирање* (чл. 128-а); *Недозволени генетски манипулации на оплодување* (чл. 128-б); *Противправно прекинување на бременост и присилна стерилизација* (чл. 129); *Телесна повреда* (чл.130); *Тешка телесна повреда* (чл.131), *Учество во тепачка* (чл. 132); *Загрозување со опасно орудие при течачка или караница* (чл. 133); *Излагање на опасност* (чл. 134); *Напуштање немоќно лице* (чл.135) и *Неукажување помош* (чл. 136).

Животот и телесниот интегритет претставуваат основни човекови вредности, притоа инкриминацијата на овие кривични дела претставува постулат за заштита на правото на човечкиот живот. Кривичните дела против животот и телото одредени како казниви дела се сочинуваат од следните елементи: дејствие, предвиденост во законот, противправност, вина и казнивост.

Лишување од живот, наведување и помагање во самоубиство, нанесување на повреди, или, пак, излагање на опасност со евентуално напуштање на друго лице, најчесто се вршат со преземање на определено ***дејствие***. Дејствијата преземени во случај на лишување од живот, наведување и помагање во самоубиство и нанесување на повреди се *комисивни кривични дела*, бидејќи во самото дело имаме активно однесување со преземање на свесни и сакани телесни движења за сторување на тоа дело. Меѓу другото, во кривичното дело дејствијата се манифестираат и со несторување, нечинење, пропуштање на нешто, односно станува збор за пасивно

однесување со пропуштање на одредена обврска и како последица на ова настанува кривично дело со несторување односно *омисивно кривично дело*. Кривичните дела против животот и телото се инкриминирани во Кривичниот Законик, каде што го исполнуваат условот на ***предвиденост. Противправноста*** се согледува во односот меѓу конкретно дејствие преземано во одредено кривично дело и законскиот тип на казненото дело, односно кога одредено однесување претставува противправно остварување на законското битие на делото (противправноста како категорија е исклучена само во услови на изречно определени законски услови кај крајна нужда и/или нужна одбрана). ***Вината*** претставува субјективна одговорност на сторителот, односно субјективен став на сторителот спрема делото. Сторители на овие кривични дела со преземање на одредени дејанија ги прекршуваат кривично-правните прописи и ги повредуваат добрата (животот или телесниот интегритет како добро) кои со нив се заштитени. Од друга страна, сторители кои не се способни за вина т.е. се непресметливи, законодавецот предвидел друг тип на санкции. ***Казнивоста*** претставува санкција која се изрекува за сторено кривично дело (*nullum crimen, nula poene sine lege* - начело на законитост).

Во однос на соодветна санкција за извршени кривични дела против животот и телото, законодавецот предвидува затвор од најмалку десет години или доживотен затвор во услови на: 1) убиство на свиреп или подмолен начин; 2) друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство; 3) друг ќе лиши од живот и со умисла ќе го доведе во опаснот животот на уште некое лице; 4) убиство од користољубие, безобзирна одмазда или други ниски побуди; 5) убиство по порачка. При телесна и тешка телесна повреда, законодавецот предвидел парична казна или затвор до три години, односно затвор од шест месеци до пет години. Тој што немоќно лице кое му е доверено или за кое е должен да се грижи го остави без помош во прилики опасни за животот или здравјето, се санкционира со казна затвор од три месеци од три години. Доколку оставеното немоќно лице поради тоа го загуби животот, е тешко телесно повредено, или, пак, здравјето му е тешко нарушено, сторителот ќе се казни од една до пет години затвор.

Освен правото на живот како неприкосновено право, меѓу другото и основните слободи и права на човекот и граѓанинот се кренати на ранг на уставни категории, како есенцијални вредности на уставниот поредок. Како и правото на живот, така и правото

на основните слободи на човекот и граѓанинот во услови на демократско уредување на уставниот поредок, се сметаат за вродени права заштитени со меѓународното право. Кривично-правната заштита на слободите и правата бездруго е еден од најефикасните облици на заштита, бидејќи содржи закана со казна доколку правата бидат повредени, загрозени или неосновано ограничени.[371] Оттука, законодавецот преку одредбите во Кривичниот законик инкриминирал одредени дејствија како пандан на повредата на човековиот интегритет, личната сфера, приватноста и други основни слободи и права.

Инкриминациите на кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот содржани во Глава XV од Кривичниот законик ги опфаќаат повредите на личните, политичките и граѓанските слободи и права. Личните права ја опфаќаат сферата на слободите и правата на човекот како личност, а се однесуваат на: слобода на одлучување, слобода на движење, но и лични права од типот на: правото на приватност, лична тајна, неповредливоста на станот, тајноста на писмата, како и тајноста на другите средства за социјално комуницирање. Втората група на политички и граѓански права и слободи на кои им се укажува казнено-правната заштита со одредите од оваа глава, ги опфаќаат: слобода на мислата, слободата на говор и јавно собирање, еднаквоста и рамноправноста на граѓаните. Сите дела од Глава XV имаат карактер на дела на насилство, како и дела на присилно ограничување или лишување од определени слободи и права.[372]

Насилничкиот криминалитет во македонското кривично законодавство се санкционира и со **кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**: *Повреда на рамноправноста на граѓаните* (чл. 137); *Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото* (чл. 138); *Присилба* (чл. 139 од КЗ); *Противправно лишување од слобода* (чл.140); *Грабнување* (чл. 141); *Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување* (чл. 142); *Малтретирање во вршење на службата (чл. 143); Загрозување на сигурноста* (чл. 144); *Нарушување на неповредливоста на домот* (чл. 145); *Противзаконито вршење претрес* (чл. 146); *Повреда на тајноста на писма или други пратки* (чл. 147); *Неовластено објавување на*

[371] Николовска, М.Ц. (2013). АНАЛИЗА на независноста на судството во Република Македонија : перцепција, потешкотии и предизвици. Институт за човекови права Скопје. Достапно на: http://www.sudstvo.mk/wp-content/uploads/2017/09/analizanezavisnost.pdf. Пристапено на: 29.08.2019.
[372] Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (2017). Кривично-правната заштита за кривични дела против слободите и правата на човекот, АНАЛИЗА. Достапно на: http://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/002_.pdf. Пристапено на: 03.05.2019

*лични записи* (чл. 148); *Злоупотреба на лични податоци* (чл. 149); *Спречување на пристап кон јавен информатички систем* (чл. 149-а); *Неовластено откривање тајна* (чл. 150); *Неовластено прислушкување и тонско снимање* (чл. 151); *Неовластено снимање* (чл. 152); *Повреда на правото на поднесување правно средство* (чл. 153); *Спречување на печатење и растурање печатени работи* (чл. 154); *Спречување или смеќавање јавен собир* (чл. 155); *Повреда на правото на штрајк* (чл. 156); *Повреда на авторско право и сродни права* (чл. 157); *Повреда на правото на дистрибутерот на техничко посебно заштитен сателитски сигнал* (чл. 157-а); *Пиратерија на аудиовизуелно дело* (чл. 157-б); *Пиратерија на фонограм* (чл. 157-в).

Инкриминациите на кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот содржани во Глава XV од Кривичниот законик. Во случај на кривично дело присилба, ова дело се казнува со парична казна или со затвор до една година. Доколку истото дело е извршено во рамките на семејно насилство се санкционира со затвор од шест месеци до три години. Во однос на кривично дело противправно лишување од слобода се казнува со парична казна или затвор од една година. Ако ова дело се врши при семејно насилство, сторителот се казнува со затвор од шест месеци до три години. При вршење на кривично дело загрозување на сигурноста, следува парична казна или затвор до шест месеци, додека, пак, ако во рамките на семејно насилство се вршело истото дело се казнува со затвор од три месеци од три години.

Со оглед на фактот дека кај старите лица често со употреба на сила или закана за употреба на сила (непосреден напад врз нивниот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице) се присилени на обљуба, потребно е да ги спомeнеме и **кривичните дела против половата слобода и половиот морал**. Оттука, во оваа група спаѓаат следните кривични дела: *Силување* (чл. 186); *Обљуба врз немоќно лице* (чл. 187); *Обљуба со злоупотреба на положбата* (чл. 189); *Задоволување на полови страсти пред друг* (чл. 190); *Посредување во вршење проституција* (чл. 191); *Родоскврнавење* (чл. 194).

Меѓу другото, и во глава дваесет и осма од Кривичниот законик е инкриминиран насилничкиот криминалитет во однос на **кривични дела против државата.** Во оваа група спаѓаат: *Велепредавство* (чл. 305); *Признавање на окупација* (чл. 306); *Загрозување на територијалната средина* (чл. 307); *Загрозување на независноста* (чл. 308); *Вооружен бунт* (чл.312); *Терористичко загрозување на*

*државниот поредок и безбедноста* (чл. 313); *Диверзија* (чл. 314); *Саботажа* (чл. 315); *Шпионажа* (чл. 316); *Оддавање државна тајна* (чл. 317); *Повикување на насилна промена на уставниот поредок* (чл. 318); *Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа* (чл. 319); *Повреда на територијалниот суверенитет* (чл. 320); *Спречување на борба против непријателот* (чл. 321); *Служба во непријателска војска* (чл. 322); *Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации* (чл. 322-а); *Помагање на непријателот (чл. 323); Здружување заради непријателска дејност* (чл. 324); *Криење и помагање на сторител во извршено кривично дело* (чл. 325); *Казнување за подготвување* (чл. 326); *Казнување за најтешките форми на кривични дела* (чл. 327);

Инкриминација на насилничкиот криминалитет ја среќаваме и во триесетитрета глава во Кривичниот законик во **кривичните дела против јавниот ред**. Меѓу другото, во оваа глава спаѓаат следните кривични дела: *Спречување службено лице во вршење службено дејствие* (чл. 382); *Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста* (чл. 383); *Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие* (чл. 384); *Учество во толпа што ќе изврши кривично дело* (чл. 385); *Насилство* (чл. 386); *Организирање на отпор* (чл. 387); *Противправно менување на терторијалната поделба на Република Македонија* (чл. 388); *Симнување или оштетување на службен печат или знак* (чл. 389); *Одземање или уништување службен печат или спис* (чл. 390); *Лажно претставување* (чл. 391); *Самовластие* (чл. 392); *Договор за извршување кривично дело* (чл. 393); *Злосторничко здружување* (чл. 394); *Терористичка организација* (чл. 394-а); *Тероризам* (чл. 394-б); *Финансирање на тероризам* (чл. 394-в); *Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем* (чл. 394-г); *Изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривично дело* (чл. 395); *Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи* (чл. 396); *Фалсификување на огнено оружје* (чл. 396-а); *Злоупотреба на знак за помош и опасност* (чл. 397); *Комар* (чл. 398); *Спречување на верски обред* (чл. 399); *Скврнавење на гроб* (чл. 400); *Скврнавење на умрен* (чл. 401); *Недозволено преминување на државната граница* (чл. 402).

Насилството е инкриминирано и во триесетичетвртата глава од Кривичниот законик како **кривични дела против човечноста и меѓународното право.** Оттука, станува збор за следните кривични дела: *Геноцид* (чл. 403); *Злосторство против човечноста* (чл. 403-а); *Злосторство на агресија* (чл. 403-б); *Воено злосторство против цивилно население* (чл. 404); *Воено злосторство против ранети и болни* (чл. 405); *Воено злосторство против воени заробеници* (чл. 406); *Употреба на недозволени средства на борба* (чл. 407); *Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства* (чл. 407-а); *Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје* (чл. 407-б); *Организирање на група и поттикнување на извршување геноцид и воени злосторства* (чл. 408); *Противправно убивање и ранување на непријател* (чл. 409); *Противправно одземање на предмети од убиени и ранети на боиште* (чл. 410); *Повреда на парламентар* (чл. 411); *Сурово постапување со ранети, болни и со воени заробеници* (чл. 412); *Неоправдано одлагање на репатријација на воени заробеници* (чл. 413); *Уништување културни и историски споменици* (чл. 414); *Поттикнување на агресивна војна* (чл. 415); *Злоупотреба на меѓународни знаци* (чл. 416); *Организирање на група и поттикнување на извршување геноцид и воени злосторства* (чл. 416-а); *Одговорност на командантите и другите претпоставени* (чл. 416-б); *Одговорност на потчинетиот за дело извршено по наредба на претпоставениот* (чл. 416-в); *Расна и друга дискриминација* (чл. 417); *Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос* (чл. 418); *Трговија со луѓе* (чл. 418-а); *Криумчарење на мигранти* (чл. 418-б); *Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти* (чл. 418-в); *Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор* (чл. 418-д); *Меѓународен тероризам* (чл. 419); *Загрозување лица под меѓународна заштита* (чл. 420); *Земање заложници* (чл. 421); *Пиратство* (чл. 422).

Со оглед на фактот дека старите лица се највидливи жртви на конвенционален насилнички криминалитет, во рамките на докторската дисертација особено се задржуваме на анализа на кривични дела кои се типични за старите лица. Оттука, особено се задржуваме на кривични дела против животот и телото и тоа: убиство, убиство од благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност, телесна и тешка телесна повреда, излагање на опасност и напуштање немоќно лице.

### 1.1.1. Стари лица како жртви на кривични дела против животот и телото

Во однос на кривично дело *убиство*, старото лице може да се лиши од живот на: свиреп или подмолен начин, при вршење на семејно насилство, со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице, од користољубие или по порачка (во случај, на богати или барем добро ситуирани стари лица).

Меѓу другото, старите лица можат да бидат жртви и од *благородни побуди.* Имено, во ситуации во кои старото лице е вклучено на апарати кои го одржуваат во живот, а воедно истото старото лице е иницијатор за некој друг да ги исклучи апаратите, со што би довело до престанок на животот на тоа старо лице. Во овој случај нема умисла, нема претходно планирање, па затоа оваа ситуација спаѓа во убиство од благородни побуди.

Старите лица можат да бидат жртви на кривично дела *убиство на миг* во случај кога насилството е иницирано од страна на старо агресивно лице, на начин што го напаѓа потенцијалниот сторител. Потенцијалниот сторител за да го оттргне од себе агресивното старо лице го турка и истото паѓа на дел од телото и како последица настанува смрт на тоа лице.

Старите лица исто така можат да бидат жртви на *убиство од небрежност*. Станува збор за убиството без предумисла. На пример, кога резервите на кислород на старото лице се истрошиле и тоа умира, а должноста на лекарот е да ја следи, контролира и регулира оваа состојба. Во овој случај лекарот бил сериозно небрежен и извршил убиство од небрежност.

Во многу земји стапката на *самоубиство* е највисока кај средовечните[373] или старите лица.[374]

Кривичните дела *телесна и тешка телесна повреда* претставуваат дела на телесно повредување или нарушување на здравјето на старите лица. Конкретно во случај на тешка телесна повреда, овие лица можат да бидат жртви на: тешка телесна повреда (во случај на тешка повреда или сериозно нарушување на здравјето); тешка

---

[373] Pitman A, Krysinska K, Osborn D, King M. (2012). *Suicide in young men.* Lancet. p. 2383-92. doi: 10.1016/S0140-6736(12)60731-4.

[374] Yip, PS., Caine, E., Yousuf, S., Chang, SS., Wu, KC. & Chen, YY. (2012). *Means restriction for suicide prevention.* p. 2393-9. doi: 10.1016/S0140-6736(12)60521-2.

телесна повреда при вршење на семејно насилство; тешка телесна повреда (ова се однесува на доведување во опасност животот, како и уништен или во значителна мера е ослабен некој важен дел од телото или некој важен орган или, пак, предизвикана е трајна неспособност); тешка телесна повреда, како и тешка телесна повреда на миг.

Кривично дело *излагање на опасност* всушност се однесува на состојба во која старото лице е оставено без помош во ситуација на опасност по живот каде што ова лице може да го загуби животот, да биде тешко телесно повредено или, пак, со нарушено здравје.

Имајќи предвид дека старите лица често се немоќни и имаат потреба од помош и грижа од друго лице, Кривичниот законик го инкриминира и санкционира дејствието на напуштање на старо немоќно лице. Во услови кога старото лице ќе биде оставено без помош во прилики опасни за животот или здравјето, сторителот се казнува со кривично дело напуштање на *немоќно лице*.

### 1.2. Инкриминација на имотен криминалитет

Во нашиот Кривичен законик, имотни деликти се сместени во дваесет и третата глава и се насловени како **кривични дела против имотот**. Меѓу другото, значајно е да се потенцира дека иако следните кривични дела: разбојништво, разбојничка кражба, уцена и изнуда, се инкриминирани како кривични дела против имот, сепак, мора да се потенцира дека овие дела имаат насилничко имотен карактер. И покрај фактот што овие дела се насочени кон против правно стекнување со имотна корист, карактеристично е тоа што при извршување на овие дела се применува сила или сериозна закана за употреба на сила. Значи дека законодавецот кај овие кривични дела освен што го заштитува имотот, исто така го заштитува и пасивниот субјект на кривичното право.

Кога се во прашање имотните деликти, кај овие кривични дела може да доминираат различни елементи во однос на извршување на самото дело. Постојат кривични дела во кои доминира елементот на насилство (кривично дело разбојништво и кривично дело разбојничка кражба), меѓутоа може да доминираат и други елементи од типот на измама или манипулација со цел противправно стекнување на имотна корист. Кривичните дела против имотот се извршуваат со одземање, со намера

противправно присвојување, заради владение и задржување, како и против имотот и имотните права и интереси. Овие кривични дела меѓусебно се разликуваат според хетерогениот модус операнди, локус операнди, инструментум операнди, но според последиците, умислата, намера на извршителот и друго.

Во однос на правниот аспект на имотните деликти во македонското материјално казнено законодавство, казненото право не оперира во сферата на заштита на имотот со сопствени, оригинерни поими, туку се надоврзува на регулативата на овие односи во рамките на имотното право.[375] Така, нашето казнено право, согласно уставната позиција на сопственоста, обезбедува подетнаква заштита на сите облици на сопственост.[376]

Значајно е да се напомене дека по своето субјективно битие, овие дела се умислени. Камбовски го афирмира ставот дека Казненото право не го инкриминира небрежното посегање по туѓ имот. Субјективната страна на повеќето дела е збогатена со посебна намера: за прибавување противправна имотна корист, за присвојување, или, пак, оштетување. Намерата тука претставува субјективен елемент на противправноста, што без таква намера делото не постои. Притоа, делата што во своето битие го имаат овој елемент не се исклучително егоистички, туку се и алтруистички дела, односно: намерата е насочена кон прибавување на имотна корист не само за себе, туку и за друг.[377]

Кривични дела против имот се категорија на кривични дела каде што лицето кое го извршува кривичното дело противправно се стекнува со материјална корист или, пак, кривичното дело се извршува за да се причини материјална штета. Игњатовиќ во

[375] Камбовски, В. (2003). Казнено право, посебен дел. Скопје, стр. 294.
[376] Устав на РМ, член 8 алинеја 6 (1) Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се: - основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; - слободното изразување на националната припадност; Соодветна и правична застапеност на граѓаните кпи припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. (амандман VI) - владеењето на правото, - поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; - политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; - правната заштита на сопственоста; - слободата на пазарот и претприемништвото; - хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; - локалната самоуправа; - уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и - почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.
[377] Камбовски, В. (2003). Казнено право, посебен дел. Скопје, стр. 296.

оваа насока го класифицира имотниот криминалитет на: ситуационен, конвенционален и професионален:[378]

- Кај ситуационен имотен криминалитет значајна улога играат околностите за извршување на кривичното дело. Карактеристично за овој вид на криминалитет е случајна одлука со непланирано, невешто и многу рискантно дејствие за извршување, најчесто извршено од страна на малолетници или полнолетни лица без претходно криминално искуство или досие. Меѓутоа, ова не е правило. Ситуационен криминал може да биде извршен и од страна на професионални крадци.[379]
- Конвенционалниот имотен криминалитет се врши од страна на полупрофесионалци, односно лица помеѓу аматери и професионалци.[380]
- Професионалниот имотен криминалитет најчесто се поврзува со личните карактеристики на сторителот.[381]

Кривични дела против имот се поделени во две групи: уништување на имот и противправно стекнување на сопственост. Сулејманов истакнува некои видови на имотен криминалитет, а станува збор за: џебни кражби, кражба на теретни и луксузни возила, кражби на уметнички дела, кражби во стоковни куќи, провални кражби, подметнување пожари и вандализам.[382]

Во нашето кривично законодавство, кривично дело разбојништво спаѓа во групата на имотни кривични дела, меѓутоа може да биде разгледувано и во рамките на насилничкиот криминалитет, зашто претставува една од најгрубите употреби на неовластена физичка или психичка присилба". Тоа е сложено кривично дело. Се состои од присилба која може да се врши со сила или закана дека непосредно ќе се нападне на животот и телото и противправно одземе подвижен предмет, заради постигнување на противправна имотна корист, за себе или за друг.[383]

---

[378] Игњатовић, Ђ., (2008). *Криминологија*. Београд, стр.159-160.
[379] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 514.
[380] Ibid, стр. 514.
[381] Ibid, стр. 514.
[382] Ibid, стр. 515, 517, 518, 521.
[383] Ibid, стр. 522.

Во оваа насока, поделбата на Сулејманов во однос на разбојништвото се однесува на:[384]

- *Улично разбојништво* како најпримитивен и најраспротранет вид на вршење на ова дело. Најчесто се користи укажаната прилика, но значаен фактор претставува и придонесувачкото оденсување на самата жртва. Еден пластичен пример од истоимениот автор е: сторителот подолго време остварува контакт со жртвата, каде што во одредена прилика (заедничко конзумирање алкохол во кафеана), жртвата била следена, нападната, при што и биле одземени сите пари;

- *Разбојништво спрема лица кои имаат допир со пари* обично се врши врз продавачи, сопственици, благајници, работници на бензиски пумпи. Сторителите ја чекаат жртвата по истекот на работното време, при што со неколку удари со раце, тврди предмети, или, пак, со закана со оружје ја совладуваат жртвата (најчесто од женски пол), ги одеземаат паричните средства и брзо го напуштат местото на злосторот. Значајно е да се напомене дека ова кривично дело е секогаш однапред планирано, а во случај на поголема опасност за сторителите, тие се спремни да извршат и убиство;

- *Разбојништва во стан или куќа на жртвата* се карактеризира со изразена решителност за придобивка на поголема сума на пари или скапоцени предмети. Значајно е да се напомене дека делото е однапред планирано, а насочено е кон жртвата која поседува поголема сума пари. Решителноста се согледува во организирање во група со задолжително носење оружје, а исто така треба да се напоменат и повредите со кои се здобива жртвата (најчесто тешки телесни повреди, но и одземање на живот).

Како што претходно напоменавме дека овој вид на разбојништва во стан или куќа на жртвата е однапред испланирано, но во случај кога жртвата е старо лице, обично ова дело не се карактеризира со добро осмислен и доволно испланиран план за извршување на истото. Во овој случај, сторителите под маската на занаетчии за извршување на работи во домот, собирачи на добротворни прилози или питачи, имаат пристап во домот на старо немоќно лице и лесно се решаваат да го извршат кривичното дело.

[384] Ibid, стр. 522, 523.

- *Разбојништвата во возила* се карактеризира со тоа што извршителите обично се лица до 25 години и тоа од машки пол. Елементот на заканата и изненадувањето има значајна улога при извршување на ова дело.

Во суштина кога се во прашање старите лица, намалените телесни и духовни способности ги претвораат овие лица во лесен плен за насилство и злоупотреба. Водени од принципот да заштедат стануваат жртви на финансиски манипулации во однос на: „пониска цена“ за огревно дрво, купување или продавање на непостоечки имот, разни промотивни цени за производи кои не соодвестувааат со реалната пазарна цена и слично. Особено се мултиплицираат кражби со помош на трикови од секаков вид (со преправање во занаетчии, отчетувачи на струјомери итн.) како и разни измамнички форми (измама на купувачи и измама при поправки).

Меѓу другото, Кривичниот Законик ги инкриминира следните имотни деликти: *Кражба* (чл. 235); *Тешка Кражба* (чл. 236); *Разбојништво* (чл. 237); *Разбојничка кражба* (чл. 238); *Затајување* (чл. 239); *Одземање туѓи предмети* (чл. 241); *Одземање на моторно возило* (чл. 242); *Оштетување туѓи предмети* (чл. 243); *Оштетување туѓи права* (чл. 244); *Бесправно градење* (чл. 244-а); *Оштетување на станбени и деловни згради и простории* (чл. 245); *Незаконито вселување* (чл. 246); *Измама* (чл. 247,248,249,249-а); *Осигурителна измама* (чл. 250); *Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем* (чл. 251); *Правење и внесување на компјутерски вируси* (чл. 251-а); *Компјутерска измама* (чл. 251-б); *Злоупотреба на довербата* (чл. 252); *Неовластено примање подароци* (чл. 253); *Лажен стечај* (чл. 254); *Предизвикување стечај со несовесно работење* (чл. 255); *Злоупотреба на постапката за стечај* (чл. 256); *Оштетување или повластување на доверители (*чл. 257); *Изнуда* (чл. 258); *Уцена* (чл. 259); *Лихварство* (чл. 260); *Прикривање* (чл. 261); *Делотворно каење* (чл. 262); *Гонење за дела меѓу блиски сродници* (чл. 263).

Карактеристично за имотните дела е елементот на кривичната намера (mens rea). Секое постоење на кривично дејание (actus reus) е придружено со некој степен на кривична намера (mens rea) за извршување на тоа дело. Општо правило се однесува на фактот дека Кривичниот законик не санкционира лице што дејствувало со отсуство на

ментална одговорност.[385] Според тоа, кривичната намера (mens rea) се однесува на менталниот елемент на престапот што го придружува кривичниот акт (actus reus).

Освен кривичната намера при извршување на имотно кривичното дело, одредбите на Кривичниот законик, наведуваат дека објект на кражба може да биде само подвижен предмет кој сторителот противправно го одзема и присвојува. Од друга страна, при извршување кривичното дело тешка кражба имаме исполнување на две квалификаторни обележја на ова дело кои се однесуваат на *просторот* и *начинот* на кој се врши кражбата. Кривичниот законик го одредува *просторот* како затворен простор во кој е неопходно да се влезе со кршење или провалување на дрзок *начин* од страна на повеќе лица кои поседуваат оружје или опасно орудие заради напад или одбрана. Во споредба со кривично дело кражба и кривично дело тешка кражба каде што сторителот поседува оружје, во случај на разбојништво или разбојничка кражба потребно е да се потенцира употребата на оружјето при извршувањето на овие дела. Втор момент кој е особено значаен претставува непосредниот контакт помеѓу сторителот и самата жртва.

### 1.2.1. Стари лица како жртви на кривични дела против имот

Кривични дела против имотот кои се типични за старите лица, на кои посебно се задржуваме во овој дел се: кражба, тешка кражба, разбојништво, разбојничка кражба, изнуда, уцена и измамување на купувачи. Основата на сите овие дела преставува противправно стекнување на имотна корист, како и одземање на подвижен предмет од старото лице со намера противправно присвојување. Ова пред сè, се должи на намалената физичка способност за спротивставување од криминални напади. Намалената физичка способност ги става старите лица во инфриорна положба во однос на сторителот на делото. Кумулативната состојба во која се наоѓаат старите лица го зголемува ризикот од виктимизација.

Меѓутоа не можеме да трвдиме дека сите стари лица се подеднакво изложени на ризик од станување жртва на гореспоменатите кривични дела. На пример, жртва на кривично дело кражба може да биде секое старо лице без разлика на времето и

[385] Кривичен Законик, *„Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.*

просторот. Бидејќи ***кражбата*** се однесува на одземање на туѓ подвижен предмет со намера противправно присвојување значи дека кражбата може да биде извршена на пазар во близина на домот, на лекар, во јавен превоз и друго. Освен местото на извршување на извршување на кражбата, значајно е да се напомене и начинот на извршување на истото дело. Меѓу другото, тука го потенцираме *придонесувачкото однесување* на жртвата, односно старите лица често придонесуваат, или, пак, го олеснуваат начинот на извршување на ова дело поради невнимание од нивна страна, претворајќи ги во лесен па дури и посакуван плен во очите на сторителите. Имено, намалена физичка и психичка спремност кај овие лица ја намалува можноста за објективна проценка во ризични и опасни ситуации, сепак, во оваа насока го потенцираме придонесот на жртвата - старото лице како значаен сегмент од кривичното дело.

***Тешка кражба*** претставува посебен, квалификуван облик на кражба. Притоа за нејзиното постоење потребно е да се осврнеме на дејствието на извршување, објектот и намерата на сторителот, преку кое се остварени обележјата на кривичното дело кражба. Она што обична кражба ја диференцира од тешка кражба, се всушност околностите под кои се врши ова дело. Тука е битно да го потенцираме начинот на извршување, кога со кршење или со провалување во затворени простории е извршено кривично дело кражба. Околности што ја квалификуваат тешката кражба, се однесуваат и на посебната опасност на сторителот кога ова дело е извршено од страна на повеќе лица кои се здружиле за вршење на истото и со себе поседувале оружје или опасно орудие за напад или одбрана.

Тука е значајно да се напомене и искористување на специфична ситуација, во случај кога кражбата е извршена за време на пожари, поплави или слични непогоди, или, пак, кражба извршена со искористување на некој или неволја на друг. За квалификаторен облик на кривично дело тешка кражба се смета и специфичноста на предметот кој е објект на кражба, како на пример културни добра или археолошки наоди, но и вредноста на украдените предмети. Доколку постоеле некои од наведените квалификаторни околности сторителот ќе одговара само за едно дело-тешка кражба, а различните облици на тешката кражба се земаат како алтернативно одредени дејствија на извршување на ова дело. Така на пример, постои само една тешка кражба ако предметот го украло лице кое со себе имало оружје наменето за напад или за одбрана,

или, пак, ако повеќе лица кои се здружиле за вршење кражба, извршиле кражба со искористување на немоќ или неволја на одредено старо лице.

*- Кражба извршена со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки на друг начин совладување на поголеми пречки*

За овој облик на тешка кражба карактеристични се две околности: одземањето на туѓите подвижни предмети да се врши во затворен простор и тоа да се прави со обивање или провалување на просторот или домот каде живее старото лице. Затворениот простор, од квалификаторен облик на дело тешка кражба, се однесува на секој простор во кој неможе слободно да се влезе, односно е неопходно предходно да бидат отстранети сите препреки од страна на извршителите на кривичното дело. Затоа е потребно затворање на простор. Ова затварање, старото лице може да го изврши на различни начини и тоа со: заклучување, ставање катанец, подигнување на висок ѕид или високи огради и слично, притоа просторот мора да биде затворен од сите страни.

Доколку старото лице поседува земјиште кое е: заградено само од една страна, приземна зграда чија врата е заклучена а прозорите се отворени, зграда чиј главен влез е затворен а вратата од споредниот влез останала отворена и слично, тогаш тоа не се смета за затворен простор. Меѓу другото, потребно е делување на сторителот за нивно совладување или отстранување, па затоа се претпоставува дека станува збор за поголеми пречки. Имено, препреки кои може да се прескокат, или, пак, ретката ограда низ која сторителот може да се протне, исто така не се смета за затворен простор. Законодавецот децидно одредил дека за затворени простори се сметаат: затворени згради, соби, како и ормани, кои се најчести места за извршување на овој вид тешка кражба. Тоа можат да бидат и други затворени простори од типот на: заклучени автомобили, автобуси, чамци, куфери, викенд куќи, магацини и слично. Кражбата треба да се врши со обивање или провалување на затворен простор.

Во одредување на поимот за извршување на кривично дело тешка кражба, постојат различни сфаќања во теоријата на кривичното право, но и судската пракса во тој поглед не е еднинствена. Според едно сфаќање обивањето претставува насилно влегување во затворен простор со употреба на физичка сила за отстранување на препреките (тоа би постоело доколку на пример во некоја зграда се влезе со пробивање на вратата, пробивање на прозор, копање на отвор во ѕидот, обивање катанец на куфер,

насилно отварање на брава на каса и слично). Основата е во отстранувањето на препреките, односно да се врши со употреба на сила, без оглед на тоа дали во затворениот простор се влегува преку местото кое е наменето за влегување. Провалувањето, исто така, претставува влегување во затворен простор, но без отстранување на препреките, без повреда на нивниот состав (вовлекување преку некој отвор, прескокнување преку ѕид, отклучување на врата и слично). Според ова сфаќање, провалувањето би постоело и кога туѓиот затворен простор се отвори со оригиналниот клуч до кој се дошло на нелегален начин.

Друг аспект во однос на ова кривично дело, се согледува во тоа што во содржајна смисла нема разлика помеѓу обивање и провалување. Под двата поима се подразбира насилно совладување на затворениот простор во кој се врши ова дело. Обивање е насилно совладување на затворениот простор кој е наменет за сместување и чување на одредени предмети како каси, куфери, ормани и слично. Провалување е насилно влегување во затворен простор како згради, чамци, оградени земјишта, затворени дворови и др. Исто така, провалување може да се оствари со насилно отстранување на препреките, но тоа опфаќа друг случај на пробивање во просторот како употреба на лажен клуч, или вистинскиот клуч до кој се дошло на неовластен начин, прескокнување, качување и друго. Според тоа, за провалување се сметаат сите облици на неовластени влегувања во затворен простор, без оглед дали се врши со употреба на сила или совладување на препреките, со намера на тој начин да се дојде до туѓите неподвижни предмети.

*- Кражба извршена со совладување поголеми пречки*

При извршување на кривично дело тешка кражба извршена со совладување поголеми пречки, често се врши во ситуации во кои старото лице остава одреден предмет на тешко достапно место, притоа сторителот мора да вложи посебни напори за да го одземе. Типични примери за овој вид на кражба се: качување на кров на високи згради или објекти, совладување водни препреки, предходно исклучување на струја и друго. Меѓу другото, карактеристично е да се напомене дека иако овој облик на кражба е квалификуван по начинот на извршување, во овој случај се истакнуваат карактеристиките на личноста на сторителот, неговата упорност и покрај големите препреки да изврши кражба.

*- Кражба извршена од страна на повеќе лица кои се здружиле за вршење на кражба*

За овој облик на тешка кражба, најпрвин се става под знак прашање колку лица е потребно да учествуваат во извршување на делото. Поимот повеќе по правило означува најмалку три или повеќе лица. Вториот услов се однесува на самото здружување за вршење кражба, а притоа е исполнет кога помеѓу две или повеќе лица постои предходен договор за извршување. Карактеристично е да се напомене дека не е неопходно трајно здружување за вршење кражба со цел извршување на ова дело. Меѓу другото, потребно е повеќе лица да учествуваат во кражбата, а не само да се договориле за ова дело.

*- Кражбата извршена на дрзок начин*

Кражба извршена на дрзок начин, видно отскокнува од просечната мерка на дрскоста како одраз на интензивна злосторничка енергија за совладување на постоечките препреки за извршување на кражбата. Дрскоста во извршување на ова дело се согледува преку упорноста и безобзирноста на сторителот во извршувањето. Исто така, треба да се напомене и спремност при преземање голем ризик за извршување на делото, или, пак, се користи определена можност или ситуација кога старото лице најмалку очекува (односно неспремноста) за извршување на кражбата. Кога се во прашање старите лица, обично новчаникот се одзема од внатрешниот џеб со сечење на потставата на капутот, или, пак, сторителот ја злоупотребува довербата на жртвата и за време додека разговара со тоа лице го извлекува новчаникот од џеб. Во овие случаи постои овој облик на кражба извршена на дрзок начин.

*- Кражба извршена од лица кои со себе имаат оружје или опасно орудие заради напад или одбрана*

Под опасно орудие притоа се подразбира секој предмет кој е предвиден за напад или одбрана, со кој може телесно да се повреди интегритетот на друго лице. Оружјето може да биде ладно - нож или огнено: пиштол, пушка и слично. За време на извршување на делото, оружјето или опасното орудие треба да се наоѓа кај сторителот и да е наменето за напад или одбрана поврзана со кражбата. За постоење на делото не е потребно оружјето или опасното орудие да биде употребено, доволно е сторителот да

го носел со себе со таква намера. Имено, доколку сторителот на делото го употреби оружјето или опасното орудие со таквите дејствија сторителот може да изврши друго кривично дело на пример разбојништво или разбојничка кражба, или, пак може да се работи за стек на кривично дело тешка кражба со некое кривично дело против животот и телото. За стек на овие кривични дела, се смета на пример кога сторителот со употреба на огнено оружје или орудие при извршување на кражбата, на старото лице му нанесува и телесна, или, пак, тешка повреда.

*- Кражба извршена за време на пожар, поплава или слична несреќа*

Под несреќа во смисла на оваа одредба, се подразбира ситуација во која постои опасност за животот на старото лице, како и за неговиот имот, притоа оваа состојба може да е резултат на природна појава која е предизвикана од елементарни непогоди, како на пример: пожари, поплави, земјотреси и друго. Меѓу другото, под несреќа може да се подразбере и состојба која е предизвикана од некое човечко дејствување, како на пример сообраќајна несреќа во воздушниот, железничкиот или во патниот сообраќај. Карактеристично за тешка кражба извршена за време на пожар, поплава или слична несреќа, претставува фактот што ова дело се извршува за време на несреќата, па поради тоа таа е и временски ограничена, односно се извршува од настанување на несреќата па се до повторно нормализирање на состојбата во која се наоѓа старото лице.

*- Кражба со искористување на немоќта или несреќата на старото лице*

Кога се зборува за немоќ се мисли на физичка или психичка немоќ која го оневозможува старото лице да преземе соодветни мерки за заштита на предметите од кражба. Немоќта кај овие лица, често е предизвикана од болест, телесна повреда, инвалидност, несвесност (на пример состојба на деменција),[386] или, пак, заради други околности на тешка емотивна состојба поради ожалостеност или страв. Кога зборуваме за болест и повреди кај старите лица, како причина на немоќ во смисла на оваа одредба, доаѓаат во предвид само оние повреди и болести кои кај старото лице предизвикуваат неподвижност и врзаност за кревет како што се: парализа, скршеници на нозете, скршеница на кичма и слично. За да постои овој облик на кривичното дело,

---

[386] Подетално за состојба на деменција, види на страна 99 во овој труд.

сторителот ја користи немоќта, односно специфична околност што старото лице не е во можност да го заштити својот имот и да го спречи извршувањето на ова дело.

Кривичното дело ***разбојништво*** и ***разбоничка кражба*** се составени од објективен и субјективен елемент. Објективниот елемент се однесува на дејанието на сторителот како обележје на ова дело, додека, пак, субјективниот елемент се осврнува на неговите субјективни карактеристики. За целосно исполнување на овие дела, потребно е исполнување на две компоненти и тоа: принуда насочена кон старо лице, од една страна, како и кражба на одредени предмет/и од тоа лице. За целосно извршено кривичното дело разбојништво, карактеристично за старите лица е тоа што се одземаат предмети, или, пак, старите лица пред се поради немоќта како последица од ранливата состојба, под принуда сами ги предаат предметите на сторителот на ова дело.

Сторителите во најголем случај користат огнено и ладно оружје во времето на извршување на кривичното дело, од типот на: пиштол и автоматски пушки, но често се користат и пластични пиштоли. [387] Под сила може да се опфатат и физичките предиспозиции на сторителот.

Во основата на кривично дело *разбојништво* и кривично дело *разбојничка кражба* лежи примена на сила или закана за примена на сила за одземање на туѓи подвижни предмети со цел стекнување на противправна имотна корист, односно со примена на сила против старо лице или закана дека непосредно ќе се нападне на животот или телото на тоа лице.

Овие кривични дела против имот, се карактеризираат со изразени елементи на насилство. Начинот на извршување на разбојништвото и разбојничката кражба е таков што секогаш имаме непосреден контакт помеѓу сторителот на овие кривични дела и старото лице, па според тоа имаме и различни случаи според тежина на извршување. Во компарација со кривично дело кражба и кривично дело тешка кражба каде што сторителот поседува оружје, во случај на разбојништво или разбојничка кражба потребно е да се потенцира употребата на оружјето при извршувањето на овие дела. Втор момент кој е особено значаен претставува непосредниот контакт помеѓу сторителот и самата жртва. Овој непосреден контакт помеѓу сторителот и старото лице

[387] Кога се користат пластични пиштоли, сторителот не може да се товари за тежок-квалификуван облик во однос на огненото оружје.

жртва може да го достигне најтешкиот облик при извршување на овие дела, а се однесува на фактот дека старото лице со умисла е лишено од живот.

Правната дефиниција на разбојништвото како посебно кривично дело е содржана во чл.237 од Кривичниот законик, а се однесува на: *„Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот и телото на друг или ќе одземе туѓ подвижен предмет, со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор најмалку 5 години“.*[388] Ова всушност претставува основниот облик на кривично дело разбојништво.

Разбојничката кражба е инкриминирана во чл. 238 од Кривичниот законик на следниот начин: *„Тој што, затечен во кражба, ќе употреби сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг со намера украдениот предмет да го задржи, ќе се казни со затвор најмалку пет години“.*[389] Ова укажува на фактот дека станува збор за сложено кривично дело кое се состои од: кривично дело кражба (одземање туѓи подвижни предмети од стари лица со намера да прибави противправна имотна корист) и кривично дела принуда (со сила и сериозна закана да се присили старото лица да направи или не направи на својот или туѓ имот).

За исполнување на кривичното дело разбојничка кражба потребно е да бидат исполнети следниве компоненети: сторителот да е затечен на самото извршување; да има употребено сила против старо лице или закана дека непосредно ќе го нападне животот или телото на тоа лице; како и силата или заканата насочена кон старото лице, да е употребена со намера да противправно добиениот предмет сторителот го задржи за себе.

Под поимот *затечен во кражба* се однесува на ситуација каде сторителот е затечен со украдениот предмет, непосредно на местото на извршување на кражбата или после тоа (на пример во самата просторија каде ја извршува кражбата, како и во случаи каде е затечен во близина на местото на кражбата непосредно после кражбата, односно додека се наоѓал во бегство). Поимот *употреба на сила* претставува одредено физичко делување кое го доведува старото лице во несвесна состојба, или, пак, го онеспособува отпорот кој ова лице го пружа. *Заканата* претставува квалифициран облик, односно

---

[388] Кривичен законик, *„Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/14*, чл. 237.
[389] Ibid, чл. 238.

закана која се однесува на загрозување на животот или телесниот интегритет на старото лице и која во себе содржи исполнување на можноста за непосреден напад на животот и телото.[390]

Тежок квалификуван облик на кривичното дело разбојничка кражба, се однесува на следните околности: со умисла нанесување тешки телесни повреди на старото лице; кога делото е извршено од страна на луѓе во група и при извршување на ова дело да е со употреба на оружје или опасно орудие.

*- Со умисла нанесување тешки телесни повреди на старо лице*

Доколку при извршување на кривично дело разбојничка кражба, на старото лице му е нанесена тешка телесна потреба, потребно е тоа да е сторено со умисла. Имено, доколку тешка телесна повреда е нанесена од небрежност односно невнимание нема да постои ова кривично дело, при што ќе се работи за нанесување на тешки телесни повреди при извршување од невнимание. Тешката телесна повреда во овој случај ќе се однесува на самото извршување на разбојничката кражба, во моментот на одземање на предметот, на самото место на извршување, или, пак, непосредно после извршувањето на ова дело.

Во случај кога ова дело е извршено од страна на повеќе сторители, а само еден од нив нанесува тешка телесна повреда, во тој случај оној кој со умисла ја нанесува тешката телесна повреда ќе биде квалификуван како тежок облик на кривично дело разбојничка кражба, а другите сторители ќе се теретат за обично кривично дело разбојничка кражба.[391]

Во оваа насока, значајно е да се напомене дека при извршување на кривичното дело разбојничка кражба, доколку на старото лице му се нанесат тешки телесни повреди од невнимание, во тој случај на сторителот ќе му се суди за кривично дело нанесување на тешки телесни повреди од невнимание, притоа ова дело нема квалифициран облик на разбојничка кражба.

*- Разбојничка кражба извршена од страна на организирана криминална група*

---

[390] Анаќиоски, М. (2017). Разбојништвото и разбојничката кражба како насилни имотни дела (кривично-правни и криминолошки аспекти). Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, Правен факултет – Кичево, стр. 58.

[391] Ibid, стр. 60.

Друг квалифициран облик на кривичното дело разбојничка кражба е ова дело да е извршено од страна на повеќе лица, односно група. Карактеристично за овој квалифициран облик е фактот што сторителите не мора претходно да се договориле да го извршат ова дело, или, пак, меѓу нив да доминира елементот на блискост. Имено, одговорноста на секој сторител се согледува во сопствената волја за извршување на ова дело.

- *Употреба на оружје или опасно орудие*

Третиот вид на кривичното дело разбојничка кражба, се однесува на извршување на ова дело со употреба на оружје или некое опасно орудие. Со оглед на тоа дека се загрозува животот и телесниот интегритет на старото лице, ова дело се смета за потежок облик на ова дело. Сепак, најтешкиот облик на ова кривично дело е кога старото лице со умисла е лишено од живот. Доколку дојде до лишување од живот во случај на невнимание, а при извршување на ова дело, тогаш постои случај на разбојничка кражба и убиство од невнимание (кое треба според околностите и фактите да се определи). Меѓу другото, најтежок облик на разбојничка кражба постои кога убиството на старото лице е извршено со умисла.

Значајно е да се напомене дека за да постои овој тежок облик на кривично дело, не е потребно старото лице со умисла да биде лишено од живот, а со намера да се задржи објектот кој е предмет на самата разбојничка кражба. Меѓу другото, старото лице може да биде лишено од живот преку принуда, а со цел да се открие каде се наоѓа предметот која сторителот сака да ја задржи за себе, но и во случај кога е потребно да се отстрани отпорот, или, пак, да се оневозможи ова лице да повика помош.[392]

И на крај од овој преглед за стари лица како жртви на кривичното дело разбојништво и разбојничка кражба, збор два за објектот на напад на сторителите на овие кривични дела. Имено, во сите случаи објект на напад претставува одземање некој предмет, ствар или добро од старото лице. Потребно е да бидат исполни следниве услови за *објект* да се смета како предмет на овој вид на кривично дело, а станува збор за следните карактеристики: предметот е подвижен; е во сопственост на старото лице и има материјална вредност.

[392] Ibid, стр. 61, 62.

Кривично дела ***изнуда*** се состои од прибавување на имотна корист преку нечие присилување, со примена на сила или сериозна закана да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот. Всушност станува збор за облици на перфидно кршење на волјата за давање на отпор на жртвата, која попушта по налетот на директното и индиректното присилување на изнудувачот.[393] Овој вид на криминално дејание се остварува на тој начин што одредено старо лице се присилува да потклекне на притисоците и воедно постапува согласно барањата на изнудувачот, притоа давајќи му пари или друг вид на имот. Меѓу другото, старото лице преку присилување ги прифаќа барањата на сторителот на кривичното дело.

Кај кривично дело изнуда, објект на заштита е имотот воопшто. Во исто време, изнудата е облик на напад и врз слободата на располагање со имотот. Како напад врз слободата на одлучување изнудата е специјален вид на присилба.[394] Дејствие на извршување е применета сила или сериозна закана т.е присилба. Присилбата е насочена кон формирање волја која е спротивна на војлата без присилба. При слободна волја или нормална ситуација никој нема да даде пари без причина, без повод. Имено, причината е закана, а волјата се формира поради стравот од реализација на заканата.[395]

Обично кога стари лица се во улога на жртви на изнуда, станува збор за лица кои се подобро ситуирани и во добра материјна состојба. Имено, кај извршување на ова кривично дело не преовладува мотив за одмазда, туку кај нив преовладува мотивот за стекнување на противправна имотна корист. На овие лица им се закануваат со сила, присилно и се одзема автомобил или друго возило, или друг подвижен предмет, а тоа се често вредни часовници и златни предмети. Добиваат закани по телефон или директно изнудувачите упаѓаат во нивните домови, им се закануваат со оружје, киднапирање на блиски лица.[396] Кај изнудата сторителите применуваат: агресивен тон; насилно однесување; примена на сила или, пак, сериозна закана за употреба на сила; но не е исклучена можноста и за нанесување на физичка болка врз старите лица жртви.

***Уцената*** претставува посебно имотно кривично дело, бидејќи при самото противправно стекнување со одредена имотна корист, сторителот всушност го

---

[393] Ангелески, М. (2008). *Криминалистичка методика*. Скопје, стр. 141.
[394] Камбовски, В. (2003). *Казнено право – посебен дел, четврто издание*. Просветно дело, Скопје, стр 338.
[395] Николоска, С., оп. цит., стр. 218.
[396] Ibid, стр.220-221.

присилува старото лице да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот преку упатување закани дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што може да им наштети на неговата или на нивната чест или углед.[397] Кога се во прашање старите лица, станува збор за сериозно кривично дело бидејќи сторителот ја користи инфериорноста на овие лица. Имено, *„уценувачот“* обично служејќи се со дезинформации, или, пак, лажни информации за старото лице, успева да се здобие со противправна имотна корист.

Стари лица како жртви на уцена обично се угледни граѓани, ценети луѓе со добар општествен статус, кои имаат и одредени „слабости“ чие што откривање во јавноста би ја нарушило нивната перфектна слика во јавноста. Во овој круг се вбројуваат и лицата кои се во брак, претставуваат добри сопружници и прекрасни родители, но имаат и љубовници, како и лица со одредени психички и телесни маани, што може да предизвика неприфаќање од општеството како што се хомосексуалци и слично.[398]

Кривичното дело уцена е умислено, а посебен субјективен елемент на противправноста е намерата за прибавување противправна имотна корист. Имотната корист не е противправна ако едно лице по некој правен основ полага право на она што е предмет на располагање со имотот на жртвата (враќање на долг и слично).[399]

И кај уцената, исто како и кај изнудата, објект на заштита е имотот. Меѓу другото, Камбовски афирмира дека: *дејствието на извршување кај овие дела е заканата, односно ставање во изглед определено зло кое ќе биде откриено и притоа може да им наштети на честа и на угледот на оштетениот или нему блиско лице. Дејствието на извршување не се состои во откривање нешто дифамантно (не постои уцена ако некој потплати друг, што за него започнал да шири нешто дифамантно за да престане да зборува), туку во ставање на изглед дека тоа ќе биде сторено ако жртвата не изврши некакво штетно располагање со својот или туѓ имот.*[400]

Македонскиот законодавец предвидува квалификувани облици за кривичните дела *„изнуда“* и *„уцена“* кога делата се извршени организирано и сторени во состав на

[397] Ангелески, М. (2008). *Криминалистичка методика*. Скопје, стр. 147.
[398] Алексиќ, Ж. (1982). *Криминалистика.* Савремена администрација, Београд, стр. 360-361.
[399] Камбовски В., оп. цит., стр. 332.
[400] Ibid, стр.342.

група, банда или друго здружение, или со употреба на огнено оружје или опасно орудие, на особено насилен начин, или ако притоа е прибавена значителна имотна корист, или настапила значителна штета, или на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда, ако при извршувањето на делото со кој било од наведените начини некое лице со умисла било лишено од живот, предвидена е затворска казна од најмалку десет години или доживотен закон.[401] Казните за облиците на изнуда при кои ќе настане смрт на некое од лицата/оштетените се третира како умисла од користољубивост, а во случаите на предизвикување на смртни последици при одбрана на изнудуваното лице, се поставуваат верзии за нужна одбрана или крајна нужда поради насилниот карактер на самото кривично дело изнуда.[402]

Меѓу другото, старите лица се сметаат за лесен плен за ***измама***. Имено, голем дел од овие измами се препишуваат на механизмите на модерното општество. Модерното општество создава одредени феномени кои не се многу погодни за овие лица. Новите начини на продажба, размена на информации и предмети во современото општество, придонесуваат за изложеност на измами од страна на продавачи од врата до врата, награди, игри на среќа, електронска пошта или телефонски повици. *Измамување на стари лица како купувачи* освен што се должи на гореспоменатите карактеристики, во голема мера има влијание и фактот дека овие лица располагаат со значителни финансиски заштеди или домашен капитал, па затоа и се примамливи за измама од страна на сторителите.

Обично поради непристојност да се прекине разговорот и коминикацијата со измамникот, старото лице ја слуша приказната до крај и во зависност од способноста, вокабуларот и моќта на измамникот, полека но сигурно од потенцијална станува реална жртва. Субјективната проценката на односите на старите лица во интеракција со останатите индивидуи во општеството, како и пречките во препознавање на ризични ситуации, придонесуваат за зголемениот ризик од измама и финансиска злоупотреба.

❖

[401] Кривичен законик, *„Службен весник на Република Македонија“* бр. 80/99, бр. 4/2002, бр. 43/2003, бр. 19/2004, бр. 81/2005, бр. 60/06, бр. 73/06, бр. 7/08, бр. 139/08, бр. 114/09, бр. 51/11, бр. 135/11 , бр. 185/11, бр. 142/12, бр. 166/12, бр. 55/13, бр. 82/13, бр. 14/14, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 115/14 и бр. 132/14., чл.258.
[402] Николоска, С., оп. цит., стр. 217.

Инкриминациите на кривични дела имаат различни заштитни објекти. Оттука, **жртвите** како објект на заштита можат да бидат загрозени и злоупотребени и од аспект на нематеријални добра и вредности како што се: живот, здравје и интегритет на личноста, но и од аспект на материјални добра кои што ги поседуваат. Насилнички кривични дела се дела со висок степен на општествена опасност, а тоа особено се однесува на кривични дела кои спаѓаат во групата на насилнички имотен криминалитет.

Оттука заклучуваме дека секое старо лице е изложено на поголема или помала веројатност од станување жртва на кривично дело, односно е изложено на *ризик на виктимизација*. Имено, интензитетот на ризикот не е еднакво распореден кај старосната популација, притоа некои се повеќе подложни на овој ризик во однос на другите. Оттука, ризикот освен што е детерминиран од влијание на одредени фактори во однос на жртвата, во никој случај не треба да се занемари улогата и евентуалниот придонес на самата жртва во кривичното дело.

Имено, старите лица освен што се јавуваат во улога на жртви на кривични дела, тие исто така се жртви и на определени активности при секој облик на злоупотреба, како последица на возраста и вулнерабилноста со кој се соочува оваа старосна група.

Кај физичка злоупотреба, старите лица се лесна цел поради неможноста да се одбранат, пред сѐ поради нарушената здравствена состојба, притоа отпорот може лесно да се совлада. Во некои случаи злоупотребата може да е резултат на измама без насилство, но со искористување на намалените когнитивни и интелектуални капацитети на старото лице, па со тоа да биде доведено во состојба да преземе дејствија на сопствена штета без да биде докрај свесно за последиците. Но и во овие случаи старото лице е жртва. Токму затоа ја прифаќаме тезата дека при секој облик на злоупотреба старото лице е жртва, но не секогаш злоупотребата е кривично дело. Злоупотребата станува важен сегмент од криминалната виктимизација само во услови кога е дел од битието на кривичното дело.

## 2. Злоупотреба на стари лица

Актуализирање на прашањето за правата на старите лица започнува кон крајот на 20-от век. Првичните концептирања во однос на правата на старите лица, не се

однесувале на прашањата за заштита и безбедност на овие лица од кривичноправен аспект, туку се концентрирале на: благосостојба и социјални права. Меѓу другото, од зголемениот број истражувања во овие две области, се наметнала потребата од правни услуги за спречување на злоупотреба во контекст на негувањето. Истражувањата покажале дека како жртва најчесто се јавува старо лице кое има потреба од нега од друго лице. Стресот од работа, животот и семејството, претставувале основни причини поради кои негувателот не бил во состојба да ја пружи соодветната грижа и внимание. Освен истражувањата, исто така и медиумите имале важна улога во промоција на ова прашање.[403]

Злоупотреба на стари лица за прв пат се среќава во британските научни списанија во 1975 година, под поимот „претепување на баба“ (granny battering). Појавување на интерес за истражување на злоупотреба на стари лица укажува на загрозена категорија на лица, која трпи различни облици на насилство.[404] Во 1980, хирургот Луис Саливан одржал работилница поврзана со семејно насилство. Помеѓу темите за јавно здравство и кривично правда, биле вклучени и темите за злоупотребата и занемарувањето, пред сè во кругот на семејството. *Ова практично ја вметнало злоупотребата на старите лица под чадорот на семејното насилство.*[405] Некои истражувања во САД во 1981 година, укажуваат на карактеристиките на жртва на семејно насилство. Станува збор за жена на 75 годишна возраст, припадничка на средна класа, со психичка и физичка дисфункционалност.[406] Во текот на осумдесетите години на 20-от век, истражувањата за злоупотреба и интерес за ова прашање, се појавува во: Норвешка, Шведска, Канада, Народна Република Кина, Хонг Конг, за веќе во следната деценија да добие на интензитет и во: Аргентина, Индија, Израел, Јапан, Јужна Африка и некои европски земји. Имено, Конгресот на САД е првиот законодавен орган во светот, кој злоупотребата на стари лица ја прогласува за социјално и политичко прашање.

---

[403] Rosalie Wolf (2001). Elder Abuse and Neglect: History and Concepts. Достапно на: https://www.nap.edu/read/10406/chapter/15#246. Пристапено на 16.02.2019.

[404] Пелицариќ, Н., (1998). Насиље над старим особама у обитељи. *Насиље у обитељи (зборник радова),* уредник З. Шепаровиќ, Дубровник, стр. 156.

[405] Rosalie Wolf (2001). Elder Abuse and Neglect: History and Concepts. Достапно на: https://www.nap.edu/read/10406/chapter/15#246. Пристапено на 16.02.2019.

[406] Пелицариќ, Н., (1998). Насиље над старим особама у обитељи. *Насиље у обитељи (зборник радова),* уредник З. Шепаровиќ, Дубровник, стр. 156.

Американската Национална академија на науките, предложила широко прифатена научна дефиниција за злоупотреба на стари лица. Злоупотребата на старите лица се дефинира како: *„намерни дејства што предизвикуваат штета или создаваат сериозен ризик од штета на ранливи стари лица од страна на старателот или друго лице кое застапува во доверба, или, пак, неуспех на старателот да ги задоволи основните потреби или овозможување на заштита на овие лица од штета.“* Оваа дефиниција вклучува две главни точки и тоа: едно старо лице претрпело повреда, лишување или непотребна опасност и дека друго лице (или лица) во односот на довербата, било одговорно/и за предизвикување и/или неуспех во спречување на штетата.[407]

Злоупотреба на стари лица во општа смисла, ги вклучува сите признати форми на насилство и злоупотреба. Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина го дефинира насилството како *"употреба на сила или моќ, преку акција, закана против одредено лице, група или заедница која што резултира или има веројатност да резултира со смрт, физичка повреда, психолошка или емотивна штета, превенција на развојот и обесправување".*[408]

Во рамките на докторската дисертација ја прифативме дефиницијата за злоупотребата на стари лица од страна на Меѓународната организација INPEA, која што ја дефинира злоупотребата како: *„Едно или повторено дејствување или недостаток на соодветна акција која се појавува во рамките на било кој однос каде што постои очекување на доверба, а кое всушност предизвикува штета или вознемиреност кај старо лице“.*[409] Можеме да констатираме дека во дефиницијата особено се акцентира односот меѓу старото лице и лицето од доверба, кој треба да се темели на *почитување и доверба*. Според тоа би заклучиле дека битна карактеристика на злоупотребата се состои токму во губењето на почитувањето и довербата од страна на старите лица како жртви на злоупотреба. Оттука оваа дефиниција ја сметаме за прифатлива во објаснувањето на поимот на злоупотреба на старите лица.

---

[407] Pillemer, K., Burnes, D., Riffin, C. & Lachs, S. M. (2016). Elder Abuse: Global Situation, Risk Factors, and Prevention Strategies. The Gerontologist. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC5291158/ Пристапено на: 04.09.2019.

[408] Црвен крст на Република Македонија (2013). Минимум стандарди за грижа за стари лица во домашни услови. Достапно на: https://ckrm.org.mk/wp-content/uploads/2017/05/Priracnik-za-griza-na-stari-lica-final.pdf. Пристапено на 10.02.2019.

[409] The International Network for the Prevention of Elder Abuse (INPEA, 2002). Достапно на: http://www.who.int/violenceprevention/participants/inpea/en

## 2.1. Видови на злоупотреба кај стари лица

Злоупотребата може да се врши од страна на: брачен другар, партнер, роднина, пријател или сосед, волонтер, платен работник, лекар, адвокат или било кое друго лице со намера лишување на ранливите лица од нивните ресурси. Без разлика кој ја извршува злоупотребата како еднократно или повторено дејство останува фактот дека тој чин вклучува доверба, контрола или овластување над поединецот. Семејните односи, соседите и пријателите се сметаат за односи на доверба.

Најголемиот дел од насилниците се роднини, обично брачниот другар/партнер на старото лице, како и возрасни синови или ќерки. Во некои ситуации причина за злоупотребата од страна на децата врз старите лица е резултат на трансгенерациско насилство. Ваквото однесување е научено, но претставува и единствен одговор на стресни ситуации кое се учи во кругот на семејството и се пренесува од генерација на генерација. Карактеристично за физичка и финансиска злоупотреба на стари лица е фактот дека се врши од страна на нивните деца. Во случај кога злоупотребата се врши од страна на децата, многу ретко станува збор за само еднократна и единствена злоупотреба. Често физичката злоупотреба е надополнета и пропратена со психичкото насилство. Значи, случаите на злоупотреба на стари лица се движат од нанесување физичка штета, измама, па се до принуда за да се извлече финансиска или материјална добивка од ранливите стари лица.

Иако не постојат општо прифатени причини зошто, како, кога и каде се случува злоупотребата кај старите лица, постои изедначен став околу прашањето за консеквенции од оваа појава. Последиците најчесто се долготрајни и мачни, а во крајна линија овој процес финишира со смрт. Според сознанијата на одредена група автори кои се занимавале со ова прашање, злоупотребата кај старите лица може да се јави во следните облици:

**Психичка (емоционална) злоупотреба** вклучува обиди на дехуманизација и потценување на старите лица. Секое вербално или невербално однесување што ќе ја намали самодовербата кај старото лице е психичка злоупотреба, а се манифестира со:

- Закани за употреба на насилство;
- Закани дека ќе бидат напуштени и оставени сами;

- Намерно застрашување, како на пример нема да добијат храна;
- Лажење;
- Потсмевање;
- Навредување;
- Третман на стари лица како да се деца или слуги;
- Социјална изолација и забрана на посети;
- Негирање на правата на старите лица (право на избор, мислење и приватност);
- Игнорирање;
- Прекумерна критика и наредување;
- Постојаното наметнување на прашања за смртта и намерни дискусии на оваа тема.

**Финансиската (економска) злоупотреба** е многу честа појава кај старите лица, кога лицата во нивната непосредна околина ги злоупотребуваат нивните финансиски средства и имот. Секое неосновано или несоодветно користење на финансиски средства претставува финансиска злоупотреба, а се однесува на:

- Кражба на пари, вредности или пензии;
- Продажба на имотот без согласност;
- Принудување на стари лица за пренос на сопственост или пари на трето лице;
- Злоупотреба на полномошното;
- Лажење за вистинската цена при купување на стока за стари лица - тие „наплаќаат“ повеќе;
- Потпишување на документи наместо нив;
- Промена на тестамент, а постарата личност не е запознаена со ситуацијата;
- Не дозволување на постара личност да се пресели, на пример, во дом, така што насилниците би можеле да продолжат да ги злоупотребуваат старите лица.

Во последно време продажбата на производи и услуги преку телефон или преку интернет често е параван за измама, при што старите лица се смислена мета.

**Физичка злоупотреба** се манифестира со нанесување на болка или повреда, физичка присила или физичко ограничување или пак спречување во земање на лекови.[410] Намерно предизвикување на болка или повреда која што резултира со телесна повреда или душевна болка кај старото лице се смета за злоупотреба, изразена преку:

- Удирање;
- Туркање;
- Удирање шлаканици;
- Поставување на сопки;
- Плукање;
- Принудувајќи ги постарите лица да останат во кревет или на стол, принудување да останат во собата или заклучени;
- Ускратување на пропишана доза лекови или пак давање во поголеми количини од истите;
- Ограничување на слободата.

**Сексуална злоупотреба** вклучува различни форми на сексуално однесување, искористување и вознемирување (сексуално малтретирање, напад и срамотење) без волја и без согласност на старото лице. Сексуална злоупотреба вклучува:

- Несакано допирање (старите лица често не можат да го изразат своето незадоволство);
- Сите видови на сексуално насилство како што е силувањето, содомијата, голотија и фотографирање.

**Запоставување и само-запоставување** е неуспехот на старателите да ги исполнат своите обврски за обезбедување на потребната заштита. Запоставувањето може но и не мора да содржи свесни и намерни обиди, за да на старото лице му биде нанесена физичка или емоционална болка.[411] Запоставувањето може да биде мотивирано од финансиска добивка (на пример, старателот треба да го наследи имотот) или, пак, ги одразува интерперсоналните конфликти. „Пасивно“

[410] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.
[411] Ibid.

запоставување се однесува на ситуации во кои старател не е во можност да ги исполни неговите или нејзините обврски како резултат на: болест, инвалидитет, стрес, незнаење, недостаток на зрелост или недостаток на ресурси.

Само-запоставување се однесува на ситуации во кои всушност старото лице одбива нега. Овој вид на злоупотреба се манифестира со:

- Индиферентност;
- Отсуство и негирање на храна, лекови, вода;
- Недостаток на облека, обувки, мебел;
- Недостаток на хигиенски ресурси;
- Недостаток на помагала за мобилност;
- Недостаток на здравствена заштита;
- Оневозможување на пристап до потребните услуги;
- Социјална изолација и недостаток на социјални контакти;
- Негирање на права.

**Напуштање -** напуштање на старо лице од страна на поединец кој ја презел одговорноста за обезбедување на негова грижа.

Уште еден многу значаен момент кога станува збор за злоупотреба на стари лица која што се врши во кругот на семејството претставува феноменот кој што во психологијата се нарекува *„синдром на баба робинка“*. Станува збор за понов феномен, а се однесува на стари жени кои доброволно носат тежок товар во семејството. Фактори кои влијаат на појавата на овој синдром се обврските на старите жени како што се: чувањето внуци, задолженија во домаќинството и обврски околу некој член од семејството кој е инвалид или болен. Психолошкиот профил на жените се однесува на жени од сите сфери на животот, со претерано чувство на одговорност кои немаат обичај да се жалат соодветно. Овој товар со години станува премногу тежок за нив самите. Ако самата жена не дава до знаење дека е крајно исцрпена, а нејзините деца тоа не го забележуваат, преоптоварување на овие лица води до појава на болести од психосоматски и физички карактер. Физичките промени се манифестираат со: висок крвен притисок, метаболички нарушувања и дијабетес, срцеви и респираторни проблеми, вкочанетост, вртоглавица, хроничен замор, гадење и падови. На афективен

план се појавуваат симптомите на депресија како што се: нерасположение, непријатност, анксиозност, одбивање, недостаток на мотивација, чувство на вина поради сопствената лоша состојба. Во некои случаи дури може да се појават и самоубиствени идеи.[412]

## 2.2. Знаци кои упатуваат на злоупотреба кај стари лица

Знаците кои упатуваат на злоупотреба кај стари лица се разликуваат во зависност од видот на самата злоупотреба од која што жртвата страда. Секој вид на злоупотреба има различни знаци поврзани со неа. Злоупотребата понекогаш може да биде перфидна и затоа е тешко да се открие.[413] Пријавување на злоупотреба е особено тешко за стари лица кои се зависни и неподвижни, или, пак, доколку лицето се соочува со одредени когнитивни оштетувања.[414]

Постојат различни знаци кои укажуваат на постоење на оваа состојба. Тие може да се поделат во различни категории, притоа секоја категорија располага со свој уникатен сет на прашања и околности. Некои типични знаци на злоупотреба на старите лица вклучуваат:

- *Знаци на физичка злоупотреба:* модринки, модринки од компресија/штипење, скршени коски, изгореници, искубана коса, повторување на повредите, анксиозно однесување кога некој се приближува.
- *Знаци на психолошка/емоционална злоупотреба:* вознемиреност, депресија, страв од луѓе, нагли промени во расположението, слаб апетит, несоница (инсомнија), анксиозност, пасивност, рамнодушност, самоубиствени идеи, промени во карактерот на старото лице.
- *Знаци на финансиска злоупотреба:* ненадејна промена во банкарска сметка, подигање на голема сума од банкарската сметка од членовите на семејството или на трето лице, невообичаен трансфер на пари на сметките на членовите на семејството или на трето лице, ненадејно исчезнување на вредни работи.

---

412 Petrušić, N., Todorović, N., Vračević, M., (2012). NASILJE NAD STARIJIM OSOBAMA, *Studija o nasilju u porodici,* Stylos: Novi Sad.

413 Claudia Gröschel, Charlotte Strümpel, Cornelia Hackl and others (2007-2009). Violence against older women in families: recognizing and acting. Достапно на: https://www.roteskreuz.at/fileadmin/user_upload/PDF/GSD/Brochure-English.pdf. Пристапено на 08.02.2018.

414 Многу пациенти со Паркинсонова болест, кои имаат когнитивно нарушување, имаат халуцинации и делузии.

- *Знаци на сексуална злоупотреба:* анксиозно однесување за време на пресоблекување, модринки околу градите или околу гениталиите, ненадејно вагинално или анално крварење, ненадејна инфекција.
- *Знаци на занемарување:* ненадејно губење на тежината, дехидрација, слаба лична хигиена, лошата хигиена во живеалиштето, недостаток на социјална контакти - социјална изолација.

Имено, од виктимолошки аспект особено е значајно препознавањето на знаците на злоупотреба и запоставување, бидејќи *старите лица често се соочуваат со пречки во однос на пријавување на злоупотребата од различни причини, а најчесто станува збор за:*

- Стравот од стигматизација кај старите лица, во кругот на семејството, пријателите, соседите;
- Традиционалната култура, односно „другиот што ќе каже“, „што другите ќе мислат“;
- Чувството на срам и непријатност;
- Страв дека ако се пријави насилството ќе бидат сместени во институција;
- Стравуваат дека насилството ќе продолжи и ќе биде се поагресивно;
- Страв дека нема да им се верува;
- Страв дека нема да има некој друг да се грижи за нив;
- Стравот дека ќе бидат изолирани од членови на семејството, пријателите и соседите;
- Чувство на вина дека злоставувачот ќе биде казнет и ќе оди во затвор поради нив;
- Сомнеж дека ситуацијата ќе се подобри, иако го пријават насилникот.

Со оглед на тежината, сериозноста и последиците од злоупотреба, некои држави ја инкриминираат злоупотребата на стари лица како посебно кривично дело. Од друга страна, постојат земји каде што злоупотребата на стари лица се санкционира преку кривичните закони (на пример, убиство, сексуален напад, кражба, измама). Постојат и земји во кои државни закони ги зголемуваат казните за извршена злоупотреба врз основа на возраста или статусот на ранливост на жртвата.

Злоупотребата како сеопфатен поим вклучува широк дијапазон на манифестирање од: обиди на дехуманизација и потценување (*психичка-емоционална злоупотреба*), неосновано или несоодветно користење на финансиски средства (*финансиска злоупотреба*), нанесување на болка или повреда (*физичка злоупотреба*), различни форми на сексуално однесување, искористување и вознемирување (*сексуална злоупотреба*), па се до *запоставување* и *самозапоставување.* Карактеристично е дека секоја држава на различен начин ги дефинира и одредува законите за заштита од злоупотреба на стари лица. Дефинирање на законите за заштита и спречување на злоупотреба често се разликуваат од држава до држава.

Физичката злоупотреба се смета за криминална, само во услови кога резултира со телесни повреди или оштетување (лацерации, модринки, дислоцирани зглобови, скршени коски или повреда за која жртвата бара или прима лекарска помош). Од друга страна, некои форми на употреба на минимална физичка сила не се кривично санкционирани, како на пример: гребење, туркање, превртување, тресење, удирање шамари или стискање, кои не резултираат со телесна повреда или оштетување.

Финансиска злоупотреба е криминална само кога ресурсите на старото лице се искористуваат за наводната добивка на сторителот. На пример: пари што се позајмени, но никогаш не се вратени; големи банкарски трансфери или повлекувања на финансиски средства; промена на насловот на домот на старото лице, автомобил или друг имот или, пак, менување на примателот (старото лице) на пари за бенефиции и директни депозити на сторителот. Од друга страна, сомнителни однесувања од типот на заобиколување за тоа на кој начин се трошат парите, барање одредена сума пари од старо лице, како и притисок врз старото лице да потпише документи без сопствена волја не спаѓаат во криминална виктимизација.

## 3. Последици од криминалитетот кај стари лица

Квалитативни истражувања наоѓаат широка примена во испитувањето на влијанието на криминалитетот кај старите лица. Имено, квалитативните истражувања за одредени видови криминал или жртви на: кражби, домашно насилство, сексуални напади и следење од манијаци, насилство, силувања и постари жртви, го нагласуваат сериозниот стрес претрпен од страна на жртвите, како и негативните физички,

практични и финансиски последици на кои се подложни овие жртви.[415] Иако реакциите на жртвите во голема мера зависат од видот на кривичното дело, сепак, како најдоминантна реакција во повеќето истражувања се јавува психичката исцрпеност. Посттрауматско растројство се однесува токму на оваа психичка исцрпеност, а се манифестира со следните симптоми: страв, депресија, губење контрола, чувство на вина, неспокојно спиење и опсесивно размислување за кривичното дело.[416]

Кога станува збор за криминална виктимизација кај стари лица, не можеме да не се осврнеме на посттрауматско стресно нарушување (posttraumatic stress disoreder: PTSD), кое воедно се дефинира како минлив однос меѓу препознатлив трауматски настан, притоа развој на симптомите доведува до нарушување на физичките, психолошките и социјалните функции. Стресорите кои го предизвикуваат овој синдром, се надвор од доменот на нормално човеково доживување (борба, силување, напад, смрт, повредување). Имено, карактеристично е да се јави кај стари лица кои преживеале настан од типот на сериозно загрозување на животот или физичкиот интегритет, потоа сериозна закана или повредување, неочекувано уништување на домот или заедницата, или, пак, средба со друго лице кое било или сè уште е тешко повредено или убиено поради некој несреќен случај или физичко насилство. Овој синдром се карактеризира со три главни групи симптоми и тоа: постојано преживување на трауматскиот настан; упорно одбегнување на стимули придружени со траума или затапување на општата реактивност и упорни симптоми на зголемена напнатост, коишто не постоеле пред траумата.[417]

Старите лица во процесот на виктимогенеза се соочува со тешки соматски, психолошки и социјални последици.[418] Процесот на лекување од физички повреди може да трае долго, додека, пак, психолошките и емотивните лузни можат да останат засекогаш. Последица од кривичното дело резултира со изолација пропратена со

---

[415] Maguire, M., Morgan R., & Reiner R., (2007). *The Oxford Handbook of Criminology Forth Edition*, Oxford University Press.
[416] Acierno, R., Resnik, H. & Kilpatric, D. (2003). Assessing elder victimization: demonstration of a methodology. *Social Psychiatry and Psychiatric Epidemiology.*
[417] Батиќ, Д., Крстевска, Р. (2016). *Психопатологија.* Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 69-70.
[418] Hydle I (Ed.). (1994). Abuse of the Elderly. (Swe. and Nor.). Nord 1994:2, Nordic Councils of Ministers, Köpenhamn.

чувство на вина и срам кај старото лице. Битно е да се напомене дека во тој животен стадиум настануваат и бројни физички и ментални промени.[419]

Кривичните дела од физичка и сексуална природа особено кај старите лица повлекуваат долгорочни последици. Емотивното растројство е карактеристично за жртвите на сексуални напади, а се манифестира со неправилно спиење и јадење, чувство на несигурност и ниско ниво на самодоверба, чувство на страв, одвратност, срам и вина, како и нестабилни односи со месеци и години по настанот. Познато е дека терапијата во случаи на психолошките симптоми од типот на депресија и соматски растројства не е од голема корист за жртвата.[420]

Во процесот на виктимогенеза, старите лица се соочуваат со значајни физички и психолошки последици. Физичките последици се манифестираат во вид на: *рани и повреди* (на пример, модринки, лацерации[421], проблеми со забите, повреди на главата, скршени коски, рани од притисок); *постојана физичка болка и тага; исхрана и проблеми со хидратација; пореметувања во спиењето; зголемена подложност на нови болести* (вклучувајќи сексуално преносливи болести)*; егзацербација*[422] на постоечките здравствени состојби, како и *зголемен ризик од предвремена смрт.*

Воспоставените психолошки ефекти од насилство на старите лица вклучуваат високо ниво на вознемиреност и депресија. Чувствата на старото лице - жртва во однос на делото и сторителот на тоа дело, се протегаат од изненадување и резигнација па се до одмазда и бес, или, пак, старото лице се соочува со амбивалентни и противречни чувства. Доказ за ова е определено одоговлекување за поднесување на казнена пријава па дури и за откажување од делото. Исто така, постојат случаи кога жртвата е подготвена да му *прости* на сторителот пред сè поради финансиски причини. Понекогаш минималните финансиски средства со кои располага старото лице (доколку тие не се доволни ниту за основните потреби), претставуваат основна причина поради која лицето е принудено да остане во таа средина.

---

[419] Ibid.
[420] Kelly, D.P. & Erez, E. (1988). *Victim Participation in the Criminal Justise System in Victims of Crime*. R. C. Davis, A.J. Lurigio and W.G. Skogan (eds.), 20nd edition. Thousand Oaks, California: Sage Publications.
[421] Гребење, кинење, разделување, растргнување на ткивото.
[422] Влошување.

Од друга страна, најчество самите жртви одат во крајност од типот на рамнодушност, како и резигнирано откажување па дури и негирање на самото кривично дело. Други потенцијални психолошки последици кои имаат потреба од понатамошно научно истражување се: зголемен ризик за развој на реакции на страв и анксиозност, како и посттрауматско стресно нарушување.

Одредени истражувања, покажуваат дека кривични дела врз имотот исто така остават последици врз жртвите. Освен финансиски и практични штети овие дела создаваат чувство на шок, несигурност и повреденост. Влијанието на кривичните дела од имотен карактер продолжува и по самиот инцидент. Потребни се дополнителни финансиски средства за осигурување на самиот имот, но и дополнителна медицинска и/или психијатриска помош за жртвите. Имено, во некои случаи се јавува потреба од промена на местото на живеење поради трауматична провала или стигматизација од страна на околината во која живее старото лице.

Можеме да резимираме дека физичките повреди кај старите лица оставаат видливи последици кои овозможуваат брза интервенција во самата акутна фаза. Од друга страна, менталните последици се потешки за распознавање во оваа фаза. Стресот и шокот од кривичното дело се карактеризираат со долготраен и хроничен карактер, а се изразуваат преку: депресија, неправилно спиење и исхрана, самоповредување, ниско ниво на самодоверба, како и појава на суицидни мисли и посегнување кон чинот на самоубиство.

## 4. Врска меѓу виктимизацијата и стравот од криминал кај старите лица

Еден од главните истражувачки проблеми е концептот на самиот страв. Меѓу другото, истражувачите се соочуваат со потешкотии при дефинирање на овој поим. Емоциите по дефиниција се ирационални и не постои такво нешто како „рационална емоција“. Истото може да се каже и за утврдувањето на нивото на страв во однос на сразмерноста со реалните ризици на кои одредено лице е изложено. Обично, кога е во прашање криминалитетот како опасна општествена појава, овој страв често е претеран, па дури и ирационален и се темели на нереални и сензационалистички прикажувања во јавните гласила.

## 4.1. Дефинирање на страв од криминал

Покрај големиот број на студии кои се занимаваат со „страв од криминал“ во текот на изминатите децении, тешко е да се најде соодветна дефиниција на стравот од криминал. Повеќето од студиите го третираат овој страв како тој да се подразбира сам по себе. Овој флагрантен пропуст веројатно се должи на непремостливите проблеми во обидот се да излезе со јасна и точна дефиницијата.[423] Друг проблем со истражувањето на стравот од криминал е заменливото користење на различни концепти без да се земат предвид суптилните разлики меѓу нив, притоа вршејќи се поистоветување на референците од типот на: страв, вознемиреност, загриженост, чувство на сигурност/несигурност. *Страв од криминал вклучува: „различни емоционални состојби, ставови или перцепции“.*[424] Несоодветно е поистоветувањето на страв од криминалот со очекуваниот ризик.

Често не се прави разлика меѓу страв од глобалниот криминал (криминал третиран како општа, нејасна, а малку апстрактна категорија) и страв од конкретни форми на виктимизација. Меѓу другото, иако се зборува за „страв од криминал“ она што се мери не е страв воопшто. На пример, иако студијата на Вилц ги носи зборовите „страв од криминал“ во насловот и иако авторот постојано се осврнува на стравот, всушност се мери перцепцијата/проценката на испитаниците за нивните шанси да бидат жртва.[425]

Стравот од криминал се зголемувал во изминатите 30 години. Интересен е фактот дека нивото на страв константно ги надминува официјалните случаи на актуелниот криминал. Имено, додека речиси една половина од сите американци се плашат од криминалот, официјалните податоци покажуваат дека само 6% од популацијата се жртви на криминал.[426]

---

[423] Fattah, E. (1993). Victimisation and Fear of Crime among the Elderly: A possible link? Достапно на: https://pdfs.semanticscholar.org/556c/9d8ea0da1bb48ad6efa31f1e8b9e5cb50c66.pdf Пристапено на: 29.08.2019.

[424] Warr, M. (2000). *Fear of crime in the United States: Avenues for research and policy. In Criminal justice 2000: Measurement and analysis of crime and justice*. Vol. 4. Edited by David Duffee. Washington, DC: U.S. Department of Justice.

[425] Fattah, E. (1993). Victimisation and Fear of Crime among the Elderly: A possible link? Достапно на: https://pdfs.semanticscholar.org/556c/9d8ea0da1bb48ad6efa31f1e8b9e5cb50c66.pdf Пристапено на: 29.08.2019

[426] Doerner, W.G. & Lab, S.P. (2002). *Victimology*. Third edition. Anderson publishing co.

Обично стравот од криминал е перцепиран во негативен контекст. Но, постојат истражувања кои укажуваат на дијаметрална спровеност на ова тврдење. На пример, во една област старите лица не практикувале традиција на дружење, но поради зголемениот број на кривични дела во таа област, одлучиле да се здружат со цел да го намалат високиот став. Со помош на програми кои промовирале интеракција, соработка и солидарност кај овие лица, во истата област било забележано значително помало ниво на страв од криминал.[427]

Фатах во својот труд ја објаснува можната врска меѓу виктимизација и страв од криминал кај старите лица. Притоа Фатах се повикува на анкетата спроведена од страна на Спаркс, Ген и Дод во која се *нагласува растечката загриженост во врска со стравот од криминал и вниманието што се посветува на оваа појава. Прикажувањето на криминалот во медиумите и пораките изнесени за состојбата на криминалот се чини дека се дизајнирани да ја подобрат анксиозноста на луѓето и да го зголемат стравот од виктимизација. Истражувањето, исто така, покажало дека страв од криминал нема никаква врска со објективните ризици од виктимизација.*[428]

И покрај тоа што старите лица се изјаснуваат дека чувствуваат страв од криминал, реална стапката на виктимизација кај оваа возрасна група е помала во однос на остатокот на популацијата.[429] [430] [431] [432] Морган и Мејсон по спроведени истражувања во САД укажале на пониски стапки на нефатален насилен и имотен криминал спрема старите лица во однос на младата популација.[433] Спротивно на овој податок, истражувањата спроведени во Велика Британија укажуваат дека кривични дела од типот на: грабеж, кражба и насилство се вообичаени злосторства извршени врз стари

[427] Fattah, E. (1993). Victimisation and Fear of Crime among the Elderly: A possible link? Достапно на: https://pdfs.semanticscholar.org/556c/9d8ea0da1bb48ad6efa31f1e8b9e5cb50c66.pdf Пристапено на: 29.08.2019.
[428] Sparks, R.F., Genn, H.G. & Dodd, D.J. (1977). *Surveying Victims*. John Wiley and Sons, New York.
[429] Baker, M.H., B.C. Nieustedt, R.S. Everett & R. McCleary (1983). *The Impact of a Crime Wave: Perceptions, Fear and Confidence in the Police*. Law and Society Review, vol. 12.
[430] Fattah, E. A. & Sacco, V.F. (2012). *Crime and Victimization of the Elderly,* New York: Springer-Verlag.
[431] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.
[432] Killias, M., & Clerici, C. (2000). Different measures of vulnerability and their relation to different dimensions of fear of crime. *British Journal of Criminology, 40,* 437–450.
[433] Rachel E. Morgan, & Britney J. Mason (2014). Crimes Against the Elderly, 2003–2013. Special Report. Достапно на: https://www.bjs.gov/content/pub/pdf/cae0313.pdf

лица.[434] Други истражувања доаѓаат до сознанија дека старите лица се почесто се жртви на: имотен криминалитет, [435] грабеж, [436] вандализам, [437] напад [438] и малтретирање.[439]

Досегашните теоретски сознанија укажуваат на следните детерминанти како предиспонирачки фактори кои придонесуваат за зголемување на страв од криминал кај старите лица, а станува збор за:

1. Стравот од криминал кај старите лица е последица од влошено здравје и зголемена физичката ранливост. Влошувањето на здравјето го зголемува чувството на беспомошност.[440] [441] [442] [443] [444] Кечато истакнува дека доколку овие лица се соочуваат со еден или повеќе хендикепи, доживуваат повеќе анксиозност и страв дека ќе бидат жртви на криминал и затоа го избегнуваат излегувањето надвор од домот;[445]

2. Старите лица се плашат од виктимизација на своите потомци. Стравот може да биде повеќедимензионален така што индивидуа може да се плаши за себе (личен страв) и за другите (на пример: децата, сопружниците и пријателите);[446]

3. Старите лица често не прават разлика помеѓу страв од криминал и вистинскиот ризик од станување жртва на криминал. Според Вар страв е *„емоција,*

---

[434] Serfaty, M., Ridgewell, A., Drennan, V., Kessel, A., Brewin, C. R., Wright, A., & Blanchard, M. (2015). Helping Aged Victims of Crime (the HAVoC Study): Common crime, older people and mental illness. Behavioural and Cognitive Psychotherapy, 44, 140–155.

[435] Moore, S. (2010). Older people, fear and crime: Problems and new directions. Working with Older People, 14, 16–24.

[436] Fox, J. A. & Levin, J. (1991). *Homicide against the elderly: A research note.* Criminology, 29(2), 317-327.

[437] Akers, R. L., La Greca, A. J., Sellers, C., & Cochran, J. (1987). Fear of crime and victimization among the elderly in different types of communities. Criminology, 25, 487–505.

[438] Bachman, R. & Meloy, ML. (2008). The epidemiology of violence against the elderly: implications for primary and secondary prevention. *Journal of Contemporary Criminal Justice 24(2).*

[439] Acierno R. Hernandez M. A. Amstadter A. B. Resnick H. S. Steve K. Muzzy W., & Kilpatrick D. G. (2010). Prevalence and correlates of emotional, physical, sexual, and financial abuse and potential neglect in the United States: The National Elder Mistreatment Study. *American Journal of Public Health, 100,* 292–297. doi:10.2105/AJPH.2009.163089

[440] De Donder, L., Verte´, D., & Messelis, E. (2005). Fear of crime and elderly people: Key factors that determine fear of crime among elderly people in West Flanders. *Ageing International, 30*, 363–376.

[441] Ferraro, K. F., & Grange, R. L. (1987). The measurement of fear of crime. *Sociological Inquiry, 57,* 70–97.

[442] Killias, M., & Clerici, C. (2000). Different measures of vulnerability and their relation to different dimensions of fear of crime. *British Journal of Criminology, 40,* 437–450.

[443] Warr, M. (1984). *Fear of Victimisation: Why are Women and Elderly More Afraid?.* Social Science Quarterly, vol. 65.

[444] Ziegler, R., & Mitchell, D. B. (2003). Aging and fear of crime: An experimental approach to an apparent paradox. *Experimental Aging Research, 29,* 173–187.

[445] Ceccato, V. (2014). Ensuring safe mobility in Stockholm, Sweden. *Municipal Engineer, 168,* 74–88.

[446] Doran, B. J., & Burgess, M. B. (2011). Putting fear of crime on the map: Investigating perceptions of crime using geographic information systems. Canberra, Australia: Springer Science & Business Media.

*чувство на аларм, или, пак, страв предизвикан од свесност или очекување на опасност“.*[447] Фераро, пак, го дефинира стравот од криминал како *„емоционална реакција на страв или вознемиреност од криминалот или симболите кои една личност ги поврзува со криминал“.*[448] Оттука, зголемувањето на криминалот хипотетички ќе влијае на перципираната безбедност, но оваа симплифицирана причинско-последична врска ретко се потврдува со емпириски студии. Стравот од криминал се однесува на вознемиреноста да се стане жртва на криминал, наспроти фактичката веројатност на жртва на криминал во однос на вистинскиот ризик;[449]

4. Страв од криминал кај старите лица се поврзува со стравот од непознато. Стравот од непознати лица често е причина за непријателство меѓу новодојденците и локалното население во едно соседство, кое Санденкок го идентификува како *израз на страв од непознато*;[450]

5. Стравот кај старите лица често се поистоветува со чувството на губење на личната сигурност.[451] Чувството дека „сè беше подобро порано“ и чувството за недостиг на контрола врз животот, го објаснува непропорционалниот страв од криминал кај овие лица;

6. Можната врска меѓу стравот од криминал и приходот кај старите лица е објаснета од страна на група автори, кои тврдат дека стравот кај сиромашните стари лица придонесува тие да се чувствуваат понебезбедни и несигурни во однос на стари лица со повисок приход.[452] [453] [454] [455] [456] Кога сиромашните стари лица се жртви на

---

[447] Warr, M. (2000). *Fear of crime in the United States: Avenues for research and policy. In Criminal justice 2000: Measurement and analysis of crime and justice*.
[448] Ferraro, K. F. (1995). Fear of crime: Interpreting victimization risk. Albany: State University of New York Press.
[449] Hale, C. (1996). *Fear of crime: A review of the literature.* International Review of Victimology, 4, 79–150.
[450] Sandercock, R. J. (Ed.). (2005). *Difference, fear and habitus, a political economy of urban fear.* Aldershot, England: Ashgate.
[451] Giddens, A. (1991). *Modernity and self-identity: Self and society in the late modern age.* Cambridge, MA: Stanford University Press.
[452] Christmann, K., Rogerson, M., & Walters, D. (2003). Fear of crime and insecurity in new deal for communities partnerships. Достапно на: http://extra.shu.ac.uk/ndc/downloads/reports/RR14.pdf
[453] Hale, C. (1996). *Fear of crime: A review of the literature.* International Review of Victimology, 4, 79–150.
[454] McCoy, H. V., Wooldredge, J. D., Cullen, F. T., Dubeck, P. J., & Browning, S. L. (1996). Lifestyles of the old and not so fearful: Life situation and older persons’ fear of crime. *Journal of Criminal Justice, 24,* 191–205.
[455] Qin, N., & Yan, E. (2014). Prevalence and psychosocial correlates of the fear of crime in older Chinese. *The Journal of Adult Protection, 16,* 264–275.
[456] Schweitzer, J. H., Kim, J. W., & Mackin, J. R. (1999). The impact of the built environment on crime and fear of crime in urban neighborhoods. *Journal of Urban Technology, 6,* 59–73.

имотниот криминал тие повеќе го почувствуваат економското влијание.[457] Меѓу другото, овој став е навистина дискутабилен бидејќи не можеме да тврдиме дека само лица со ниски приходи се чувствуваат несигурни и небезбедни. Доколку одредено старо лице е случајна жртва посебно кога станува збор за кражби извршени на јавно место, тогаш и всушност не знаеме за висината на приходот. Од друга страна, доколку старото лице е избрана жртва, тогаш старите лица со повисок приход и добра финансиска состојба се попримамлива цел за сторителите на кривични дела;

7. Јавните гласила играат важна улога во презентирањето на одредени статистики за криминалитетот кај старите лица;[458]

8. Старите лица се позависни од нивната непосредна околина. Истражувањата покажаат дека живеењето во областите со недостиг на доверба кај жителите може да го зголеми стравот од криминал.[459] [460] [461] Социјалната изолација и намалени социјални релации, исто така, влијаат на безбедноста на старите лица;[462]

9. Криминалитетот кога се во прашање старите лица се одликува со висока темна бројка, притоа укажувајќи на несогласување меѓу декларираниот страв и вистинската виктимизација. Ова особено се однесува на области во кои бројката на непријавени случаи на криминалитетот кај овие лица е многу висока и тоа: руралните средини, гета, како и области во кои живее сиромашно население;[463]

10. Стравот кај старите лица е максимизиран на места каде што е редуцирана контрола од страна на полицијата.[464] [465] Карактеристиките на надворешна средина, имаат големо влијание врз безбедноста на старите лица.[466]

---

[457] Pogrebin, M., & Pijoan, N. (2014). The fear of crime by the elderly: Issues and consequences. *The Journal of Sociology & Social Welfare, 5,* 856–862.
[458] Ceccato, V. (2014). Ensuring safe mobility in Stockholm, Sweden. *Municipal Engineer, 168,* 74–88.
[459] Funk, L. M., Allan, D. E., & Chappell, N. L. (2007). Testing the relationship between involvement and perceived neighborhood safety a multinomial logit approach. Environment and Behavior, 39, 332–351.
[460] Sampson, R. J., Raudenbush, S. W., & Earls, F. (1997). Neighborhoods and violent crime: A multilevel study of collective efficacy. Science, 277, 918–924.
[461] Wyant, B. R. (2008). Multilevel impacts of perceived incivilities and perceptions of crime risk on fear of crime. Journal of Research in Crime and Delinquency, 45, 39–64.
[462] Hale, C. (1996). *Fear of crime: A review of the literature.* International Review of Victimology, 4, 79–150.
[463] Farr, M. (2003). How does crime reporting, crime levels and crime mix vary by type of neighbourhood? A national perspective, presented at Understanding crime and the neighbourhood: Concepts, evidence and police design, Bristol, 2003. Retrieved from http://www.ucl.ac.uk/*uctpb21/Cpapers/Crime_2012_ August_AER.PDF
[464] Markowitz, F. E., Bellair, P. E., Liska, A. E., & Liu, J. (2001). Extending social disorganization theory: Modeling the relationships between cohesion, disorder, and fear. Criminology, 39, 293–319.

Оттука, можеме да резимираме дека кај старите лица се забележува високо ниво на страв од криминал и покрај ниските стапки на виктимизација. Меѓу другото, стравот од криминал претставува само една компоненета во однос на објаснување на ниските стапки на виктимизација. Имено, во виктимолошката литература се укажува и на други фактори во однос на ниските стапки на виктимизација, преточени низ призмата на следните параметри:

- ***Помалку привлечни цели.*** Староста делува како заштитен фактор, бидејќи старите лица се помалку атрактивни цели и во физичка, но и во културна смисла. Во повеќето општества постојат силни културни забрани против виктимизација на: стари, слаби, хендикепирани и беспомошни стари лица. Таквиот културен концепт ги засилува моралните инхибиции и затоа припадниците на овие групи стануваат помалку пожелни жртви.

- ***Помалку достапни цели.*** Старите лица поголем дел од своето време го поминуваат во своите домови во однос на млади возрасни групи, што значи дека тие ќе бидат помалку достапни како цели на различни престапи.

- ***Намалена изложеност.*** Криминалната виктимизацијата е тесно поврзана со изложеноста на потенцијални престапници во ризични ситуации и средини. Колку е поголема изложеноста толку е поголем ризикот, или, пак, колку е помала изложеноста дотолку е помала веројатноста некое лице да стане жртва.

- ***Помалку вклучени во нелегални, делинквентни и девијантни активности.*** Друг фактор кој придонесува за ниската стапка на виктимизација кај старите лица е воопшто никаква или многу мала вклученост во нелегални, делинквентни и девијантни активности.

---

[465] Wyant, B. R. (2008). Multilevel impacts of perceived incivilities and perceptions of crime risk on fear of crime. Journal of Research in Crime and Delinquency, 45, 39–64.

[466] Теоријата на СКРШЕНИОТ ПРОЗОРЕЦ, го објаснува овој феномен. Метафората со скршениот прозорец, се однесува на тоа дека ако на одредени места има: безредие, расфрлано ѓубре, руинирани имоти, вандализам, скршени прозоци, уништено улично осветлување, руинирани и нечисти места за одмор и рекреација, во тие случаи доколку органите не преземаат нешто за да ја подобрат ситуацијата, голема е веројатноста дека жителите на тоа место ќе се навикнат на таквата состојба и ќе ја воспримат како нормална. Имено, примената на оваа теорија во однос на криминалитетот на стари лица, значи дека доколку во општеството се зголеми стапката на криминал, насилство, убиства во однос на одредена група, тогаш органите на прогонот се должи веднаш и остро да реагираат во однос на сузбивање и спречување на одредена појава.

## 4.2. Класифицирање на стравот

Класификација на страв од криминал се однесува на разликата меѓу одредени концепти кои често се користат во обид да се измерат чувствата на луѓето за криминалот и нивната реакција на она што тие го сметаат за ризик од виктимизација. Фурстенберг, дистинкцијата меѓу овие два поими ја истакнува на следен начин: *колку луѓето се загрижени да бидат жртви и колку се загрижени за нивото на криминал во нивното соседство, заедница или општество во целост.*[467] Друга разлика е онаа направена од Фици меѓу *конкретниот страв (тоа е стравот од станување жртва на специфичен насилен криминал)* и *бесмислен страв (тоа е неспецифичен страв за безбедноста во еден дом, соседство и поголема заедница).*[468]

Вер прави разлика меѓу страв од криминална виктимизација опишувајќи го како *„страв од криминални дела, извршени против животот и телото, или, пак, имот“* и *„страв од криминал кој се однесува на општ страв од криминал (или неговите последици) без да се плаши од лична виктимизација“*. Истоимениот автор го привлекува вниманието со потенцирање на разликите меѓу *личниот страв* (тоа е страв за сопствената безбедност) и *алтруистичкиот страв* (тоа е стравот кој поединците го чувствуваат во однос на безбедноста на нивните блиски лица: деца, сопружници, пријатели). Вер го осудува фактот дека истражувањето на стравот од криминал во текот на изминатите три децении се концентрира исклучиво на личен страв.[469]

Резултатите од истражувањето на Сако и Џонсон, направени во различни временски интервали, укажале на заеднички заклучок дека како што лицата старееат се зголемува и стравот од криминал.[470]

## 4.3. Мерење на стравот

Криминалот е мулти-димензионален феномен. Кривичните дела во голема мера варираат во зависност од: нивната сериозност, начинот на извршување, како и последиците од кривичното дело. Општ недостаток кај криминалните истражувања се

[467] Furstenberg, F. (1971). Public Reactions to Crime in the Streets. *The American Scholar, vol. 40.*
[468] Figgie, H.E. (1980). *The Figgie Report on Fear of Crime: America Afraid*; Part 1: The General Public, A-T-O-Inc., Ohio.
[469] Warr, M. (1984). *Fear of Victimisation: Why are Women and Elderly More Afraid?.* Social Science Quarterly, vol. 65.
[470] Sacco, V.F. & Johnson, H. (1990). Patterns of Criminal Victimisation in Canada. *General Social Survey Analysis Series (no.2),* Statistics Canada, Ottawa.

однесува на фактот што не се прави подетална диференцијација на стравот од различни видови криминал. Затоа е потребно да се разделат различни нивоа на страв поврзани со различни престапи. Во овој контекст би било добро да се диференцира стравот кој што се јавува за личната безбедност поради загриженост од сексуален напад и онаа загриженост од грабеж и слично. Потребна е диференцијација меѓу стравот од личен насилен и имотен криминалитет.

Одредени пристапи разликуваат различните аспекти на страв од криминал со ограничување на временска рамка од 12 месеци.[471] Овие аспекти вклучуваат фреквенција на искуства на страв во однос на различни престапи (т.е. афективен аспект) и субјективна проценка на ризикот од станување жртва на криминал (т.е. когнитивен аспект). Добиените резултати од ваков тип истражувања, укажуваат на тоа дека старите лица не се соочуваат со страв од криминал почесто во однос од младите. Понатаму, нема зголемен ризик од криминална виктимизација за разлика од младите.[472] Меѓу другото, се дошло до сознание дека стравот од криминал кај старите лица пред сè зависи од: физичката ранливост, финансиската несигурност, како и долготраен временски период кој што би бил потребен за оправување од ранливоста во самиот процес на виктимизација.[473]

Неколку експериментални студии за емотивната реактивност, укажуваат на тоа дека субјективното искуство на негативните емоции не се разликува меѓу младите и старите лица.[474] [475] Одредени студии покажале дека овие резултати зависат од користените стимули. Кунцман и Грун дошле до сознание дека субјективното искуство на тагата е повисоко кај старите лица, кога биле користени стимули релевантни за возраста.[476] Слично на тоа, Тичман и Гордон покажале дека старите лица реагирале со поголема анксиозност во однос на младите учесници кога биле соочени со физичка

---

471 Ferraro, K. F. (1995). Fear of crime: Interpreting victimization risk. Albany: State University of New York Press.
472 Jackson L. (2009). *The cost of elder abuse in Queensland: who pays and how much*. Brisbane: Elder Abuse Prevention Unit.
473 Ibid.
474 Beaulieu, M., Leclerc, N., & Dube´, M. (2004). Chapter 8 fear of crime among the elderly: An analysis of mental health issues. Journal of Gerontological Social Work, 40, 121–138.
475 Cacioppo, J.T., Hawkley, L.C., Norman, G.J. & Berntson, G.G. (2011). Social isolation. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3166409/ Пристапено на: 29.08.2019.
476 Kunzmann, U., & Grühn, D. (2005). Age Differences in Emotional Reactivity: The Sample Case of Sadness. *Psychology and Aging, 20*(1), 47-59. Достапно на: http://dx.doi.org/10.1037/0882-7974.20.1.47 Пристапено на: 29.08.2019.

закана, додека, пак, не биле добиени разлики во старосната група во однос на социјалниот стрес.[477]

❖

Оттука, можеме да резимираме дека иако стравот и перцепциите за криминал кај старите лица играат важна улога во намалувањето на виктимизацијата, сепак, не постои истражување кое во целост ја аргументира поврзаноста меѓу овие два феномени. Состојбата на ранливост влијание на субјективната проценка за криминална виктимизација кај овие лица. Перцепциите за криминал презентирани преку средствата за масовна комуникација во голема мера влијаат на промена на животниот стил. Имајќи предвид дека кривичните дела се разликуваат во начинот на: извршување, сериозноста и последиците, можеме да констатираме дека факторите кои го предиспонираат овој мулти-димензионален феномен варираат во однос на различни кривични дела и различни возрасни групи.

Општ заклучок во однос на страв од криминал и реалната предиспонираност од криминална виктимизација кај стари лица, се однесува на разделување на различните нивоа на страв во однос на различни кривични дела. Истражувањата за поврзаноста на различните нивоа на страв од криминал од една страна можат да ги истражат фактори на ризик кои имаат влијание на одредена криминална појава, додека, пак, од друга страна можат да послужат како основа за превенција на криминалитетот. Во секој случај, сознанијата од вакви истражувања би придонеле за намалување на страв од криминал кај старите лица, наспроти помпезните медиумски интерпретирања на оваа појава.

---

[477] Teachman, B. & Gordon, T. (2009). Age Differences in Anxious Responding: Older and Calmer, Unless the Trigger Is Physical. Psychology and Aging 24(3):703-14, DOI: 10.1037/a0016813

## ГЛАВА V

# РАЗВОЈ НА ДИСКУРСОТ ЗА ПРАВА НА ЖРТВИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА ВРЗ СТАРИ ЛИЦА

## 1. Меѓународни договори

Идејата околу заштитата на правата на старите лица во Организација на Обединетите нации (ООН), датира уште од крајот на Втората светска војна, кога во оваа организација се дебатирало за Универзалната декларација за човекови права од страна на австралискиот д-р Херберт Док Евват како претседател на Генералното собрание.[478] Дебатата започнала во 1948 година, со „*Нацрт резолуција за Декларација за стари лица*“ на Третата седница на Генералното собрание.[479] Целта на резолуцијата била да се воспостави позитивно законодавство во сферата на социјалното осигурување и правата на старите лица, како универзално прифатена формула во насока на подобрување и решавање на потешкотии во најтешките години од животот на човекот“.[480]

### 1.1. Организација на Обединетите нации (ООН)

Во 1966 година, во Организација на Обединетите нации се донесуваат два меѓународни пактови од кои едниот се однесува на политички и граѓански права, додека, пак, другиот се однесува на економски, социјални и културни права. Овие документи претставуваат основа во меѓународниот систем на норми на човекови права, во насока на бројни правила во однос на: забрана од дискриминација, право на живот и забрана од ропство. Освен овие правила одредени се и други права од типот на: правата за еднаквост и механизми на демократија или слобода на мислење, изразување и здружување.[481]

[478] Bill Mitchell (2017). TOWARDS A CONVENTION ON THE RIGHTS OF OLDER PERSONS. Достапно на: https://social.un.org/ageing-working-group/documents/eighth/TowardsConvention.pdf
[479] A/C.3/213/Rev.1. An Amendment by Peru included “should carry out in close cooperation with the International Labour Organization and such other specialized agencies as to be concerned”.
[480] A/C.3/362/ Rev.1. An Amendment by Peru included “should carry out in close cooperation with the International Labour Organization and such other specialized agencies as to be concerned”.
[481] Lindgren, M. & Nikolic-Ristanovic, V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.

*Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права* стапува на сила на 3 јануари 1976 година по депонирањето на 33 ратификации. Генералното собрание на Обединетите Нации ја усвојува Резолуцијата 2599 и на 15-то заседание на *16 декември 1969 година*, се актуелизирало прашањето за старите лица. Сепак, прашањето кое се однесувало на овие лица било разгледано дури на 16-то заседание на Обединетите Нации. На *18 декември 1971 година*, била донесена Резолуцијата 2842 и во истата биле поставени конкретни барања и тоа: *„да се продолжи со изучување на социо-економски и културолошки улоги во статусот на стари лица во земјите со различен степен на развој, да се подготви извештај со водечките принципи на меѓународен план од страна на Светска здравствена организација и други заинтересирани специјализирани агенции кои се однесуваат на потребите и улогата на старите лица во општеството, во контекст на општиот развој особено во земји во кои ќе бидат воочени социо-економски потешкотии на старите лица“.*[482]

На *14. 12. 1973 година*, во Организација на Обединетите нации била донесена Резолуцијата 3137 во која детално се одредуваат конкретни препораки за следните активности:[483]

- *Развивање* програми во склад со националите приоритети на социјална благосостојба, здравје и заштита на стари лица;
- *Развивање* на социјални мерки за социјална сигурност со кои на старите лица независно од полот ќе им се обезбеди адекватно издржување;
- *Зголемување* на учеството на старите лица во општеството и економскиот развој;
- *Обесхрабрување* на дискриминаторски ставови при ангажирање на стари лица-волонтери во политика и општествените активности;
- *Охрабрување* за креирање можности за вработување на старите лица согласно потребите на овие лица;
- *Промоција* на зајакнување на семејната заедница со сите можни средства;

Резолуцијата 32/131 била донесена на 105 пленарно заседание на *16.12.1977 година*, притоа за прв пат се потенцирала важноста на примената на Декларацијата за

[482] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.
[483] https://documents-dds-ny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/NR0/282/09/IMG/NR028209.pdf?OpenElement Пристапено на: 29.01.2018

општествениот напредок и развој од 11.12.1969 година, а се однесува на : *„заштита на правата и обезбедување на неопходна социјална благосостојба за деца, стари лица и личности со посебни потреби“*[484]. Оваа Резолуција упатува кон државите членки препораки усвоени со Резолуцијата 3137 од 1973 година, но и барања кон Генералниот секретар на Организацијата на Обединетите нации да: *„разгледа мерки за јакнење на активностите на регионалните комисии формирани за помош и планирање, воспоставување и унапредување на социјални и здравствени служби за стари лица; помош наменета кон националите влади по нивно барање и во согласност со националите приоритети во планирање, воспоставување и ширење програма за старата популација, во контекст на веќе развиените програми; спроведување на семинари, работилници и истражувања во оваа област посебно за земјите во развој, но и истражувања околу можноста за јакнење на семејната заедница и чување на старите лица во кругот на семејството; како и систем на размена на информации.“*[485]

Една година подоцна на *14.12.1978 година*, донесена е Резолуцијата 33/52 на која државите членки, специјализирани агенции и одредени организации се согласиле дека во 1982 година да биде одржано Светско собрание за стари лица, како форум кој ќе биде предвесник за меѓународна акција која ќе гарантира економска и социјална сигурност на стари лица, како и можност овие лица да земат учество во национален развој.[486]

Виенскиот Меѓународен акционен план за стареење е одржан во Виена во *1982 година* (The Vienna International plan of Action on Aging). Овој прв меѓународен инструмент претставува основа за формирање на политики и програми за стареење. На 3.12.1982 година, на 90 пленарен состанок со резолуција 37/51 овој план е одобрен од Генералното собрание во Организација на Обединетите нации, по претходно усвојување на овој план, истата година на Светското собрание за стареење во Виена, Австрија. Во него се вклучени 62 препораки кои се однесуваат на: акција за истражување, собирање и анализа на податоци, обука и образование; како и следните

[484] Declaration on Social Progress and Development (1969). Proclaimed by General Assembly resolution 2542 (XXIV) of 11 December 1969. Достапно на: http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/progress.pdf Пристапено на: 29.01.2018
[485] https://documents-dds-ny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/NR0/282/09/IMG/NR028209.pdf?OpenElement Пристапено на 27.11.2018
[486] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.

секторски области: здравство и исхрана, заштита на постари потрошувачи, домување и животна средина, семејство, социјална заштита, безбедност на доход и вработување и образование[487].

Само три години од донесувањето на Виенскиот Меѓународен акционен план за стареење на *20 ноември 1985 година*, Организација на Обединетите нации ја усвојува **Декларацијата за основните принципи на правда за жртвите на криминалитетот и злоупотребата на моќ** *(The Declaration of Basic Principles of Justice for Victims of Crime and Abuse of Power ).* Декларацијата за основните принципи на правдата за жртви на криминал и злоупотреба на моќта, произлегува од меѓународната соработка на развојот на меѓународните политики за криминал овозможена од Организација на Обединетите нации. Имено, заложбата за правата на жртвите започнува уште од 1 декември 1950 година, со Резолуцијата 415 (V) на Генералното собрание кога е создадено меѓународно тело *Меѓународната казнена и казнено-поправна комисија* за промовирање на размена на мислења меѓу експерти за политики за спречување на криминалот и третман на престапници. Почнувајќи од 1955 година, ова меѓународно тело одржува меѓународни конгреси (во кои се спојуваат експерти од поканети држави, како и агенции на Обединетите нации, но и меѓувладини и невладини организации и други квалификувани лица од целиот свет) на кои се врши размена на информации и се обликуваат меѓународните политики за спречување и контрола на криминалот.

Овој документ претставува *„Magna Charta“* за жртвите на криминалитетот и содржи четири основни принципи во однос на:[488]

- Право на пристап на судење и правичен третман;
- Право на надоместок од страна на извршителот на делото;
- Право на компензација од страна на државата;
- Право на неопходна материјална, медицинска, психолошка и социјална помош од страна на волонтерски и јавни институции и организации.

Значи овој документ од 1985 година, посебно ја регулира ***реституцијата*** како обврска за сторителот да ја надомести штетата и ***компензацијата*** како право на

[487] http://www.un.org/esa/devagenda/aging.html пристапено на 30.01.2018
[488] Lindgren, M. & Nikolic-Ristanovic, V., (2011). *Zrtve kriminaliteta*. Beograd.

жртвата да биде обесштетена од државни фондови, доколку сторителот не може да ја надомести направената штета. Во овој документ е наведено дека сторителите (или трети страни одговорни за нивното однесување) треба да ја надоместат штетата на жртвите, како и на нивните семејства или на други лица што се зависни од нив.[489]

По повод десетгодишнината од усвојувањето на Меѓународен план за акција за стареење, Генералното собрание на Организација на Обединетите нации во *октомври 1992 година,* ја усвојува Резолуцијата 47/5 со која е донесена *Прокламацијата за стареење*.

Со оваа Прокламација, 1 октомври е прогласен за Меѓународен ден на стари лица[490]. Истата година усвоени се Принципите на Обединетите нации за стари лица со *Резолуција 46/91* на 16 декември 1991 година[491]. Имено, станува збор за 18 принципи кои се групирани во пет содржини и тоа: *независност, учество, грижа, самореализација и достоинство*.

Овие принципи треба да обезбедат примена на универзани стандарди за стари лица, а конкретно се однесуваат на: огромната разновидност на ситуациите во која можат да се најдат овие лица без разлика дали станува збор за меѓудржавно, локално, или, пак, индивидуално ниво; достигнување на напредна старост и подобро здравје како основни цели за реализација; насочување на научните истражувања кон уривање на стереотипите за неизбежниот и неповратниот пад со возраста; еднакви можности за извршување на тековни активности во општеството; донесување на мерки, или, пак, спроведување на реформи за намалување на сиромаштијата, како и подобри стандарди за негователи на стари изнемоштени лица без разлика дали се негователите во кругот на семејството или надвор од него.

Под принципот на *независност* одредени се следните цели во однос на: пристап до соодветна храна, вода, засолниште, облека и здравствена заштита преку обезбедување приходи, семејство и поддршка од заедницата и самопомош; можност за

[489] Стефановска В. (2016). Развој на ресторативната правда низ призмата на правата на жртвата. УДК:343.13:347.965.42]-027.1 Достапно на: http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2016/06/Vesna-Stefanovska_%D0%9B%D0%95%D0%9A.pdf. Пристапено на: 20.07.2018
[490] United Nations (1992). Proclamation on Ageing. A/RES/47/5. Достапно на: http://www.un.org/documents/ga/res/47/a47r005.htm Пристапено на: 30.01.2018
[491] United Nations Principles for Older Persons (1991). Достапно на: http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/OlderPersons.aspx. Пристапено на: 30.01.2018

работа, како и можност за остварување на други приходи; способност во донесување на одлука за времето и начинот на прекин на работната активност; пристап до соодветни програми за образование и обука; живеење во безбедни животни средини и обезбедување на соодветни услови за подолг живот во домашни услови.

Принципот на *учество* се однесува на: интеграција, инклузивност, како и активност на старите лица во реализација на политики кои директно ја тангираат оваа ранлива категорија и споделување на своите знаења и вештини со помладите генерации; можност за изразување на интересите и способностите на волонтерска база на позиции соодветни на нивните перформанси; можности за формирање на движења или здруженија кои се од особен интерес за овие лица.

Принципот на *грижа* треба да ја гарантира: заштитата на семејството и заедницата во согласност со системот на културни вредности на секое општество за старите лица; пристап до здравствена заштита да овозможи одржување или враќање на физичко, ментално и емоционално здравје, со цел спречување или одложување на болеста; пристап до социјални и правни услуги за да ја подобрат нивната автономија, заштита и грижа; институционална грижа на обезбедување на заштита, рехабилитација, социјална и ментална стимулација во хумано и безбедно опкружување. Оттука, на старите лица треба да им се овозможи уживање и почитување на основните слободи и човекови права во кругот на семејството и надвор од него, целосно почитување на нивното достоинство, верувања, потреби, како и правото на приватност.

Принципот на *самореализација* им нуди можност на старите лица за развој на нивниот потенцијал, како и пристап до образовните, културните, духовните и рекреативните ресурси на општеството.

*Достоинството* им овозможува на старите лица достоинствен и безбеден живот, но и забрана од екслоатација, физичко и психичко малтретирање на овие лица. Освен достоинствен и безбеден живот, овој принцип се залага и за праведен третман независно од: возраста, полот, расната или етничката припадност, инвалидитетот или друг статус без разлика на нивниот економски придонес.

Овој сет од Принципите на Обединетите нации и ИФА Декларацијата се заснова пред сè на посветеноста насочена кон почитување и промовирање на правата и

одговорностите на старите лица со цел спречување на злоупотреба и запоставување на овие лица.[492]

Мадридскиот Меѓународен акционен план за стареење и Политичката декларација, усвоени на Второто Светско собрание за стареење од *8-12 април 2002 година*, претставуваат пресвртница за тоа како светот се осврнува на клучниот предизвик за *„градење општество за сите возрасти"*. Мадридскиот акционен план нуди нова смела агенда за справување со проблемот на стареење во 21-от век. Се фокусира на три приоритетни области:

- Стари лица и развој;
- Унапредување на здравјето и благосостојбата во старост и
- Обезбедување на овозможување и подржувачки средини.

Мадридскиот Меѓународен акционен план претставува ресурс за креирање политики предлагајќи начини како владите, невладините организации и другите актери да ги преориентираат начините на кои нивните општества се осврнуваат на прашањето околу грижата за старите лица. Овој акционен план го означува почетокот на Владите во однос на согласноста за поврзување на прашањата на стареење со други рамки за социјален и економски развој и човекови права. Планот е потпишан од страна на повеќе од 160 влади на држави потписнички, кои го вклучуваат стареењето во сите општествени и економски развојни политики.[493]

Сите опфатени прашања во Меѓународен акционен план за стареење од ***2002 година***, се насочени кон подобрување на економски и социјални услови во кои живеат старите лица. Препораките кон владите се однесуваат на области како:[494]

1. Обезбедување на полна реализација на сите човекови права и основни слободи за стари лица;

[492] Age Concern New Zealand Incorporated (1992). A Resource Kit about Elder Abuse and Neglect. Достапно на: https://www.ageconcern.org.nz/files/EANP/Promoting%20the%20Rights%20and%20Well-Being%20of%20Older%20People%20and%20Those%20who%20Care%20for%20them,%201992.pdf
[493] Political Declaration and Madrid International Plan of Action of Aging (2002). Second World Assembly on Ageing. Достапно на: https://www.un.org/development/desa/ageing/madrid-plan-of-action-and-its-implementation.html Пристапено на 30.01.2018.
[494] Костић, М., (2010). *Виктимитет старих људи.* Правни факултет у Нишу, Ниш: ПУНТА.

2. Унапредување на сигурноста на старите лица кои вклучуваат реафирмација на борбата против сиромаштијата и развој на општеството во склад со принципите на Организација на Обединетите нации од 1991 година (опишани погоре во текстот);

3. Поттикнување на старите лица да дадат полн придонес и ефикасно да учествуваат во економскиот, политичкиот и социјалниот живот во нивните општества вклучувајќи и остварување на приход, како и волонтерска работа;

4. Обезбедување на можноста за индивидуален развој во староста – како и сите други периоди од животот, како и можност за лични достигнувања и остварување на благосостојба во староста, како на пример пристап до образовниот процес или низ полно учество во некој друг сегмент на општеството;

5. Обезбедување на економски, социјални и културни права, како и сите граѓански и политички права на човекот и граѓанинот.

***Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (2006)*** се однесува на промоција, заштита и обезбедување на целосно и еднакво уживање на правата и основните слободи на старите лица со посебни потреби, како и промоција на почитување на нивното достоинство. Лицата со попреченост се соочуваат со долготрајни физички, ментални, интелектуални нарушувања кои во интеракција со различни општествени субјекти можат да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството.

*Принципите на оваа Конвенција се:*

- Почитување на вроденото достоинство, како и индивидуална автономија која вклучува слобода на сопствен избор и независност на лицата;
- Недискриминација;
- Целосно и ефективно учество и вклучување на старите лица со попреченост во општеството;
- Почитување на разликите и прифаќање на лицата со посебни потреби како дел од човечката разновидност и човештвото;
- Еднакви можности;
- Пристапност;

- Еднаквост меѓу мажите и жените;

Покрај оваа општа обврска, државите преземаат и други обврски со Конвенцијата кои се однесуваат на посебни аспекти на животот на лицата со попреченост. Станува збор за заштита на следните права и тоа: правото на живот, пристапот до правдата и институциите на правдата, правото на приватност, пристапноста до транспорт, објекти и услуги од јавен карактер, деинституционализација, рехабилитација и слично.

***Извештајот на Генералниот секретар на ОН за 2011 година,***[495] ги разгледува предизвиците и трендовите за стареењето на населението. Во извештајот се нагласува дека лицата над 60 години се соочуваат со различни предизвици во зависност од нивниот контекст, сепак, постојат голем број на јасно препознатливи предизвици кои бараат стратегии на национално и на глобално ниво. Сите овие прашања треба да се разгледуваат низ призмата на човекови права, како во развиените земји така и во земјите во развој.

Првиот предизвик се однесува на *дискриминација* врз основа на возраста. Обично дискриминација врз основа на возраст се комбинира со други форми на дискриминација врз основа на: пол, раса и етничка припадност, религија, инвалидитет, здравствени или социо-економски услови. Без оглед дали станува збор за дискриминација само по основ на возраст или пак е комбинација со некоја друга форма, негативното влијание од истата го попречува уживањето на загарантирани човекови права на старите лица.

Најголем предизвик за благосостојбата на старите лица е *сиромаштијата* која се карактеризира со: бездомништво, недоволна исхрана, ненадејни хронични заболувања, недостиг на пристап до безбедна вода за пиење и санитарија, недостапни лекови и третмани и несигурност во приходите. И покрај сопствената сиромаштија, овие лица често се главни снабдувачи за домаќинството и примарните старатели за внуци и други членови на семејството.

[495] Secretary General (2011)Human rights of older persons. Достапно на: https://www.ohchr.org/en/issues/olderpersons/pages/olderpersonsindex.aspx. Пристапено на 12.09.2018

Во самиот извештај на Генералниот секретар на ОН за 2011 година, *недостатокот на конкретни мерки и услуги* претставува уште еден предизвик на кој треба дополнително да се интервенира. Нема доволно ресурси и капацитети за справување со зголеменета побарувачка, особено за специјализирани услуги како што се станбени центри и долгорочни програми за нега на домови или геријатриски услуги потребни за да се гарантираат човековите права на старите лица.

Во извештајот се идентификувани следните области во кои треба да се интервенира, а станува збор за:

- *Зајакнување на системот на меѓународна заштита на човековите права на старите лица* каде што и покрај предизвиците наведени во извештајот, сè уште не постои посветен режим на меѓународна заштита;
- *Насилството врз старите лица, а особено на жените* е појава која често се поврзува со немоќта и дискриминацијата. Насилството обично е непријавено и недокументирано, бидејќи овие лица не се подготвени или не се во состојба да пријавуваат инциденти;
- *Финансиска експлоатација* се однесува на заканите со кои се соочуваат старите лица, а се однесува на: финансиска експлоатација, измама, произволно лишување од имотот, кражба и експропријација на земјиштето, имотот и стоката;
- *Здравјето* е сегмент во кој старите лица трпат дискриминација во здравствената заштита и имаат тенденција да бидат занемарени во здравствените политики, програмите и распределбата на ресурсите. Постојат неколку сеопфатни здравствени политики кои вклучуваат превенција, рехабилитација и нега на терминално болни.
- *Долгорочна нега* претставува област која сеуште е неразвиена. Долгорочната нега често е несоодветна, како последица од недостаток на работна сила и услугите со низок квалитет. Имено, ситуацијата е влошена поради недостаток на правни рамки за следење на повредите на човековите права во установи за долготрајна нега.
- *Учество во креирање политики и политичкиот живот* се однесува на директното и информирано учество на старите лица во дизајнирањето на јавната политика, како централно значење за нивната интеграција во општеството. Во извештајот особено е истакнат недостатокот од механизмите кои обезбедуваат учество и отчетност на овие лица во општеството.

- *Работа* на волонтерска база е одобрена од страна на Европскиот совет со директива која бара од сите земји-членки да воведат законодавство со кое се забранува дискриминација при работа врз основа на возраста.

## 1.2. Европска јуриспруденција за правата на жртвите

Работата на Советот на Европа и на Европскиот суд за човекови права, имаат централна улога во развојот на правата на жртвите во Европа. Овој дел ги разгледува основните инструменти на овие две меѓународни тела во однос на правата/интересите на жртвите.

- ***Совет на Европа***

Советот на Европа ги формулираше правата на жртвите во два инструмента. Прво, Препораките од Комитетот на министри не се обврзувачки, но играат важна улога во подигнувањето на свеста на државите за правата на жртвите. Второ, *Рамковната одлука за положбата на жртвите во кривичната постапка (2001/220/ПВР)* е обврзувачка за земјите-членки. Првата препорака усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа во врска со жртвите на криминалот е *Препораката бр. R (85) 11,* која се однесува на позицијата на жртвата во рамките на кривичното право и постапка од 1985 година, особено истакнувајќи ја важноста во обезбедувањето информации за жртвите, датум и место на сослушување, можностите за барање надомест, како и достапност на правна помош *(чл. 9).* Дополнително, препораката се однесува на информации во врска со повредите и загубите на жртвата кои треба да им бидат достапни на судот за да може да ја земе предвид потребата на жртвата за надомест при определувањето казна *(чл. 12).* Исто така, жртвите можат да побараат преглед на одредена одлука и имаат право да поведат приватна тужба *(чл. 7).* Овие одредби претставуваат почетоци на европското признавање на важноста во справување со потребите на жртвите и вклучување на нивните перспективи во кривично-правниот процес.

*Препораката бр. R (87) 21* на Комитетот на министри за помош на жртви и спречување на виктимизација од 1987 година, укажува на обезбедување на поддршка и помош на жртвите надвор од системот на кривичната правда. Оваа препорака е заменета со *Препораката Rec (2006) 8* за помош на жртвите на криминал од 2006

година, која е ставена исклучително во рамките на правата на жртвите. Членот 2 предвидува дека државите мора да гарантираат човекови права во однос на признавање и почитување на правата на жртвите и тоа: „безбедност, достоинство, приватен и семеен живот“ и дека мерките во *Рег (2006) 8* мора да бидат „достапни на жртвите без дискриминација“. Овие мерки ги вклучуваат должностите на земјите-членки во насока на:

• *Чл. 3* - Обезбедување на жртвите медицинска, психолошка и социјална помош, како и пристап до посебни мерки за да им помогнат во сведочењето на жртвите;

• *Чл. 6* – Осигурување пристап на жртвите до информации за служби за поддршка, судска постапка, заштита, правен совет итн;

• *Чл. 8* - Компензација на жртви на сериозни, намерни, насилни кривични дела и нивните семејства ако жртвата умрела.

Иако Rec (2006) 8 не е обврзувачка за земјите-членки, сепак, таа е значајна бидејќи ги проширува и ги конкретизира правата содржани во Рамковната одлука. Рамковната одлука е усвоена од страна на Советот на Европа во 2001 година, во согласност со чл. 34 (2) од Договорот за Европската унија, а стапува на сила во март 2002 година. Чл. 34 (2) (б) предвидува дека со цел да се приближат законите и регулативите на земјите-членки, Советот на Европа може да донесе рамковни одлуки кои се обврзувачки во однос на „резултатот што треба да се постигне“, но не како „форма и методи“ за постигнување на такви резултати. Рамковните одлуки немаат „директен ефект“. Според тоа Рамковната одлука е дел од правото на Заедницата. Оваа Рамковна одлука им обезбедува одредени права на жртвите кои се однесуваат на:

• *Чл. 4* - Право да добиваат „информации од значење за заштита на нивните интереси“ во текот на кривично-правниот процес;

• *Чл. 8* - Право на заштита особено во поглед на нивната безбедност и приватност, како и онаму каде е потребно правото на сведочење на начин што ги штити од „ефектите од давање докази на отворен суд“;

• *Чл. 3* - Правото да имаат можност да бидат сослушани и да се обезбедат докази;

• *Чл. 9* - Право на компензација.

***Истанбулската Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство*** е донесена на *11 мај 2011 година* во Истанбул. Чл. 4 се залага за еднаквост помеѓу мажите и жените и на било кој начин се забранува дискриминација: *„заштита на правата на жртвите без дискриминација врз кој било основ како што е: возраст, пол, род, раса, боја, јазик, вера, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање, сексуална ориентација, родов идентитет, здравствена состојба, инвалидност, брачен статус, статус на мигрант или бегалец, возраст или друг статус".*[496]

Имено, Истанбулска конвенција претставува најзначаен меѓународен документ во борбата против семејното насилство. Истанбулската конвенција е првиот сеопфатен инструмент на европско ниво кој се однесува на насилството врз жените за спречување на сите форми на насилство: од демнеење и сексуално вознемирување до домашно насилство, принуден брак и женска генитална мутилација. Во Конвенцијата се поставуваат цели за ефективна борба против насилството врз жените и домашното насилство, а она што е особено значајно е тоа што во Конвенцијата *насилство врз жените* се дефинира како кршење на човековите права, додека, пак, *семејното насилство* ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството. Жените и девојчињата се изложени на повисок ризик од родово засновано насилство во однос на мажите. Конвенцијата препознава дека семејното насилство повеќе ги погодува жените, но, исто така, нагласува и дека мажите исто така можат да бидат жртви на насилство во рамките на семејството.

Конвенцијата повлекува усогласување на национално законодавство и изменување на повеќе закони меѓу кои: Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените; Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и Законот за семејство. Освен потребните измени во споменатите закони, она што претставува новина се измени и дополнувања во Кривичниот Законик, со инкриминирање на семејното насилство како

[496] Совет на Европа (2011). Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Достапно на: https://rm.coe.int/168046253a Пристапено на 03.03.2018.

посебно кривично дело за кое ќе се гони по службена должност, со цел да се обезбеди поефикасна кривично-правна заштита на жртвите на семејното насилство и казнување на сторителите.

Практично, Конвенцијата ги заштитува правата на старите лица од сите дејствија на: физичко, психичко, сексуално и економско насилство во кругот на семејството или домаќинството, без ограничување во однос на: пол, род, раса, боја, јазик, вера, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, сексуална ориентација, родов идентитет, здравствена состојба, инвалидност, брачен статус, статус на мигрант или бегалец, возраст, или, пак, друг статус.

Уште еден значаен меѓународен документ кој што претставува правно обврзувачки инструмент за сите земји - членки на Европската унија е усвоен во 2001 година. Станува збор за ***Рамковната одлука на Европската унија за жртвите*** (**The EU Framework Decision for Victims of Crime**).[497] Основните права за жртвите на криминалот кои што се содржани во Рамковната одлука се однесуваат на:

- Право на почитување и признавање во сите фази на кривичната постапка (*чл.2*);

- Право да прима информации во однос на напредокот на случај (*чл. 4*);

- Право да се обезбедат информации за службените лица одговорни за одлучување на сторителот (*чл. 3*);

- Право на располагање на правен совет без оглед на средствата на жртвите (*чл.6*);

- Право на заштита кое се однесува на приватност на жртвите и нивната физичка безбедност (*чл. 8*);

- Право на надомест од сторителот и државата (*чл. 9*);

[497] Groenhuijsen, M.S.; Pemberton, A. (2009). The EU framework decision for victims of crime. Достапно на: https://pure.uvt.nl/ws/files/1122525/Groenhuijsen_Pemberton_The_EU_framework_decision_for_victims_of_crime_091002.pdf. Пристапено на 20.07.2018

- Право да се добие поддршка од жртвите (*чл. 13*);

-Должност за владите да промовираат медијација во кривични предмети за прекршоци што се сметаат како соодветни за ваков вид мерка (*чл. 10*);

- Должност на државата да негува, развива и подобрува соработка со странски членки во случаи на прекугранична виктимизација со цел да се олесни поефикасна заштита на интересите на жртвите во кривичната постапка (*чл. 12*).

*Договор за функционирање на Европската унија (ДФЕУ)* со *чл. 82* ги дефинира правата на жртвите според кој „Европскиот парламент и Советот можат со директиви донесени во согласност со редовната законодавна постапка да воспостават минимални правила", кои се однесуваат меѓу другото на: „правата на лицата во кривичната постапка, како и правата на жртвите на криминал".

***Директивата 2012/29 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот*** *од 25 октомври 2012 година,* се однесува на утврдување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и претставува замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220/JHA. Директивата 2012/29/EU за утврдување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал им гарантира: признавање, третирање со почит и добивање на соодветна заштита, поддршка и пристап до правдата. Директивата 2012/29 всушност ја заменува Рамковната одлука за статусот на жртвите во кривичната постапка од 2001 година и значително ги зајакнува правата на жртвите и на членовите на нивните семејства во однос на информации, поддршка и заштита и процесни права во кривична постапка. Директивата, меѓу другото, бара земјите-членки да обезбедат соодветна обука на лицата кои ќе дојдат во контакт со жртвите во однос на нивните потреби, притоа поттикнувајќи соработката меѓу земјите-членки и координацијата на националните служби за нивните активности за правата на жртвите.

- ***Европски суд за човекови права***

Иако Европскиот суд за човекови права експлицитно не ги застапува правата на жртвите, сепак, судот ги интегрира во својата судска практика во три основни погледи. Прво, гарантира независно граѓанско право на правично судење во одредени околности

на жртвите. Второ, обезбедува право на пропорционалност на правото на обвинетиот за правично судење во чл. 6 од Европскиот суд за човекови права. Трето, наметнува позитивни обврски во однос на обезбедување на правото на живот на жртвите во *член 2* од Европскиот суд за човекови права; забрана за мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување во *чл. 3* од Европскиот суд за човекови права; како и почитување на приватниот и семејниот живот во *чл. 8* од Европскиот суд за човекови права.

***Вклучување на правата/интересите на жртвите за правото на обвинетиот на правично судење*** се однесува на правото на жртва на правично судење во граѓанска постапка, притоа членот 6 се повикува само на правото на обвинетиот за фер судење во кривична постапка. Сепак, Европскиот суд за човекови права ги инкорпорира правата/интересите на жртвите во барањата за пропорционалност на правото на обвинетиот за правично судење. Ова пред сè, се однесува на случаи на ограничувањето на правото на обвинетиот за испитување или испитување на сведоци. Европскиот суд за човекови права зазема став дека кога сведоците се плашат да сведочат, нивните права/интереси можат да ја легитимизираат употребата на анонимни докази. Доказите се однесуваат на слушање, како што е пренесување на претходно снимени интервјуа. Во соодветни околности, ограничувањето на правото на обвинетиот се однесува на тоа дека тие може да бидат оправдани. Меѓу другото, одредени автори укажуваат на тоа дека таквите мерки не ја разредуваат заштитата дадена на обвинетите. Иако правата на обвинетиот јасно не се предмет на оние на жртвата, погрешно е да се претпостави дека жртвата не е достојна за основните минимални стандарди на заштита во рамките на кривичниот процес.

Европскиот суд за човекови права преку наметнувањето на позитивните обврски насочени кон земјите - членки го гарантира: правото на живот на жртвите, забраната од тортура и нечовечкото или понижувачкото постапување или казнување; како и почитување на приватниот и семејниот живот. Преку наметнување на позитивните обврски државите исто така се должни да ги заштитат жртвите од државни дејствија со кршење на нивните права, од една страна, но и да ги заштитат од прекршување на нивните права од страна на приватни лица, од друга.

Прашањето за злоупотреба на старите лица не е предмет на ниту еден посебен меѓународен или европски инструмент за човекови права. Меѓутоа, необврзувачката

*Препорака Бр. R (97) 13* за *Заплашување на сведоци и правата на одбраната* од 1997 година, бара од државите да обезбедат посебна заштита на жртвите на злоупотреба на стари лица (*чл. 21*). Имено, дадени се неколку препораки за заштита на ранливите сведоци од типот на: употребата на посебни мерки и судскиот надзор над испитувањето на сведоците кои важат за таквите жртви (*чл. 27* и *28*). Меѓу другото, оваа Препорака им налага на државите да спречат секундарна виктимизација од страна на институциите на кривично право (*чл. 23*).

Оттука, основните права содржани во инструментите на Европскиот суд за човекови права се однесуваат на сите, вклучително и старите лица. Правата од особено значење се однесуваат на: правото на живот (*чл. 2 Европскиот суд за човекови права*) и правото на слобода од нечовечко или понижувачко постапување или казнување (*чл. 3 Европскиот суд за човекови права*).[498]

## 2. Национална законска рамка за правна положба и заштита на стари лица од виктимизација во Република Македонија

**Уставот** преставува највисок правен акт којшто ги воспоставува основните правила и принципи со цел да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност на граѓаните на Република Македонија. Уставот како основна матрица на уставниот поредок, преку 134 члена ги заштитува основните

[498] Насилството претставува глобален проблем кој бара мултидисциплинарен пристап. На меѓународно ниво донесени се бројни документи кои во суштина најстрого го осудуваат и забрануваат насилството, овозможуваат заштитита на жртвите и нудат соодветни механизми за кривично гонење на сторителите на овие кривични дела. Станува збор за следните меѓународни документи: Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ETS No. 5, 1950) и нејзините Протоколи; Европската социјална повелба (ETS No. 35, 1961, а ревидирана во 1996, ETS No. 163); Конвенција на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (ETS No. 197, 2005); Препорака Rec(2002)5 за заштита на жените од насилство на Комитетот на министри до државите членки на Советот на Европа; Препорака CM/Rec(2007)17 за стандарди и механизми на родова еднаквост на Комитетот на министри до државите членки на Советот на Европа; Препорака CM/Rec(2010)10 за улогата на жените и мажите во спречување и разрешување на конфликти и градењето на мирот, како и на другите релевантни препораки на Комитетот на министри до државите членки на Советот на Европа; Меѓународен пакт за граѓански и политички права (1966); Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966); Конвенција на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените ("CEDAW", 1979) и Факултативниот протокол на Конвенцијата (1999); Општа препорака бр. 19 од Комитетот на "CEDAW", за насилство врз жените; Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (2006); Римски статут на Меѓународниот кривичен суд (2002); Женевска Конвенција (IV) која се однесува на заштита на цивилите во време на војна (1949) и Дополнителните протоколи I и II (1977) на Конвенцијата; Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011.

слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со овој акт.

Конкретно *чл. 54* од Уставот на Република Македонија ја гарантира еднаквоста на граѓаните во однос на слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, како и имотна и општествена положба. Меѓу другото, се гарантира и еднаквоста на граѓаните на повеќе основи, како и правото на: живот; забрана од мачење; нечовечко и понижувачко постапување и казнување; правна одреденост на казнивите дела и казните; слобода на уверувањето; совеста; мислата; јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Специфична положба на старите лица во општеството, како и фактот дека овие лица често се жртви на предрасуди, ја зголемува можноста од дискриминација. Како резултат на почитување на меѓународните стандарди и обврските преземени со ратификација на меѓународните договори, пред се на оние кои се однесуваат на гаранциите на човечките права и слободи, во услови на исполнување на стандардите за стабилизација и пристапување кон Европската Унија и хармонизација на нашето законодавство со европското законодавство (aquis communitaire), потребно е унапредување на законската регулатива и надминување на недостатоци на постоечкиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно чл. 5 од **Закон за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминацијата е одредена како секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на: пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа.[499] Со истиот Закон одредени се и исклучоци од дискриминацијата во однос на афирмативните мерки, нееднаквото постапување и заштитните механизми за одредени категории на лица. На терминот

[499] Закон за спречување и заштита од дискриминација, *„Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010*, чл. 5.

афимативни мерки соодветствува терминот позитивно постапување кое е предвидено во членот 13 од Законот, дефинирајќи ги мерките во корист на лице, група на лица или заедница со цел да се елиминираат или да се намалат фактичките нееднаквости на маргинализирани групи со иста цел.

Меѓу другото, истиот Закон ја дефинира виктимизацијата како *трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита од дискриминација, односно пријавило дискриминација, почнало постапка за заштита од дискриминација, сведочело во текот на постапката или на друг начин учествувало во постапка за заштита од дискриминација.*

Мерките и одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација изрично ја одредуваат дискриминаторската основа во однос на: раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, **возраст** (подвлекла Д.К.), семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дефинирањето на дискриминацијата како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа со сторување или несторување, има за цел да: спречи, ограничи, и признае уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување, како и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктура, добра и услуги.

Со цел поефективна заштита од дискриминација, усвоен е новиот **Закон за спречување и заштита од дискриминација**.[500] Во однос на новините во законските решенија за спречувањето и заштитата од дискриминација, за првпат во Законот се воведени нови основи за дискриминација врз база на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Во поимникот вградени се нови термини, а станува збор за: „лице

[500] Закон за спречување и заштита од дискриминација, *„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101.*

со попреченост“, „соодветно приспособување“ и „пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите“. Имено, додаден е нов облик на дискриминација – сегрегација, како и *инструкција* за дискриминација.

Меѓу другото, новина во однос на новиот Закон претставува и преименувањето на Комисијата за заштита од дискриминација, притоа истата ќе се преименува во „Комисија за спречување и заштита од дискриминација“, а нејзините надлежности се прошируваат во насока на превенција. Новина во овој закон претставува и укинување на досегашна потребна писмена согласност од страна на странките, со што се воведува тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес доколку се работи за група. Ова дополнување всушност се однесува на: *здруженија, фондации или други организации од граѓанското општество, како и неформални групи кои имаат оправдан интерес за заштита на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, тие можат да поднесат тужба која се однесува на дискриминација на поголем број лица.*[501]

**Закон за семејство** претставува уште еден модалитет од националната законска рамка за заштита на правата на старите лица.[502] Имено, законот забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст, односно забранува малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство.

Во случај на семејно насилство, центарот за социјална работа ги презема следниве мерки на заштита: 1) обезбедува нужно сместување за лицето - жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеци, со можност за продолжување за уште шест месеца; 2) обезбедува соодветна здравствена заштита; 3) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман; 4) ги упатува во соодветно советувалиште; 5) го известува органот за прогон; 6) дава секаков вид на правна помош и застапување; 7) покренува постапки пред надлежниот суд и презема мерки кои произлегуваат од односите меѓу родители и деца; 8) по потреба поднесува барање до

---

[501] Собрание на Република Северна Македонија (2019). Закон за спречување и заштита од дискриминација, *„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19.*
[502] Закон за семејство, *„Службен весник на Република Македонија” бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14 и 104/15.*

судот за изречување на привремена мерка за заштита и 9) презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

**Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство** исто така претставува уште еден алтернативен механизам за заштита на правата на старите лица.[503] Законот е донесен 2014 година, а неговата примена започнала од 1 јануари 2015 година. Преземените мерки освен превенција овозможуваат заштита на жртвите, во согласност со почитување на основните човекови слободи и права, личниот интегритет, недискриминација и родова еднаквост со должно внимание на интересите и потребите на жртвата.

Со овој закон се одредени формите на семејно насилство и тоа: физичко, психичко и економско, во националната правна рамка. Она што е значајно да се напомене е дека овој закон не ги одредува **старите лица** како посебна категорија на жртви, како на пример објаснувањето на значењето дете, туку за жртва на семејно насилство е одредено секое лице кое трпи насилство.

Во оваа насока, надлежни органи за превземање на мерки за заштита и спречување од насилство се: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието.

Во Законот превентивни мерки кои се соодветни за спречување на насилство **старите лица** во кругот на семејството се однесуваат на: обезбедување на стручна советодавна и советувалишна работа во советувалишта за брак и семејство, центрите за социјална работа и други институции; спроведување на кампањи или програми за подигнување на свеста и разбирањето на општата јавност за препознавање и последиците од семејното насилство; воведување на контунуирани обуки за стручните лица за извршување на работите од својата надлежност и родово засновано насилство; подигнување на нивото на одговорност на печатените и електронските медиуми за објективно известување за случаите на семејно насилство, притоа да не се наведуваат

[503] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, *„Службен весник на Република Македонија", бр. 138/14.*

околности кои можат да значат повреда на човековите права, дигнитетот на личноста и избегнување на секаква дискриминација на мажите и жените.

За успешна реализација на превентивните мерки предвидени со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, конкретно за **старите лица** како жртви на семејно насилство потребно е воспоставување база на податоци во однос на евидентирање на случаите на насилство врз оваа категорија на граѓани во Република Македонија. Воспоставувањето на база на податоци за насилството на старите лица, ќе придонесе за намалување на ризиците од криминална виктимизација кај овие лица. За оваа цел потребно е евидентирање на: односите помеѓу сторителот/сторителите и старото лице - жртва; виктимогените предиспозиции кои придонеле за извршување на кривичното дело; самиот криминален чин или повтореното криминално дејствие и последици од кривичното дело. Имено, соодветна евиденција за движењето и преваленцата на криминалитетот кај старите лица, би придонела за воспоставување на конкретни мерки и активности, со цел успешна превенција и воспоставување на ефикасен систем на заштита на овие лица.

Мерките на заштита кои треба да бидат преземени од соодветните институции се однесуваат на: сместување на жртвите во одредени центри; здравствена заштита; психосоцијален третман во советувалиште; правна помош и застапување. Она што е значајно во оваа насока, а се однесува старо лице како жртва на семејно насилство е тоа што доколку ова лице не е во состојба да се грижи за себе или на кое му е ограничена или одземена деловната способност, тогаш Центарот за социјална работа презема мерки согласно Законот за семејството.

**Закон за социјална заштита** вклучува мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици во однос на: здравјето (болест, повреда и инвалидност), старост и стареење, еднородителско семејство, невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично, сиромаштија и друг вид на социјална исклученост.[504] Доколку старите лица не се во состојба да се издржуваат самите, во овој случај членот 12 од истиот Закон се однесува на семејната издршка. Секој е должен со своите приходи да придонесува за спречување, ублажување или отстранување на социјалните ризици на кои е изложено

[504] Закон за социјална заштита, *„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/19.*

едно лице или, пак, членовите на семејството на кои им е потребна издршка, како и активно да делува во спречувањето и надминувањето на состојбата на изложеност на социјален ризик. Во случај на непостоење на средства за издршка на старото лице или доколку овие лица немаат семејство, во тој случај грижата ја презема државата.

Според Законот за социјална заштита, старите лица ги ужива следните права на парична помош кои се однесуваат на:

*Чл. 28* - Право на гарантирана минимална помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.

*Чл. 48* - Право на надоместок за помош и нега од друго лице има лице со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Освен правата на парична помош, истоимениот закон овозможува права на вонинституционална заштита на стари лица кои се остваруваат во или преку центар за социјална работа:

- Прва социјална услуга преку која се воочува проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.
- Примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали.
- Помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

- Правото на домашна нега и помош се обезбедува на старо, изнемоштено и лице со телесна попреченост и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му е потребна нега и помош во задоволувањето на егзистенцијалните потреби.
- Дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на старо, изнемоштено лице и друго возрасно лице, како и старо лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на старо лице со телесна попреченост кое не може само да се грижи за себе.
- Сместување во згрижувачко семејство на старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин.

Со цел поголема социјалната заштита на старите лица, чекор напред претставуваше донесувањето на новиот Закон за социјална сигурност за стари лица.[505] Социјалната сигурност за старите лица се обезбедува согласно со начелата на социјална праведност, хуманост и солидарност.

Имено, право на социјална сигурност остваруваат стари лица кои:

*Чл. 4* - Немаат во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржуваат; не се корисници на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и не остваруваат приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето;

*Чл. 6* - Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност изнесува 6.000 денари;

*Чл. 7* - Право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март, во висина од 1000 денари месечно.

[505] Закон за социјална сигурност за стари лица, *„Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/19.*

# ГЛАВА VI

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА

## 1. Превенција на криминалитет кај старите лица

Превенцијата на криминалитетот опфаќа стратегии и мерки кои имаат за цел да го намалат ризикот од појава на кривични дела и нивните потенцијални штетни ефекти врз поединците и општеството. Превенцијата се однесува на исчекување, признавање и проценка на криминалниот ризик и започнување на акција за отстранување или намалување на овој ризик.

Развиени се различни модели на категоризација на широк спектар на активности кои спаѓаат во дефиницијата за превенција на криминал. Преку развивање на различните пристапи се утврдуваат соодветни институционални и управувачки стратегии, потребни за поддршка на конкретни интервенции во спречување на криминалитетот.[506]

**Упатството на ОН за превенција на криминалот** (2002), во чл. 1 ја истакнува потребата од *„добро планирани стратегии кои влијаат на превенцијата на криминалитетот и на виктимизацијата, кои ја промовираат и безбедноста во заедницата и придонесуваат за одржлив развој на земјите. Ефикасна и одговорна превенција на криминалитетот го засилува квалитетот на животот на граѓаните. Превенцијата нуди можности за човечки и поефикасен пристап кон проблемот со криминалот“.*[507] Превенцијата на криминалитетот во заедницата обично вклучува активно учество на локалните жители и организации во тие заедници и населби. Тие можат да бидат вклучени и во идентификувањето на локалните приоритети, како и во спроведувањето на одговорите. Терминот *„заедница“* може да се однесува на малите населби, областите во градот или малите села, но во некои случаи тоа може да бидат и групи на лица со посебни грижи.

[506] Crawford, A. (1998). *Comparative models of crime prevention and delivery: their genesis, influence and development,* CRIMPREV Assessing Deviance N.16, Crime and Prevention in Europe, Camping Design, EU.
[507] United Nations Office on Drugs and Crime (2004). Crime Prevention. Достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/justice-and-prison-reform/CrimePrevention.html Пристапено на 30.07.2018.

Според став 6 (б) од Упатството за спречување на криминалот, таквите програмите имаат за цел да ги *„променат условите во населбите што влијаат на виктимизацијата и несигурноста што произлегува од криминал, преку градење на иницијативите, стручноста и посветеноста на членовите на заедницата“.*[508]

*Превенција на состојбата со криминалитетот* опфаќа пристапи кои имаат за цел да ги намалат можности на луѓето да вршат кривични дела, да ги зголемат ризиците и трошоците за самите криминалци и да ги минимизираат нивните придобивките. Според став 6 од упатството, ваквите пристапи помагаат *„во спречување на појава на кривични дела преку намалување на можностите, зголемување на ризиците од апсење и минимизирање на бенефициите, вклучително и преку-дизајн на животната средина, како и преку обезбедување помош и информации за потенцијалните и вистинските жртви“.*[509]

Меѓу другото, старите лица како жртви на криминалитет бележат поизразена ранливост како резултат на телесни и физички промени, кои во голема мера се одразуваат и на социјален план. Оттука, промените резултираат со одреден степен на ризик во однос на криминалната виктимизација во семејството, но и надвор од него. Според одредени американски истражувања, старите лица се жртви на насилство извршено од страна на партнерот, но и од страна на своите деца (Pillemer, Finkelhor, 1986). Во поновата виктимолошка литература во однос на виктимизација на стари лица, на годишно ниво околу 1.5 милиони во САД (околу 5% од популација над 65 годишна возраст) се жртви на физичка и психичка злоупотреба, како и економска експлоатација.[510] Според истите податоци, сторителели се роднини или членови на поблиското семејство. Друго истражување извршено на територијата на Европа во

---

[508] United Nations Office on Drugs and Crime, August (2010). Handbook on the Crime Prevention Guidelines. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Handbook_on_Crime_Prevention_Guidelines_-_Making_them_work.pdf

[509] United Nations Office on Drugs and Crime, August (2010). Handbook on the Crime Prevention Guidelines. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Handbook_on_Crime_Prevention_Guidelines_-_Making_them_work.pdf

[510] Karmen, A (2010). *Crime Victims: An Introduction to Victimology.* Boston, MA: Wadsworth Cengage Learning.

2006 година, укажало дека скоро ¾ од старите лица страдаат од долгогодишна злоупотреба од страна на ним блиски лица.[511]

Меѓу другото, старите лица не се виктимизирани само од страна на познати лица. Со оглед на фактот дека овие лица поголем дел од своето време го поминуваат во своите домови, тие се соочуваат и со имотни кривични дела од типот на кражби и измами, при што ваквите облици на криминалитет често доведуваат до сериски криминалитет со извршување на исти или слични кривични дела. Кога станува збор за непознати сторители на кривични дела, неретко старите лица се жртви на криминалитетот извршен на јавни места.

Имајќи предвид ранливоста на старите лица, како и комплексната природа во која се јавува криминалитетот, превентивните интервенци се насочени кон различни нивоа во однос на рефлектирањето на социо-еколошкиот пристап на поединечни, фамилијарни и општествени нивоа.

**Основен принцип во сите понатамошни активности, кои што би биле преземени за спречување на криминалитетот кај старите лица, се однесува на принципот на постапување со жртвите заснован на човековите права и слободи**. Поаѓајќи од обврската за почитување и заштита на човековите права во согласност со Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните документи, фокусот е на унапредување на заштитата на правата на жртвите. Ова пред сè, се однесува на еднаква заштита за сите, како и надминување на стигматизацијата и интеграција на жртвите во општеството.

Во рамките на докторската дисертација, особено во превентивниот дел се осврнуваме на одредени пристапи за спречување и заштита од насилство и злоупотреба. Оттука, низ призмата на универзални, селективни и индивидуални пристапи ќе посочиме одредени мерки и активности, со цел поефикасен систем за превенција на криминалитетот во однос на старите лица.

---

[511] Игњатовић, Ђ., Simeunoviћ-Patiћ, B. (2011). *Viktimologija.* Beogradu: Pravni fakultet.

### 1.1. Универзални пристапи за превенција на криминалитетот кај старите лица

***а) Кампањите за информирање на јавноста*** имаат за цел да ја подигнат свеста за криминалитетот на старите лица во општеството преку употреба на телевизија, радио, печатени материјали или веб сајтови. Иако фокусот на кампањите се разликува, тие често обезбедуваат или поттикнуваат: едукација за достапни услуги за поддршка; позитивни ставови; акции за спречување и намалување на злоупотребата; како и достоинствен третман на старите лица.

Употребата на средствата за јавно информирање ќе придонесат проблемот со криминалиналот врз овие лица да се претвори во нешто повеќе забележливо и помалку толериpачко во општеството. Подигнувањето на свеста и нетолерирањето на негативни општествени ставови кон овие лица, претставуваат особено важни чекори за развивање на ефикасна заштита за спречување на оваа појава. Кампањите за подигнување на јавната свест треба да ги охрабрат жртвите да го пријават насилството и злоупотребата во раните фази. На пример, кампањата за подигнување на јавната свест во Вермонт вклучувала флаери со информации за насилството и злоупотреба, распределени во кутиите со рецепти во аптеките. Меѓу другото, налепниците на разни објекти и дистрибуирање на брошури до разни центри со ваква содржина одиграле значајна улога. Телевизиските и радио спотови, реклами во весници и постери се дел од можностите што се користат во таквите кампањи.[512]

***б) Професионални програми за подигање на свеста и образование*** се однесуваат пред сè на социјалните и здравствените професионалци кои се во директен контакт со старите лица и се од витално значење за проценка, идентификација и поддршка за директна изложеност на ризик. Програмите за обука и едукација се однесуваат на зголемувањето на професионалната свест за насилството што се врши врз старите лица, но и способноста на професионалците да ги идентификуваат и ефективно да се справат со сомнителни случаи. Образовните курсеви обично вклучуваат: едукација за знаците и симптомите на насилството и злоупотреба; дискусија околу улогите и одговорностите на професионалците во заштитата на овие лица; обука за вештини за решавање на проблемите; обука за евалуација и проценка; како и обука за стратегии за ефективно управување со случаите на насилство.

[512] California Attorney General's Crime and Violence Prevention Center, 2003, Vermont Center for Crime Victim Services, 2003.

***в) Меѓугенерациски програми*** имаат за цел да ги ублажат негативните општествени ставови и стереотипи за старите лица, кои придонесуваат припадниците од оваа ранлива категорија да се чувствуваат помалку ценети во општеството. Последиците од ова можат да бидат фрапантни, доколку тие навистина се изнемоштени, слаби и зависни, или, пак, имаат намалени физички или ментални способности. Практикувањето на меѓугенерациски програми меѓу старите возрасни и млади лица, придонесува кон градење на позитивните ставови за овие лица. Таквите програми имаат за цел да влијаат на намалување на негативните: личните ставови, групни дискусии и интеракции, социјални ставови и стереотипи насочени кон старите лица.[513]

Меѓугенерациските програми пред сè, се насочени кон училишта, студенти или млади од опкружувањето во зависност од видот на активностите кои се спроведуваат.[514 515 516] Во рамките на ова, активностите се движат од едноставно разменување на писма преку емаил адреса или директно ангажирање на старите лица со активно учество во заеднички проекти во заедницата.

## 1.2. Селективни пристапи за превенција на насилството кај старите лица

***а) Скрининг програмите*** ја проценуваат состојбата на ризик. Овие програмите наоѓаат примена во директното набљудување (а понекогаш и членови на семејството) за идентификување на потенцијалните проблематични ситуации. Основата на скриниг програмите е јасна: старите лица во улога на жртви на насилството и злоупотреба често *„страдаат во молчење“,* се додека проблемот не биде детектиран од страна на професионален здравствен или социјален работник.

Генерално, постојните скрининг протоколи страдаат од методолошки проблеми во нивната конструкција и валидност, кои произлегуваат во голема мера од посебната природа на прашањето за насилството на старите лица. Жртвите можат да бидат

[513] Стеротипите се производ на колективна свест, па обично за нив не се размислува кога се употребуваат, туку се прифаќаат како вечно дадени вистини.
[514] Fujiwara, Y., Nishi, M., Watanabe, N., Lee, S., Inoue, K. & Yoshida, H. (2006). An intergenerational health promotion program involving older adults in urban areas. “*Research of Productivity by Intergenerational Sympathy (REPRINTS)”: first-year experience and short-term effects.* Nihon Koshu Eisei Zasshi.
[515] Hermoso, J., Rosen, AL., Overly, L. & Tompkins, CJ. (2006). Increasing aging and advocacy competency: the intergenerational advocacy pilot project. *Journal of Gerontological Social Work.*
[516] Sanders, S., Dorfman, LT. & Ingram, JG. (2008). *An evaluation of the GeroRich program for infusing social work curriculum with aging content.* Gerontology and Geriatrics Education.

изнемоштени и социјално изолирани, когнитивно оштетени и неприемливи за дополнителна истрага или третман. Тие може да бидат придружувани со насилникот за време на скринингот (на пример насилникот и „помага“ на жртвата во самиот скрининг процес). Жртвата во овој случај може да ги сокрие манифестациите од насилството пред професионалецот. На пример, повредите може да бидат знак за насилство на старите лица, но тие да се препишуваат на падови или други несреќи. Губењето на телесната тежина може да е резултат на намерно задржување на храна или нега, но е подеднакво или поверојатно предизвикано од други фактори како што се рак или хронична болест.

*Со оглед на овие ограничувања се наметува прашањето за следните чекори во оваа област?* Оттука, според Фулмер и О'Мали најефективна улога на скрининг инструменти се согледува во зголемувањето на професионалната свесност за алармирање на лекарите во однос на можноста за распознавање на првичните знаци и симптоми на насилството кај старите лица.[517] Лахс и Пилезер се согласни околу ставот дека најдобрата политика во овој момент наместо прекумерна потреба од специјална скрининг - стратегија или клинички алгоритам е едукација за подигање на свеста за насилството на стари лица кај лекарите. Токму затоа одредени автори укажуваат на приоритетноста во однос на откривање на првичните симптоми на насилството на стари лица (наместо да се потпира на посебен скрининг инструмент) во медицинско и друго релевантно стручно образование.[518]

***б) Задолжително известување*** претставува важна компонента за превенција на терцијарното однесување. Пријавените случаи на насилството на стари лица во самите институции иницираат услуги за спречување на повторната виктимизација. Оттука, институциите имаат законска обрвска за задолжително известување на случаи со насилството, со цел подигање на јавната свест.

Иако задолжителното известување за насилство на стари лица е во насока на зголемување на јавната свест, сепак, веќе постоечката примена на овие мерки во одредени земји, укажала на дилема од страна на професионалците во однос на следното: дали да се прекрши законот (законски регулирана обврска) или, пак, да се

[517] Fulmer, T., & O’Malley, T. A. (1987). *Inadequate care of the elderly: A healthcare perspective on abuse and neglect.* New York: Springer.
[518] Lachs, M. S., & Pillemer, K. (2004). *Elder abuse.* Lancet, 364 (9441), 1263–1273.

изгуби довербата кај старите лица и како последица да се загрози терапевтската врска. Специфично и на некој начин проблематично во задолжителното известување е инфантилната положбата на одредени стари лица во општеството, каде што всушност се поттикнуваат негативни стереотипи за овие лица и се ограничуваат способностите на оваа целна група, бидејќи на некој начин се врши контрола на нивните животи.[519]

***в) Услугите за заштита на стари лица*** како жртви на насилството се разликуваат од држава до држава. Ако програмата на државните служби за заштита функционира според статусот за заштита на стари лица, таа обично е ограничена само на „неспособни" стари лица, оставајќи ги другите институции како што се полицијата, правните служби и системот на кривичната правда да се справат со ситуации со повеќе компетентни и физички способни лица. Од друга страна, програмите што се овластени според законите за насилството на стари лица, обично се однесуваат на било кое старо лице кое е изложено на ризик од злоупотреба, занемарување или експлоатација.

Услугите за заштита на стари лица претставуваат форма на терцијарна превенција. Сепак, иако услугите за заштита на стари лица добија поголема видливост и кредибилитет во изминатата деценија, тоа е контроверзна област на услуги. Некои критичари ги гледаат ваквите програми како упад во граѓанските слободи на овие лица. Државите одговориле на таквите критики, нагласувајќи дека правото на клиентот на самоопределување е еден од основните принципи на заштитните услуги.[520]

***г) Едукација на професионалци*** се однесува на развивање на широк спектар на програми за едукација и обука, насочени кон речиси секоја професија со која се соочуваат старите луѓе, вклучувајќи ги: лекарите,[521] [522] медицинските сестри[523] [524] и социјалните работници.[525] [526] Теоретски, ваквите програми можат да им помогнат на професионалците да го детектираат насилството со зголемување на нивната свесност

[519] Психички недоразвиени стари лица со особености на дете.
[520] Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.* New York: Columbia University Press.
[521] Ahmad, M., & Lachs, M. S. (2002). Elder abuse and neglect: What physicians can and should do. *Cleveland Clinic Journal of Medicine, 69 (10),* 801–808.
[522] Lachs, M. S., & Pillemer, K. (2004). *Elder abuse.* Lancet, 364 (9441), 1263–1273.
[523] Bond, C. (2004). Education and a multi-agency approach are key to addressing elder abuse. *Professional Nurse, 20 (4),* 39–41.
[524] Richardson, B., Kitchen, G. & Livingston, G. (2002). *The effect of education on knowledge and management of elder abuse: a randomized controlled trial.* Age and Ageing.
[525] Ibid.
[526] Wilke, D. J., & Vinton, L. (2003). Domestic violence and aging: Teaching about their intersection. *Journal of Social Work Education, 39 (2),* 225–235.

за потенцијалните знаци и симптоми. На прашањето за постоењето на минимални докази за тоа дали ваквите програми се ефективни во подигањето на професионалната свест, две студии покажале дека професионалното образование го зголемило знаењето за насилството на стари лица во споредба со контролните групи.[527] [528]

***д) Интервенции за поддршка на негувателите*** се темелат на претпоставката дека зависноста на жртвата и последиците од нега се главна причина за злоупотреба. Во многу случаи услугите за ублажување на товарот од грижата, како на пример подготовки во домаќинството и подготовката на храна, одмена од нега, групи за поддршка и дневна нега, се промовираат како стратегии за спречување на злоупотреба. Ваквите програми се несомнено корисни за примарната цел за која се наменети: подобрување на функционирањето на старите лица, како и намалување на товарот и неволјите на лицата кои се грижат за нив. Всушност, прелиминарните докази од две студии сугерираат дека интервенцијата насочена кон насилничките старатели може да помогне во спречувањето на ревиктимизација.[529] [530]

### 1.3. Индивидуални пристапи за превенција на насилството кај старите лица

***а) Едукација и информираност на потенцијални жртви*** ги фаворизира индивидуалните пристапи за превенција од насилство на стари лица на кои им овозможува на потенцијалните жртви одреден тип на информации од едукативен карактер за видот и начинот на насилство и злоупотреба. Покрај овие заложби, факт е дека овие лица често се срамат или плашат да го признаат насилството кое што се врши врз нив.

***б) Правни и адвокатски услуги за жртви*** пред сè, се однесува на опциите за стари лица кои вклучуваат социјална поддршка за оваа категорија. Притоа се користат групи за самопомош кои придонесуваат за: подигнување на свеста; „безбедни куќи“ или засолништа за итни случаи; како и адвокатски услуги за жртвите. Еден вид

---

[527] Anetzberger, G. J., Palmisano, B. R., Sanders, M., Bass, D., Dayton, C., Eckert, S., & Schimer, M. R. (2000). Model intervention for elder abuse and dementia. *Gerontologist, 40 (4),* 492–497.
[528] Richardson, B., Kitchen, G. & Livingston, G. (2002). *The effect of education on knowledge and management of elder abuse: a randomized controlled trial.* Age and Ageing.
[529] Nahmiash, D., & Reis, M. (2000). Most successful intervention strategies for abused older adults. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 12 (3–4),* 53–70.
[530] Reay Campbell, II, A. M., & Browne, K. D. (2002). The effectiveness of psychological interventions with individuals who physically abuse or neglect their elderly dependents. *Journal of Interpersonal Violence, 17 (4),* 416–431.

интервенција што произлегува од овој пристап е инволвираност во спроведување на законот во случаи на насилство. Согласно спроведената студија на случај, Дејвис и Медина-Ариза се соочиле со неочекувани резултати. Истражувачите користеле рандомизиран контролиран експеримент за да ја оценат програмата во која биле вклучени домашни посети од страна на тим од полициски службеници и советник за семејно насилство кај идентификуваните жртви на злоупотреба, во обид да се намали ревиктимизацијата. Меѓу другото, оние лица кои добиле домашна посета, пријавиле повеќе физичко насилството отколку пред контролите.[531]

## 2. Превенција на злоупотреба на стари лица во САД

Администрацијата за стареење во САД претставува значаен пример во однос на превенцијата за злоупотреба на стари лица, па оттука на него посебно се задржуваме. Администрацијата за стареење уште во 1987 година, преку воспоставувањето на *Програмата за превенција од злоставување, занемарување и експлоатација (Prevention on Elder Abuse, Neglect and Exploitation program)*[532]*,* обезбедува федерално водство во зајакнување на стратешко планирање и насоки за програми, активности и истражувања поврзани со злоупотребата на стари лица. Оваа програма опфаќа:

- Обука на полициските службеници, давателите на здравствени услуги и други професионалци за тоа како да препознаат и да одговорат на злоупотребите;
- Поддржува кампањи за промоција и едукација за зголемување на јавната свест за злоупотребата на стари лица и како да се спречи злоупотребата, но и ги поддржува напорите на државните и локалните коалиции за спречување на злоупотреба на постарите, како и на мултидисциплинарни тимови.

Администрацијата за стареење доделува грантови според оваа програма и согласно на соодветната формула опфаќа држави и територии, врз основа на уделот на населението на возраст над 60 години. Државите и териториите имаат дискрециono право да издвојуваат средства помеѓу различните активности што се дозволени во

[531] Davis, RC. & Medina-Ariza, J. (2001). *Results from an elder abuse prevention experiment in New York City*. Достапно на: https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/nij/188675.pdf. New York: National Institute of Justice.
[532] Administration for Community Living. Prevention of Elder Abuse, Neglect, and Exploitation. Достапно на: https://www.acl.gov/programs/elder-justice/prevention-elder-abuse-neglect-and-exploitation Пристапено на 16.02.2018.

програмата. Тие, меѓу другото, можат да изберат да ги дистрибуираат средствата на агенциите за стареење и локалните даватели на услуги.

За да се обезбеди примената на оваа програма, Администрацијата за стареење, го основа *Националниот центар за злоупотреба на стари лица (National Centar on Elder Abuse-NCEA).*[533] Националниот центар за злоупотреба на стари лица, служи како национален ресурсен центар посветен на спречување на оваа појава. За да ја изврши својата мисија, овој центар ги дистрибуира информациите за злоупотреба до професионалци и јавноста и обезбедува техничка помош и обука за државите и за организациите во заедницата. Вестите и ресурсите од Националниот центар за злоупотреба на стари лица се достапни on-line. Центарот соработува во: истражувања, обезбедува обуки, идентификува и дава информации за ветувачки практики и интервенции, работи на форумот за листи за професионалци и обезбедува предметна експертиза за развој на програми и политики.

Следен чекор направен во насока на превенција на виктимизација на старите лица е проширување на промоција на правата на овие лица во целиот свет, преку основање на Меѓународната мрежа за превенција од злоупотреба на стари лица *(International Network for the Prevention of Elder Abuse-INPEA).*[534] Ова е меѓународна невладина организација која е основана во 1997 година, во Масачусетс, САД и има консултативен статус со Одделот за економски и социјални прашања на Обединетите нации.

Признавајќи ја различноста на културата, потеклото и начинот на живот на светската популација, Меѓународната мрежа за превенција преку меѓународна соработка има за цел да ја зголеми способноста на општеството во насока на препознавање и давање одговори во однос на оваа појава. Имено, целта е последните години од животот на овие лица да бидат ослободени од злоупотреба, занемарување и експлоатација. Целите на Меѓународната мрежа за превенција од злоупотреба се однесуваат на: подигање на јавната свест и знаење за ова прашање; промоција на образованието и обучувањето на професионалци и парапрофесионалци во

---

[533] National Center on Elder Abuse (NCEA). Достапно на: https://www.ifa-fiv.org/partner-profiles/national-center-on-elder-abuse-ncea/ Пристапено на 16.02.2018.

[534] The International Network for the Prevention of Elder Abuse (INPEA). Достапно на: http://www.who.int/violenceprevention/participants/inpea/en Пристапено на 16.02.2018.

идентификацијата, третманот и спречувањето за понатамошно застапување во корист на злоупотребуваните стари лица; како и стимулирање на истражувања околу причините, последиците, преваленцата и третманот против злоупотреба на овие лица.

## 3. Превенција на криминалитет на стари лица во Република Србија

Криминалитетот во Република Србија се превенира врз база на националната стратегија за спречување на криминалот, објавена од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Србија[535]. Преземените активности врз база на кои е изработена оваа стратегија се темелат на Упатството за превенција од криминал на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал,[536] како и превентивните стратегии за превенција на криминалитетот, од земјите од регионот.

Националната стратегија за превенција на криминалот се однесува на следните области: насилнички криминалитет, сузбивање на криминалитет за злоупотреба на опојни droги и психотропни супстанции, малолетничка деликвенција, како и сите други форми на криминал. Во однос на дефиницијата на Европската мрежа за превенција на криминалот (ЕУЦПН) од 2001 година, опфатени се: „мерките за превенција кои треба да придонесат за квантитативно и квалитативно намалување на криминалитетот, како и чувството на несигурност кај граѓаните, со директно одвраќање од криминални активности или преку политики и интервенции, со цел да се намали потенцијалот за криминал и фактори на криминал". Оттука, можеме да заклучиме дека мерките на превенција не се однесуваат само на криминалитетот во буквална смисла, туку се однесуваат и на она асоцијално однесување кое претставува предфаза на криминалот.

Спроведувањето на активности за превенција на криминалитетот во Република Србија, придонесува за реализација на следните цели: намалување на криминалот; подобрување на безбедносната состојба; стручен и соодветен кадар во институциите неопходен за постигнување на позитивни резултати; меѓусебна соработка помеѓу владиниот и невладиниот сектор, на локално и национално ниво. Од друга страна,

---

[535] Ministarstvo unutrašnjih poslova (2009). Polazni okvir Nacionalne stretegije prevencije kriminala. Достапно на: http://www.bezbednost.org/upload/document/polazni_okvir_nacionalne_strategije.pdf. Пристапено на: 30.11.2018.

[536] Упатство за спречување на криминалот, Резолуција 2002/13 на Економскиот и социјален совет од 24 јули 2002 година - Guidelines for the Prevention of Crime, The Economic and Social Council resolution 2002/13 of 24 July 2002.

специфични цели опфатени во Стратегијата се однесуваат на: законска рамка за спречување на криминалот која треба да соодвестува со меѓународните регулативи; соработка помеѓу полицијата и другите сегменти од општеството, од локално до национално ниво; воспоставување на соодветни механизми за контрола и надзор на институции, кои што се одредени за сузбивање на криминалитетот; развивање на службите за надзор и мониторинг на сторителите на кривични дела на кои е изречена условна казна (на полнолетни, но и на малолетни престапници); зголемување на нивото на професионална компетентност во јавниот и приватниот сектор; подигнување на нивото на јавна свест, за проблемот со безбедноста на граѓаните; насочување на членовите на локалната заедница во безбедносната проблематика; **создавање и подобрување на услугите за следење и поддршка на можните жртви и жртви во системот на заштита**; развој и подобрување на системот за евидентирање и следење на движењето на криминалот.

Превенцијата на криминалот се спроведува на три нивоа и тоа: *примарно ниво* кое се однесува на намалување на препознатливите фактори во семејството, заедницата, институциите кои придонесуваат за развојот на криминалот, а се спроведува преку образовен и информативен систем, културни институции, помош и работа со семејства, институциите за социјална заштита, невладиниот сектор, особено младинските организации и друго. На *секундарното ниво* се става акцент на специфични програми фокусирани на феномени, групи, или, пак, лица со поголем ризик од развој на криминална активност. *Терцијално ниво* е фокусирано на конкретни криминални ситуации, спречување на повратништво и извршување на тешки кривични дела. Врз основа на трите нивоа на превенција, целните точки за подобрување на состојбата со криминалитетот се базираат на: ситуации, социјална средина, потенцијален сторител и сторител, **можна жртва (намалување на можноста да стане жртва на криминал-** подвлекла ДК) и соработка со граѓаните.

### 3.1. Национална стратегија против насилство на Република Србија

Во Националната стратегија за превенција на криминалот, една од целните точки врз база на кои ќе се превенира криминалот е **можната жртва – односно превенција на криминалот во насока на намалување на можноста да се стане жртва на криминал** (подвлекла ДК**)**. Меѓутоа, Државниот завод за статистика на Република Србија не располага со податоци за жртвите на кривични дела.

Она што е исчекор напред во однос на жртвите е Националната стратегија против насилство, која треба да ги превенира загрозените групи: стари лица, деца, бегалци, како и лица со посебни потреби, од различни видови на насилство и злоупотреба. Битно е да се напомене дека моментално не постои систем кој ги евидентира жртвите (од: семејно насилство, институции за сметување на корисници, лица со инвалидитет, **стари лица** и слично).

Иако не постојат официјални податоци и точна бројка за жртви, институциите кои работат на оваа проблематика врз база на различни параметри од постојаните податоци од Министертвото за внатрешни работи на Република Србија, судот, центрите за социјална работа, поедини здравствени установи, како и здруженија на граѓани, укажуваат на тоа дека сите видови на насилство (физичко, психичко, сексуално, економско) се во постојан пораст. Според достапните податоци во оваа Стратегија за периодот од јануари 2000 година до декември 2004 година, регистирани се 23 116 кривични дела против живот и тело, против достоинство на личноста и моралот, против бракот и семејството, како и прекршоци со елементи на насилство. Од наведените кривични дела оштетени се 23 138 лица, од кои косебно загрижува фактот дека 752 лица биле над 70 годишна возраст.

Извештајот на АПВ[537] за 2017 година, евидентира вкупно 4 стари лица како жртви на насилство. Овој податок се однесува само на една установа од Геронтолошкиот центар Суботица. Станува збор за физичко насилство и тоа: до 64 години – 1 лице од женски пол, од 65 до 79 години – 3 лица од машки пол. Врз база на само еден податок за 2017 година, од само една установа не може да се заклучи колкава е вистинската распространетост на насилство над старите лица. Извештајот за 2017 година за стари лица како жртви на насилство, отвара многу прашања. Суштинското прашање се однесува на тоа дали воопшто стручните работници и интерните тимови го разбираат и на кој начин го третираат насилството врз овие лица. Меѓу другото, се поставува прашањето за непостоењето и индиферентноста во

---

[537] Автономна Покраина Војводина – скратено АПВ, е покраина во составот на Република Србија, во која се вклучени се 16 установи, за обезбедување на услуги на домско сместување на стари лица: Дом за стари и пензионери *Апатин*, Дом за стари и пензионери *Кула*, Дом за стари и пензионери *Мол*, ЦСР со домски одел и дневен центрар за сместување на стари лица и пензионери *Нови Кнежевац*, Геронтолошки центар *Бачка Паланка*, Геронтолошки центар *Бечеј*, Геронтолошки центар *Врбас*, Геронтолошки центар *Вршац*, Геронтолошки центар *Зрењанин*, Геронтолошки центар *Кањижа*, Геронтолошки центар *Кикинда*, Геронтолошки центар *Нови Сад*, Геронтолошки центар *Панчево*, Геронтолошки центар *Рума*, Геронтолошки центар *Сомбор*, Геронтолошки центар *Суботица*.

недоследноста на известувањето за насилство. Затоа е многу важно да се спроведе истрага во останатите установи и аналогно на ова да се провери, *дали од установите од кои нема известување воопшто се евидентираат, како ги препознаваат и на кој начин се постапува со стари лица како жртви на насилство.*[538]

*Републичкиот завод за социјална заштита* во извештајот за работа на установите за сместување на возрасни и стари корисници во јавниот сектор, за периодот од 2012 до 2016 година, располага со следните податоци за стари лица како жртви на насилство. Во 2016 година, биле евидентирани вкупно 74 стари лица како жртви. Меѓутоа, овој податок се однесува само на извештај од 8 установи од вкупно 41 установи за сметување на жртвите (Врбас, Обреновац, Јагодина, Матарушка Бања, Младеновац, Прокупље, Суботица, Забучје). Дури 55% од жалбите се евидентирани во една установа. Според полот, доминираат жртвите од женскиот пол. Според видот на насилството, доминира психичко насилство (50 пријави), физичко насилство (33 пријави), економско насилство (5 пријави) и сексуално насилство (1 пријава). Во 2015 година евидентирани се вкупно 24 случаи на насилство; во 2014 година 92 случаи на насилство; во 2013 година 91 случаи на насилство; во 2012 година 67 случаи на насилство.

Можеме да резимираме дека иако податоците во Националната стратегија за превенција на насилство укажуваат на порастот на насилството извршено над старите лица, од анализираните извештаи за периодот од 2012 до 2017 година, можеме да забележиме дека повеќе внимание и соодветна евиденција за насилството над старите лица, се водела пред да се изготви самата Национална стратегија за превенција на насилство. Тогаш се поставува прашањето, како и на кој начин ќе се превенира оваа појава, како ќе се спречи феноменот на насилство врз овие лица, ако воопшто и нема евиденција за овие податоци. Одредувањето на целна точка во однос на **намалување на можноста да се стане жртва на криминал,** е невозможно без непостоење на никаква евиденција за оваа појава. Дали ова значи, дека изготвувањето на Националите стратегии за превенција од криминал и насилство се само документи за прибирање на политички поени, во време кога една целна група од најранливите категории – **стари**

[538] Покрајински завод за социјану заштиту (2018). ОБЈЕДИЊЕНИ ИЗВЕШТАЈ О РАДУ УСТАНОВА ЗА СМЕШТАЈА ОДРАСЛИХ И СТАРИЈИХ КОРИСНИКА У АПВ
ЗА 2017. ГОДИНУ. Достапно на: http://www.pzsz.gov.rs/wp-content/uploads/2018/10/Objedinjeni-izve%C5%A1taj-o-radu-ustanova-za-sme%C5%A1taj-odraslih-i-starih-u-APV-za-2017.pdf Пристапено на: 01.12.2018

**лица** е маргинализирана и оставена сама на себе во справување со секојдневите предизвици. Во овој случај, борбата на старите лица против насилството е превреме изгубена борба, бидејќи без соодветна институционална заштита овие лица се немоќни и препуштени сами на себе. Оваа анализа јасно укажува на потребата од посочување на одредени проблеми и целни точки, на кои мора да се обрати внимание и да се воспостават соодветни мерки за заштита и сузбивање на насилството кај старата популација.

## 4. Превенција на криминалитет на стари лица во Република Македонија

Во Република Македонија не постојат официјални податоци за стари лица како жртви на криминалитет. Државниот завод за статистика на Република Македонија евидентира сторители, но не и жртви на кривични дела. Од друга страна, официјалните полициски евиденции не располагаат со податоци за оваа категорија како жртви на криминал. Освен отсуство на официјални податоци, во Република Македонија нема посебен Закон со кој се превенира криминалитетот врз старите лица. Единствено во Законот за спречување, заштита и превенција на семејно насилство, се апострофира превенцијата од насилство, но само во кругот на семејството. Имено, Националната стратегија за превенција на насилство се однесува само на заштита од насилство во рамките на семејството.

Имено, во продолжение ќе се направи анализа на веќе донесените стратегии и понудениот дијапазон на мерки и препораки во доменот на внатрешни работи, социјална заштита, медицината кои се однесуваат на старите лица, а воедно и целат кон подобрување на состојбата на сите категории на лица.

### 4.1. Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015

По согледувањето на низа недостатоци и области за корегирање во Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011, една година подоцна се донесе *Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015*. Оваа стратегија била изготвена по пат на: анализа на состојбата на полето на спречување и борба со семејното насилство, преглед на регулаторната

рамка и релевантното национално законодавство, состојбата со годишни акциски планови, извештаи, како и идентификација на пречки и предизвици.

Во Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011, поставните посебни цели во голем дел само ја продолжиле својата активност во однос на спречување и заштита од семејно насилство за периодот 2012-2015. Исполнувањето на овие цели е во насока за воспоставување на ефективен и ефикасен систем во Република Македонија за заштита и превенција од семејно насилство, а станува збор за следните цели: мултисекторски координиран пристап во заштита на жртвите на семејното насилство со формирање на Национално координативно тело; превенирање на појавата на семејното насилство преку воспитно-образовниот процес; едукација на професионалци со помош на мултисектоска соработка и умрежување на локалните капацитети; *позитивен развој на системот на заштита на жртвите со поголема достапност до СОС линијата за помош;* унапредување на законската рамка на граѓанско-правниот систем на заштита; *соодветна кривично-правна заштита на жртвата, како и санкционирање и ресоцијализација на насилникот;* национален унифициран систем за собирање на податоци за семејно насилство (подвлекла ДК).[539]

Имено, во самата стратегија наведени се следните целни точки неопходни за реализација, а се однесуваат на: разбирање на семејното насилство како грубо кршење на човековите права и јакнење на јавната свест за нетолеранција на семејното насилство; зголемена сигурност за жртвите; зголемени активности за ефикасни истраги, кривично гонење и одговорност и осудување на сторителите; з*големен квалитет на услугите за жртвите и нивно стандардизирање;* препознавање на семејното насилство како родово засновано насилство; зголемена ефективност на системот преку структурирано планирање, континуирано следење и евалуација на состојбите.[540] (Подвлекла ДК)

Постигнувањето на *мисијата* на Стратегијата значи да се обезбедат следните одредишта: дефинирање на стратешките приоритети за спречување и заштита од семејно насилство; создавање на широко прифатена култура на препознавање и спречување на семејното насилство преку зголеменото разбирање на основните

---

[539] Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.
[540] Министерство за труд и социјална политика (2012-2015). Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство : 2012-2015. Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nasisltvo_strategija_mkd.pdf Пристапено на 05.03.2018.

човекови права; развивање на холистички пристап во реализацијата на задачите предвидени со оваа стратегија; оддржливост на резултатите постигнати со имплементацијата на целите на Стратегијата.[541]

Клучни карактеристики на Стратегијата се однесуваат на: намалување на мултиплицирана ранливост, преку воспоставување на нова правна и институционална рамка за справување со сите видови на семејно насилство и категориите на жртви, особено мултиплицираната ранливост како резултат на возраст (деца и стари лица), пол, инвалидитет; постоечките механизми за спречување и заштита од семејно насилство да се подобрат во согласност со најновите меѓународни и регионални стандарди; формирање на национален координиран систем за следење и евалуација на имплементацијата на стратешките политики; заедничка дејност на соработка и координација помеѓу централно и локално ниво; *мерки за превенција и помош на жртвите, со посебен акцент на индивидуалните потреби на самите жртви; повторна интеграција на жртвите во општеството; препознавање на правата на жртвите и нивен третман во казнено-правниот систем; достапност на мерките за помош и поддршка на жртвите, како и мерките за третман на сторители; координираност на казненоправниот систем и системот на социо-здравствена заштита на жртвата.*[542] (Подвлекла ДК)

Позитивна реализација и успех од вака поставените мерки, во однос на старите лица е возможна со детабуизирање на насилна виктимизација на старите лица во кругот на семејството, но и надвор од него. Пред сѐ потребно е да се разбере суштината на проблемот со кој се соочуваат овие лица. Индивидуалните потреби на стари лица, како жртви на насилство варираат во зависност од тоа со како вид на насилство се соочиле. Елементарно е тие да воспостават контрола над сопствениот живот. Од особена важност за овие жртви претставува можноста од: советување; чувство на сигурност дека може да им се верува на другите; безбедност; институционална заштита; храна и топлина – особено во услови на семејно насилството.

---

[541] Министерство за труд и социјална политика (2012-2015). Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство : 2012-2015. Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nasisltvo_strategija_mkd.pdf Пристапено на 05.03.2018.
[542] Министерство за труд и социјална политика (2012-2015). Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство : 2012-2015. Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nasisltvo_strategija_mkd.pdf Пристапено на 05.03.2018.

Имено, од особена важност претставува и повторната интеграција на жртвите во опшеството. Стигматизацијата и не препознавањето на проблемот со кој се соочуваат овие жртви, не би било возможно доколку имаат практична и физичка помош, правно советување, правна подршка, загарантирани права од страна на државата. Достапност на мерките за помош и поддршка на жртвите би била од страна на: лекарите, психолозите, психијатрите, медицинскиот персонал во болниците, полицијата, социјалните служби и социјалните работници, бесплатна правна помош и бесплатни адвокатски услуги во кривичната постапка. На овој начин, старите лица ќе се охрабрат да преземат конкретни чекори во однос на конфронтација со насилникот и решавање на самиот проблем.

Водечки принципи се однесуваат на: *одговорност* (која се однесува на Владата на Република Македонија, локалните власти и цивилното општество), *партнерство* (помеѓу институциите од централната власт, од локалната власт и цивилното општество), *постапување со жртвите засновано на човековите права и слободи* (унапредување на правата на жртвите), *недискриминација* (особено на жртвите кои се соочуваат со мултиплицирана дискриминација), *транспарентност* (отвореност на сите засегнати страни вклучени во програмите и плановите за имплементација на стратегијата), *ефективност и оддржливост* (се однесува на сеопфатна координација на активности). (Подвлекла ДК)

За соодветно и правилно постапување со жртвите на насилство, а особено старите лица, мора да постојат и да бидат вклучени: алатки за идентификација; соодветни упатства и процедури на кој начин ќе се извршува идентификацијата; обука на релевантни службеници (како што се полицијата, медицински персонал, психијатри, психолози, социјални работници и други вклучени во откривање, примање и соодветен пристап на стари лица – жртви) за точна идентификација и правилна примена на договорените упатства и процедури. По обелоденување и констатирање на кривично дело, старите лица треба да добијат вистинска можност во однос на правните опции. Ова пред сè, се однесува на можноста на достапност до информции на жртвите за текот на кривичната постапка, а со тоа и добивање на значајна улога во самиот кривичен процес.

### 4.2. Национална стратегија за нееднаквост и недискриминација 2016-2020

Во 2012 година, во Република Македонија за прв пат се донесува Национална Стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2012-2015. Меѓутоа кон крајот на овој период, односно во 2015 година, се изработува евалуација на Стратегијата, која всушност го покажува напредокот во однос на давање насоки и основи на кои се базира новата Национална Стратегија за периодот 2016-2020. Овој стратешки документ ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на правата и еднаквите можности во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во Република Македонија.[543]

Исполнувањето на основната цел на Стратегијата се однесува на *обезбедување на континуиран развој во реализацијата на правото на еднаквост и создавањето на еднаквите можности.* Стратегијата утврдува три општи стратешки цели:

- Унапредување на правната рамка за еднакви можности и недискриминација;
- Зајакнување на капацитетите на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација и промовирање на еднаквите можности;
- Подигање на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација и јакнење на свеста за промовирање на концептот на недискриминација и еднакви можности.

Исчекор напред во компарација со претходната стратегија е земањето предвид на сите основи на дискриминација, согласно со Закон за спречување и заштита од дискриминација, а се однесува на следните области: работа и работни односи, образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство, управа, пристап до добра, услуги и во согласност со препораките од Обединетите нации за Република  Македонија, во насока на почитување на меѓународните механизми за човекови права.[544]

---

[543] Министерство за труд и социјална политика (2016). НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 2016-2020. Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/7.7_Strategija%20za%20ednakvost%20i%20nediskriminacija.pdf Пристапено на 26.02.2018.

[544] Закон за спречување и заштита од дискриминација, *„Службен весник на Република Македонија“, бр.50/2010, чл. 3.*

Преку *остварувањето на човековите права и воспоставувањето на еднаквите можности и недискриминација за сите луѓе во Република Македонија во сите области од општественото живеење* ќе се исполни визијата на Стратегијата. Од друга страна, мисијата на оваа стратегија е во насока на: е*фикасна заштита од дискриминација и почитување на принципот на еднакви можности и забраната на дискриминација на било кое лице и/или група на лица, врз основа на нивните лични карактеристики, особено ранливите социјални групи* (етничките заедници, жени, LGBT лицата, лицата со ментална и телесна попреченост, **стари лица**, деца, бегалци, лица со понизок социјален статус, внатрешно раселени лица, како и други ранливите групи, членови на верски заедници и секое лице коешто е третирано различно без оправдани причини и легитимна цел).[545] Основните принципи преку кои ќе се финишира оваа Стратегија се: партиципативна демократија - консултации, партнерство, соработка и одговорност.

Ефикасна заштита од дискриминација го олеснува патот до интеграцијата и вклученост на старите лица во општеството. Ранливоста на старите лица, пред сè се однесува на личните карактеристики на овие лица. Ејџизмот[546] во однос на поимањето на овие лица како: ментално нестабилни, физички болни, сенилни, бескорисни, изолирани, сиромашни и импотентни, се најчестите стереотипи поврзани со стареењето. Надминување на овие стереотипи е витален дел од секојдневниот живот.

Освен ејџизмот, личните карактеристики на старите лица и општествената маргинализираност имаат влијание врз зголемувањето на ризикот од виктимизација. Дискриминацијата на стари лица доколку се случува на повеќе основи во исто време претставува *збирна (кумулативна) дискриминација*. Доколку, дискриминацијата се случува на повеќе основи во исто време, при што постои заемна поврзаност и неделливост помеѓу основите, тогаш станува збор за *интерсекциска дискриминација*.

Освен унапредување на правната рамка за еднакви можности и недискриминација, исто така, неопходна е и потребата од едукација и подигање на свеста кај јавноста околу проблемите со кои се соочуваат старите лица. Едукацијата и подигањето на свеста за проблемите со кои се соочуваат старите лица, претставуваат

---

[545] Министерство за труд и социјална политика (2016). НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 2016-2020. Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/7.7_Strategija%20za%20ednakvost%20i%20nediskriminacija.pdf Пристапено на 26.02.2018.

[546] **Види на страна 115 во овој труд.**

важни елементи за спречување на насилство и злоупотреба кај оваа ранлива категорија.

Досега на територијата на Република Македонија спроведени се повеќе проекти со цел поголема информираност, околу потребите и проблемите со кои се соочуваат овие лица, а станува збор за: националното истражување *„Преваленца на злоупотреба на стари лица“* кое го истражува феноменот на насилство и злоупотреба на стари лица и идентификација на преваленцата на семејно насилство и злоупотребата, како и идентификување на доминантните облици на насилство и злоупотреба со кои се соочуваат овие лица во Република Македонија; *„Потреба од социјални и од здравствени сервиси за старите лица“* со цел подобрување на капацитетите на мрежите на граѓански организации, како и на самите граѓански организации што се членки на мрежите, со цел подигање на свеста кај јавноста и последователно влијание во процесите на донесување одлуки за социјално вклучување на оваа категорија на лица во земјите од Западен Балкан, на национално и на регионално ниво[547]; програмата *Патролна социјална работа* која има за цел да придонесе во откривање и санирање на социјалните проблеми кои не се само од материјална природа (на пример: бездомништво, семејно насилство, *стари лица*, инвалидни лица, лица со нарушени семејни односи и други)[548]; Извештајот од социјална заштита на стари лица во Република Македонија врши преглед на системот на социјална заштита, ги разгледува законските можности за институционална и вонинституционална заштита, со посебен осврт на состојбата и потребите на стручните лица во установите за социјална заштита и старите лица во Република Македонија и препораки за унапредување на заштитата во овој домен.[549]

---

[547] Црвен крст на Република Македонија (2017). Анализа од спроведено истражување на тема: „Потреба од социјални и од здравствени сервиси за старите лица“. Достапно на: http://inkluzivam.org/wp-content/uploads/2007/12/Izvestaj-MK.pdf Пристапено на 12.02.2019.

[548] Црвен крст на Република Македонија (2016). ПАТРОЛНА СОЦИЈАЛНА РАБОТА. ДОСТАПНО НА: http://www.skopje-redcross.org.mk/dejnosti/soc-hum-dejnost/patrolna-socijalna-rabota Пристапено на: 12.02.2019.

[549] ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ –СКОПЈЕ (2018). СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (институционална и вониституционална заштита). Достапно на: http://zsd.gov.mk/Aktuelnosti/2018/IZVESTAJ-ZA-SOSTOJBATA-NA-USTANOVITE-ZA-STARITE-LICA-MART-2018.pdf Пристапено на 12.02.2019.

## 4.3. Национална стратегија за стари лица 2010-2020

Националната стратегија за стари лица на Република Македонија е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области и задачи, во кој централно место заземаат старите лица. Националната стратегија донесена е во согласност со: Уставот на Република Македонија; Програмата на Владата за европска интеграција, економскиот пораст и социјалната посветеност; програмата на Владата на Република Македонија (2006-2010); Макроекономската политика на Република Македонија; Националаната стратегија за образование; Националната стратегија за домување; Здравствена стратегија на Република Македонија 2020; Стратегијата за демографски политики 2015-2024; Националната стратегија за нееднаквост и недискриминација 2016-2020.

Подобрување на квалитетот на животот на старите лица, нивниот социо-економскиот статус, достапност на ресурсите во животната средина и интеграција во општествената средина, независно од пол, возраст, место на живеење и етничка припадност, почитувајќи го притоа правото на индивидуален избор, се дефинирани како ***визија на стратегијата***. Од друга страна, исполнувањето на **м*исијата на стратегијата*** за стари лица, значи определување на една интегрална и координирана политика, со зајакнување и постигање на општествената кохезија, поттикнување и оддржување на нивната независност, спречување на нивната маргинализација и развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита. Исполнувањето на мисијата ќе биде остварено преку водечките принципи во стратегијата, а станува збор за: независност, општествена активност, заштита, самоисполнување, достоинство.[550]

Имено, во стратегијата се наведени три цели, од кои првата се однесува на подобрување на системот на социјална заштита на старите лица, во однос на остварување на правата и услугите од социјална заштита. Втората цел е насочена кон зајакнување и развивање на системот на здравствена заштита, во насока на подобрен пристап до установи и услуги од здравствена заштита на старите лица. Третата цел се однесува на интеграцијата на старите лица во општеството и треба да допринесе кон зголемена интеграција на овие лица во сите сфери на општествениот живот.

---

[550] Национална стратегија за стари лица 2010-2020.

Реализација на поставените цели, придонесува за подобрување на квалитетот на животот на старите лица. Подобрувањето на условите за живот, како и создавање на општествена кохезивност, овозможува спречување на маргинализацијата на старите лица во однос на другите сегменти на општеството. Оттука, во голема мера ќе се намалат ризиците од разните форми на виктимизација со кои се соочуваат овие лица. Затоа е потребно да се обезбедат: еднакви можности за поголем број стари лица, антидискриминација, развој на социјална правда, еднаквост и општествена одговорност во организациите и во институциите.

Доближувањето до потребите на старите лица, значи и можност за решавање на одредени проблемите со кои се соочуваат овие лица. Решавањето на секојдневните проблеми ќе ја намали и виктимизацијата и стигматизацијата, преку ставање акцент на социјалната инклузивност во општеството, поголема партиципираност, како и активната старост за секое лице.

### 4.4. Здравствена стратегија на Република Македонија 2020

Визија на *Здравствена стратегија на Република Македонија 2020*, е насочена кон подобрување на здравјето и здравствената заштита на населението во Република Македонија до 2020 година. Стратегијата се базира на Уставот на Република Македонија со кој на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита, стратегијата на Светската Здравствена Организација за европскиот регион под 8 наслов „Здравје за сите во 21-от век“, Милениумската декларација на Обединетите нации, политиката за јавно здравје на ЕУ, како и изготвените политики и стратегии во различни области од здравјето и здравствената заштита (ХИВ/СИДА, туберкулоза, ментално здравје, алкохол, тутун, дроги, безбедност на храна и исхрана и фармацевтски производи и др.).[551]

Основните начела и вредности на кои што подлежи оваа стратегија се: правичност, одговорност и солидарност. Меѓу другото, овие начела треба да бидат усогласени со системот на здравствена заштита на ЕУ и оваа компатибилност ќе го подобри здравјето со реализација на следните цели: унапредувањето на здравјето и превенцијата на болестите; намалување на нееднаквостите; зајакнување на примарната здравствена заштита; секундарната и терциерната здравствена заштита; модернизација;

[551] Здравствена стратегија на Република Македонија 2020.

подобро планирање; ефективност на здравствените служби; ефикасност и финансиска одржливост и комбинација на јавни и приватни даватели на услуги.

Во Стратегија, спроведена е анализа на следните подрачја: демографска и социоекономска состојба, здравје, здравствени услуги на граѓаните, јавно здравје, човечки ресурси, како и квалитетот и финансирањето на здравствената заштита. Анализата во однос на демографската и социоекономската состојба се однесува на намалувањето на разликите во здравјето меѓу социоекономските групи, со што би се подобрило нивото на здравјето на маргинализираните групи. Имено, *петата цел* од Стратегијата се концентрира на подобрувањето на здравјето и поактивен општествен живот на лицата над 65 годишна возраст. За категоријата на лицата со навршени 65 години и повеќе, анализата покажала дека: кај возрасната група од 75 години и повеќе процентот на смртност е 43,6%, во категоријата од 65 до 74 годишна возраст, процентот на смртни случаи изнесува 28% додека, пак, кај лицата од 55 до 64 години смртноста изнесува 13.4% .

За да се подобри здравствената состојба на населението, а особено на старите лица, од особена важност е намалување на сиромаштијата како многу значајна компоненета во животот на луѓето. Со намалување на сиромаштијата ќе се подобри здравствената состојба на населението и ќе се олесни пристапот до здравствените служби. Од друга страна, подобрувањето на здравјето особено кај лицата со навршени 65 години и повеќе (како дел од група со посебен ризик) ќе придонесе за поактивен општествен живот и комплетната благосостојба кај оваа ранлива категорија.

❖

Можеме да резимираме дека состојбата во Република Македонија во однос на стари лица како жртви на криминалитет, ниту одблизу не ги задоволува минималните европските стандарди за заштита на овие жртви. Имено, не постојат официјални податоци за стари лица како жртви на криминалитет. Државниот завод за статистика на Република Македонија евидентира сторители, но не и жртви на кривични дела. Од друга страна, официјалните полициски евиденции не располагаат со податоци за оваа категорија како жртви на криминал. Освен отсуство на официјални податоци, во Република Македонија нема посебен Закон со кој се превенира криминалитетот врз старите лица. Единствено во Законот за спречување, заштита и превенција на семејно насилство, се апострофира превенцијата од насилство, но само во кругот на

семејството. Имено, Националната стратегија за превенција на насилство се однесува само на заштита од насилство во рамките на семејството.

Освен потребата од официјални податоци за стари лица како жртви на криминалитет, меѓу другото, се согледува итна потреба од истражувања во однос на криминална виктимизација на стари лица. Од особен интерес се истражувањата за факторите на ризик кои придонесуваат за криминална виктимизација врз база на кои ќе се одредат целните точки за сузбивање и превенција на стари лица од криминал.

Отсликување на модели за превенција на насилство и злоупотреба од земјите со висок приход (во случајот САД) во земји со ниски приходи (Република Србија и Република Македонија) изискува продлабочено проучување на овие појави, пред се поради недоволно развиена кривичноправната заштита на старите лица. Оттука се наметнува потребата од унапредувањето на научните сознанија за разработка на прашањето на насилство и злоупотреба врз овие лица, како клучно и централно прашање за развивање на ефективни стратегии за превенција на криминалитет кај старата популација.

# ГЛАВА VII

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈА НА СТАРИ ЛИЦА НА НАСИЛНИЧКИ И ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на изработката на трудот, за се стекнеме со дополнителни емпириски сознанија за положбата и виктимизацијата на старите лица на насилнички и имотен криминалитет, беше организирано и реализирано емпириско истражување со 224 лица.

Согласно утврдениот методолошки пристап во повеќе организирани средини во кои живеат старите лица, пред се во градот Скопје, беше реализирано истражување.

Но, во продолжение неколку информации околу начинот на конструирањето на инструментот и применетата истражувачка постапка.

## 1. Конструкција на инструментот

Во конструкција на инструментот, беше применет логистичкиот пристап.[552] Со оглед на фактот дека овој пристап се темели на теоријата, односно е определен со теориски концепт, притоа извршивме поврзување на одредени теориски пристапи во однос на старите лица.

Оттука, бидејќи станува збор за предметна и достапна популација на стари лица, спроведовме пригоден прашалник. Имено, целната група беа достапни, активни, здрави стари лица.

Бидејќи станува збор за пригоден прашалник, не е задржан принципот на рандомизација во изборот на случаите и добиениот примерок не се смета за репрезентативен за цела популација. Тоа влијаеше врз начинот на изведување заклучоци, бидејќи не можевме да ги генерализираме добиените резултати за целата основна маса, туку станува збор само за резултати добиени од самиот прашалник.

[552] Мојаноски, Ц. (2013). Методологија на безбедносните науки – аналитички постапки. Трета книга. „Ван Гог“ – Скопје, стр. 7.

Секако дека ваквиот пристап не ја намалува релевантноста на добиените резултати, туку само ги ограничува генерализациите.

Во однос на избор на испитаниците, станува збор за случаен избор. Во истражувањето беа вклучени лица со навршени 65 години и повеќе, од неколку здруженија, од градот Скопје и тоа: Универзитет *„Трето Доба“*, здружение на пензионери од огранок *Аеродром*, здружение на пензионери од општина *Гази Баба*, здружение на пензионери од општина *Центар*, Дневен центар за стари лица во *Црвен крст* на град Скопје. Пополнувањето на прашалникот се реализираше од страна на следниот број на испитаници: Универзитет *Трето Доба* - брои околу 80 членови, но за истражувањето 50 испитаници се согласија да го пополнат прашалникот; во органокот Аеродром – 60 членови се вклучија во пополнувањето на прашалникот; во Општина Гази Баба прашалникот беше пополнет од страна на 60 испитаници; во Дневниот центар за стари лица при Црвен крст на град Скопје – 40 испитаници; од здружението на просветни работници, од скопската општина Центар, беа вклучени 10 испитаници. Истражувањето се спроведе во текот на пет месеци од мај до септември 2018 година, во просториите на соодветните здруженија.

Имено, станува збор за анонимна анкета составена од 38 прашања од отворен, затворен и полуотворен тип. Податоците беа обработени во софтверскиот пакет SPSS, при што следи табеларен и графички приказна добиените податоци.

Самото истражување се соочи со следните ограничувања:

- Инторспекцијата е селективна и може да содржи доза на пристрасност кај испитаниците;
- Примерокот е пополнет само од страна на подвижни и социјално активни стари лица;
- Поради финансиски и временски ограничувања, анкетата е спроведена само на територијата на градот Скопје;
- Во ова истражување акцент е ставен на насилничкиот и имотниот криминалитет;
- Непостоењето на соодветни општествени механизми за помош и заштита на стари лица како жртви, недоверба дека нештата може да се подобрат и сменат,

традиција на премолчување на насилство, срам од стигматизација, страв од рецидивизам (повторништво), неинформираност за помош;

- Избор на примерокот.

Можеме да заклучиме дека наведените ограничувања имале соодветно влијание врз подготвеноста на потенцијалните испитаници да учествуваат во истражувањето.

## 2. Обработка на податоци

За статистичката обработка на податоците на испитуваните варијабли: здравствен статус, подвижност, родителски односи, месечен приход, активен животен стил и кривични дела, беа применети следните аналитички постапки:

- ***Аритметичка средна големина*** или ***просек*** е најприменуваната аналитичка постапка, во презентирањето на статистичките серии. Се добива како заедничка вредност на сите елементи од статистичката серија.
- ***Минимален скор*** претставува најниска вредност во табелата.
- ***Максимален скор*** претставува највисока вредност во табелата.
- ***Стандардна девијација*** е една од најдобрите показатели на варијациите на дистрибуцијата на фреквенциите. Се одредува како квадратен корен од варијансата, односно квадратен корен од просечното квадратно отстапување на одделните членови, односно нивните вредности од аритметичката средна големина.
- ***Skewness (скјунис) -*** мерка на асиметрија на дистрибуција.
- ***Kurtosis (куртосис)-*** мерка на хомогеност на дистрибуцијата.

Испитување на корелациите се изврши со: Колмогоров-Смирнов (непараметриски) тест, Спирманов коефициент на корелација, парцијална корелација, Кришкал-Валис тест (како замена на параметрискиот тест АНОВА), како и Ман Витнеј тест.

Во однос на пондерирањето, бодовите се означени онака како што најмногу одговараше во однос на варијаблите. Во случајов пондерирањето го оправдува тоа што секој ајтем (или тврдење) е различно бодуван, односно „*Кога се применува диференцијално пондирање на алтернативите, за секоја алтернатива во рамките на*

*секој ајтем се утврдува определена бодовна вредност зависно од тоа дали алтернативата е точниот одговор, дали е поблизок или е подалечен дистрактор*."[553]

За процена на здравствениот статус на испитаниците беше поставен сет од пет затворени прашања. Истите се однесуваат на: здравственото осигурување, здравствената состојба, користење на лекови, хронична болест од која што боледуваат испитаниците, како и примање на соодветна терапија за истата. За да се процени состојбата беше направено следното бодување: *дали имате здравствено осигурување:* а - 0 поен, б – 1 поен; *каква е Вашата здравствена состојба:* а – 0 поен, б – 1 поен, в – 2 поени; *дали користите лекови:* а – 2 поени, б – 1 поен, в – 0 поен; *дали боледувате од некоја хронична болест:* Секој заокружен можен одговор **(од а до ј)** носи 1 поен; *дали примате некаква терапија:* а – 1 поен, б - 0 поен. Најмал и најголем износ (распон), е од 0 до 18, каде што: *0 – потполно здрава особа; 1 – 5 добра здравствена состојба; 5 – 12 релативно лоша здравствена состојба; 12 – 18 лоша здравствена состојба.*

Подвижноста кај старите лица, беше оценета преку 4 затворени прашања и тоа: начин на движење во домот, одржување на лична хигиена, одење до продавница или пазар, како и подготовка на храна. Бодувањето за оваа категорија, се изврши на следниот начин: *како се движите во Вашиот дом:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени, д – 5 поени, ѓ – 6 поени; *како ја одржувате личната хигиена:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени; *како одите до продавница или пазар:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени, д – 5 поени; *како подготвувате храна:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени. Најмал и најголем износ (распон) е од 4 до 19, каде што: *4 - 8 подвижна особа; 9 -13 делумно подвижна особа; 14 – 17 скоро неподвижна особа; 18 – 19 неподвижна особа.*

Родителските односи на испитаниците, со своите деца се проценети преку две прашања: 1) оцената за односот со децата и 2) за видот на помош кој што го добиваат старите лица од своите деца. Бодувањето е извршено на следниот начин: *како ги оценувате односите со Вашите деца:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени, д – 5 поени; *каков вид на помош добивате од Вашите деца:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени, д – 5 поени, ѓ – 6 поени. Најмал и најголем износ (распон) е од 2 до 11, каде што: *1-7 добри родителски односи; 8-11 лоши родителски односи.*

[553] Петроска-Бешка, В. (1985). ДИФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОНДЕРИРАЊЕ КАЈ ТЕСТОВИТЕ ОД ТИПОТ ПОВЕЌЕЧЛЕН ИЗБОР. *Научни списанија на Филозофскиот факултет*. Скопје, стр. 172.

За да се оцени каков месечен приход имаат испитаниците, беше поставен сет од три затворени прашања и истиот е бодуван на следниот начин: *вашите месечни приходи се од:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени, д – 5 поени; *колкава е висината на Вашите месечни приходи:* а – 4 поен, б – 3 поени, в – 2 поени, г – 1 поени; *дали финансиските средства, со кои што располагате, ги задоволуваат Вашите месечни потреби:* а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени. Најмал и најголем износ (распон) е од 2 до 12, каде што: *3 – 5 добар месечен приход; 3 – 8 делумно добар месечен приход; 9 – 12 незадоволителен месечен приход.*

Сетот на прашања преку кој се вршеше процена во однос на активен животен стил кај старите лица се состоеше од шест прашања. Две се од затворен, три се од полуотворен и едно од отворен тип. Бодувањето беше извршено на следниот начин: *како го поминувате денот:* секој заокружен можен одговор (од а до и) носи 1 поен, ОСВЕН **ј** – 0 поен (незаокружени 0); *дали посетувате:* секој заокружен можен одговор (од а до г) носи 1 поен, ОСВЕН **д - ѓ**– 0 поен (незаокружени 0); *наведете што според Вас недостасува или би можело да го подобри животот на старите лица во Република Македонија:* описно; *дали сметате дека Здруженијата на граѓани на Република Македонија, може да помогнат во обезбедување на подобра интеграција и учество на старите лица во општеството:* а – 1 поен, б – 0 поен, в – 0поен; *дали сте член на некое здружение:* а – 1 поен, б – 0 поен; *каков вид на придобивки добивате од членувањето во истото:* секој заокружен можен одговор **(од а до д)** носи 1 поен, ОСВЕН **ѓ**– 0 поен (незаокружени 0). Најмал и најголем износ (распон) е од 0 до 21, каде што: *0 - 7 е неактивна особа; 8 – 14 е делумно активна особа; 15 -21 е активна особа.*

За да се квантифицираат кривичните дела, поставен е сет од 12 прашања. Од нив, осум се од затворен тип, додека пак останатите четири се отворени прашања, на кои испитаниците имаа можност да го дадат своето мислење и видување на нештата. Бодувањето на прашањата е направено на следниот начин: *дали се чувствувате сигурно*: а – 1 поен, б – 2 поени, в – 3 поени, г – 4 поени; *дали имате страв дека би можеле да бидете жртва на криминал:* а – 2 поени, б – 1 поен; *од каде потекнува стравот:* Описно; *дали сте запознаени со некој СОС телефонски број:* а – 1 поен, б – 2 поени; *дали некогаш сте биле:* Секој заокружен можен одговор **(од а до ј)** носи 1 поен, незаокружен 0 поен; *дали некогаш Ви се случила:* Секој заокружен можен одговор **(од а до е)** носи 1 поен, незаокружен 0 поен; *дали некоја од наведените*

*злоупотреби сте ја почувствувале во Вашето семејство:* Секој заокружен можен одговор **(од а до д)** носи 1 поен, ОСВЕН ѓ – 0 поен, незаокружен 0 поен; *како сте се чувствуале по случајот* – Описно; *дали сте го пријавиле случајот* – Описно; *каде сте го пријавиле случајот* – Описно; *доколку случајот е пријавен, на кој начин истиот е завршен* – Описно; *доколку случајот не е пријавен, наведете зошто тоа не сте го сториле* – Описно; Најмал и најголем износ (распон) е од 3 до 32, каде што: *до 3 поени не е жртва на насилство, помеѓу 3 и 32 поени е жртва на кривично дело.*

Во однос на скалата за мерење, податоците се групирани во интервална скала. Кога се работи за мерење на ставови, во нашето истражување, бодувањето е направено според Ликерт скалата. Користењето на Ликертовите скали кои почнуваат на пример од 1 до 5 не даваат доволна разновидност во податоците, со што постои можност да не се овозможи оптимална анализа. Со користење на скалата од 1 до 5, постои тенденција резултатите да се групираат околу средната вредност, односно околу 3 и 4, па оттука е тешко да се спознае вистинската процена на испитаникот. Може да се претпостави дека, во однос перцепцијата за одредена појава или во однос на мерењето на ставовите кај испитаниците, постои разлика помеѓу рејтинг од 0 и 1 или 6 и 7, што на пример не може да се фати на скала од 1 до 5, но би се измерило на скала од 0 до 10, со што се добива многу пошироко разбирање на резлутатите кои би дале подобри предвидливи анализи.

## 3. Анализа на податоци од истражувањето

- ***Демографски карактеристики на примерокот***

Примерокот беше пополнет од страна на 224 испитаници од кои 35.3% се припадници на машкиот пол, додека, пак, 64,7% се припаднички на женската популација.

**Табела VII/1**
**Полот на испитаниците**

| Пол | f | % |
|---|---|---|
| Мажи | 79 | 35,3 % |
| Жени | 145 | 64,7 % |

Во табела 2 прикажана е возраста на испитаниците, распределена во следните категории.

**Табела VII/2**
**Возраста на испитаниците**

| **Возраст** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| 62 -71 | 106 | 47,3 % |
| 72 – 81 | 98 | 43,7 % |
| 82-91 | 17 | 7,6 % |
| 92 и повеќе | 1 | 0,4 % |

Во однос на брачната состојба на испитаниците, од табела 3 може да се види дека 105 испитаници или 46,9% се во брак, вдовци се 99 или 44,2%, разведени се 12 испитаници или 5,4%, 4 испитаници или 1,8% немаат засновано брак додека пак, во вонбрачна заедница живеат 3 или 1,3% од испитаниците.

**Табела VII/3**
**Брачната состојба на испитаниците**

| **Брачна состојба** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Немам засновано брак | 4 | 1,8 % |
| Во брак | 105 – (52 жени; 53 мажи) | 46,9 %<br>(23,2 % жени; 23,7 % мажи) |
| Разведени | 12 – (8 жени; 4 мажи) | 5,4 %<br>(3,6 % жени; 1,8 % мажи) |
| Вдовец/вдовица | 99 – (81 жени; 18 мажи) | 44,2 %<br>(36,2 % жени; 8,0 % мажи) |
| Вонбрачна заедница | 3 | 1,3 % |

Следниот табеларен приказ под број 4 укажува на бројот на деца на испитаниците, односно колку испитаниците се остварени како родители (остварено родителство).

**Табела VII/4**
**Број на деца на испитаниците**

| **Деца** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Немам деца | 7 | 3,1 % |
| Едно дете | 27 | 12,1 % |
| Две деца | 163 | 72,7 % |
| Три деца | 24 | 10,7 % |
| Повеќе од три деца | 2 | 0,9 % |

Табела 5 го изразува степенот на образованието на испитаниците. Според степенот на образование во истражувањето доминираат оние кои завршиле средно образование. Имено од 224 испитаници, 89 или 39,7% имаат завршено средно образование. Високо образование имаат 58 или 25,9%, додека пак, вишо образование имаат 40 или 17,9%. Основно образование имаат 28 или 12,5%, а со завршена магистратура се 4 или 1,8% од испитаниците. Двајца од испитаниците или 0,9% се без никакво образование. Докторат има 1 или 0,4% од испитаниците.

**Табела VII/5**
**Образованието на испитаниците**

| **Степен на образование** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Без образование | 2 | 0,9 % |
| Основно образование | 28 | 12,5 % |
| Средно образование | 89 | 39,7 % |
| Вишо образование | 40 | 17,9 % |
| Високо образование | 58 | 25,9 % |
| Магистратура | 4 | 1,8 % |
| Докторат | 1 | 0,4 % |

Во истражувањето побаравме од испитаниците да се изјаснат за професијата. Во табела бр. 6 се дадени податоците за испитаниците во однос на нивната професија.

**Табела VII/6**
**Професијата на испитаниците**

| **Главни групи на занимања** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *Стручњаци и научници* | 56 | 22,87% |
| *Техничари и сродни заминања* | 24 | 10,5% |
| *Службеници* | 13 | 5,8% |
| *Работници во усложни дејности и продажба* | 7 | 3,1% |
| *Занимања за неидустриски начин на работа во производство* | 11 | 4,8% |
| *Ракувачи и составувачи на машини и постројки* | 2 | 0,8% |
| *Елементарни занимања* | 7 | 3,5% |
| *Воени занимања* | 2 | 0,9% |

Табеларен приказ бр. 7 го илустрира живеалиштето на испитаниците.

**Табела VII/7**
**Живеалиштето на испитаниците**

| **Живеалиште** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Куќа | 69 | 30,8 % |
| Сопствен стан | 138 | 61,6 % |
| Подстанар | 10 | 4,5 % |
| Друго | 2 | 0,9 % |

Имајќи го предвид насловот на истражувањето, ни се чини за значајно да ги претставиме и другите карактеристики на испитуваната популација, со цел да се добијат основни информации во однос на начинот на прифаќањето на определени идеи во кругот на семејството и односите и однесувањето во непосредната средина и во семејството во целина.

**Табела VII/8**
**Фрекфенција и процент за живеењето (со кого живеат) испитаниците**

| **Со кого живеете** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Сам/а | 91 | 39,7 % |
| Со децата | 33 | 14,7 % |
| Со сопружникот | 73 | 32,6 % |
| Со сопружникот и децата | 26 | 11,6 % |

➢ *Варијабла здравствен статус*

Во процесот на стареење, најнапред доаѓа до промена во здравствениот статус, односно староста најчесто е пропратена со болести. Како лицата стареат се менува телесната издржливост на организмот и се зголемува ризикот од болести. Од друга страна, не можеме да тврдиме дека сите стари лица имаат здравствен проблем. Една голема заблуда во однос на здравствената состојба на старите лица е дека всушност тие се хомогена група на изнемоштени лица кои брзо напредуваат кон потребите за долготрајна нега. Старите лица, всушност, се многу хетерогена група. Беше забележано дека како поединци стареат, тие стануваат помалку слични едни со

други.[554] Од физиолошка перспектива, разликите помеѓу поединците карактеристично се зголемуваат со напредување на возраста, кај оние фактори кои се менуваат со возраста, како што се нивото на гликоза во крвта и крвниот притисок.[555]

**Табела VII/9**
**Здравствено осигурување, опис на здравствена состојба и користење на лекови од страна на испитаниците**

| **Здравствен статус** | | | |
|---|---|---|---|
| Дали имате здравствено осигурување? | Да<br>213 (95,1%) | Не<br>10 (4,1%) | Не одговориле<br>1 (0,4%) |
| Каква е вашата здравствена состојба | Добра<br>91 (40,6%) | Релативно добра<br>112 (50%) | Лоша<br>21 (9,4%) |
| Дали користите лекови? | Секојдневно<br>161 (71,9%) | Повремено<br>40 (17,9) | Не користам<br>23 (10,3%) |

Можеме да забележиме дека, значително е поголем бројот на испитаниците коишто имаат здравствено осигурување и тоа 213 или 95,1% наспроти 10 или 4,1% од испитаниците, коишто не располагаат со здравствено осигурување. Во однос на самопроцена на сопственото здравје, односно здравствената состојба, релативно добро се чувствуваат 112 или 50% од испитаниците, додека пак добро ја оценуваат 91 или 40,6%, а како лоша здравствена состојба е оценета од страна на 21 или 9,4% од нив. Ако се земе предвид дека во голема мера староста е пропратена со низа болести и дека земањето на лекови помага во подобрувањето на состојбата кај старите лица, резултатите покажуваат дека 161 испитаник или 71,9% секојдневно користат лекови, повремено 40 или 17,9%, додека пак 23 или 10,3% од испитаниците воопшто не земаат никакви лекарства.

Најчести заболувања кај старите лица се кардиоваскуларните болести. Атеросклеротични васкуларни промени може да доведат до развој на хипертензија, зголемен ризик од мозочен удар, како и срцев удар. Овие промени се најчесто причина за смртта на старите лица. На второ место се дегенеративни заболувања на нервниот систем, односно доаѓа до намалување на менталните способности од типот на оштетување на меморијата, намалена концентрација, вртоглавица, главоболка, отежнато движење, односно се првите знаци на овие болести.

---

[554] Rowe, W. J. & Kahn, L. R. (1997). Successful Aging. *The Cerontological Society of America, Vol. 37, No. 4,* 433-440.
[555] National Research Council (US) Panel on Statistics for an Aging Population (1988). Health Status and Quality of Life. Достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK217732

**Табела VII/10**
**Присуство на хронична болест кај испитаниците**

| **Дали боледувате од некоја хронична болест?** | **Не** | **Да** | **Не одговориле** |
|---|---|---|---|
| Артероклероза | 194 (86,6%) | 28 (12,5%) | 2 (0,9%) |
| Коронарна болест | 202 (90,2%) | 22 (9,8%) | |
| Срцева слабост | 209 (93,3%) | 15 (6,7%) | |
| Ревматски болести | 148 (66,1%) | 76 (33,9%) | |
| Катаракта | 197 (87,9%) | 27 (12,1) | |
| Акутен глауком | 218 (97,3%) | 6 (2,7%) | |
| Уринарна инконтиненција | 203 (90,6%) | 21 (9,4%) | |
| Анксиозност | 209 (93,3%) | 15 (6,7%) | |
| Кардиоваскуларни болести | 169 (75,4%) | 55 (24,6%) | |
| Дијабетес | 185 (82,6%) | 39 (17,4%) | |
| Остеопороза | 183 (81,7%) | 41 (18,3 %) | |
| Не боледувам | 2 (0,9%) | 222 (99,1%) | |
| Дали примате некаква терапија? | Прима 163 (72,8%) | Не прима 58 (25,9%) | |

Што се однесува до хроничните болести, најголем дел од испитаниците боледуваат од ревматски болести и тоа 33,9%, потоа со кардиоваскуларните болести се 24,6%, од остеопороза боледуваат 18,3% од испитаниците.

На испитаниците, им беше поставено и прашањето дали примаат некаква терапија за некоја од горенаведените болести. На ова прашање 163 или 72,8% од испитаниците одговориле потврдно, односно дека примаат терапија додека, пак, 58 или 25,9% од нив не примаат никаква терапија.

*Графикон VII/1 Здравствен статус на испитаниците*




Според одговорите од петте затворени прашања на испитаниците, како и соодветно бодување за оцена на нивниот здравствен статус, добиени се следните резултати: во добра здравствена состојба се 163 или 72,8% од испитаниците; во релативно добра здравствена состојба се 31 или 13,8% од испитаниците; додека, за потполно здрави се сметаат 30 или 13,4% од испитаниците.

- *Подвижност на старите лица*

Насилство врз стари лица, извршено од страна на даватели на услуги, многу често зависи од тоа дали старото лице е подвижно. За функционалниот капацитет на личноста, подвижноста претставува еден од најважните фактори. Промените во мускулно-скелетниот систем со текот на годините предизвикуваат проблеми со подвижноста, што допринесува до влошување на вкупната здравствена состојба кај старото лице. Намалување на способноста на старите лица за самостојно функционирање, ја зголемува потребата од различна помош и услуги од други лица.

**Табела VII/11**
**Подвижност на испитаниците и вршење на активности во домот**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подвижност на испитаниците** | | | | | | |
| **Активности во домот** | **Самостојно** | **Со потешкотии** | **Со големи потешкотии** | **Зависам од помош на друга личност** | **Со помагала** | **Неподвижен/а** |
| Движење во вашиот дом | 192 (85,7%) | 27 (12,1%) | 4 (1,8%) | 0 | 0 | 0 |
| Одржување на личната хигиена | 205 (91,5%) | 16 (7,1%) | 1 (0,4%) | 2 (0,9%) | | |
| Одење до продавница или пазар | 198 (88,4%) | 17 (7,6%) | 3 (1,3%) | 5 (2,2%) | 1 (0,4%) | |
| Подготовка на храна? | 192 (85,7%) | 18 (8%) | 4 (1,8%) | 9 (4%) | | |

Најголем процент или 85,7% од старите лица, самостојно се движат во домот, движење со потешкотии е забележано кај 12,1%, додека пак со големи потешкотии се релативно малку испитаници 1,8%. Личната хигиена самостојно ја одржуваат 91,5%, а сами одат до продавница или пазар 88,4%. Исто така, имаме и висок процент на стари лица 85,7%, кои самостојно подготвуваат храна.

*Графикон VII/2 Подвижност на испитаниците*



Од сумираните одговори на испитаниците, за подвижни се сметаат 212 или 94,7%, делумно подвижни се 11 или 4,8% од испитаниците. Имено, оценувањето на старите лица на подвижноста е субјективно што потврдуваат и одговорите во однос на подвижност на извршување на активности во домот, бидејќи постојат одредени ограничувања во движењето што оневозможуваат самостојно извршување на секојдневните животни потреби на старите лица.

- *Варијабла родителски односи*

Насилството врз старите лица може да биде изразено преку следните форми: физичка, психичка, финансиска, сексуална злоупотреба, како и запоставувањето. Овие форми на злоупотреба можат да бидат извршени и од непознати, но не е мал бројот на стари лица кои се жртви на членови од потесното семејство. Голем дел од нив се виктимизирани токму од своите деца, но мал дел од нив се охрабруваат да ги пријават. Токму затоа темната бројка на пријавени случаи на стари лица, пред сè како жртви семејно насилство е многу висока.

Најнапред треба да се обрати внимание дека во сите форми на злоупотреба на старите лица, како и кај семејното насилство, сторителот може да биде сопружникот или член од семејството. Истражувањето за злоупотреба на стари лица, покажало дека, поголемиот дел од проектираните 701.000 до 1093.560 злоупотребени стари лица во САД се жртви на злоупотреба од страна на сопружникот.[556] Друго истражување спроведено во Илиноис во периодот во периодот од 1990 до 1995 година, покажало дека 51,3% од сторителите на семејно насилство може да се класифицираат како интимни партнери.[557] Според податоците од Националниот центар за злоупотреба на стари лица кое опфатило 11 држави, покажало дека повеќето сторители се децата на жртвите (32,6%), брачен другар или интимен партнер (11,3%) или други членови на семејството (21,5%).[558]

Податоците од Американската Национална анкета за виктимизација на криминал (NCVS) покажале дека лицата над 65 годишна возраст, како жртви на сите

[556] Pillemer, K. & Finkelhor, D. (1989). Causes of elder abuse: Caregiver stress versus problem relatives. *Ameri can Journal of Orthopsychiatry, 59(2),* 179-187.
[557] Grossman, S. F., & Lundy, M. (2003). Use of domestic violence services across race and ethnicity by women 55 and older: The Illinois experience. *Violence Against Women, 9(12),* 1442–1452.
[558] National Center on Elder Abuse. (2006). Abuse of adults aged 60+. *Survey of adult protective services* [Fact sheet]. http://www. ncea.aoa.gov/NCEAroot/Main_Site/pdf/2-14-06%2060FACT%20SHEET.pdf

форми на криминал вклучувајќи: насилнички криминалитет, кражби (имотен криминалитет) и семејно насилство, помалку ги пријавуваат кривичните дела во полиција во споредба со жртви под 65 годишна возраст. Меѓутоа, кога старите лица биле поделени во две групи и тоа на возраст од 65 до 74 години и 75 години и постари, повозрасната (втората) група бележела значително пониски стапки на криминална виктимизација. Истата анализа покажала дека старите лица со ниски приходи најчесто се жртви на насилство, додека пак, стари лица со повисоки приходи во семејството најчесто се жртви на кривично дело кражба.[559]

Во тој контекст, сметавме дека е релевантно испитаниците да ги оценат односите со нивните деца. Од резултатите на нашето истражување произлегува дека 118 или 52,8% од испитаниците сметаат дека имаат одлични односи со своите деца. Добри односи се оценети од страна на 55 или 24,6% од истите. Многу добри односи на релација родител-дете имаат 29 или 12,9%. Не се во добри односи 12 или 5,4% од испитаниците, додека пак 6 или 2,6% немаат никаков контакт со своите деца. Најчесто нарушениот однос помеѓу родителите и децата доведува до насилство и злоупотреба. Дестабилизацијата на односите може да се јави како резултат на: проблеми и нарушена секојдневна комуникација која резултира со агресивност; неспособност за соочување со секојдневните проблеми и предизвици; недостаток на почит; злоупотреба на дрога, алкохол или некој друг порок; грижа за инвалидитет или ментално болен родител; одмазда или казна за нешто што родителите го направиле или не го сториле; ментална болест кај сторителот. Без разлика на причината или условите во кои се јавува насилството врз старите лица, општопознато е дека оваа негативна појава се одликува со висока темна бројка на криминалитет. Наместо да го пријават случајот за понатамошно спречување и санкционирање, старите лица одбираат да го премолчуваат тоа ужасно секојдневие и продолжуваат да живеат во свој имагинарен свет, каде што само реалност останува желбата и надежот за *подобро утре*. *Неможноста* да се соочат на проблемите, *стравот* дека ќе останат сами и ќе бидат препуштени сами на себе, *срамот* од стигматизација од луѓето во нивна посредна и непосредна околина, како и *ранливоста* кај старите лица, преставуваат значајни фактори, кои придонесуваат кон натамошна виктмизација кај старите лица.

[559] Bureau of Justice Statistics (1992). Elderly Victims. Достапно на: https://www.bjs.gov/content/pub/pdf/ev92.pdf Пристапено на 10.12.2018.

Од друга страна, на прашањето за видот на помош кој што го добиваат од своите деца, најголем процент (50%) или 112 испитаници, не добиваат никаква помош. Помош во извршувањето на работи надвор од домот добиваат 39 или 17,4% од испитаниците. Извршување на домашни обврски од страна на своите деца уживаат 25 или 11,2%, 9,4% одат на лекар со помош на своите деца, додека пак само 8,9% добиваат финансиска помош.

*Графикон VII/3 Родителски односи на старите лица со децата*




Според одговорите од испитаниците добиени се следните резултати: добри родителски односи имаат 168 или 75% од испитаниците, додека лоши родителски односи имаат 51 или 22,8% од испитаниците.

➢ *Варијабла месечен приход*

Месечниот приход со кој што располагаат старите лица игра значајна улога и влијае на многу сегменти во нивниот живот. Пензијата или приходите можат да бидат уште еден фактор на ризик кој што ќе придонесе за виктимизација на старите лица. Старото лице кое има висока пензија или располага со други високи материјални месечни примања е под зголемен ризик да стане директна жртва на кражба. Многу често имотните деликти се пропратени со зголемена доза на насилство, насочена кон жртвите. Од друга страна, месечниот приход може да биде причина за финансиската манипулација или искористување и вклучува измама, уцена, злоупотреба, насочена кон старите лица.

Во врска со месечниот приход, кај 211 или 94,2% од испитаници е од пензија, помош од семејството примаат 2,7% или 6 испитаници, додека пак паричен надоместок за помош и нега од друго лице имаат 3 или 1,3% од испитаниците.

Висината на месечните приходи е следна: со пензија од 10.000 до 20.000 денари, располагаат 150 или 67% од испитаниците. Од 21.000 до 30.000 денари месечен приход, имаат 51 или 22,8%. Само 5.5% располагаат со месечни примања над 31.000 денари.

Во однос на висината на месечните приходи, 45,1% од испитаниците делумно ги задоволуваат своите потреби, 42% во потполност ги задоволува, додека, пак, 12,1% не располага со доволно финансиски средства за задоволување на месечните потреби.

*Графикон VII/4 Оцена на месечен приход на испитаниците*




Според одговорите од испитаниците добиени се следните резултати: делумно добар месечен приход имаат 118 или 53% од испитаниците, добар 103 или 46% од испитаниците и незадоволителен месечен приход имаат 3 или 1% од испитаниците.

Шестата деценија од животот, како и годините потоа, носат безброј предизвици со кои старите лица треба да се соочат. Промената во социјалните улоги, одење во пензија, повеќе слободно време, промена во брачниот статус (многу стари лица се соочуваат со осаменоста, поради загуба на брачниот другар), губење на силата,

промена на навиките на живот е нешто со што постојано се соочуваат старите лица. Ваквата промена претставува уште еден ризик фактор, поради што старите лица стануваат жртви на криминал. Фактот дека се изморени од животот, изнемоштени, вулнерабилни, со намален месечен приход, ја потенцира нивната слабост во однос на потенцијалните насилници. Затоа, од клучно значење е тие да ја препознаат важноста за одржувањето на сопственото здравје, да воспостават секојдневни активности, да применуваат работи кои што имаат позитивен пристап кон животот. Активен социјален живот, освен што ќе помогне во подобрување и одржување на психичко и физичко здравје, ќе претставува еден вид заштита/превентива од инфериорноста, во однос на насилникот.

- *Варијабла Активен животен стил*

Широкиот опсег од секојдневните активности кој што им беше понуден на испитаниците како можен одговор, беше така конструиран да се надоврзе на професијата кај испитаниците. Професијата и по завршување на работниот век, најчесто се одразува во секојдневните активности на старите лица. На пример, домаќинката само продолжува со извршувањето на домашните работи, писателот продолжува да пишува, уметникот да слика, научникот продолжува со истражувачка дејност итн. Меѓутоа постојат професии кои не дозволуваат со продолжување на работните активности, по завршување на работниот век, како на пример: лекар, судија, администратор итн. Идејата е токму во тоа. Колку стари лица покрај работните навики, навиките за извршување на секојдневните активности, се подготвени да вметнат нови, делумно непознати и на тој начин го исполнат својот живот.

**Табела VII/12**
**Дневни активности на испитаниците**

| **Слободното време го поминувате со:** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Гледање на телевизија или слушање радио | 126 (56,7) | 96 (42,9) |
| Слушање музика | 49 (21,9%) | 175 (78,1%) |
| Готвење | 94 (42%) | 130 (58%) |
| Со семејството или пријателите | 67 (29,9%) | 157 (70,1%) |
| Одење, престој во природа или парк | 81 (36,2%) | 143 (63,8%) |
| Читање | 76 (33,9%) | 148 (66,1%) |
| Решавање на крстозборки | 38 (17%) | 186 (83%) |
| Рачна работа сликање | 30 (13,4%) | 194 (86,6%) |
| Спортување, пеење, танцување | 32 (14,3%) | 192 (85,7%) |

| | | |
|---|---|---|
| Работа на компјутер | 37 (16,5%) | 187 (83,5%) |
| Друго | 4 (1,8%) | |

Од приложеното може да забележиме дека на најголем број од испитаниците или 56,7%, гледањето телевизија или слушање радио им е главна активност. Готвење како дневна активност е забележано од страна на 42% испитаници, додека, пак, 36,2% практикуваат одење, престој во природа или парк. Најмал процент или 13,4% се занимаваат со рачна работа или сликање. Меѓутоа, во табелата 1,8% од испитаниците не конкретизирале што подразбираат под друга дневна активност, различна од горенаведените.[560] Во конкретниот случај, би било интересно да се види за каков вид на активности станува збор, бидејќи во даден момент сите овие одговори може да послужат како предлози и идеи во однос на креирањето на идните политики, планови и стратегии.

Несебичен, човекољубив однос кон другите, љубов и пожртвување се само дел од карактеристиките кои ги красат лицата од трето и четврто доба. Затоа несебичното пренесувањето на знаењето, вештините, методите, но, пред се, искуството со кои што располагаат старите лица, може да помогне во насока на подобрување на одредени сегменти во општеството. Имено, во тој контекст сметавме дека е релевантно да се истакне активното учество на старите лица во одредени општествени организации.

**Табела VII/13**
**Учество на старите лица**

| **Учество на старите лица во:** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Религиозни организации, клубови итн. | 31 (13,6%) | 193 (86,2%) |
| Политички партии | 10 (4,5%) | 214(95,5%) |
| Здружение на пензионери | 165 (73,7%) | 59 (26,3%) |
| Кино, театар | 61 (27,2%) | 163 (72,8%) |

Најголем број од испитаниците или 73,7% посетуваат Здруженијата на пензионери. Културно уметнички настани од типот на кино и театар посетуваат 27,2% од испитаниците. Од останатите, 13,6% се дел од некои религиозни организации, додека, пак, 4,5% земаат активно учество во некоја политичка партија.

**Табела VII/14**
**Придобивки од учество за организирани активности на старите лица**

[560] Испитаниците слободно можеа да додадат плус активност/и, доколку не применуваат некоја од горенаведените.

| **Вид на придобивки:** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Посета на бањи и центри за рекреација | 44 (19,6%) | 175 (78,1%) |
| Екскурзии | 139 (62,1%) | 80 (35,7%) |
| Информации | 53 (23,7%) | 166 (74,1%) |
| Предавања | 93 (41,5%) | 126 (56,3%) |
| Лекарски прегледи | 37 (16,5%) | 182 (81,3%) |
| Друго | 4 (1,7%) | |

Во однос на тоа каков вид на придобивки од членување во здружение или организација добиваат старите лица, станува збор за следните придобивки: поголем број од старите лица и тоа 139 или 62,1% одат на екскурзии, 93 или 41,5% посетуваат предавања, а 16,5% добиваат лекарски прегледи. Интересен е податокот за разликата помеѓу посета на бањи и центри за рекреација и посета на екскурзии. Бањи не посетуваат 78,1% од испитаниците, наспроти 62,1% кои посетуваат еднодневни екскурзии. Доколку ова се должи на проблем од финансиска природа кај испитаниците и недоволна субвенционираност од страна на институциите, а во секој случај овие придобивки би го подобриле квалитетот на живот на старите лица, за што се потребни дополнителни напори за подобрување на состојбата во овој сегмент.

На прашањето дали здруженијата на граѓани во Република Македонија може да помогнат во обезбедување на подобра интеграција и учество на старите лица во општеството, потврден одговор дале 148 или 66,1% од испитаниците, наспроти 59 или 26,3% кои не се согласуваат. Разликата во потврдните и во негативните одговори и не е така мала и незабележителна. Од една страна се 66,1% од испитаниците кои се доволно упатени за дејноста и механизмите на Здруженија на граѓани, каде што во вистинска смисла на зборот се конзумери на понудените придобивки. Од друга страна, стојат оние 26,3% од испитаниците кои и не придаваат некакво значење на улогата на самите здруженија. Овој податок предизвикува загриженост бидејќи наведува на елементарно непознавање на основните параметри на демократското општество. Здруженија на граѓани претставуваат еден вид коректив на владините политики во однос на апелирање и нудење на конкретни предлози и сугестии за решавање на проблемите. Притоа, од една страна ќе се дојде до суштината на основните проблеми и предизвици со кои се соочуваат старите лица, додека, пак, од друга страна, самите истражувања преку начините и методите на реализирање ќе имаат едукативен и информативен карактер околу начините за реализација и решавање на одредени потреби и проблеми.

**Табела VII/15**
**Искази на испитаниците за членувањето во здруженија (пензионерски клубови)**

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Не одговориле | 138 | 61,1 |
| Одговориле | 86 | 38,39 |
| Актив на пензионирани просветни работници | 2 | 2,33 |
| Црвен крст | 3 | 3,49 |
| Дом на пензионери | 1 | 2,33 |
| Здружение на пензионери Гази Баба | 12 | 13,95 |
| Лоза Клуб | 2 | 2,33 |
| ОМС на град Скопје | 2 | 2,33 |
| Пензионерско здружение | 17 | 19,77 |
| Сликарска работилница | 2 | 2,33 |
| Сојуз на борци | 1 | 1,14 |
| Сојуз на хемичари и технолози | 1 | 1,14 |
| Здружение Солидарност | 9 | 10,47 |
| Универзитет Трето Доба | 21 | 24,42 |
| Трето доба, Црвен крст | 2 | 2,33 |
| Трето доба, Даре Џамбаз | 1 | 1,16 |
| Трето доба, Хор Серенада, Јога | 1 | 1,16 |
| Трето доба, Клуб на пензионери Кисела Вода | 2 | 2,33 |
| Трето доба, Планинска убавина | 1 | 1,16 |
| Трето доба, ПД Кораб, Планинска Убавина, Вљубени во природата | 3 | 3,49 |
| Здружение на интелектуалци | 1 | 1,16 |
| Здружение на пензионери Ѓорче | 1 | 1,16 |
| Здружение на пензионери ХОР ЕПОРТ | 1 | 1,16 |

Во однос на искази на испитаниците за членувањето во здруженија или пензионерски клубови, можеме да забележиме дека 38,39% се дел од некаква форма на здружување. Понудените одговори ја илустрираат разноликоста во аспирациите на старите лица, за исполнување на своето слободно време. Меѓутоа неспорен е фактот дека повеќе од 60% од испитаниците не одговориле на поставеното прашање. Причините за недавањето одговори на ова прашање може да се должат на: постоење на сомнеж за целите на ова истражување, незаинтересираност од страна на испитаниците, затвореност при комуникација, исклученост од општествените процеси, тешка финансиска состојба што доведува до тешко секојдневие, страв од продлабочување на реалноста во која живеат старите лица.

**Табела VII/16**
**Мислење на испитаниците за она што недостасува или би можело да го подобри животот на старите лица во Република Македонија**

| **Мислење на испитаниците** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Домови за стари лица и здравствена заштита | 50 | 22,3 |
| Дружење | 12 | 5,4 |
| Екскурзии и патувања | 10 | 4,5 |
| Покачување на пензијата | 27 | 12,0 |
| Клубови на пензионери | 8 | 3,6 |
| Културни настани | 1 | ,4 |
| Поголемо внимание и почит кон родителите | 1 | ,4 |
| Многу работи се потребни | 1 | ,4 |
| Не знам | 2 | ,9 |
| Грижа и поддршка за старите лице | 10 | 4,5 |
| Подобро воспитување на младите личности (децата) | 1 | ,4 |
| Поголема безбедност и мир | 2 | ,9 |
| Посета на лекар во домовите | 1 | ,4 |
| Едукација, курсеви за јазици и предавања за правата на пензионерите | 4 | 1,8 |
| Се | 2 | ,9 |
| Секојдневен бесплатен автобуски превоз | 1 | ,4 |
| Вклучување на старите лица во општеството | 1 | ,4 |
| Служби за контакт и помош на стари лица | 1 | ,4 |

Податоците прикажани во табелата 26, го изразуваат мислењето на испитаниците во однос на подобрувањето на животот на старите лица во Република Македонија. Она што загрижува во оваа насока е податокот дека најголем број

испитаници и тоа 22,3% сметаат дека недостасуваат домови за стари лица додека, пак, 12% од испитаниците сметаат дека покачувањето на пензијата би можело да го подобри животот на старите лица, што значи дека одреден процент од испитаниците се соочуваат со проблеми од финансиска природа од кои произлегуваат многу други проблеми. Јасно е дека зголемувањето на пензијата е чинител кој влијае на подобрување на животот на старите лица, но е неприфатливо старите лица (конкретно оние 12% од испитаниците) да живеат на работ на егзистенција.[561] Минимална пензија се поврзува со тн. „живуркање“, при што старите лица не можат да си ги задоволат основните потреби. Најчесто за подмирувањето на сите месечни трошоци од типот на сметки, храна, лекарства и основни потреби во домот во најчест број на случаи е еквивалентно на целата пензија, а резултатот е живеење во немаштија. Затоа, доколку државата не може да ги зголеми пензиите, потребно е да овозможи други модалитети кои ќе го подобрат животот во Република Македонија. На пример: исплата на фармацевтски додаток, надоместоци за комунални услуги, попусти за патувања за лицата над 65 години, бесплатна здравствена заштита за стари лица.[562] Во однос на месечната потрошувачка кошница, особено за стари лица кои живеат со минимални примања, би било соодветно да се субвенционираат одредени основни намирници.[563]

Многу помал процент од испитаниците, сметаат дека подобрувањето на квалитетот на животот може да се постигне со: дружење, при што 5,4% од испитаниците го сметаат за многу битен фактор; 4,5% од испитаниците сметаат дека екскурзиите и патувањата можат да помогнат за подобрувањето на животот на старите лица. Освен овие модалитети, од страна на испитаниците се забележани и други нешта кои можат да придонесат во подобрување на животот на старите лица и тоа: клубови на пензионери, културни настани, поголемо внимание и почит кон родителите, посета на лекар во семејните домови, секојдневен бесплатен автобуски превоз, поголема инклузивност на старите лица, служби за контакт и помош, едукација, курсеви за јазици и предавања за правата на пензионерите. Освен овие наведени се и следните потреби на старите лица, а се однесуваат на: грижа и поддршка за старите лице, подобро воспитување на младите личности (децата), поголема безбедност и мир. Некои

[561] Ова пред сè, се однесува на стари лица кои живеат со минимална пензија, во повеќечлено семејство каде што еден од основните или основен приход е токму минималната пензија на старото лице.

[562]Доколку државата не може да овозможи бесплатен здравствен систем за стари лица, тогаш барем да се направи селекција на возрасни групи, каде што, колку лицето е постаро, плаќа само одреден процент од медицинските трошоци.

[563] Еден од модалитетите понуден во оваа насока се однесува на: одреден ден во неделата, или, пак, одредени маркети би овозможиле минимални цени на производи за исхрана, за оваа категорија на лица.

испитаници сметаат дека многу работи се потребни, но без дополнителна спецификација на потребите.

Анализата на одговорите за подобрување на животот на стари лица во Република Македонија, покажува дека материјалното предничи пред духовното. Она што загрижува е фактот дека голем процент од испитаниците се соочуваат со тешкото секојдневие кое е резултат на тешката финансиска состојба. Резултатите ја отсликуваат реалноста во однос на стари, изнемоштени, истрошени стари лица кои живеат во несигурност и неизвесност, секој ден. Ваквата поставеност на работите не наведува на една друга димензија во однос на виктимизацијата, а се однесува на тоа дали условите во кои живеат старите лица придонесуваат за виктимизација (пред се од страна на членовите на семејството) со кој секојдневно се соочуваат старите лица во Република Македонија. Тука пред сѐ, се мисли на стари лица кои живеат на работ на сиромаштија, во повеќечлено семејство во кое единствен приход претставува пензијата на старото лице. Потребите на старото лице се сведени на минимум, со изговор дека тоа е старо и веќе и нема некои потреби во однос на другите членови во семејството. Таквите услови на живот придонесуваат за виктимизација, при што старото лице секојдневно може да биде омаловажувано, навредувано, па дури и физички повредувано. Освен насилство, животот во вакви тешки околности многу често резултира со оној вид на финансиска злоупотреба каде што на старото лице не му се дозволува да се пресели и да го смени местото на живеење, со цел за понатамошно користење и искористување на финансиските средства на старите лица. Од друга страна, промената на местото на живеење или пак отпочнување на кривична постапка со цел спречување на понатамошната виктимизацијата, изискува дополнителни финансиски средства од минимална пензија на старото лице, што оди во „прилог“ на висока темна бројка на криминалитет извршен врз овие лица. Затоа е потребно да се подобрат институционалните капацитети во однос на механизмите на заштита на овие лица.

*Графикон VII/5 Активна старост на испитаниците*




Според одговорите од сетот од шест прашања кои се однесуваат на процена на активноста кај старите лица, сумирани се следниве резултати: најголем дел од испитаниците 135 или 60,2% се неактивни, делумно активни се 82 или 36,5% од испитаниците, а активни се 7 или 3,3% од испитаниците.

➢ *Варијабла кривични дела*

Вообичаена реакција на индивидуата од надворешна закана од напад и болка, а за која таа не е подготвена е да биде уплашена, односно да се јави чувството на страв. Личностите што се плашливи, честопати се чувствуваат загрозени. Меѓутоа, не секогаш тој страв е оправдан. Честопати, не се прави разлика помеѓу стравот од криминал во генерална смисла и страв од конкретни форми на виктимизација.

На прашањето дали се чувствуваат сигурно: најголемиот дел од испитаниците односно 58 испитаници или 25,9% се чувствуваат сигурно, малку сигурно 94 или 42,5%, несигурно 29 или 12,9% и многу сигурно се чувствуваат 26 или 11,6% од испитаниците.

Чувство на страв од станување жртва на криминал чувствуваат 122 или 54,5% од испитаниците. Наспроти нив, пак, 84 или 37,5% од испитаниците не чувствуваат страв од станување жртва на криминал. Податоците упатуваат на фактот дека испитаниците кои се чувствуваат *малку сигурно* и *несигурно* се соочуваат со чувство на страв од станување жртва на криминал.

Стапката на виктимизација кај старите лица во однос на другите групи во општеството е значително помала, иако во голем број на истражувања старите лица се

соочуваат со високо ниво на страв.[564] [565] [566] [567] Сепак, не можеме да го негираме оправданиот страв од криминал, особено во случај на претходна виктимизација пред сè кај старите лица. Причините за условеноста меѓу овие два параметри, староста и страв од криминал, може да се бараат во следното:

- стравот меѓу старите лица пред се е последица на индивидуални фактори како што се здравјето и физичката ранливост;[568] [569] [570] [571] [572]
- Кај старите лица чувство на страв се базира на свесноста за нечија виктимизација (студија на Џозеф открива дека две третини од субјектите кои знаеле некој кој бил жртва на криминалот имале поизразено чувство на страв поради ова сознание.[573]
- Стравот кај старите лица најчесто се поврзува со страв од непознатото.
- Стравот од криминал кај старите лица многу често се поврзува со приходот кај овие лица (На пример, сиромашни стари лица се чувствуваат небезбедно и несигурно, во однос на оние со повисок приход).[574] [575] [576] [577] Имено, кога сиромашни стари лица се жртви на имотен криминалитет, тие повеќе ги

---

[564] Baker, M.H., B.C. Nieustedt, R.S. Everett & R. McCleary (1983). *The Impact of a Crime Wave: Perceptions, Fear and Confidence in the Police*. Law and Society Review, vol. 12.

[565] Fattah, E. A. & Sacco, V.F. (2012). *Crime and Victimization of the Elderly,* New York: Springer-Verlag.

[566] Hindelang, M. J., Gottfredson, M. R., & Garofalo, J. (1978). *Victims of personal crime: An empirical foundation for a theory of personal victimization.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

[567] Killias, M., & Clerici, C. (2000). Different measures of vulnerability and their relation to different dimensions of fear of crime. *British Journal of Criminology, 40,* 437–450.

[568] De Donder, L., Verte´, D., & Messelis, E. (2005). Fear of crime and elderly people: Key factors that determine fear of crime among elderly people in West Flanders. *Ageing International, 30*, 363–376.

[569] Ferraro, K. F., & Grange, R. L. (1987). The measurement of fear of crime. *Sociological Inquiry, 57,* 70–97.

[570] Killias, M., & Clerici, C. (2000). Different measures of vulnerability and their relation to different dimensions of fear of crime. *British Journal of Criminology, 40,* 437–450.

[571] Warr, M. (1984). *Fear of Victimisation: Why are Women and Elderly More Afraid?.* Social Science Quarterly, vol. 65.

[572] Ziegler, R., & Mitchell, D. B. (2003). Aging and fear of crime: An experimental approach to an apparent paradox. *Experimental Aging Research, 29,* 173–187.

[573] Joseph, J. (1997). Fear of crime among black elderly. *Journal of Black Studies, 27,* 698–717.

[574] Christmann, K., Rogerson, M., & Walters, D. (2003). Fear of crime and insecurity in new deal for communities partnerships. Достапно на: http://extra.shu.ac.uk/ndc/downloads/reports/RR14.pdf

[575] Hale, C. (1996). *Fear of crime: A review of the literature.* International Review of Victimology, 4, 79–150.

[576] McCoy, H. V., Wooldredge, J. D., Cullen, F. T., Dubeck, P. J., & Browning, S. L. (1996). Lifestyles of the old and not so fearful: Life situation and older persons' fear of crime. *Journal of Criminal Justice, 24,* 191–205.

[576] Qin, N., & Yan, E. (2014). Prevalence and psychosocial correlates of the fear of crime in older Chinese. *The Journal of Adult Protection, 16,* 264–275.

[577] Schweitzer, J. H., Kim, J. W., & Mackin, J. R. (1999). The impact of the built environment on crime and fear of crime in urban neighborhoods. *Journal of Urban Technology, 6,* 59–73.

чувствуваат економските последици.[578] Од друга страна, ситуирани стари лица токму поради финансиите се почесто жртви на имотен криминалитет.

- Средствата за комуникација играат важна улога во презентирањето на стапката на криминалитетот.[579]
- Старите лица не секогаш го пријавуваат криминалитет кој што се врши или извршил врз нив.[580]

Од испитаниците беше побарано да наведат од каде потекнува тој страв. Во табела 27 прикажана е фреквентноста на нивните одговори.

**Табела VII/17**
**Причини за потикнување на стравот**

| Причини | f | % |
|---|---|---|
| | | |
| Чести вести на ТВ за напади врз стари лица и состојбата на државата | 5 | 2,2 |
| Измами од страна на продавачи | 1 | ,4 |
| Кражби и напади од непознати лица | 39 | 17,4 |
| Криминал | 8 | 3,6 |
| Доживеан напад | 2 | ,9 |
| Нестабилност на државата (нефункционалност на полиција, судство и останати институции) | 9 | 4,0 |
| Немоќ на одбрана | 1 | ,4 |
| Несигурност од финансиски причини | 1 | ,4 |
| Од претходна (неразведена) сопруга | 1 | ,4 |
| Од комшиите | 1 | ,4 |
| Од недостиг на самодоверба | 2 | ,9 |
| Од односот на луѓето кон мене и кон секого | 1 | ,4 |

[578] Pogrebin, M., & Pijoan, N. (2014). The fear of crime by the elderly: Issues and consequences. *The Journal of Sociology & Social Welfare, 5,* 856–862.
[579] Ceccato, V. (2016). *Rural crime and community safety.* Abingdon, NY: Routledge.
[580] Butler, R. N., Lewis, M. I., & Sunderland, T. (1998). *Aging and mental health* (5th ed.). Boston, MA: Allyn and Bacon.

| | | |
|---|---|---|
| Осаменост и дискриминација | 6 | 2,7 |
| Политичка ситуација | 2 | ,9 |
| Од се | 1 | ,4 |
| Страв како вродена особина | 1 | ,4 |
| Темни улици и отсуство на полициски службеници | 2 | ,9 |
| Времето во кое живееме | 1 | ,4 |

Најголемиот дел од испитаниците чувствуваат страв од кражби и напади од непознати лица и тоа 39 испитаници или 17,4%, кај 6 испитаници или 2,7%, стравот потекнува од осаменост и дискриминација, 9 или 4% го поврзуваат со нестабилноста во државата, односно нефункционалноста на полицијата, судството и останатите институции, придонесуваат за зголемен страв кај испитаниците, додека кај 3,6%, стравот произлегува од самиот криминал. Останатите одговори илустрираат разнообразност, во однос на причините за појава на стравот.

Одговорите на испитаниците, упатуваат на широк дијапазон на причини за страв од криминал. Оттука, можеме да резимираме дека перцепцијата за безбедноста на испитаниците е на многу ниско ниво. Стравот кој се јавува од небезбедна околина се одразува на севкупните нивоа на страв и анксиозност, здравјето или на други аспекти на нивните животи во интеракција со останатите единки и појави во општеството. Ефектите од перцепцијата во однос на криминалот кај старите лица освен што имаат негативно влијание, исто така и го ограничуваат нивниот животен стил на многу начини.

Доколку потребите на старите лица се вклучени во план и стратегија за поефикасно и поефективно сузбивање на криминалот, тоа ќе придонесе да се намали стравот од криминал. Еден сегмент, кој е особено значаен за да се разберат потребите на старите лица е подобрена комуникација помеѓу овие лица и полицијата. Доколку полицијата не се перцепира само како алатка на државниот систем која единствено е во функција на воспоставување на јавниот ред, туку се восприма и како служба која во вистинска смисла на зборот им помага и ги заштитува граѓаните би придонело за повисоко ниво на доверба кај старите лица. Не треба да заборавиме дека заштитата и гаранција за сигурност и безбедност играат значајна улога во животот на  старите лица.

Доколку се постигне одредено ниво на доверба, помеѓу старите лица од една страна и полицијата од друга, тогаш тие вистински би ги предочиле своите стравови каде што во некои ситуации тие стравови би послужиле како индиции за утврдување на криминални дејствија.

Функцијата на СОС телефоните е од големо значење и важност, бидејќи претставуваат значаен механизам на поврзување со жртвите. Нивната мисија е да одговорат на потребите, во овој случај на старите лица. Добро е да се знае дека од помош или поддршка, старите лица ги дели само еден телефонски повик.

Во однос на прашањето, дали старите лица се запознаени со некој СОС телефонски број, каде може да се обратат за помош, поголемиот дел на испитаниците не се запознати со СОС телефонски број каде што можат да се обратат за помош. Имено, не се запознати 123 или 54,9% од испитаниците, наспроти 77 или 34,4% од испитаниците, кои се запознати со некој телефонски број за помош.

Од испитаниците, исто така, беше побарано да одговорат дали некогаш биле жртва на насилнички криминалитет. Имено, насилничкото однесување се карактеризира со примена на сила. Физичката агресивност е пропратена со агресивно однесување и е насочена кон загрозување на животот и телото, односно кон физичкиот интегритет на друга личност. Насилството, исто така, може да вклучи и психичка агресивност која се манифестира преку психичка тортура, закани, принуди, при што доведува до омаловажување на жртвата и предизвикување на чувство на лична несигурност и вознемиреност кај жртвата.

**Табела VII/18**
**Насилнички криминалитет спрема испитаниците**

| Насилнички криминалитет спрема испитаниците | Да | Не |
|---|---|---|
| Удирани со раце и нозе | 15 (6,7%) | 209 (93,3%) |
| Удирани со шлаканици | 22 (9,8%) | 202 (90,2%) |
| Влечени за коса | 10 (4,5%) | 214 (95,5%) |
| Ви се заканувале со нож или пиштол | 11 (4,5%) | 214 (95,5%) |
| Туркани на подот | 11 (4,5%) | 214 (95,5%) |
| Ви поставувале сопки | 14 (6,3%) | 210 (93,8 %) |
| Плукани | 16 (7,1 %) | 208 (92,9%) |
| Принудувани да останете на кревет или стол | 2 (0,9%) | 222 (99,1%) |

| | | |
|---|---|---|
| Принудувани да останете во соба или заклучени | 3 (1,3%) | 221 (98,7%) |
| Ускратени за пропишана доза на лекови или пак сте примале во поголема доза од предвидените | 4 (1,8%) | 220 (98,2 %) |
| Ограничена слобода на движење | 10 (4,5 %) | 214 (95,5%) |
| Ве давеле или гушеле | 5 (2,2%) | 219 (97,8 %) |

Од нивните одговори може да се заклучи дека 22 испитаници или 9,8% биле удирани со шлаканици; 16 испитаници или 7,1% биле плукани; 15 испитаници или 6,7% биле удирани со раце и нозе; 14 испитаници или 6,3% се соочиле со поставување на сопки; 11 испитаници или 4,5% добиле закана со нож или пиштол; 11 испитаници или 4,5% биле туркани на под; 10 испитаници или 4,5% биле влечени за коса; 2 испитаници или 0,9% биле принудувани да останат на кревет или на стол; 10 испитаници или 4,5% имале ограничена слобода на движење; 5 испитаници или 2,2% биле давени или гушени; 4 испитаници или 1,8% биле ускратени во пропишаната доза на лекови – или примале лекови во поголема доза од предвидените; 3 испитаници или 1,3% биле принудувани да останат во соба или заклучени.

Основна карактеристика на имотниот криминалитет, се состои во нанесување на материјална штета заради прибавување на противправна имотна корист. Својствено за овој вид на криминалитет е дека е пропратен со финансиска манипулација или искористување и вклучува измама, уцена, како и злоупотреба. Старите лица поради состојбата во која што се наоѓаат најчесто се жртви на овој тип на криминалитет.

**Табела VII/19**
**Вид на имотен криминалитет кај испитаниците**

| **Вид на имотен криминалитет кај испитаниците** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Кражба на пари, вредности или пензии | 103 (46%) | 121 (54%) |
| Продажба на имотот без согласност | 22 (9,8%) | 202 (90,2%) |
| Принудување за пренос на сопственост или пари на трето лице | 14 (6,3%) | 210 (93,8%) |
| Злоупотреба на полномошното | 12 (5,4%) | 212 (94,6 %) |
| Лажење за вистинската цена при купување на нешта – тие „наплаќаат“ повеќе | 37 (16,5%) | 187 (83,5%) |
| Потпишување на документи наместо | 13 (5,8%) | 211 (97,8%) |

| | | |
|---|---|---|
| вас | | |
| Промена на вашиот тестамент, а Вие воопшто не сте запознаени со ситуацијата | 5 (2,2%) | 219 (97,8%) |

Во однос на имотниот криминалитет на 103 испитаници или 46% се соочиле со кражба на пари, вредности или пензии; на 37 испитаници или 16,5% им се случило лажење за вистинската цена при купување на нешта; на 22 испитаници или 9,8% им се случила продажба на имот без согласност; на 14 испитаници или 6,3% им се случило принудување за пренос на сопственост или пари на трето лице; на 13 испитаници или 5,8% им се случило потпишување на документи во нивно име; на 12 испитаници или 5,4% им се случила злоупотреба на полномошно; на 5 испитаници или 2,2% им се случило промена на тестамент без нивно знаење.

Старите лица освен жртви на криминалитет, исто така се жртви и на злоупотреба. При секој облик на злоупотреба, старото лице е жртва на определени активности со оглед на возраста и вулнерабилноста со кој се соочува оваа старосна група. Кај физичка злоупотреба, старите лица се лесна цел поради неможноста да се одбранат, пред сè поради нарушената здравствена состојба, при што отпорот може лесно да се совлада. Во некои случаи злоупотребата може да е резултат на измама без насилство, но со искористување на намалените когнитивни и интелектуални капацитети на старото лице, па со тоа да биде доведено во состојба да преземе дејствија на сопствена штета без да биде докрај свесно за последиците. Но и во овие случаи старото лице е жртва. Злоупотребата станува важен сегмент од криминалната виктимизација само во услови кога е дел од битието на кривичното дело.

**Табела VII/20**
**Видови на злоупотреба на старо лице од член на семејството**

| **Видови на злоупотреба на старо лице од член од семејството** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Физичка | 16 (7,1%) | 178 (79,5%) |
| Психичка | 45 (20,1%) | 178 (79,5%) |
| Финансиска | 61 (27,2%) | 162 (72,3) |
| Сексуална | 0 | 0 |
| Запоставување | 14 (6,3 %) | 209 (93,3 %) |

Во однос на злоупотребата, извршена од страна на некој член во семејството, најфреквентна е финансиската злоупотреба кај 61 испитаници или 27,2%; психичка злоупотреба доживеале 45 испитаници или 20,1%; физичка злоупотреба доживеале 16 испитаници или 7,1%; запоставување доживеале 14 испитаници или 6,3%; нема одговори за доживеана сексуална злоупотреба.

Последиците од злоупотреба во самиот процес на виктимизација може да се поделат на физички и психички. Рани и повреди, физичка болка, хематоми се само дел од последиците со кои се соочуваат жртвите на физичкото насилство. Од друга страна, пак, психичкото насилство не остава видливи траги, меѓутоа, посттрауматското стресно нарушување како резултат од истото е пропратено со зголемено ниво на вознемиреност, депресија, одмазда, лутина, огорченост и може да остави далекусежни траги, кои честопати имаат фатален крај и завршуваат со смрт. Преку прашање од отворен тип од испитаниците беше побарано да истакнат како се чувствувале по случајот на злоупотреба.

Од испитаниците беше побарано да опишат како се чувствувале по случајот на извршена злоупотреба. Најголем процент од испитаниците или 7,6% се чувствувале депресивно. Кај 7,1% случајот придонел старите лица да се чувствуваат револтирано и немоќно. Навредени биле 6,7% од старите лица. Чувството на исплашеност по извршената злоупотреба е забележано кај 4,5% од испитаниците. Болно и разочарано се чувствувале 3,1% од испитаниците додека, пак, деградирани биле 3,1% од старите лица.

**Табела VII/21**
**Пријавен случај на насилство**

| **Пријавен случај** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Не одговориле | 110 | 49,11 |
| Одговориле | 114 | 50,89 |
| Да | 52 | 45,61 |
| Не | 62 | 54,39 |

Од приложеното можеме да забележиме дека 110 од 224 испитаници или 49,11% воопшто и не одговориле дали го пријавиле случајот. Од останатите 124 стари лица, случајот не бил пријавен од страна на 62 или 45,61% од испитаниците, наспроти 62 или 54,39% од испитаниците, кои го пријавиле случајот. Што се однесува до оние

испитаници кои не дале никаков одговор и уште 62 или 54,39% од испитаниците, кои одговориле дека не го пријавиле случајот можеме да заклучиме дека конкретно во овие случаи темната бројка на насилство е многу висока. *Темната бројка на криминалитетот, зависи од голем број околности во однос на: видот на делото, неспремноста на граѓаните да ги пријават кривичните дела, спороста на органите на кривичниот прогон или нивната немоќ да откриваат определени видови на кривични дела, својствата на извршителите на кривичното дело, како и вмешаноста на сторителот да не биде откриен или фатен.*[581]

Параметрите кои влијаат на темната бројка на криминалитетот, особено кај старите лица се однесуваат на: *стравот* кај жртвите особено кај насилнички криминалитет извршен од страна на блиско лице на жртвата, со тенденција за секојдневно повторување на насилството; стравот е присутен и кај жртви на имотен криминалитет каде што жртвите не го пријавуваат делото, за да не ги „налутат" злосторниците да не го повторат делото; *срамот* најчесто се јавува како резултат од можна стигматизација на жртвата во општеството; *недоверба* базирана на непрофесионалноста на органите на прогонот; *пристрасен однос* кон сторителот, најчесто се јавува во ситуација кога сторители на насилството се децата или блиски роднини.

Во Република Македонија, постојат повеќе надлежни институции каде може да се пријави случајот на насилство. Насилството може да се пријави во: полиција, Јавното обвинителство, Центарот за социјална работа. Институциите преку индивидуалниот пристап треба да овозможат помош и поддршка на жртвите, од една страна, како и координиран, мултидисциплинарен пристап кој ќе овозможи заштита на овие лица.

**Табела VII/22**
**Институција во која е пријавен случајот на насилство од страна на испитаниците**

| **Институција** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Јавен обвинител | 2 | ,9 |
| Јавен обвинител и Центар за социјална работа | 1 | ,4 |
| Полиција | 46 | 20,5 |

[581] Сулејманов, З. (2003). *Криминологија – второ дополнето издание.* Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр. 82.

| | | |
|---|---|---|
| Полиција и Центар за социјална работа | 1 | ,4 |
| Полиција и судство со неповолен исход од ситуацијата (неможност за остварување на сопствено право) | 1 | ,4 |
| Друго | 6 | 2,7 |

Од оние што пријавиле 46 или 20,5% испитаници пријава поднеле во полиција; 6 или 2,7% испитаници не дале конкретен одговор, каде го пријавиле случајот; 2 испитаници или 0,9% пријавата ја поднеле до Јавниот обвинител; 1 испитаник покрај Јавен обвинител, пријава поднел и до Центарот за социјална работа; 1 испитаник пријава поднел во полиција и во Центарот за социјална работа и 1 испитаник пријава поднел до полицијата и судот, при што навел дека имал неповолен исход.

Од приложеното забележуваме дека најголем број испитаници го пријавиле случајот во полиција. Имено, довербата на јавноста во полицијата се смета за камен-темелник во однос на соработката и полициска легитимност во едно демократско општество. Довербата во полицијата го изразува степенот на кои поединците сметаат дека полицијата е мотивирана да биде на услуга на граѓаните преку ставање приоритет на најдобрите интереси на заедницата. Затоа е потребно полицијата ја преобрази својата функција од репресивна во превентивна, како и преорентирање од орган на заштита на државата и поредокот во орган на заштита на слободите и правата и интересите на човекот.[582] Оттука, неопходно е полициските службеници да ги применуваат основните принципи на хуманизмот, легалитет, сразмерноста и етичноста во нејзиното постапување како нужни претпоставки и постулати на демократска правна држава.[583]

Во врска со пријавувањето на случајот, предмет на интерес беше и поставување на дополнително прашање во однос на тоа во кој стадиум или фаза се наоѓа случајот, каде што одговорите на испитаниците може да се видат во табела број 23.

**Табела VII/23**
**Стадиум во кој се наоѓа случајот на испитаниците**

[582] Арнаудовски, Љ. (1988). *Пенологија – наука за извршување на кривични санкции.* Правен факултет – Скопје; Скопје.
[583] Бачановиќ, О. (1997). *Полиција и жртвите*. "2-ри Август С", Штип.

| **Стадиум во кој се наоѓа случајот** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Без одговор / известување | 14 | 6,0 |
| Без разрешница | 2 | ,9 |
| Не е завршен / решен | 12 | 5,0 |
| Откажан е | 1 | ,4 |
| Негативно завршен | 6 | 2,6 |
| Од срам од околината | 1 | ,4 |
| Од страв | 1 | ,4 |
| Индиферентна полиција (не се појавила по пријавувањето) | 1 | ,4 |
| Негативно завршен случај заради лажни и фалсификувани документи | 1 | ,4 |
| Позитивен исход | 1 | ,4 |
| Пријавеното лице е згрижено во прифатилиште | 1 | ,4 |
| Со предупредување | 1 | ,4 |
| Во тек е постапката | 3 | 1,3 |

Со оглед на сериозноста и тежината на последиците со кои се носат жртвите на кривични дела, испитаниците беа замолени да ни ги откријат причините поради кои тие се одлучиле да не го пријават случајот.

**Табела VII/24**
**Причините за непријавување на случајот на испитаниците**

| **Причини за непријавување на случајот** | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Бидејќи е сторено од близок член на семејството | 4 | 1,8 |
| Бидејќи знам дека ништо нема да се направи | 1 | ,4 |
| Предходниот сопруг имал врски (случајот го покривал неговиот пријател од полицијата) | 1 | ,4 |
| Од страв | 3 | 1,3 |
| Не верувам во државниот систем и судството | 6 | 2,7 |
| Некои не се пријавени заради дотогашно лошо искуство | 1 | ,4 |

| | | |
|---|---|---|
| Нема излез | 1 | ,4 |
| Нема корист од повторно пријавување бидејќи досега не се решени проблемите | 1 | ,4 |
| Немало потреба | 2 | ,9 |
| Немање доверба во полицијата | 2 | ,9 |
| Немање финансиски средства | 2 | ,9 |
| Од страв и срам | 1 | ,4 |
| Заради надеж дека нема да се повтори | 1 | ,4 |
| Случајот е пријавен, но полицијата не презема ништо заради партиска определба | 1 | ,4 |
| Сметам дека разговор со аргументи позитивно влијае врз ситуациите | 1 | ,4 |
| Неинформираност каде да се пријави | 1 | ,4 |
| Вдовица - незаштитена. Барем животот да не ми го одземат | 1 | ,4 |
| Во тек е постапката | 1 | ,4 |
| Затоа што нема на кого да се пријави и нема што соодветно да се превземе | 1 | ,4 |
| Сметам дека сум способна сама да го надминам проблемот | 1 | ,4 |

Кај 2,7% од испитаниците причина за непријавување на случајот се однесува на недовербата во државниот систем и судството. Извршување на насилство од близок член од семејството, како причина за непријавување, е наведено од страна на 4 или 1,8% од испитаниците. Стравот бил пресуден да не се пријави случајот кај 3 или 1,3%. По двајца испитаници, заради недоверба во полицијата, немање на финансии, не го пријавиле случајот. Постои и случај, каде смета дека е способна сама да го надмине проблемот. Друг испитаник оценува дека нема каде да се пријави случајот, како и нема што соодветно да се превземе. Како причината за непријавување на случајот, е наведен стравот и срамот од кривичното дело. Постојат и испитаници, кои сметаат дека нема излез, претходно лошо искуство, но и со уверување дека доколку се пријави случајот, нема да има позитивен исход.

*Графикон VII/6 Стари лица кои биле жртви на кривични дела*




Со цел да се квантифицираат кривичните дела, беше поставен сет од 12 прашања. Бодувањето на одговорите добиени од испитаниците, ги даде следните резултати: најголем дел од испитаниците 91,9% се жртва на кривнични дела, додека, пак, само 8,9% од испитаниците не се жртви на кривични дела.

### *Дескриптивна анализа на податоците*

Во продолжение ќе биде прикажана статистичката обработка на податоците за испитуваните варијабли: здравствен статус, подвижност, остварено родителство – родителски односи, месечен приход, дневни активности и кривични дела која ќе послужи за докажување на главната истражувачка хипотеза „*Општите услови на живот во староста и промените кои настануваат кај лицата со навршени 65 години и повеќе се во врска и го зголемуваат ризикот од кривични дела врз стари лица*“.

**Табела VII/25**
**Аритметичка средина, минимален и максимален скор, стандарна девијација и скјунис и куртосис за варијаблите здравствен статус, подвижност, остварено родителство/родителски односи, активен животен стил, месечен приход и кривични дела**

| | Mean | Minimum | Maximum | Std. Deviation | Skewness | Kurtosis |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Statistic | Statistic | Statistic | Statistic | Statistic | Statistic |
| Здравствен статус | 3.03 | 0 | 10 | 2.098 | .587 | .286 |
| Подвижност | 4.68 | 4 | 14 | 1.633 | 2.778 | 8.179 |
| Остварено родителство / родителски односи | 6.07 | 0 | 11 | 2.326 | -.436 | -.045 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активен животен стил | 5.52 | 3 | 11 | 1.220 | .411 | 1.535 |
| Месечен приход | 6.97 | 0 | 18 | 3.543 | .522 | .144 |
| Кривични дела | 7.17 | 0 | 19 | 3.322 | .728 | 1.317 |

Од резултатите добиени во табела 25, може да се забележи дека просечната вредност на кривичните дела изнесува *7.17*. Според теоретските скорови за минимум и максимум, доколку некој испитаник одговорил дека три пати претрпел насилство, тогаш тој ***испитаник се смета за жртва на насилство***. Затоа, може да се заклучи дека повеќето стари лица кои учествувале во испитувањето се жртви на насилство. Просечната вредност за месечните приходи е *6.97.* Според миналниот скор кој означува добар месечен приход и максималниот скор 18 може да се заклучи дека повеќето стари лица кои учествувале во испитувањето имаат добри месечни примања. Просечната вредност за остварено родителство е *6.07*. Според миналниот скор 0 и максималниот скор 11 може да се заклучи дека повеќето стари лица кои учествувале во испитувањето имаат добро остварени родителски односи. Просечната вредност за активен животен стил е *5.52.* Ако се земат предвид минималниот скор 3 (теоретски 0 – означува неактивна особа и максималниот скор 11 (теоретски 21 – означува активна особа), може да се заклучи дека повеќето стари лица кои учествувале во испитувањето се неактивни. Просечната вредност за подвижност е *4.68.* Ако се земат предвид миналниот скор 4 и максималниот скор 14 (според бодувањето во клучот теоретски скорот изнесува 19, но испитаниците го достигнале максималниот од 14), може да се заклучи дека повеќето стари лица кои учествувале во испитувањето се подвижни. Аритметичката средина (М) или просечната вредност на старите лица за здравствениот статус е *3.03.* Согледувајќи ги минималниот скор кој изнесува 0 и максималниот кој изнесува 10 (според бодувањето во клучот теоретски скорот изнесува 18, но испитаниците го достигнале максималниот од 10) што значи лоша здравствена состојба, може да се заклучи дека повеќето испитаници кои учествувале во испитувањето имаат добра здравствена состојба.

Од табела 25 може да заклучиме дека се добиени високи скорови кај Skewness и Kurtosis со што може да се претпостави дека испитуваните варијабли немаат нормална дистрибуција.

Во статистиката, тестот Колмогоров-Смирнов (К-С тест или KS тест) е непараметриски тест за еднаквоста на континуирани, еднодимензионални веројатни дистрибуции кои може да се користат за споредување на примерокот со референтна веројатност (еден примерок K-S тест), или да се споредат два примерока (два примероци K-S тест). Именуван е по Андреј Колмогоров и Николај Смирнов. Статистиката на Колмогоров-Смирнов го квантифицира растојанието помеѓу емпириската дистрибуциска функција на примерокот и кумулативната функција на дистрибуција на референтната дистрибуција, или помеѓу емпириските функции на дистрибуција на два примерока. Нулта дистрибуција на оваа статистика се пресметува според нулта хипотеза, дека примерокот е извлечен од референтната дистрибуција (во случајот со еден примерок) или дека примероците се извлекуваат од истата дистрибуција (во случајот со два примероци). Во секој случај, дистрибуциите разгледувани под нултата хипотеза се континуирани дистрибуции, но инаку се неограничени.

Според добиените наоди кои се прикажани на сликите: 1, 2, 3, 4, 5 и 6, може да се увиди дека станува збор за фрекфенција која не е нормално дистрибуирана. Според табела 25, параметарот скјунес укажува на позитивно асиметрична дистрибуција кај варијаблите: подвижност каде што Sk > 0, односно Sk = **2.778**; кривични дела каде што Sk > 0, односно Sk = **.728**; здравствен статус каде што Sk > 0, односно Sk = **.587**; Месечен приход каде што Sk > 0, односно Sk = **.522**; активен животен стил каде што Sk > 0, односно Sk = **.411**; негативно асиметрична дистрибуција, постои кај варијаблата остварено родителство каде што каде што Sk < 0, односно Sk = **-.436**.

Во однос на параметарот куртозис, лептокуртична дистрибуција[584] постои кај варијаблите: подвижност каде што Ku > 0, односно Ku = **8.179**; активен животен стилкаде што Ku > 0, односно Ku = **1.535**; кривични дела каде што Ku > 0, односно Ku = **1.317**;Здравствен статус каде што Ku > 0, односно Ku = **.286**; месечен приход каде што Ku > 0, односно Ku = **.144**. Платокуртична дистрибуција[585] постои кај варијаблата остварено родителство каде што каде што Ku < 0, односно Ku = **-.045**.

**Табела VII/26**

[584] Лептокуртична дистрибуција е кога резултатите се многу збиени, што доведува до сплоснатост или издолженост на дистрибуцијата.
[585] Плактокуртична дистрибуција е кога резултатите се распрснати, што доведува до помалку екстремни испакнувања во споредба со нормалната дистрибуција.

**Колмогоров-Смирнов тест и Шапиро–Вилк тест за утрдување на дистрибуираност на фрекфенции за испитуваните варијабли здравствен статус, подвижност, остварено родителство/родителски односи, дневни активности, месечен приход и кривични дела**

| **Варијабли** | **Колмогоров Смирнов** | | **Шапиро Вилк** | |
|---|---|---|---|---|
| | Statistic | Sig. | Statistic | Sig. |
| Здравствен статус | .129 | .000 | .943 | .000 |
| Подвижност | .460 | .000 | .485 | .000 |
| Остварено родителство | .174 | .000 | .960 | .000 |
| Месечен приход | .196 | .000 | .917 | .000 |
| Активен животен стил | .108 | .000 | .971 | .000 |
| Кривични дела | .160 | .000 | .943 | .000 |

Пред обработката на податоците, со помош на Колмогоров–Смирнов тест и Шапиро–Вилк тест за дистрибуираност на фрекфенции е проверено колку варијаблите отстапуваат од нормалната дистрибуција. Анализата покажа дека дистрибуцијата на резултатите, односно варијаблите значајно отстапуваат од нормалната дистрибуција. Добиените резултати се исти кај двата теста за дистрибуираност на фрекфенции.

Кај варијаблата здравствен статус k=.000. Кај варијаблата подвижност k=.000. Кај варијаблата остварено родителство / родителски односи k=.000. Кај варијаблата месечен приход k=.000. Кај варијаблата активен животен стил k=.000. Кај варијаблата кривични дела k=.000.

Може да се заклучи дека фрекфенциите не се нормално дистрибуирани и се асиметрични. Добиените отстапувања значајно влијаат на спроведувањето на методот на корелација за следната анализа, па оттука, ќе се користи непараметриски метод на корелација.

За проверка на *Хипотезите* се користеше Спирманов коефициент на корелација. Спирманов коефициент на корелација (именуван по Чарлс Спирман), е непараметриска мерка на ранг корелација (статистичка зависност помеѓу рангирање на две променливи). Таа проценува колку добро односот помеѓу две променливи може да се опише со монотонска функција. Корелацијата на Спирман помеѓу две варијабли е еднаква на корелацијата на Пирсон меѓу вредностите на овие две варијабли; додека корелацијата на Пирсон ги оценува линеарните односи, корелацијата на Спирман ги

проценува монотоните односи (линеарни или не). Ако не постојат повторени податоци, совршена корелација на Spearman од +1 или -1 се појавува кога секоја од променливите е совршена монотонска функција на другата. Интуитивно, корелацијата на Спирман меѓу две променливи ќе биде висока кога набљудувањата имаат слични (или идентични за корелација од 1) ранг (т.е. релативна позиција на набљудувањата во променливата: 1, 2, 3, итн.) Помеѓу двата променливи и ниски кога опсервациите имаат различен (или целосно се спротивставуваат на корелација од -1) ранг помеѓу двете варијабли.

Страдање од хронична болест го предиспонира насилството и злоупотребата кај старите лица.[586] [587] [588] [589] [590] Тргнувајќи од вакви размислувања во рамките на теоријата, во трудот се постави хипотеза дека *влошување на здравствениот статус во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела.* За проверка на хипотезата се употреби спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите здравствен статус и кривични дела на испитаниците, чии резултати покажаа дека варијаблите криминал и здравствениот статус се движат линеарно.

**Табела VII/27**
**Спирманов коефицент на корелација помеѓу варијаблите здравствен статус и кривични дела на испитаниците**

| Спирманов коефициент на корелација | Здравствен статус |
|---|---|
| **Кривични дела** | .252** |
| **Sig.** | .000 |

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).

[586] United Nations, UN (2013). *Neglect, Abuse and Violence against Older Women.* Department of Economic and Social Affairs (UN-DESA) New Yor: Department of Economic and Social Affairs (UN-DESA).
[587] Pillemer, K. & Suitor, J. (1992). Violence and violent feelings: what causes them among family caregivers. *Journal of Gerontology, 47:*S165–S172. doi: 10.1093/geronj/47.4.S165
[588] Pillemer, K. (2005). Elder abuse is caused by the deviance and dependence of abusive caregivers. *Chapter 13. Current Controversies on Family Violence:*207–220.
[589] Paveza, GJ (1992). et al. Severe family violence and Alzheimer's disease: prevalence and risk factors. *The Gerontologist, 32:*493–497. doi: 10.1093/geront/32.4.493.
[590] Lachs, M. S., Williams, C., O'Brien, S., Hurst, L., & Horwitz, R. (1997). Risk factors for reported elder abuse and neglect: A nine-year observational cohort study. *The Gerontologist. 37:*469–474. doi: 10.1093/geront/37.4.469.

Варијаблите здравствен статус и кривични дела се поврзани, односно $r=.252$, $p = 0.00$ што значи $p < 0.01$. Корелацијата е статистички значајна, но станува збор за мала поврзаност. Варијаблите се движат линеарно, што укажува на фактот дека со подобрување на здравствената состојба, се подобруваат и условите на животот (нема ризик од станување на жртва на кривични дела), или со влошување на здравствената состојба, ќе се зголеми ризик од станување на жртва на кривични дела (со растење на едната ќе расте и другата варијабла, со намалување на едната ќе се намалува и другата варијабла).

Согласно горенаведените резултати од табела 27, поставената хипотеза *„Влошувањето на здравствениот статус во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела“* **се потврдува.**

Како најраспространетите форми на злоупотреба со кои се соочуваат старите лица се: финансиската злоупотреба и емоционална злоупотреба. Вкупната распространетост на злоупотреба на старите лица во Канада е слична на нивоата пронајдени во САД, Обединетото Кралство и Австралија.[591] Во прилог на ова е и истражувањето спроведено од страна на Петрушиќ, Тодоровиќ и Врачевиќ кое укажува на следното дека старите лица најчесто се жртви на финансиска злоупотреба. Во овој труд се истражувало дали старите лица почесто се жртви на насилнички во однос на имотен криминалитет.[592]

*Графикон VII/7 Насилнички и имотен криминалитет кај испитаниците*

[591] https://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/cj-jp/fv-vf/crim/sum-som.html Пристапено на: 19.12.2018

[592] Petrušić, N., Todorović, N., Vračević, M., (2012). NASILJE NAD STARIJIM OSOBAMA, *Studija o nasilju u porodici,* Stylos: Novi Sad.




Од добиените одговори на испитаниците, може да се забележи дека: 125 испитаници или 55,8% се соочиле со имотен криминалитет, 60 испитаници или 26,8% се соочиле со насилнички криминалитет и 39 испитаници или 17,4% не се соочиле со вакви типови на криминалитет. Според добиените одговори поголем број на испитаници кои учествувале во истражувањето се соочиле со имотен криминалитет. Она што е констатирано во трудот (во теоретскиот дел) се потврдува и како теза во истражувањето дека ***старите лица почесто се жртви на имотниот во однос на насилничкиот криминалитет.*** Емпириските податоци на докторската дисертација, исто така, го илустрираа и видот на имотен криминалитет со кој се соочиле старите лица, а се однесува на: кражба на пари, вредности или пензии (46%); лажење за вистинската цена при купување на нешта (16,5%); продажба на имот без согласност (9,8%); принудување за пренос на сопственост или пари на трето лице (6,3%); потпишување на документи во нивно име (5,8%); злоупотреба на полномошно (5,4%) и промена на тестамент без нивно знаење (2,2%). Од друга страна, наведените модалитети на насилнички криминалитет укажаа на следната процентуална застапеност кај старите лица: удирање со шлаканици (9,8%); плукање (7,1%); удирање со раце и нозе (6,7%); поставување на сопки (6,3%); закана со нож или пиштол (4,5%); туркање на под, влечење за коса (4,5%); но и ограничена слобода на движење, давење или гушење, како и ускратување на пропишана доза на лекови.

За функционалниот капацитет на старото лице, подвижноста претставува еден од најважните фактори. Намалување на способноста на старите лица за самостојно функционирање ја зголемува потребата од различна помош од други лица, што многу често оваа помош преминува од хуман во насилен акт кон старото лице. *„Едно истражување покажало дека 60,1% од старателите кои се грижат за старите лица пријавиле вербална агресија како стил на решавање конфликти. Платените старатели во домовите за стари лица кои не биле задоволни со месечните приходи од работното место, негувале нехуман и навредлив однос кон старите лица“.*[593] Теоретските одредувања во однос на тезата дека влошување на подвижноста ги предиспонира старите лица да станат жртви на кривични дела, се анализираше и во овој докторски труд. Врз основа на сумираните одговори на испитаниците, подвижни се 94,7%, додека, пак, делумно подвижни се 4,8% стари лица.

Меѓу другото, треба да се напомене и фактот дека оценувањето на подвижноста е субјективно што потврдуваат и одговорите во однос на подвижност на извршување на активности во домот, бидејќи постојат одредени ограничувања во движењето што оневозможуваат самостојно извршување на секојдневните животни потреби на старите лица. Ваквото влијание на подвижноста и предиспонираноста на кривични дела се провери со спирмановиот коефициент на корелација.

**Табела VII/28**
**Спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите подвижност и кривични дела на испитаниците**

| **Спирманов коефициент на корелација** | **Подвижност на испитаниците** |
|---|---|
| **Кривични дела** | .126 |
| **Sig.** | .523 |

За втората хипотеза се согледуваше поврзаноста помеѓу подвижноста и кривичните дела, односно дали подвижноста го предиспонира старото лице да стане жртва на кривично дело.

593 Kohn, R. & Verhoek-Oftedahl, W. (2011). “Caregiving and Elder Abuse.” *Medicine & Health Rhode Island 94(2):*47–49.

Варијаблите подвижност и кривични дела не се поврзани, односно r = .126, што значи p = .523, p > 0.05. Корелацијата не е статистички значајна. Поставената хипотезата дека *влошувањето на подвижноста во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела"* **не се потврдува.**

Насилство на старите лица особено во кругот на семејството се манифестира преку физичко, сексуално и психолошко насилство што го користи едно лице што е во интимна врска со старото лице, при што насилникот ја злоупотребува инфериорноста на старото лице со цел воспоставување на контрола и авторитет. Во оваа насока, Волкер забележува *„Кога се појавува една форма на семејно насилство, може да се очекува појава на сите злоупотреби, вклучувајќи различни агресивни дела во кругот на семејството, но и надвор од него".*[594] Иако семејството е заедница во која семејните односи треба да се засноваат на рамноправност, заемно почитување, помагање и заштита помеѓу членовите во семејството, голем број на стари лица кои имаат деца односно се остварени како родители се виктимизирани токму од своите деца. Некои проценки укажуваат на фактот дека секој пријавен инцидент на злоупотреба на стари лица, особено во кругот на семејството резултира со пет други случаи кои никогаш не се пријавуваат.[595] Некои сознанија укажуваат на тоа дека насилството најчесто се случува во живеалиштето на старото лице.[596] Повеќето жртви се зависни од нивниот насилник за основните потреби.[597] Во речиси 90% од злоупотребите на старите и запоставените стари лица, сторителот е член на семејството, при што во 2/3 од случаите сторителите се возрасни деца или брачни другари.[598] Имено, доколку старото лице не е во состојба да се грижи само за себе, а од друга страна детето кое се грижи за

594Walker, C. (1990). *Feminist literary criticism and the author*. Critical Inquiry, 16(3), 551571.
595 National Center on Elder Abuse."Elder Abuse Prevalence and Incidence".http://www.ncea.aoa.gov/resources/publication/docs/finalstatistics050331.pdf Пристапено на: 04.03.2019.
596 The Council on Elder Abuse. "What is Elder Abuse?".http://www.councilonelderabuse.org/education.php?PageTitle=What%20is%20Elder%20Abuse?&SPID=10&PCID=4#.VF0A3ot4oqQ Пристапено на: 04.03.2019.
597 National Council on Child Abuse and Family Violence."Elder Abuse Information". Достапно на: http://www.nccafv.org/elder.htm Пристапено на: 04.03.2019.
598 National Council on Aging. "FAQ's on Elder Abuse". http://www.ncoa.org/public-policy-action/elder-justice/faqs-on-elder-abuse.html Пристапено на: 04.03.2019.

постариот родител во исто време зависи од приходот од тој родител, укажува на зголемен ризик од физичко малтретирање на старото лице.[599]

Иако насилството врз старите лица од страна на нивните деца се одликува со висока темна бројка, сепак беше интересно да се види дали од стари лица (кои се остварени како родители) кои учествуваа во нашата анкета оствареното родителство има директна врска со процесот на виктимизација. Во тој контекст, сметавме дека е релевантно испитаниците да ги оценат односите со нивните деца каде што 52,8% сметаат дека имаат одлични односи со своите деца. Добри односи се оценети од страна на 24,6% од старите лица со нивните деца. Многу добри односи на релација родител-дете имаат 12,9%. Не се во добри односи 5,4% од испитаниците, додека, пак, 2,6% немаат никаков контакт со своите деца. Во таа насока во нашето истражување се анализираше корелацијата помеѓу варијаблите остварено родителство и виктмизација на старите лица.

**Табела VII/29**
**Спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите остварено родителство и кривични дела на испитаниците**

| **СПИРМАНОВ КОЕФИЦИЕНТ НА КОРЕЛАЦИЈА** | **ОСТВАРЕНО РОДИТЕЛСТВО** |
|---|---|
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА** | .166* |
| **Sig.** | .013 |

*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).

Варијаблите остварено родителство и кривични дела се поврзани, односно r=.166, што значи p=.013, p <0.05. Корелацијата е статистички значајна, но станува збор за мала поврзаност. Оттука, може да се каже дека поставената хипотеза „*Оствареното родителство има директна врска за настанувањето на виктимизација кај старите лица*“ **се потврдува.**

Месечниот приход претставува уште една компонента од палетата на ризик фактори кои влијаат на процесот на виктимизација кај старите лица. Биле спроведени повеќе истражувања кои се фокусирале на месечниот приход кај старите лица кај фактор на ризик. На пример, ниските месечни приходи влијаеле на појава на

[599] Kohn, R. & Verhoek-Oftedahl, W. (2011). “Caregiving and Elder Abuse.” *Medicine & Health Rhode Island 94(2):*47–49.

злоупотреба на старите лица во Мексико,[600] Ирска[601] и Индија.[602] Резултати од други истражувања, укажале на поврзаноста на нискиот месечен приход со емоционална и физичка злоупотреба[603] и занемарување на стари лица во САД,[604] додека, пак, едно истражување спроведено во Канада укажало дека нискиот месечен приход претставува фактор на ризик за појава на физичка и сексуална злоупотреба кај старата популација.[605] Во таа насока во емпирискиот дел се истражуваше месечен приход како ризик фактор за виктимизација кај испитаниците.

**Табела VII/30**
**Спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите месечен приход и кривични дела на испитаниците**

| СПИРМАНОВ КОЕФИЦИЕНТ НА КОРЕЛАЦИЈА | МЕСЕЧЕН ПРИХОД |
|---|---|
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА** | .092 |
| **Sig.** | .169 |

Делумно добар месечен приход имаат 53% од испитаниците, добар 46% од испитаниците и лош месечен приход имаат 1% од испитаниците. Имено се согледуваше поврзаноста помеѓу месечниот приход и кривичните дела. Варијаблите месечен приход и кривични дела не се поврзани, односно r=.092, што значи p= .169, p >0.05. Емпириските податоци не укажаа на статистички значајна корелација, што значи дека поставената хипотеза ***месечниот приход на старите лица како фактор (е во врска со) за виктимизација*** не се потврдува, што значи дека висината на месечните приходи не ја предипонира криминалната виктимизација кај старите лица.

---

600 Giraldo-Rodríguez, L. & Rosas-Carrasco, O. (2013). Development and psychometric properties of the Geriatric Mistreatment Scale. *Geriatrics & Gerontology International, 13,* 466–474. doi:10.1111/j.1447-0594.2012.00894.x

601 Naughton, C., Drennan, J., Lyons, I., Lafferty, A., Treacy, M., Phelan, A. & Delaney, L. (2010). *Abuse and neglect of older people in Ireland* (Report on the National Study of Elder Abuse and Neglect). Dublin: National Centre for the Protection of Older People.

602 Chokkanathan, S. & Lee, AE. (2005). Elder mistreatment in urban India: A community based study. *Journal of Elder Abuse & Neglect.*

603 Burnes, D., Pillemer, K., Caccamise, P., Mason, A., Henderson, C. R., & Lachs, M. S. (2015). Prevalence of and risk factors for elder abuse and neglect in the community: A population-based study. *Journal of the American Geriatrics Society (JAGS), 65,* 1906–1912. doi:10.1111/jgs.13601

604 Acierno R. Hernandez M. A. Amstadter A. B. Resnick H. S. Steve K. Muzzy W., & Kilpatrick D. G. (2010). Prevalence and correlates of emotional, physical, sexual, and financial abuse and potential neglect in the United States: The National Elder Mistreatment Study. *American Journal of Public Health, 100,* 292–297. doi:10.2105/AJPH.2009.163089.

605 Brozowski K., & Hall D. R. (2010). Aging and risk: Physical and sexual abuse of elders in Canada. *Journal of Interpersonal Violence, 25,* 1183–1199. doi:10.1177/0886260509340546.

**Табела VII/31**
**Спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите активен животен стил и кривични дела на испитаниците**

| СПИРМАНОВ КОЕФИЦИЕНТ НА КОРЕЛАЦИЈА | АКТИВЕН ЖИВОТЕН СТИЛ |
|---|---|
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА** | .002 |
| **Sig.** | .971 |

За петтата хипотеза се согледуваше поврзаноста помеѓу активен животен стил и кривични дела. Варијаблите активен животен стил и кривични дела не се поврзани, односно r=.002, што значи p=.971, p >0.05. Корелацијата не е статистички значајна.

Поставената хипотеза дека *„Активен животен стил го намалува ризикот од виктимизација“* **не се потврдува.**

## Парцијална корелација

За испитување на шестата хипотеза која гласи *„Постои значајна врска помеѓу здравствениот статус, подвижноста, оствареното родителство и активен животен стил со кривичните дела“* беше спроведен метод на парцијална корелација. Како што е горенаведено, бидејќи станува збор за дистрибуција која што не е во рамките на нормалата, парцијалната корелација беше спроведена преку Спирмановиот метод.

**Табела VII/32**
**Парцијална корелација помеѓу варијаблите здравствен статус, подвижност, остварено родителство, активен животен стил со кривични дела, со контролна варијабла месечен приход на испитаниците**

| Контролна варијабла | | | Кривични дела |
|---|---|---|---|
| Месечен приход | Здравствен статус | Correlation | .231 |
| | Подвижност | Correlation | .054 |
| | Родителство | Correlation | .224 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Активен животен стил | Correlation | -.026 |
| | Кривични дела | Correlation | 1.000 |

Според табела 32, не постои значајна корелација помеѓу варијбалите. Подоцна беа формирани резидуални скорови за варијаблите, со цел за спроведување на поквалитетна парцијална корелација помеѓу истите.

**Табела VII/33**
**Парцијална корелација со резидуални скорови на варијаблите здравствен статус, подвижност, остварено родителство, активен животен стил со кривични дела, со контролна варијабла месечен приход на испитаниците**

| Контролна варијабла | | | Резидуален скор за кривични дела |
|---|---|---|---|
| Месечни приходи | Резидуален скор за здравствен статус | Correlation Coefficient | $.251^{**}$ .000 |
| | Резидуален скор за подвижност / неподвижност | Correlation Coefficient | .095 .157 |
| | Резидуален скор за остварено родителство | Correlation Coefficient | $.154^{*}$ .021 |
| | Резидуален скор за дневни активности | Correlation Coefficient | .016 .815 |
| | Резидуален скор за кривични дела | Correlation Coefficient | 1.000 . |

Од табела 33, може да се забележи дека постои корелација измеѓу варијаблите здравствен статус и кривични дела, каде што r 1,2.3=.251, што значи p=.000, p <0.01 и

помеѓу варијаблите остварено родителство и кривични дела каде што r 1,2.3=.154, што значи p=.021, p <0.05. Станува збор за слаби корелации. Варијаблите подвижност (r 1,2.3=.095, што значи p >0.05) и активен животен стил (r 1,2.3=.016, што значи p >0.05) не се во статистички значајна корелација со варијаблата кривични дела.

Според горенаведените резултати и според сликите (позитивните корелации сликовито се прикажани на слика 7 и слика 8 - распрскана корелација),[606] онаму каде што има статистички значаен резултат, станува збор за ниска односно слаба корелативна врска. Всушност резултатите покажаа дека варијаблата здравствен статус е поврзана со кривични дела, со присуство на контролна варијабла месечни приходи која врши девијација, но таа корелација е ниска. Но и покрај тоа, контролната варијабла месечни приходи не може да се елиминира. Значајна корелација се однесува на тоа дека немањето приходи е поврзано со лоша здравствена состојба, со што се зголемува предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела. Додека пак, имањето приходи е поврзано со добра здравствена состојба, при што се намалува ризикот од виктимизација. Во овој случај, другите варијабли немаа значајна поврзаност со исклучок на едната варијабла, што укажува на фактот дека резултатите од истражувањето делумно ја потврдија поставената хипотеза.

Затоа, поставената хипотеза дека *„Постои значајна врска помеѓу здравствениот статус, подвижноста, оствареното родителство и дневните активности со кривичните дела“* **делумно се потврдува.**

Одреден степен на физичка ранливост се смета за неопходна компонента на дефиницијата за насилство врз старите лица. Потчинетоста ја намалува способноста на старото лице да се одбрани или да избегне конфротирачка ситуацијата. Затоа здравјето претставува предиспонирачки фактор за насилство кај старите лица. Многу често старото лице со влошено здравје е неспособно да се грижи само за себе и има потреба од грижата на друго лице. Но и покрај овој факт, старото лице наместо да ја добива потребната помош и грижа од друго лице под завесата на потребната грижа и внимание старото лице е жртва на повеќе злоупотреби истовремено. Во таа насока Џексон и Хафеместер утврдиле дека старите лица кои боледуваат од деменција биле под зголемен ризик од станување жртва на занемарување во споредба со стари лица без

[606] Види прилог број 2

конфузија или деменција.[607] Од друга страна, стари лица кои не пројавуваат знаци на конфузија и/или деменција се со поголема веројатност да бидат жртви на финансиска и физичка злоупотреба. Се проценува дека едно од десет стари лица се соочува со некоја форма на злоупотреба, пред сè во кругот на семејството.[608] Покрај теоретското потврдување на тезата дека здравствен статус го предипонира насилнички криминалитет, имотен криминалитет и злоупотребата кај старите лица се направи обид да се констатира оваа хипотеза и во рамките на емпириското истражување во трудот.

За испитување на седмата хипотеза која гласи *„Постои значајна врска помеѓу здравствениот статус, насилничкиот криминалитет, имотниот криминалитет и злоупотребата кај старите лица“,* беше спроведен Спирманов коефициент на корелација.

**Табела VII/34**
**Спирманов коефициент на корелација помеѓу варијаблите здравствен статус, насилнички криминалитет, имотен криминалитет и злоупотреба кај испитаниците**

| СПИРМАНОВ КОЕФИЦИЕНТ НА КОРЕЛАЦИЈА | Насилнички криминалитет | Имотен криминалитет | Злоупотреба |
|---|---|---|---|
| **Здравствен статус** | .121<br>.070 | .228**<br>.001 | .231**<br>.000 |

Варијаблите здравствен статус и насилнички криминалитет не се поврзани, односно r=.121, p=0.70, што значи p >0.01. Корелацијата не е статистички значајна.

Варијаблите здравствен статус и имотен криминалитет се поврзани, односно r=.228, што значи p=.001, p <0.01. Корелацијата е статистички значајна, но станува збор за слаба корелација.

---
[607] Jackson L. (2009). *The cost of elder abuse in Queensland: who pays and how much*. Brisbane: Elder Abuse Prevention Unit.
[608]Associated Living Federation of America.“Elder Abuse Facts”. Достапно на: www.alfa.org/document.asp?docid=261Пристапено на: 04.03.2019.

Варијаблите здравствен статус и злоупотреба се поврзани, односно r=.231, што значи p =.000, p <0.05. Корелацијата е статистички значајна, но станува збор за слаба корелација.

Согласно горенаведените резултати, поставената хипотезата дека *„Постои врска помеѓу здравствениот статус, насилничкиот криминалитет, имотниот криминалитет и злоупотребата кај старите лица“,* **делумно се потврдува.**

Постојат истражувања кои укажуваат на фактот дека повисоко ниво на образование кај старите лица е поврзано со намалена стапка на виктимизација кај овие лица.[609] Од друга страна, пониските нивоа на образование се поврзани со зголемен ризик од виктимизација, при што во конкретен случај станува збор за насилна виктимизација[610] и смрт како резултат на виктимизација кај стари лица со низок образовен статус.[611] Имено, академското достигнување кое е поврзано со виктимизација кај стари лица во претходните истражувања, претставуваше почетна точка за да се истражи степенот на образование кај старите лица и изложеноста на ризик од криминална виктимизација. Се направи споредување на групите на испитаници според нивното ниво на образование и тоа: основно, средно, вишо, високо и магистратура, во однос на кривичните дела.

За проверка на поставената хипотеза која гласи *„Старите лица со низок образовен статус се поизложени на опасност да станат жртви на криминална виктимизација“,* беше спроведена непараметриската Крускал Валисовата еднонасочна ANOVA. Тука беа споредувани групите на испитаници според нивното образование; основно образование, средно образование, вишо образование, високо образование и магистратура во однос на кривичните дела.

**Табела VII/35**
**Крускал – Валисовата еднонасочна ANOVA, за проверка на разлики кај испитаниците помеѓу групите основно образование, средно образование, вишо образование, високо образование и магистратура кај варијаблата кривични дела**

[609] Contreras, D., Elacqua, G., Martinez, M., & Miranda, Á. (2015). Income inequality or performance gap? A multilevel study of school violence in 52 countries. *Journal of Adolescent Health, 57(5),* 545-552.
[610] Stickley, A., Koyanagi, A., Roberts, B., Rotman, D., & McKee, M. (2013). Criminal victimisation and health: Examining the relation in nine countries of the former soviet union. *Social Science & Medicine, 91,* 76-83.
[611] Kposowa, A. J., & Johnson, K. A. C. (2016). A cohort analysis of employment status and homicide victimization in the united states. Sociological Spectrum: *The Official Journal of the Mid-South Sociological Association, 36(2),* 93-108.

| Образование | | N | Среден ранг |
|---|---|---|---|
| | Основно образование | 30 | 127.40 |
| | Средно образование | 89 | 119.53 |
| | Вишо образование | 40 | 99.50 |
| | Високо образование | 60 | 103.60 |
| | Магистратура | 5 | 108.70 |
| **Крускал – Валисовата еднонасочна ANOVA** | Кривични дела | | |
| **Chi-Square** | 5.473 | | |
| **Df** | 4 | | |
| **Sig.** | .242 | | |

Според средните рангови на групите, рангот на групата испитаници со основно образование е највисок – *127.40*, потоа следи рангот на групата испитаници со средно образование – *119.53*, рангот на групата испитаници со магистратура изнесува *108.70*, рангот на групата испитаници со високо образование изнесува *103.60* и рангот на групата испитаници со вишо образование е најнизок и изнесува *99.50.* Според овие резултати, би можело да се каже дека групата со осново образование е најмногу изложена да стане жртва на кривични дела.

По спроведувањето на Крушкал Валис тестот, се докажа дека добиената разлика не е доволно голема за да биде статистички значајна ($p<0,05$). Поставената хипотеза дека *„Старите лица со низок образовен статус се поизложени на опасност да станат жртви на криминална виктимизација“* **не се потврдува.**

**Спроведените статистички анализи укажаа дека главната хипотеза во оваа докторска дисертација која ја проверувавме и која гласи:** „*Општите услови на живот во староста и промените кои настануваат кај лицата со навршени 65 години и повеќе се во врска и го зголемуваат ризикот од кривични дела врз стари лица*“, **делумно се потврди.**

- **Утврдување на разлики меѓу испитаниците од машки и женски пол во однос на кривични дела**

Дополнителна цел на истражувањето беше да се утврдат и разликите меѓу полот кај варијаблите здравствен статус, подвижност, родителски односи, месечен приход, дневни активности и кривични дела на испитаниците. Се истражуваше дали:

- мажите со влошена здравствена состојба, се посклони на изложеност од кривични дела, во однос на жените;
- мажите со намалена подвижност се повеќе изложени на кривични дела во однос на жените;
- жените кои се остварени како родители имаат помали шанси да станат жртви на кривични дела, за разлика од мажите;
- жените кои имаат повисоки месечни приходи од мажите имаат поголем ризик да станат жртви на криминал;
- активен животен стил кај жените го намалува ризикот од станување жртва на криминал за разлика од мажите;
- жените се повеќе изложени на кривични дела од мажите.

За утврдување на разликите помеѓу испитаниците од машки и женски пол во однос на кривични деласе користеше непараметрискиот Ман Витнеј (U) тест за проверка на разлика помеѓу групи, како замена за параметрискиот Т-тест (разлики помеѓу групи машки-женски).

Ман Витнеј (Mann-Whitney U) тест е непараметриски алтернативен тест за независен примерок t-тест. Тоа е непараметриски тест кој се користи за споредување на два примерочни средства кои доаѓаат од истата популација и се користат за тестирање дали две примероци се еднакви или не. Обично, тестот Ман Витнеј се користи кога податоците се редни или кога претпоставките на t-тестот не се исполнети.

Претпоставки на Ман-Витнеј тестот:

1. примерот земен од населението е случаен;

2. се претпоставува независност во примероците и меѓусебната независност. Тоа значи дека набљудувањето е во една група или во друга (не може да биде во двете);

3. се претпоставува скала за мерење.

**Табела VII/36**
**Рангови / Ман Витнеј (U) тест за проверка на разлика помеѓу групи (жени и мажи) помеѓу варијаблите здравствен статус, подвижност, остварено родителство, месечен приход, активен животен стил и кривични дела на испитаниците**

| **Варијабли** | **Пол** | **N** | **Среден ранг** | **Сума на рангови** |
|---|---|---|---|---|
| Здравствен статус | жени | 145 | 121.93 | 17679.50 |
| | мажи | 79 | 95.20 | 7520.50 |
| | Вкупно | 224 | | |
| Подвижност | жени | 145 | 112.10 | 16254.50 |
| | мажи | 79 | 113.23 | 8945.50 |
| | Вкупно | 224 | | |
| Остварено родителство | жени | 145 | 106.03 | 15375.00 |
| | мажи | 79 | 124.37 | 9825.00 |
| | Вкупно | 224 | | |
| Месечен приход | жени | 145 | 118.62 | 17199.50 |
| | мажи | 79 | 101.27 | 8000.50 |
| | Вкупно | 224 | | |
| Активен животен стил | жени | 145 | 127.36 | 18466.50 |
| | мажи | 79 | 85.23 | 6733.50 |
| | Вкупно | 224 | | |
| Кривични дела | жени | 145 | 117.79 | 17080.00 |
| | мажи | 79 | 102.78 | 8120.00 |
| | Вкупно | 224 | | |

Ман Витнеј тестот ни овозможи илустративно да ги согледаме средните рангови во однос на полот за испитуваните варијабли. Од табела бр. 36 можеме да забележиме дека испитаниците од женски пол, имаат поистакнат среден ранг во однос на мажите кај варијаблата здравствен статус. Кај варијаблите подвижност и остварено родителство мажите имаат поистакнат среден ранг. Кај останатите три варијабли, месечен приход, активен животен стил и кривични дела жените имаат поистакнати средни рангови во однос на мажите.

**Табела VII/37**
**Ман Витнеј (U) тест за проверка на разлика помеѓу групи (жени и мажи) помеѓу варијаблите здравствен статус, подвижност, остварено родителство, месечен приход, активен животен стил и кривични дела на испитаниците**

| | Здравствен статус | Подвижност | Остварено родителство | Месечен приход | Активен животен стил | Кривични дела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Mann-Whitney U | 4360.500 | 5669.500 | 4790.000 | 4840.500 | 3573.500 | 4960.000 |

Опаѓање на здравјето и физичката сила придонесува за физичка онеспособеност при што се зголемува ранливоста кај старите лица. Од друга страна, стари лица со влошена здравствена состојба или стари лица со ментална попреченост поради состојбата во која се наоѓаат се под зголемен ризик од злоупотреба од страна на негуватели,  без разлика дали негувателите се членови од семејството или пак лица кои работат во доменот на грижа за стари лица. Меѓутоа, студиите кои ги проценуваат здравствените проблеми кај старите лица поврзани со виктимизација имаат тенденција да се фокусираат на жените, при што истражувања за здравјето како фактор на ризик кој ја предиспонира криминалната виктимизација кај старите лица од машки пол се вистинска реткост.[612] Затоа во овој докторски труд се направи обид да се испита изложеноста на ризик во однос на полот на испитаниците, односно да се испита разлика помеѓу групи (жени и мажи) помеѓу варијаблите здравствен статус и кривични дела на испитаниците. По спроведената статистичка анализа на разлика на групите, резултатите прикажани во табела 37, укажуваат на голема разлика во средните рангови, помеѓу испитаниците од женски и испитаниците од машки пол, што наведува на заклучок дека *мажите со влошена здравствена состојба се повеќе склони на изложеност од кривични дела.* Оваа разлика е доволно голема за да за смета за значајна кај варијаблата здравствен статус каде што p= .003, (p<0,05). Оттука произлегува дека **поставената хипотеза се потврдува.**

Добиените резултатите од истражувачката хипотеза дека *мажите со намалена подвижност, се повеќе изложени на кривични дела, во однос на жените,*укажа на повисок ранг кај мажите за разлика од жените, но разликата не е доволно голема, за да се смета за значајна кај варијаблата подвижност каде што p= .858, (p>0,05). **Поставената хипотеза не се потврдува.**

612 Hines, A.D. & Douglas, M.E (2014). *Health Problems of Partner Violence Victims.* Comparing Help-Seeking Men to a Population-Based Sample. doi: 10.1016/j.amepre.2014.08.022

Истражувачката хипотеза дека *жените кои се остварени како родители, имаат помали шанси да станат жртви на кривични дела, за разлика од мажите* е во согласност со добиените резултати. Според ранговите, мажите имаат повисок ранг од жените, а разликата е доволно голема за да се смета за значајна кај варијаблата остварено родителство каде што p= .040, (p<0,05). **Поставената хипотеза се потврдува.**

Истражувачката хипотеза дека *жените кои имаат повисоки месечни приходи од мажите, имаат поголем ризик да станат жртви на криминал,* е соодветна на погоре кажаното. По спроведената статистичка анализа на разлика на групите, жените имаат повисок среден ранг и оваа разлика во средните рангови, помеѓу испитаниците од женски и испитаниците од машки пол е доволно голема за да се смета за значајна кај варијаблата месечни приходи каде што p= .046, (p<0,05). **Поставената хипотеза се потврдува.**

Начинот на живот односно практицирање на одредени дневни активности го одредува животниот стил кај старите лица. Голем број на истражувања за ризик факторите кои придонесуваат за криминална виктмизација на стари лица, укажуваат на фактот дека социјалната излоција се јавува како значаен ризик фактор за насилство кај старите лица.[613] [614] [615] [616] Загубата на членовите на семејството и пријатели ги намалува можностите за социјална интеракција, како и дружење со пријатели и познаници, при што препуштањето на самотијата допринесува за изложеноста на старите лица од зголемен ризик од виктимизација. Бројни истражувања при проучувањето на факторите на ризик за злоупотреба кај стари лица, укажуваат на фактот дека стари лица кои се социјално изолирани, односно не практикуваат дневни активности се под зголемен ризик од злоупотреба.[617] Во друго истражување, резултатите покажале дека намалена социјална активност го зголемува вербалното и физичкото малтретирање кај

---

613 Podnieks, E. (1992). National survey on abuse of the elderly in Canada. *Journal of Elder Abuse and Neglect, 4:*5–58.

614 Wolf, R. S., & Pillemer, K. (1989). *Helping elderly victims: The reality of elder abuse.* New York: Columbia University Press.

615 Phillips, LR. (1989). *Theoretical explanations of elder abuse.* In: Pillemer KA, Wolf RS, eds. Elder abuse: conflict in the family. Dover, MA, Auburn House, 197–217.

616 Grafstrom, M., Nordberg, A. & Winblad, B. (1994). Abuse is in the eye of the beholder. *Scandinavian Journal of Social Medicine, 21:*247–255.

617 Lachs, MS (1994). et al. A prospective community-based pilot study of risk factors for the investigation of elder mistreatment. *Journal of the American Geriatrics Society, 42:*169–173.

старите лица.[618] Студијата на случај на Филипс утврдила зголемен ризик за злоупотреба кај стари лица кои биле социјално изолирани.[619] Резултатите од истражувањето на докторската дисертација покажуваат дека најголем дел од испитаниците или 60,2% се неактивни, делумно активни се 36,5%, а активни се само 3,3%. Во таа насока, се направи подетална анализа помеѓу испитаниците од машки и женски пол во однос тоа дали активен животен стил го намалува ризикот од станува жртва на криминал. Ман Витнеј тестот укажа на поистакнат среден ранг кај жените со значајна статистичка разлика кај оваа група. Разликата е доволно голема, за да се смета за значајна кај варијаблата дневни активности каде што p= .000, (p<0,05), при што **се потврди поставената хипотеза** дека *активен животен стил кај жените го намалува ризикот од станување жртва на криминал за разлика од мажите.*

Појдовна точка во многу емпириски истражувања поврзани со насилството го истражуваат влијанието на полот на жртвите како предиспонирачки фактор за појава на насилство.[620] Резултати од голем дел од емпириски истражувања укажуваат на фактот дека стари жени се под зголемен ризик од насилство.[621] [622] [623] Во една друга студија на случај спроведена во Шпанија, жените (63,2%) претставуваат релевантен фактор за насилство за разлика од мажите (36,8%).[624] Земајќи го предвид фактот дека жените почесто се жртви на насилство,[625] во оваа докторска дисертација се постави хипотеза дали *жените се повеќе изложени на кривични дела од мажите.* Ман Витнеј (U) тестот за проверка на разлика помеѓу групи (жени и мажи) јасно укажа на разлика која не е статистички значајна p= .095, (p<0,05), при што **поставената хипотеза не се потврди.** Резултатите од нашето истражување не ја потврди тезата дека припадничките на женскиот пол се поизложени на насилство во однос на мажите. Ова практично

[618] Compton, S.A., Flanagan, P. & Gregg, W. (1997) 'Elder abuse in people with dementia in Northern Ireland: Prevalence and predictors in cases referred to a psychiatry of old age service'. International Journal of Geriatric Psychiatry, 12 (6), pp. 632–635.
[619] Phillips, RL. (1983). Abuse and neglect of the frail elderly at home: an exploration of theoretical relationships. *Journal of Advanced Nursing,* 8:379–392.
[620] Orpinas, P., & Horne, A. M. (2006). Bullying prevention: Creating a positive school climate and developing social competence. Washington, DC, US: American Psychological Association.
[621] Namkee, G.C. & Mayer, J. (2000). Elder abuse, neglect and exploitation: risk factors and prevention strategies. *Journal of gerontological social work, 33:2.* Достапно на: www.tandfonline.com/doi/abs/101300/J083v33n02_02#
[622] Bonie, R.J. & Wallace R.B. (2003). *Elder Mistreatment. Abuse, Neglect and Exploitation in an Aging America.* Washington DC, Washington: The national Academies Press. Достапно на: http://www.nap.edu/openbook.php?record_id=10406&page=R
[623] Barker, N.N., & Himchak, (2006). M.V. Environmental issues affecting elder abuse victims in their reception of community based services. *Journal of Gerontological Social Work, 48(12):*233–255.
[624] Marmolejo II. (2008). *Elder abuse in the family in Spain. Valencia: The Queen Sofia Center Study.*
[625] Age Concern New Zealand (2012). Достапно на: www.ageconcern.org.nz

укажува на фактот дека според нашето истражување, полот не претставува значајна детермината која го предиспонира насилството кај старите лица, што значи дека и мажите и жените се изложени на ризик во однос на виктимизација од кривични дела.

∴

Согласно добиените податоци во однос на потврдување или отфрлање на одредени хипотези, а имајќи предвид соодветните ограничувања во нашето истражување, можеме да констатираме дека релевантни фактори кои влијаат на исходот на резултатите може да се препишат на: културата на живеење на старите лица, големината и избор на испитаници, како и просторното одредување на самото истражување. Под култура на живеење пред сè, се мисли на начинот на живот, односно завршено високо образование, професија, практикување на активен животен стил, па дури во оваа група може да се вметне и самата култура на исхрана на старите лица. Меѓу другото, големината и изборот на испитаниците исто така имаше соодветно влијание во однос на тоа дека станува збор за истражување кое вклучи 224 здрави и активни стари лица. Имено, од овие 224 испитаници, најголем дел беа од Универзитет „Трето доба" и здружението на Просветните работници со завршено високо образование.

Освен претходно споменатите карактеристики, треба да се напомене и културниот образец на старите лица во Скопје. Ова пред сè, се однесува на широката лепеза на можности за: членување во здруженија, културни настани, Дневни центри, мини саеми, услугите за вршење на социјална заштита во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена како и организирање на работни, културно-забавни и други активности.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Насилството над старите лица претставува мултидимензионален проблем кој многу често се случува во кругот на семејството или од страна на членови кои што се добро познати и пред се многу блиски со старото лице. Проблемот со насилството и злоупотребата преставува хроничен процес кој бележи висока темна бројка на непријавени случаи. Освен непријавени случаи на насилство, висината на темната бројка се зголемува и од: незнаењето, неинформираноста, необученоста за рано детектирање на оваа појава од страна на соодветните кадри и институции.

Како што старее населението, бројот на случаи на насилство на стари лица несомнено ќе се зголемува во текот на следните неколку децении. Одговорот сигурно ќе зависи од многу околности, но и од конкретните услови и околности каде што се одвива. Всушност тоа е и целта на овој труд. Утврдувањето на аспектите на насилничкиот и имотниот криминалитет кај старите лица, а и во иста мера и анализа на можните фактори на ризик (етиолошките апекти на овие видови криминалитет), како основните компоненти што требаше да се утврдат со цел да се дадат насоки што е позитивно, ефикасно односно делотворно кај одредени политики, мерки и активности за превенцијата на насилството кај овие лица.

Конкретно предметот на анализа се однесуваше на:

- мултидисциплинарната синтеза и вклучување на повеќе научни дисциплини во теоретскиот пристап на прашањето за криминална виктимизација на стари лица, во однос на: дефинирање на староста; процесот на виктимогенеза согледан низ призмата на: теории, феноменологијата и етиологијата на насилничкиот и имотниот криминалитет; дискурсот на правата на жртвите на меѓународен и домашен план, како и разработка на одредени превентивни пристапи за спречување на виктимизација кај овие лица.

- теоретската расправа за криминална виктимизација на стари лица, ја преточивме во емпирискиот дел од истражувањето, при што низ призмата на пет батерии на прашања се испитуваше: здравствен статус, родителски односи, месечен приход, активен животен стил во однос на кривични дела кај овие лица. Батеријата здравствен статус ја испитувавме преку девет прашања, од кои осум беа од затворен тип, додека, пак, едно прашање беше од полуотворен тип. Родителските односи се

оценуваа преку две прашања од затворен тип. Месечниот приход се мереше со батерија составена од три прашања, исто така од затворен тип. Во однос на активниот животен стил кај старите лица, поставивме шест прашања и тоа пет од затворен и едно прашање од отворен тип. Прибирање на податоци на старите лица во однос на кривичните дела, се изврши преку батерија на прашања составена од дванаесет прашања и тоа осум од затворен и четири прашања од отворен тип.

Врз основа на теоретското и на емпириското истражување на овој труд, се овозможи да се воочат, согледаат и објаснат следните заклучоци и препораки во однос на криминалната виктимизација на стари лица:

*1.* Стареењето е процес, а староста е производ на тој процес. Меѓутоа во општествените и природните науки не постои единствен научен став кога всушност започнува овој период. Затоа стареењето како состојба, би можело да се разбере низ призмата на трите различни феномени: биолошкиот капацитет за преживување, психолошкиот капацитет за адаптација и социјалниот капацитет за исполнување на социјалните улоги.

*2.* Стареењето на населението има широки импликации врз секој аспект во општеството. Како еден од многуте загрижувачки предизвици на глобално ниво, со кој се соочува и нашата земја е процесот на демографското стареење и значајните промени во демографската структура на населението. Во прилог на ова ќе потенцираме дека ако во педесеттите години на минатиот век просечниот животен век на населението во Република Македонија изнесувал 60 години, денес имаме значајна разлика одн. **п**росекот е 74,2 години, при што мажите живеат просечно 71,8, а жените 76,6 години.

***3.*** Зголемениот број на старото население како и економските, културните и социјалните услови во кои живеат старите лица го зголемува ризикот од виктимизација, особено во областа на кршење на човековите права, дискриминација и социјална исклученост. Состојбата на ранливост кај старите лица доведува до маргинализирање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат овие лица. Оттука, ранливоста кај старите лица има две страни и тоа: надворешна страна на ризик, шок и стрес на кои се изложени старите лица и внатрешна страна која е разултат на беспомошност, односно недостаток на средства за справување со состојбата на беспомошност што го зголемува ризикот кај старото лице.

*4.* Еден од значајните проблеми со кои се соочува старата популација претставува ризикот од криминал, како и посебните проблеми со кои се соочуваат старите лица кога се обидуваат да се справат со системот на кривичната правда. На глобално ниво, бројот на стари лица над кои е извршено насилство се зголемува, а такви се проекциите и за во иднина, бидејќи многу земји се соочуваат со брзо стареење на населението. Потребите на овој дел од популацијата не можат целосно да се исполнат поради ограничувањата на ресурсите. Се предвидува дека до 2050 година, бројот на лица со навршени 60 години и повеќе ќе се зголемува со апроксимација од 2 милијарди на глобално ниво. Под услов процентот на жртви на насилство и злоупотреба на старите лица да остане константен, тогаш бројот на засегнати лица ќе се зголеми брзо како резултат на демографско стареење и до 2050 година бројот на стари лица како жртви ќе достигне 320 милиони.

*5.* Иако феноменот на насилството и злоупотребата на стари лица е препознаено како глобален проблем, многу од карактеристиките на феноменот на насилство на стари лица остануваат недоволно истражувана тема. Бидејќи причините за насилството на стари лица се комплексни и невидливи, во докторската дисертација констатираме дека ризикот на криминална виктимизација е поврзан со повеќе детерминанти. Меѓу нив ги издвојуваме следните детерминанти: индивидуалните карактеристики; комплексни интеракции помеѓу старото лице и другите лица во негова непосредна или посредна околина; како и придонесот на жртвата кај различен вид криминалитет.

*6.* Тезата дека страдање од хронична болест го предиспонира насилството и злоупотребата кај старите лица ја потврдивме и емпириски. Статистичката анализа во однос на поставената хипотеза дека влошување на здравствениот статус во процесот на стареење е во врска со предиспонираноста на старите лица да станат жртви на кривични дела, согласно резултатите од нашето истражување, укажа на линеарната поставеност меѓу варијаблите на криминал и здравствен статус. Заклучивме дека со подобрување на здравствената состојба се намалува ризикот од станување жртва на кривично дело додека, пак, влошувањето на здравствената состојба кај старите лица придонесува да се зголеми ризикот од станување жртва на кривични дела.

*7.* Навлегувајќи во прашањето на факторите за криминалната виктимизација, констатиравме дека студиите кои ги проценуваат здравствените проблеми кај старите

лица поврзани со виктимизација имаат тенденција да се фокусираат на жените, при што истражувањата за здравјето како фактор на ризик кој ја предиспонира криминалната виктимизација кај старите лица од машки пол се реткост. Резултатите од применетиот Ман Витнеј (U) тест во нашето истражување укажаа на голема разлика во средните рангови меѓу испитаниците од женски и испитаниците од машки пол, при што заклучивме дека мажите со влошена здравствена состојба се повеќе изложени на ризик од кривични дела.

*8.* Анализата на повеќе истражувања укажува дека влијанието на социјалната излоција претставува значаен фактор на ризик на насилство кај старите лица, како и не практикувањето на дневни активности го зголемува ризикот од насилство и злоупотреба кај овие лица. Ова беше и предмет на интерес во емпирискиот дел од нашето истражување. Резултатите од истражувањето укажаа на фактот дека доминираат испитаници кои се неактивни и тоа 60,2% и делумно активни се 36,5%. Притоа се испита корелацијата меѓу варијаблите активен животен стил и кривични дела, при што резултатите од истражувањето не укажаа на статистички значајна корелација. Констатиравме дека немање на активен животен стил кај испитаниците не придонесува за зголемување на нивниот ризик од криминална виктимизација.

*9.* Досегашните истражувања укажуваат на фактот дека старите лица со пониско ниво на образование се со зголемен ризик од криминална виктимизација, што се потврди и во нашето истражување. Имено, се изврши споредување на групите на испитаниците според нивното ниво на образование во однос на ризикот од криминалната виктимизација. Согласно добиените резултати од истражувањето, рангот (средна вредност на варијаблата) на групата испитаници со основно образование е највисок – 127,40, додека, пак, испитаниците со вишо образование бележат најмала средна вредност од 99,50. Резултатите од нашето истражување, укажуваат дека групата со осново образование е најмногу изложена да стане жртва на кривични дела, односно дека постои поврзаност меѓу нивото на образование и изложеноста на кривични дела.

*10.* Висината на месечниот приход претставува уште една компонента од палетата фактори на ризик кои влијаат на процесот на криминална виктимизација кај стари лица. Резултатите од други истражувања укажуваат на поврзаноста на нискиот месечен приход со емоционална и физичка злоупотреба и занемарување кај стари лица

во САД, додека, пак, едно истражување спроведено во Канада укажало на нискиот месечен приход како фактор на ризик за појава на физичка и сексуална злоупотреба кај старата популација. Според податоците од нашето истражување, делумно добар месечен приход имаат 53% од испитаниците додека, пак, нешто помал процент 46% од испитаниците сметаат дека имаат добар месечен приход. Анализирајќи го месечниот приход како фактор на ризик во однос на криминалната виктимизација кај стари лица, согласно резултатите од нашето истражување, произлезе дека висината на месечните приходи не влијае на ризикот од криминалната виктимизација кај старите лица.

*11.* Посебно внимание се посвети на анализата на односот родител – дете. „*Кога се појавува една форма на семејно насилство, може да се очекува појава на сите злоупотреби, вклучувајќи различни агресивни дела во кругот на семејството, но и надвор од него*“. Сознанијата укажуваат на тоа дека во речиси 90% од злоупотребите извршени врз стари и запоставени стари лица сторителот е член на семејството при што во 2/3 од случаите сторителите се возрасни деца или брачни другари. Оваа констатација ја потврдија и емпириските податоци од нашето истражување, укажувајќи на фактот дека старите лица често се злоупотребувани од своите деца. По спроведената анализа утврдивме дека поголем процент на стари лица од вкупниот процент на злоупотреба и тоа 27,2% од испитаниците биле жртви на финансиска злоупотреба, потоа психичка злоупотреба доживеале 20,1% и 7,1% од испитаниците биле жртви на физичка злоупотреба од страна на своите деца.

*12.* Поаѓајќи од научно верификуваниот став дека жртвата на криминалитетот може да се јави како причина, услов и (ли) повод за извршување на кривичното дело, овозможува криминалната појава да биде објаснета во нејзиниот тоталитет, не акцентирајќи го само деликвентот и делото, туку и жртвата која може да биде многу значаен елемент на делото сфатено како систем. Оттука, стари лица при практикување на одредени рутински активности или, пак, имање на одреден стил на живот придонесуваат за сопствена виктимизација. Имено, старите лица би требало да направат одредени промени кои ќе го намалат ризикот од станување жртва. Уште еднаш укажуваме на потребата од виктимолошки истражувања во однос на жртвите и серијата настани што доведуваат до нивна виктимизација во однос на придонесувачкото однесување на самата жртва. Истражувањата ќе помогнат, меѓу

другото, да можат да се одредат конкретни мерки и активности за поуспешна превенција на криминалитетот на старите лица.

*13.* Злоупотребата вклучува девијантно однесување и криминал, што значи дека го опфаќа однесувањето кое ги нарушува нормите на општественото однесување, но не мора секогаш да претставува кривично дело. Злоупотребата претставува сеопфатен поим и вклучува голем број на дејствија на сторување или пропуштање, кои резултираат со сериозни повреди, емоционална болка, неухранетост, болест, па дури и смрт кај старите лица.

Злоупотребата се манифестира преку следните облици: обиди на дехуманизација и потценување (*психичка-емоционална злоупотреба*), неосновано или несоодветно користење на финансиски средства (*финансиска злоупотреба*), нанесување на болка или повреда (*физичка злоупотреба*), различни форми на сексуално однесување, искористување и вознемирување (*сексуална злоупотреба*), па се до *запоставување* и *самозапоставување*. Во рамките на докторската дисертација ја прифативме дефиницијата за злоупотребата на стари лица од страна на Меѓународната организација INPEA која ја дефинира злоупотребата како: „Едно или повторено дејствување или недостаток на соодветна акција која се појавува во рамките на било кој однос каде што постои очекување на доверба, а кое всушност предизвикува штета или вознемиреност кај старо лице“. Значи, при дефинирањето на злоупотребата треба да се става акцент, пред сѐ, на односот кој треба да се темели на *почитување и доверба*.

*14.* При секој облик на злоупотреба, старото лице е жртва на определени активности со оглед на возраста и вулнерабилноста со кој се соочува оваа старосна група. Кај физичка злоупотреба, старите лица се лесна цел поради неможноста да се одбранат, пред сѐ поради нарушената здравствена состојба, при што отпорот може лесно да се совлада. Во некои случаи злоупотребата може да е резултат на измама без насилство, но со искористување на намалените когнитивни и интелектуални капацитети на старото лице, па со тоа да биде доведено во состојба да преземе дејствија на сопствена штета без да биде докрај свесно за последиците. Но и во овие случаи старото лице е жртва. *Токму затоа ја афирмираме тезата дека при секој облик на злоупотреба старото лице е жртва, но не секогаш злоупотребата е кривично дело.* Злоупотребата станува важен сегмент од криминалната виктимизација само во услови кога е дел од битието на кривичното дело.

*15.* Теоретската констатација дека старите лица почесто се жртви на имотниот во однос на насилничкиот криминалитет, се потврди и во емпирискиот дел од нашето истражување, при што 55,8% од старите лица се соочиле со имотен криминалитет, наспроти 26,8% кои биле жртви на насилнички криминалитет.

Емпириските податоци прикажани во докторската дисертација го илустрираат видот на имотен криминалитет со кој се соочиле испитаниците, а се однесуваат на: кражба на пари, вредности или пензии, застапени кај 46% од испитаниците; лажење за вистинската цена при купување на нештата се соочиле 16,5% од испитаниците; на 9,8% од испитаниците им се случила продажба на имот без нивна согласност; кај 6,3% од испитаниците забележан е принуден пренос на сопственост или пари на трето лице; потпишување на документи во нивно име, злоупотреба на полномошно и промена на тестамент без нивно знаење, застапено е кај 13,4% од старите лица.

Во однос на модалитетите на насилничкиот криминалитет, резултатите укажаа на најголема застапеност во случаи кога старите лица се јавуваат како жртви на: удирање со шлаканици, плукање и удирање со раце и нозе, кои се застапени кај 23,6% испитаници, додека, поставување на сопки, закана со нож или пиштол, туркање на под, влечење за коса се застапени кај 15,3% испитаници.

